ПЛЕНАРНА СЕСИЈА
АСНОМ во македонската культурна историја

Волф ОШЛИС

АСНОМ И МАКЕДОНИЈА - ЕДНА РЕАЛИЗИРАНА УТОПИЈА?

Неколку културолошки прашања и поттици

Сè што и годинава по повод на *Вториот Илинден* беше кажано е, се разбира, вистина. Но, дали тоа е и целосната вистина? Ако се држиме на правилата на логоцентричната историографија, тогаш работите се совршено јасни: На 2 август 1944 г. во манастирот Св. Прохор Пчињски беше одржан првиот состанок на АСНОМ, беа донесени следните решенија итн. Значи, по десет векови на неслободата Македонија го градеше својот живот во сопствената компетенција за политиката, културата, економијата итн.[1]

Ако сè беше толку едноставно, зошто тогаш Македонците беа толку неподготвени на овој нов живот? Зошто воопшто беше потребно една одлука како онаа за јазикот? Што ако не македонски Македонците говориле низ вековите? Што друго освен македонскиот јазикот би можело да биде службениот јазик во Македонија? Зошто дури по состанокот на АСНОМ почнуваше краткиот, но жестокиот спор околу азбуката?

Но, тоа се второстепни прашања - во споредбата со најбитното прашање, дали етничката положба на Македонците по состанокот на АСНОМ не беше едно единствено разочарување за македонскиот народ. Бидејќи всушност на 2 август 1944 г. се променила целата животна философија на Македонците. „(...) сè до крајот на 1943 год. владејачка идеја во сите делови беше борбата за обединета

[1] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том втори, Скопје 1981, стр. 529 сл.

Македонија во една Балканска федерација“[2] и затоа АСНОМ работеше „во присуство на избрани делегати од трите дела на Македонија“.[3] И што се случуваше? „АСНОМ ја прокламира концепцијата за обединета Македонија, но наскоро асномците мораа да се симнат од политичката сцена“.[4]

Горе-долу ги знам одговорите на вакви прашања. И дури разбирам дека Тито и неговите дејци друго чаре немаа: Егејска Македонија беше дел од Грција и зад Грција стоеле Британците - Пиринска Македонија беше дел од Бугарија и зад Бугарија стоел Сталин. Така ништо не стануваше од партизанското гесло „Нејќеме на Берлин – сакаме на Солун“.[5] Напротив: под вакви констелации „конечната парцијализација“ на Македонија (Бл. Ристовски) беше свршена работа. Барем Македонците од Вардарска Македонија ја имаа среќата дека тогаш беа „удрени темелите на македонската федерална држава во нова демократска и федеративна Југославија“.[6] Но, впечатокот сепак останува дека тогаш целиот македонски народ на некој начин беше изненадуван, пријатно или не, од далекосежните одлуки што беа донесени во манастирот покрај српската граница. Со оваа забелешка воопшто не би сакал да го намалувам состанокот, туку би сакал да размислувам за Прохор Пчињски на малце поинаков начин.

Ми се чини дека Македонија тогаш малце или повеќе личеше на државата Израел: Македонците и Евреите, два прастари, библиски народа, наеднаш ја имаа својата држава, два стари, класични јазика наеднаш ги бараа и ги најдоа новите форми и новите норми. Евреите и Македонците тогаш многу очекувале, добиле нешто и од тогаш се принудени тоа нешто непрекинето да го бранат. Израел денеска е карактеризирана од западните социолози, историчари и други научници како една реализирана

---

[2] Блаже Ристовски: Столетија на македонската свест - Истражувања за културно-националниот развиток, Скопје 2001, стр. 21

[3] Виолета Ачкоска: Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје 2003, стр. 61

[4] Ристовски, Столетија... стр. 25

[5] Тодор Атанасовски: Некои подзаборавени збидувња од пред шеесет години, во: Македонско време мај 2004, стр. 20-22

[6] Блаже Ристовски: Историја на македонската нација, Скопје 1999, стр. 661

утопија, и тоа (мислам јас) важи и за Македонија во моментот на август 1944 г. Со зборовите и поимите на Крсте П. Мисирков ние не можеме да ја толкуваме тогашната положба поинаку: Избришани беа „фантастичните планои“ од поранешните времиња, а остварени „народните идеали“, значи, една една утопија беше реализирана.

Оценувајќи ги настаните на 20-иот век, ние сè почесто дискутираме за утопии.[7] Притоа, се разбира, не мислиме на класичните утопии што беа напишани од Морус, Бекон, Кампанела и други пред 500 години. Нивните дела беа речиси проекции на сопственото незадоволство со современите состојби кон една измислена рајска земја, значи, една утопија на времето и просторот. Современите утопии се претежно мобилни утопии што се разликуваат само во правецот на движението - или носталгични, свртени кон минатото (како например националниот социјализам на Хитлер или фашизмот на Мусолини), или псевдонаучни, свртени кон иднината (како на пример комунизмот на Сталин). Во секој случај двете утопии живееле од својата способност да ги мобилизираат масите и масовното одушевување: Уште овие напори и оние борби и ќе го држиме рајот на земјата во нашите раце.

По овие констатации веднаш следува прашањето дали утопијата и идеологијата се едно и исто. Според германскиот социолог Карл Манхајм (1893-1947) не се, иако нивниот однос спрема реалноста никогаш не е адекватен. Но тие се разликуваат со својата слика на човекот: Идеологијата го деконструира човекот и потоа го реконструира според сопствените принципи и правила. На друга страна, утопијата секогаш излегува од свеста на самиот човек и така таа може да биде едно пасивно гледиште или еден начин на доживувањето или една форма на акцијата. Според зборовите на Ернст Блох секоја утопија е една „уште-не-доктрина“ а според Манхајм зависи од човекот и неговото сфаќање на реалноста дали дадениот утописки нацрт е една смешна фантазија, еден

[7] Wolfgang Hardtwig (Hrsg.): Utopie und politische Herrschaft im Europa der Zwischenkriegszeit (Утопија и политичка власт во Европа во времето помеѓу војните), München 2003

реакционерен утопизам или една вредносна и реалистична алтернатива.

Значи, утописките цели на реалистичната алтернатива можат да бидат - како тоа го докажуваат Израел и Македонија - од времениот карактер, можат да изгледаат утописки само во моментот на нивното настанување, а подоцна ќе бидат остварени врз основа на една одушевена решеност дека сите проблеми и тешкотии ќе бидат совладани. Тие се неизбежни при доградбата на новата држава, но самата држава е отелетворувањето на сите идеали на нашите предци. Со други зборови: Каде почнува, каде свршува утопијата? Мисирков, се чини, кога ги пишуваше „Македонцките работи“ на намерно реалистичен јазик и стил, како крајно утописки автор - АСНОМЦИТЕ што 20 години подоцна всушност ги извршиле последните бирократски акти на одамна свршените работи и факти, тоа го направиле на еден крајно патетичен, дури утописки јазик.

Меѓутоа, прашањето што мене ме занима, гласи вака: Дали асномците тогаш биле „утописки реалисти“, слични на Зионистите што четири години подоцна ја прокламираа државата Израел? Одговорот нема до го најдеме со логоцентристичкиот начин, бидејќи така можеме само да ги цитираме документите и решенијата од Прохор Пчинњски. Поважни се други прашања, например ова за колективниот менталитет на Македонците во последните недели на војната. Бидејќи менталитетите се почетокот на секоја утопија. Во времињата на мирот и на економскиот просперитет не постојат утопии бидејќи општиот менталитет не е згоден за нив. Но, во возбудливите времиња положбата е поинаква: Луѓето се свесни дека се соочени со една постојана криза, бараат излез од кризата и го наоѓаат неретко во било која утопија. Или луѓето се поставени пред еден нов почеток што им ветува, речиси, неограничени можности. Значи, каков беше колективниот менталитет на Македонците во моментов на Првото заседание на АСНОМ?

Од документите и од самиот датум на состанокот се гледа дека заседанието истовремено беше свртено кон минатото, имено кон Илинденското востание, и кон иднината во знакот на „ОБЕДИНЕНИЕ НА ЦЕЛИОТ

МАКЕДОНСКИ НАРОД“ (и тоа напишано со големи букви). Токму тоа беше националната утопија што уште се продлабочуваше во рефератот на Иницијативниот одбор со следниве зборови: „Македонскиот народ никогаш не се помирил со својата трагична судбина. Он ја продолжи борбата (...) за слобода, равноправност и обединение на сите делови на македонскиот народ“. Оваа утопија беше утописка во смислата на нешто што не е, од било какви причини, остварливо.

Но, остварлив беше - за разлика од Илинденското востание - поголемиот дел на општата утопија што се однесуваше на националните и државнотворните атрибути на самите Македонци. Тие почувствувале или знаеле дека во текот на војната го добиле новиот квалитет на македонскиот живот во сите правци, и тоа беше токму оној квалитет за кој Мисирков и безброј други само сонувале.

Пред точно десет години го прашав живиот сведок на историјата, учесникот на тогашниот состанок Киро Глигоров, кој ми го рече следново:

„Би рекол, таа атмосфера беше навистина не само свечена, туку сеедно едно историско доживување, дека се работи за да се создаваат темелите на една нова држава, тоа е веројатно последната што се сосдаде на Балканот во тек на овие историски настани после првата, втората световна војна а пред тоа Балканските војни и сега распаѓањето на Југославија. Сите учесници чувствувавме бидејќи тоа беше ослободување на Македонија со сопствени сили, имавме во тоа време околу 100.000 војници во нашата војска, при тоа бевме на правата страна, на антифашистичката коалиција во тоа време. Овдека, како што знаете, не дојдоа руски војски да нè ослободат или било кои други, туку тоа го сторивме со сопствени сили. И дури помогнавме бугарската армија да може на крајот на таа војна да го измие образот и таа да учествува на борбите особено горе на Сремскиот и после до крајот на војната во Хрватска сè до Австрија. Од тоа совпаѓа со неколку работи кои се случија. Прво, за цело време на војната се користеше нашиот јазик. Второ, командите и се друго исто така беа на македонскиот јазик. Потоа, директно со војската овдека не раководеше никој друг освен главниот штаб на македонската војска. А тоа што често се спомнува

дека иделе инструктори или тука имал влијание Светозар Вукмановиќ-Темпо, тоа е точно во вид на врска со останатите фронтови во тогашната бивша, да кажем прва Југославија. И некаква координација на дејствијата спрема заедничкиот непријател. Но непосредната команда од секогаш била во рацете на македонските команданти, пред сè на главниот штаб и на неговото чело бил цело време генерал Апостолски“.

Значи, покрај сите решенија, одлуки и документи Прохор Пчињски постоеше доживувањето на еден голем успех и доказот дека Македонците беа способни да го полагаат испитот на војната со сопствени сили. Кој ќе се сомневаше оти тие, исто така, би биле способни да го полагаат испитот на мирот? Барем никој од самите Македонци! Кој ќе си го направи задоволството да ги прелистува првите броеви на весникот „Нова Македонија“, тој пак ќе го почувствува одушевувањето што е основа на секоја утопија, во дадениот случај одушевувањето за бројните чекори што ја направија утопијата сè пореалистична: Една инфантилна стихотворба, еден слаб роман беа прифатени и поздравени во духот на една голема културна премиера: Баш ми е гајле дали делово е добро или не - важно е само дека се работи за едно *македонско* дело![8] Заседанието во Прохор Пчињски излегуваше во сите говори, сите документи од историскиот континуитет од Илинденското востание дури до современите настани. Не е битно дали тоа беше оправдано или не. Во моите очи постои еден друг и сосема изразит континуитет: Од почетокот на минатиот век до ден-денешен сите поважни чекори на македонскиот државен, национален и културен развој се направени според упатствата на Мисирков и неговите „Македонцки работи“, почнувајќи од нормирањето на јазикот дури до „македонскиот сепаратизам“ што денеска поелегантно се нарекува „еквидистанца“.

Книгата на Мисирков за мене претставува еден класичен пример за реалистичката и остварлива утопија: Во моментот на пишувањето целата содржина на книгата изгледаше совршено утописка - почнувајќи од предговорот каде авторот зборува за „националните идеали“. Какви

[8] Миодраг Друговац: Историја на македонската кни`евност век, Скопје 1990, стр. 233 сл.

национални идеали Македонците тогаш и во контекстот на тогашните политички околности можеле да ги имаат? Никакви! Всушност тие можеле да си го посакуваат најмалото зло, имено, и понатаму да бидат „раја“ во рамките на Осмалиската Империја. Оваа суштина на книгата (и со тоа и суштината на Прохор Пчињски) стануваат очигледни штом ги споредуваме со теориите на Теодор Херцл (1860-1904), основноположникот на ционизмот. Според овие теории сите Евреи се *еден* народ иако повеќето од нив имаат потреба од една етничка редефиниција. „Еврејското прашање“ е претежно едно национално и политичко прашање. Тензиите меѓу Евреите и нивната околина можат да бидат совладани само со создавањето на сопствената држава. И така натаму – промени ги зборовите „Евреин, еврејско“ со „Македонец, македонски“ и го имаш (речиси) целиот Мисирков. И неговата реалистичка утопија почнуваше да се остварува со решенијата на АСНОМ.

Речиси во истото време како Мисирков, Херцл во 1904 г. ја објавил својата книга „Алтнојланд“ (Старонова земја) што го носела поднасловот „Зионистичко-утописки роман“. Последната реченица на книгата гласи: „Ако го сакате тоа, не е сон“. Со оглед на Мисирков, АСНОМ и безбројни други пригоди ние би можеле да ја парафразираме реченицата вака: „Македонци, вие тоа го сакавте, Македонија не е сон“.

Новица ВЕЉАНОВСКИ

ОДГЛАСОТ НА АСНОМ ВО СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ

Македонската држава во 1944 година во соседните земји предизвика и одредени реакции. Тие, главно беа позитивни, но во некои кругови во ОФ Бугарија, како и во Србија предизвикаа одредени негативни реакции. За разлика од овие две сосетки на Македонија, односот на Албанија и на Грција, поради внатрешните политички околности во тие земји, прашањето на создавањето на новата македонска држава не беше под истото она внимание кое го имаше во претходно спомнатите земји.

Создавањето на нова држава на Балканот, како и признавањето на посебноста на македонската нација, сите околу Македонија не го примија со задоволство. Букурешкиот мировен договор од 1913 година остави видливи последици. Балканските земји на кои им припаднаа делови од Македонија, секоја за себе се сметаше за оштетена, па и измамена. Уште повеќе од тоа, тие долго време продолжија да се расправаат и да се обвинуваат за тоа дека биле „онеправдани“ со поделбата на Македонија на сметка на втората или на третата страна. Ниту двете светски војни и катастрофите што тие ги донесоа не беа доволни да се надминат недоразбирањаата.

Во текот на Втората светска војна, трите балкански држави во кои останаа делови од Македонија, во војната имаа различни позиции. Грција, никогаш не го призна постоењето на македонската националност, освен повремено нејзината КПГ, која тоа го користеше поради сопствени прагматични цели, особено непосредно пред Втората светска војна или за време на војната. За време на војната, таму се разви антифашистичко движење во кое најбројно беше македонското население, но со најразновидни манипулации

националните права и стремежи на тоа население останаа нереализирани.

Приклучувањето на Бугарија кон Тројниот пакт, ѝ овозможи во Македонија да воспостави систем од бугарска цивилна, полициска и воена власт, прогласувајќи дека изврши „обединување на новоослободените“ територии.

Албанија ја прифати цивилната власт во оние територии што ѝ припаднаа на Италија, исто така гаејќи илузии дека изврши „национално обединување“ на Албанците. Сепак, таму се разви антифашистичко движење, кое беше потпомогнато од Југославија, а тоа имаше влијание за добрите односи меѓу Југославија и Албанија по ослободувањето од фашизмот.

Србија, заедно со другите југословенски народи, го прифати повикот на КПЈ и се крена на востание, без оглед на тоа што таму беше воспоставена квислиншка власт. Таа уште на Второто заседание на АВНОЈ го призна постоењето на македонската нација, согласувајќи се со неговите одлуки, Македонија да се конституира како одделна држава – членка на југословенската федерација. На Големото антифашистичко собрание од 12 ноември 1944 година, Србија и официјално го призна постоењето на македонската држава и нација.

По победата на Отечествениот фронт во Бугарија на 9 септември 1944 година, таму беше воспоставена новата отечественофронтовска власт. Веднаш потоа, новата влада на Георги Димитров направи сериозни напори за подобрување на односите со Југославија. Притоа, имаше и извесна доза на опортунизам предизвикан од потребите Бугарија да се рехабилитира за нејзиното учество во Втората светска војна на страната на фашистичка Германија.

Во досегашната историографија за односот на Бугарија и за признавањето на постоењето на посебна македонска нација во период 1944-1948 година, главно е пишувано само за позитивните тенденции. Меѓутоа, речиси ништо не е пишувано за опозиционерското дејствување на некои политички партии во ОФ на Бугарија, кои и по 1944 година продолжија да го негираат постоењето на македонската нација. Подоцна, а особено по падот на комунизмот во Р. Бугарија, не ретко овие написи се користени како написи кои „имале доблест“ во тоа тоталитарно време на

Георги Димитров да му кажат „не“ за постоењето на македонската нација. Но за нас е интересно да се знае дека таквите опозициони дејствувања, сепак имаа влијание не само кај народот, туку и кај политичкото раководство на Бугарија, порешително да се ангажира на прашањето за признавањето на македонската држава и нација, нејзиниот јазик и култура, како и за евентуалното нејзино обединување. Дејствувањето на опозицијата беше една од причините што не беа јавно публикувани решенијата на Десеттиот пленум на БРП(к), од 1946 година кога беа донесени решенијата за „македонското прашање“. Беше искажан страв од опозицијата, која во Бугарија сè уште имаше големо влијание во широките народни маси.

Ќе се обидеме да направиме кус осврт на некои сегменти од опозицинерското дејствување, без претензии да направиме целосен опфат и елаборација на проблемот.

Во Извештајот на амбасадорот на ФНР Југославија во Софија Никола Ковачевиќ е содржана оценката дека Владата на ОФ Бугарија работи на тоа да создаде што поповолни услови за потпишувањето на мировниот договор (во Париз), а опозицијата „со сите сили работи за себе до максимум да го искористи евентуалното неспогодување на големите сојузници околу потпишувањето на мирот“.[9]

Беше доста чудно што опозицијата имаше голема надеж дека ќе си замине Црвената армија од НР Бугарија. Поради тоа со сите сили работеше да ја прошири својата база, иако по 9-ти септември 1944 година таа во голема мера ја губеше поддршката кај народните маси во Бугарија. Селаните се враќаа кон ОФ, иако имаше доста пасивизирање меѓу нив. Забележливо било и тоа што опозицијата му се доближуваше на Звено, исто така опозиционен блок, но доста поумерен со свои претставници во Владата на ОФ. Таа одбегнуваше и преку печатот да го напаѓа Звено, надевајќи се дека наместо кон ОФ Звено ќе се доближи до опозицијата, па затоа некои нејзини членови дури и се зачленуваа во оваа партија. И некои реакционерни елементи или профашистички кругови“ од редовите на Бугарската армија служеа како врска меѓу опозицијата и Звено. Се активирала и тајната организација наречена „Слободни

[9] Архив на Р Словенија, ф. Едвард и Пепца Карделј, а.е. 28, д. 3577.

зидари“, која исто така служела како врска меѓу Звено и опозицијата.

Според процените на југословенскиот амбасадор во Софија Никола Ковачевиќ, Американците и Британците, ги поддржувале опозиционите тенденции, па за таа цел формирале дури и масонски ложи во Бугарија.[10]

Првата половина на 1945 година, положбата во Бугарија со активноста на опозицијата била доста затегната. Според извештаите дури и во војската била забележана илегална активност и подготовки на евентуален преврат, откако би заминала Црвената армија. На таквите информации тешко е да им се поверува, па веројатно тие се пуштени од страна на Советскиот Сојуз како пробен балон за да се нагласи потребата од задржувањето на советската армија во Бугарија и да се направат психолошките подготовки и приспособувања на населението за остварувањето на таквата замисла. Затоа и Димитров, во еден остар говор во Перник, рударски град и индустриски град недалеку од Софија, ги повикал и рударите, да дојдат во Софија, па ако треба „да се пресметаат со реакцијата“. Една група од рударите откажала да влезе во јамите изјавувајќи дека не можеле да ја трпат „диктатурата на комунистите“.[11] За да покаже будност, БРП(к) била во мобилна состојба. Комунистите биле поделени во петорки, кои биле во цивили, но ако било потребно тие ќе добиеле и оружје. Во почетокот на јуни во Софија било поапсено раководството на илегалната фашистичка организација на Ванчо Михајлов, чиј број изнесувал околу 40, а еден од нив се самоубил во акцијата за апсење.[12]

Треба да се одбележи и фактот што и Бугарската православна црква не можела така лесно да ги прифати новите промени што ги донесе ОФ. Таа не можела да истапи јавно, но сепак прикриено, околу себе собирала опозиционери. Притоа одржувала врски и со избегнатиот потписник на договорот за пристапување кон Тројниот пакт Драгиша Цветковиќ, кому, наводно, Егзархот Стефан,

[10] Истото.
[11] Истото, с. 1.
[12] Истото, с. 1.

му испраќал средства и финансиски средства за одржување на врските со југословенската опозиција.[13]

Меѓу најекспонираните противници на политиката на ОФ Бугарија и на Георги Димитров беа опозиционите весници „Свободен народ“ и „Знаме“, а особено првиот кој беше под покровителствоото, па и уредувањето на го Крсто Пастухов.

За тешкотиите при воспоставувањето на новата ОФ власт во Бугарија, во ноември 1945 година, Георги Димитров искрено му се пожалил и на Јосип Броз Тито, кога по повод националниот празник на југословенските народи 29 ноември 1945 година, му напишал писмо се честитки. Во него тој нагласува дека „има неколку обелоденети и прикриени непријатели кои не го сакаат успехот на Југославија и на нова Бугарија, коишто не сакаат да ги видат слободни, независни и силни… Големобугарските шовинисти и големосрпските шовинисти внатре во нашите земји како и злонамерните опозиционери (кај нас Петков[14] и компанија, кај вас Грол и компанија) … се грижат да ги спротивстават нова Бугарија и нова Југославија…[15].

Очигледната исплашеност на Димитров од дејствувањето на опозицијата предводена од Петков и Пастухов, веројатно била причината што Димитров во ова писмо испратено до Тито воопшто не го спомнал македонското прашање кое требаше да претставува „мост за зближувањето на двете држави“. Останува нејасно, но сепак може да се претпостави дека токму поради тоа прашање било причина што Тито на Димитров му предлагал тајна средба преку југословенскиот амбасадор во Софија Ковачевиќ.[16]

Само месец подоцна весникот „Свободен народ“[17], односно кон карајот на 1945 година, кога активностите во ОФ Бугарија за признавање на Македонија и на македонската нација, нејзиниот јазик и култура беа во полн ек, а се вршеа и интензивните подготовки за почеток на Париската

[13] Истото, с. 2.
[14] Никола Петков, лидер на Бугарскиот земјоделски народен сојуз.
[15] Георги Димитров, Дневник, Софија 1997, с. 513-514.
[16] Исто, стр. 516.
[17] Весник “Свободен народ” бр. 272 од 6. 12. 1945 год.

мировна конференција во 1946 година, излезе со дијаметрално спротивни гледања од оние на Отечествениот фронт и на Г. Димитров. Воведната статија со која се појави весникот е насловена како „Заветот на Гоце“.

Во „Заветот на Гоце“, авторот уште во самиот наслов му укажува на бугарскиот читател дека она што го прави новата бугарска власт во однос на Македонија, наводно е спротивно на заветот на Гоце Делчев. Поводот кој е искористен „Свободен народ“ да се појави со оваа воведна статија била изјавата на Георги Димитров пред новинарот на САД Бауер. Имено, Димитров во таа изјава говорел за односите со Југославија, со Македонија и за подготовките што се вршени за присоединување на Пиринскиот дел од Македонија кон тогаш конституираната Народна Република Македонија. Според статијата на „Свободен народ“, таквите изјави „продолжувале да ја бранувaат бугарската јавност и народот“.

За нас остана непознато дали зад името на авторот Иван Хаџов потписникот на воведната статија навистина стои тоа име или пак е псевдоним, меѓутоа содржината на статијата упатува на големо незадоволство од конституирањето на Федерална Македонија во рамките на Федеративна Народна Република Југославија. Тоа незадоволство не е толку поради самиот чин на конституирањето на македонската држава туку повеќе што нејзиното основање се поврзува со евентуалното присоединување на Пиринскиот дел од Македонија кон Народна Република Македонија. Тоа е видливо од констатцијата дека „се протури идејата за обединување на нејзините три (всушност четири) дела во рамките на федералната единица“. Тоа за авторот на текстот воопшто не е прифатливо. Меѓутоа, тој искажува една контрадикторност поздравувајќи ја идејата на македонскиот народ во составот на Југословенската федерација и му забележува што таа своја идеја ја базираат на светлите идеи на македонските револуционери. Всушност, на македонскиот народ му оспорува и му забележува што поаѓа од принципите на „некогашната навистина народна Внатрешна македоно-ординска револуционерна организација од крајот на минатиот и почетокот на 20 век“, нарекувајќи ги македонските раководители „апологети на Федерална Македонија во Југославија“.

Авторот на воведната статија на весникот „Свободен народ“ на остра критика ги става учесниците во антифашистичкото движење во Македонија, кои во своето дејствување се повикувале на традициите на Внатрешната македонска револуционерна организација од крајот на 19 век, како и на предводниците на националноослободителното движење на чело со Гоце Делчев и Даме Груев, набројувајќи уште десетина видни македонски револуционери (Јане Сандански, Нукола Киров, Питу Гули…), кои се жртвуваа за своите идеали во Илинденската епопеја од 1903 година, сакајќи да каже дека тоа востание не е македонско, ами „бугарско“. Таквото свое тврдење ќе го „потврди“ понатаму со констатацијата дека тоа гледање на современите македонски револуционери од 1941-1945 година, е „големо сквернавење на паметта, негирање на жртвите, и на борците за слободна Македонија“. Според него, такво нешто било сквернавење и негирање „на Дамјан Груев, на Гоце Делчев, на Лазар Поп Трајков, на Митре Влаот, на Јане Сандански, на Питу Гули …“ и голема грешка што се отстапило од идеалот за „единствена слободна Македонија како обединувачка алка на балканските народи“. Очигледно е дека авторот на текстот се навраќа на познатите големобугарски ставови пласирани неколкупати пред Втората светска војна од Ванчо Михајлов и неговите истомисленици како и за време на Втората светска војна, кога беше на повидок ослободувањето на овој дел на Македонија и конституирањето на македонската држава. Имено, познато е дека непосредно по одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце 1943, во Бугарија беше пуштена паролата за „независна Македонија“, а подоцна не се инсистираше на таа парола. Уште помалку тоа беше остварливо кон крајот на 1945 година, кога ОФ на Бугарија покажа некои флексибилни ставови, но егејскиот дел на Македонија веќе беше под цврста доминација на Грција и каде антимакедонското движење помогнато од нејзините сојузници Велика Британија и САД добиваше сериозни размери.

Не беше историски неточна констатацијата дека „дејците од тоа време се бореа за ослободување на сите народи и за остварување на нивната рамноправност“, која ја пласира авторот на текстот во овој напис. Точно е и тоа

дека и идеите на Делчев не беа спротивни на таа идеја. Но тенденциозноста кулминира со тврдењето дека „Федерална Македонија сака да се изградува врз поништувањето главно на бугарската националност“. Конституирањето на Федерална Македонија во рамките на Федеративна Југославија, беше резултат на заедничката борба на југословенските народи против фашизмот и таа беше пред сé националноослободителна, односно македонска националноослободителна борба. Авторот не се запрашал дали било можно за време на војна некому да му се всади друго национално чувство, грчко, српско или бугарско, ако не го имал пред тоа. Зошто, на пример такво македонско национално чувство не се појави во некој друг дел од „Старите предели“ на Бугарија, туку токму во овој дел каде што се прогласи создавањето на ДФ Македонија?

Сепак, „Свободен народ“ завршувајќи ја оваа воведна статија на својот воведничар, патетично ќе ѝсе обрати на европската дипломатија, односно до европските конзули повикувајќи ги да внимаваат дека „поколенијата кои се родија и израснаа таму (мисли на НР Македонија – з.а.), се потомци на оние, кои беа насилно „доброволно“ иселени од Македонија под грчка власт. Бугарската влада (алудирајќи на изјавите на Г. Димитров – з.а.) ли ќе отвора нови рани кај народот и во државата, ќе сее ли ветрови – за да жнее бури?“- се прашува авторот на статијата.

Треба да се признае дека власта на ОФ Бугарија остро реагираше на овие написи и однесувањето на Крсто Пастухов, Гергинов, како и на Никола Петков од БЗНС, но таа сé уште не пронајде рецепт да се спротивстави Тој „рецепт“ подоцна беше пронајден со репресиите и со апсењето, а подоцна и со ликвидирањето на опозиционерите.

Исто така треба да се признае дека опозиционерските истапувања остро ги осуди и Владимир Поптомов, Македонец. кој имаше многу осцилации по македонското национално прашање, но во овој период цврсто ја поддржуваше политиката на Георги Димитров. Во воведната статија на в. „Македонско знаме“[18] насловена како „Старите грешници под маската борци за независна

[18] В. “Македонско знаме од 10. 12. 1945, ЦДА, Софија, ф. 214, оп. нема, а.е.57.

Македонија“, нивното однесување го поистоветува со она, како што тврди авторот, на големобугарските шовинисти од типот на царевите Фердинанд и Борис, кои според него „ги искористија своите македонски наемници, какви што на времето беа врхивистите, а најпосле и таканаречените автономисти на Иван Михајлов“. Основната поента на написот е дека треба да ѝ се допушти на Народна Република Македонија да се развива како држава во југословенската федерација, да не им се верува во празните ветувања за „независна Македонија“. „По секоја национална катастрофа – констатира „Македонско знаме“ - по секој незавршен авантуристички обид на големобугарските освојувачи да ја голтнат Македонија повторно се развеваше знамето за ‘Независна Македонија“.

Условите во кои се појави оваа реакција на официјалната власт на ОФ Бугарија, преку перото на Поптомов беше исклучително поволна. Постоеше цврста решеност, барем тогаш, да се помогне создавањето и зацврстувањето на НР Македнија како држава во југословенската федерација, а за причините за таквата решеност нешто спомнавме и понапред. Поради тоа, во оваа статија доста аргументирано е елаборирана македонската национално-ослободителна борба во минатото и траумите низ кои таа минуваше. Поптомов оправдано забележува дека со оваа празна парола, националистите истапија и по 1913 и по 1918 година. „Истата историја – вели тој – се повторува и денес по минатогодишниот (1944 г. - з.а.) крај на цар Борисовата и Филовата обединета Бугарија“.

Амбасадорот на ФНР Југославија Никола Ковачевиќ го известувал југословенското Министерство за надворешни работи во Белград дека американскиот амбасадор во Софија Барнс работел на тоа „по никоја цена да не смее да се допушти зближување меѓу Југославија и Бугарија. Тој барал прашањето на репарациите на Бугарија спрема ФНР Југославија и прашањето на Македонија да се држат отворени и како повод за создавање на нездрави односи.[19] Добро била согледана постојната ситуација во Бугарија дека „опозицијата не сметала дека Македонија го нашла решението на своето национално прашање како

[19] АС, ф. Едвард и Пепца Карделј, к. 28, а.е. 3642, с. 1, дов. Извештај од јануари 1946.

федерална единица во рамките на Југославија“.[20] Овие оценки на опозицијата не биле такви поради интересите на Македонија, туку напротив. Со конституирањето на Македонија како федерална единица во југословенската федерација за бугарската опозиција, која дејствуваше во рамките на ОФ, но свиреше со поинакви ноти, не беше прифатливо затоа што паѓаше во вода паролата за „независна Македонија“.[21]

Дека во опозиционерското дејствување имаше замешано прсти САД, нам ни потврдува и советникот во амбасадата на ФНРЈ во Софија Петар Манговски, кој во својот исто така доверлив извештај нагласил дека „ставот на опозиционото раководство е истоветен со толкувањето дадено од Америка во својот ед мемоар од 22 февруари“.[22] Дипломатските извори на Југославија потврдувале дека Барнс доста сработил меѓу опозициоите партии во ОФ како на пример БЗНС (раководен од Александар Обов), БЗНС (раководен од Никола Петков), понатаму Звено (раководено од Јуруков). Нивниот лист „Изгрев“ дури не го спомнувал и присуството на „легендарниот“ Димитров на свеченоститите што се организирале по разни поводи. Опозицијата му се лутела за неговата политика по македонското прашање.[23]

Меѓутоа, на планот на создавањето на опозиционерска клима во Бугарија, клима која имаше за цел да го држи отворено македонското прашање, се вклучила и Велика Британија. Во текот на мај 1946 година, Бугарија ја посетил Џон Мак, пратеник на Лабуристичката странка, кој во Бугарија се задржал неколку дена, со цел подробно да се информира за тамошната ситуација. Опозиционерските кругови, особено социјал-демократите, дури изјавувале дека мисијата на Џон Мак била тајна со цел да се види расположението во Бугарија под власта на ОФ. Но тој како вешт политичар, одбегнал да даде изјави кои би оделе

[20] Истото, с. 3.
[21] “Тито усте еднаш успеал да ги излаже југословенските народи – му изјавил амбасадорот на САД Барнс на новинарот Илиев, претседател на здружението на странските новинари, инаку опозиционер.
[22] АС, ф. Едвард и Пепца Карделј, к. 28, а.е.3649, с. 1.
[23] АРС, ф. Едвард и Пепца Кардељ, к.28, а.е. 3661, с. 3.

во прилог на опозицијата, имајќи ги предвид околностите под кои се формирала новата ОФ власт во Бугарија.

Остри реакции против опозицијата уследија и во редовите на македонската емиграција во Бугарија. Таа преку создавањето на македонската држава во текот на Народноослободителната антифашистичка војна и нејзиното прогласување на Првото заседание на АСМОМ видела шанса за својата национална афирмација и за евентуалното обединување на македонскиот народ. Така, со своја резолуција истапи македонската емиграција во Пловдив[24], Македонското емигрантско културно-просветно друштво во Асеновград[25] и многу други.

Со своја статија се појави и добриот познавач на македонските околности Димитар Влахов, кој во својата статија „Слободна Македонија во Федеративна Југославија – крај на заемните борби на балканските народи“, објавена во списанието „Съвременикъ“[26]. Влахов на нему својствен начин ги објасни историско-политичките основи и потреби за конституирањето на македонската државност, критикувајќи ги неправдите кои на македонскиот народ му беа нанесени од бугарската царска власт за време на Втората светска војна, за да констатира дека тоа е за сега единствено можната опција, а за да добие повеќе од тоа, сметајќи на неговото обединување на македонскиот народ, „треба да му помогне бугарскиот народ и нова ОФ Бугарија“. Завршувајќи го ова свое видување во статијата, Влахов констатира дека „Македонија, слободна и рамноправна единица во федеративна Југославија, не може повеќе да биде јаболко на раздорот, туку ќе биде обединувачка алка на сите јужни Словени“[27].

До крајот на 1946 и почетокот на 1947 година по македонското прашање, меѓу позицијата и опозицијата во Бугарија се водеше вистинска „војна“. Судските процеси кои што почнаа во Бугарија против Г. Димитров – Гемето и против Крсто Пастухов, кои беа уапсени и изведени пред суд за свои цели ги искористија за свои цели ги искористија и позицијата и опозицијата. Гемето бил обвинет за ширење

[24] ЦДА на РБ, ф. 22, оп. 11, а.е.625, л. 8.
[25] ЦДА на РБ, ф. 22, оп. 1, а.е. 625, л. 6.
[26] Сп “Съвременикъ” бр.3/1945, с. 101-106.
[27] Истото.

на дефетизам за време на војната, за врски со грчките и со српските реакционерни кругови (Дражa Михајловиќ). Целта била да се оцрнат пред бугарскиот народ и повеќе отколку што биле. Но и опозицијата правела сé тој процес да го искористи за своја цел. Таа, користејќи ги своите весници, известувала за тортурите што наводно бугарската власт на ОФ ги вршела над нив. Опозицијата доста успеала во компромитирањето на новата бугарска власт, особено по сведочењето на Никола Петков за време на судските процеси. Од печатницата на в. „Свободен народ“ биле насилно однесени буквите, а наскоро потоа, во почетокот на јуни, владата на ОФ го забранила излегувањето на весникот на Демократската партија „Знаме“. Со тоа му забранила два месеци да пишува против Југославија, односно Македонија. Исто така (привремено) биле забранети и излегувањето на „Народно земеделско знаме“ и на „Свободен народ“, па така во Софија извесно време не излегувал ниту еден опозиционен весник.[28]

Сепак, кулминација во негирањето на македонската нација било пишувањето на „Свободен народ“ од јануари 1947 година. Тој во воведната статија „Македонската народност“, со нејзиното сместување под знаците на наводниците, неја ја омаловажува и ја негира на најгруб начин. Образложувајќи го понатаму тоа, „Свободен народ“ македонскиот народ го карактеризира како носител на „ниска култура“ наводно поради неговото „откажување од една националност („бугарската“) и поминувањето кон друга (македонската). Бранејќи ги понатаму своите ставови „Свободен народ“ се послужил и со неколку истргнати мисли на „научни трудови“, па вели: „Несериозно и непотребно е да се набројуваат аргументи дека Македонците се Бугари. Тие се содржани во многу научни трудови, пред сé, на незаинтересирани странци, кога би почнале со Иричек, Нидерлес, и да завршиме со Державин…“.[29] А кога е во прашање Державин, на авторот не му било познато дека токму него во есента 1944 година го поканил Президиумот на АСНОМ да се вклучи во работата врз кодификацијата на македонскиот литературен јазик. Сигурно тоа не би го

[28] АРС, ф. Едвард и Пепца Карделј, к. 28, а.е.3664, с.3.
[29] В. “Свободен народ”, бр. 18, 29. 1. 1947 с. 4.

направил, ако Президиумот не сметал на неговата стручност и научна етика.

За разлика од Бугарија, каде што во рамките на ОФ дејствуваа и опозициони партии, во Србија, како и во Југославија по ослободувањето на земјата и конституирањето на ДФ Југославија тие престанаа да постојат. Меѓутоа, таму најизразено беше дејствувањето на Милан Грол, потпретседател на владата на ДФЈ на Јосип Броз Тито, инаку припадник на кралската бегалска влада во Лондон.

Милан Грол како претставник на Србија во бегалската влада, сметајќи и на поддршката на британските кругови, не го прифати конституирањето на Македонија како држава во југословенската федерација. Всушност, тој ги репризираше ставовите на Кралската влада, која непосредно пред Второто заседание на АВНОЈ излезе со став дека творците на Кралството Југославија (Србите, Хрватите и Словенците), треба меѓусебно да се признаат како водечки нации во Југославија и неја да ја обноват во истите граници од пред војната. Впрочем, тоа и го забрза одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ и конституирањето на Југославија на федеративни принципи.

Грол, како да ги преспал минатите четири години во кои во Југославија се водела антифашистичка и националноослободителна војна, па сметал дека старата Југославија ќе може да се обнови во истите рамки и со истото државно уредување со признавањето на само трите споменати нации. По неговото влегување во владата на Ј.Б. Тито од 7 март 1945 година, занемарувајќи ги решенијата на АВНОЈ, во неговите изјави дадени во весникот „Политика“, Грол на индиректен начин се спротивстави на конституирањето на новата македонска држава во рамките на Демократска Федеративна Југфославија. Притоа, тој во завиена форма напомнал дека новата југословенска држава не може да постои и да функционира ако се направи прекин со граница меѓу Моравската и Вардарската долина. Тој смета дека „српскиот народ околу Морава, мора да биде поврзан со братскиот народ околу Вардар“.[30]

На овие изјави на Грол уследиле остри реакции особено од Словенија. Најпрво реагирал Милован Ѓилас,

[30] Преземено од в. “Ljudska pravica” , Љубљана бр. 11, 4.4.1945

меѓутоа, словенечките реакции во секој поглед заслужуваат внимание. Имено, весникот „Људска правица“ му одговорил на Грол дека таквите изјави не се опасни само за Македонија туку и за сите нејзини републики и за цела Југославија. „Со ова г. Грол сака да каже дека српскиот народ би морал исто така да биде неразделно поврзан со словенечкиот народ, со хрватскиот народ и со Босанците“, му пишувала „Људска правица“ на Грол.[31]

Под притисок на југословенската јавност, особено на реакциите од Словенија и статијата на Милован Ѓилас во весникот „Борба“, Грол се обидел да ги ублажи своите ставови. Меѓутоа, тоа тешко можело да се прифати, бидејќи такви националистички ставови прејавувал и порано. Имено на 19 март 1945 г., значи набргу по конституирањето на владата на Ј.Б. Тито, Грол го посетил Едвард Кардељ, тогашен потпретседател на Владата и министер на Конституантата, кога пред него изнесол некои свои гледања на ситуацијата. Меѓу другото Грол изјавил дека поради ситуацијата во Југославија, очекува дека во Србија пролетта ќе се крене востание против народноослободителната власт, кој ќе го поддржат сите оние кои „денешната власт ја чувствуваат како тиранија“.[32] Понатаму Грол додал дека „во Србија широките слоеви на селанското и градското население денешната власт ја чувствуваат како тиранија, поради неразумното, површното и круто однесување на „партизанската власт“.[33] Грол не се согласил и со гледањето на Ѓилас за државното уредување на Југославија што го напишал во весниците. Според Ѓилас, во Југославија требало само да се реши формата на владеење, одосно дали ќе биде монархија или република, додека сé друго треба да се прифати онака како што тоа било решено во Јајце, односно на Второто заседание на АВНОЈ. Грол овде покажал несогласување со федеративното уредување, најмногу алудирајќи на создавањето на шесте републики, вклучително и на ДФ Македонија, за што подоцна бил многу попрецизен. Два-три месеци подоцна Грол овие свои ставови против создавањето ДФ Македонија ги изнесе и јавно, спротивставувајќи му се на Ѓиласовото мислење.

[31] Истото.
[32] АРС, ф. Едвард и Пепца Кардељ, к. 28, а.е. 3570, с. 1.
[33] Истото.

Затоа и весникот „Људска правица“ оправдано заклучувал дека Милан Грол со неговите камуфлирани изјави „сакал да истакне дека околу Вардар нема македонски народ и дека тој народ не смее да добие самостојност и рамноправност“.

Значи конституирањето на македонската држава во 1944 година и нејзиното уставноправно етаблирање во 1945 и во 1946 година било проследено со извесни отпори во двете соседни земји на Македонија во кои живееја народи од словенско потекло. Несомнено, тоа било резултат на историската хипотека и условите во кои македонскиот народ се борел и се избори за своето национално ослободување и за создавањето на новата македонска држава.

Драги СТЕФАНИЈА

60 ГОДИНИ ПРАВОПИСЕН ЖИВОТ

1.

Пред 60 години и некој ден македонскиот парламент АСНОМ, исцимен во борбата за слобода на Македонија го донесе решението дека „во македонската држава како службен јазик се заведуе македонскиот народен јазик“. Во еден текст од Блаже Конески „Како работевме на азбуката и правописот“ објавен во „Нова Македонија“ во август 1974 (датумот не го знам бидејќи имам само исечок од весникот без записи за датумот) ќе прочитаме: „…Како неодложена задача по тоа се поставуваше да се изврши кодификација на нашиот литературен јазик. Многумина со поголема или помала подготовка за таа работа, но со подеднакво благороден ентузијазам, беа покажале готовност да придонесат за установувањето на неговиот дефинитивен облик. Не треба да се заборави дека во тешките услови на фашистичките затвори наши политички затвореници живо го дискутирале тоа прашање и создале проекти за македонската азбука и правопис.“ За потоа да продолжи дека во септември 1944 години работел во редакцијата на весникот „Млад борец“ во село Врановци, Велешко, каде што бил сместен Главниот штаб на македонската војска. Се спомнува на уште еден важен податок: „Се сеќавам дека тогаш веќе имаше еден текст со наслов **Времени правила за македонскиот јазик**. Не знам дали се има сочувано од него некој егземплар. Тоа претставуваше недоволно издржан обид, но послужи како добар повод за дискусиите по јазикот што се одржа во Врановци, ако се сеќавам добро, во октомври 1944 година… Навечер, при светлост од петролејска ламба, седнати повеќето на рогозина наземи, со редок жар се расправавме за тоа каква треба да биде

нашата азбука и како да се установи македонскиот литературен јазик.“ Ќе биде интересно, на 60-годишнината од излегувањето на првиот македонски правопис, догодина, некој од колегите да се впушти по архивите и да ги најде, да ги донесе и да ги разгледа тие **Времени правила…** Белким не ја доживеале судбината на старите кирило-климентови текстови од 9-от век?

2.

Ама ова сево не го велам туку-така. Причини за тоа има повеќе. Во оваа статија на покојниот академик Блаже Конески има интересни податоци за тоа како се дошло до идејата за нормите на литературниот јазик и македонскиот правопис, за дискусиите, слогите и неслогите на често менуваната *правописна комисија*, но единствениот концензус за прифаќање на централните говори како основа за книжевниот јазик. Иако чудно изгледа тоа што многучлената и многуменувана *правописна комисија* не го почитувала дословно мислењето на Мисирков дека контурите на македонската јазична норма не се само на линијата и од околините на Велес, Прилеп, Битола, туку продолжуваат до Охрид. А точно тоа е познато дека тој македонски културен светилник е центар на една милениумска писмена традиција од Климент и Наум, до генијалноста на Прличев и подвигот на стружаните Димитар и Константин и фолклорните неповторливости на Кузман Шапкарев. Па дури и првиот, ако е навистина прв македонски отпечатен текст, *Даниловиот четиријазичник* носи охридски белег. Во тој говор и фолклорните и книжевните записи оттаму, ќе сретнеме многу култивирана и рафинирана реченица, којашто ја нема во другите краеви, ниту во централните и со тоа, можеби, би се постигнал поголем и поизграден јазичен стил што носи милениумски траги. Да кажам, ова се само размислувања како ќе беше, ако беше поинаку. А и така искуството со македонскиот литературен јазик зацртан од *правописната комисија* ја издржа пробата на времето и тој го покажа своето оправдување. За тоа голема благодарност на таа *правописна комисија.* А такво било и мислењето на многу членови од *правописната комисија,* и не само од неа, туку и од јавноста македонска. Меѓутоа, големи и разногласни

биле дискусиите за азбуката. За тоа академик Блаже Конески ќе напише: „Можам да кажам дека поостри контраверзи имаше во однос на составот на азбуката, а помалку во однос на многу посуштествено прашање за самите форми, за системот на литературниот јазик…“ И тука можеме да поставиме повеќе прашања: дали оваа и ваква азбука ги сочува почетните форми на разновидни фонеми коишто беа и денес се присутни во јазикот? Дали трите правописи во последниве шест децении ги задржаа сите морфолошки предлози? Дали правописните норми ги почитуваа сите правописни и правоговорни норми во подрачјето на лексиката, посебно при користењето на народниот збор од сите дијалекти?

3.

Одговорот на овие прашања не е ни лесен, ни еднозначен, ниту пак само позитивен, како што не е ниту само негативен. Зошто?

По прашањето за азбуката, дали е добра или лоша, професорот Крум Тошев уште тогаш на *правописната комисија* ќе рече дека можеби денешната азбука не е совршена, ама по 20-30 години ќе дојдат луѓе коишто ќе поправат тоа што не чини. Да додадеме дека ниту едно писмо, дури и идеографското не е идеално и 100% не го означува изговорот на зборот. Нашата азбука генерално го оправда своето постоење, со кое е напишана огромна литература, силна наука, писмо што се употребува на многу училишта и универзитети во Македонија и надвор од неа. Тоа е неоспорен факт што радува и осмелува. Но дали навистина со нашето писмо можеме да ги одразиме сите фонемски варијации, коишто реално постојат во македонскиот јазик. Мислам дека не!

4.

Не знам колкупати го поставувам прашањето јавно и на повеќе собири дека во денешниот јазик заради нашата инертност го загубивме мекото ***л***, зашто тоа и пред тврдите вокали (*у, а, о)* се изговара тврдо како и пред меките самогласки *и* и *е*. Мислам дека главната причина за тоа е некритичното примање и примена на *љ* (како и на *њ*) со

кое означувавме, како што означуваме и денес дваесетина зборови, главно со корен *љуб*...(*љубов, љубопитен, љубезен* итн.) и измисливме уште состав *лј (ролја, волја, Билјана)*, а немаше ништо да фали ако пишувавме исто и *љубов, љубопотен, љубезен,* како и *ролја, волја* . Тогаш не ќе можевме да го затврдиме мекото *л*! Штета! Епасбир.. Им се веруваше на правописните правила дека пред *и* и *е, л* се изговара меко. Да напомнам дури и некои професори на самата македонистика го затврднуваат мекото *л* пред вокалите од преден ред!

И да продолжам. Имам исечок од *Јазичното катче* на благородниот македонист Благоја Корубин од не знам која година објавено во *Нова Македонија* под име **ЛЕ, ЛИ, ЉА, ЉО, ЉУ(за мекото л во разни позиции),** во кој**,** како одговор на некој господин Дробицки, објаснува… „Тешкотијата во научувањето на тоа си има…, подлабоки причини, од кои некои се содржани во самата јазична стварност, а некои и во самото решение за буквениот знак Љ. Истиот овој знак го има и во српската азбука, како што знаеме, та луѓето навикнати да се служат со таа азбука, а и со тој јазик, му ја дадоа истата вредност нему и во македонскиот јазик. А ја нема тој таа вредност во него, т. е. гласот што го означува таа буква во македонскиот јазик нема еднаков изговор со тој глас во српхрв. јазик. Тука е основното недоразбирање“ (подвлекол Д.С)…, а потоа продолжува: „За да го објасниме тоа, ние овој пат прибегнуваме кон онаа малку необична техника што ја истакнуваме во насловот: ЛЕ, ЛИ, ЉА, ЉО, ЉУ. Кон овој ред можеме да ги додадеме уште и: ЛЈА, ЛЈУ, ЛЈЕ. Во сите овие слогови го имаме мекото *л*, со еднаков изговор (или скоро со еднаков). Тоа значи дека како ќе го изговориме Л во ЛЕ, така ќе го изговориме и во ЉА, ЉО итн. На пример: **леб, лице, Љаме, Љоко, Љубе,** - во сите овие зборови почетниот глас Л има ист изговор, иако е во последните три обележан со друг знак. Исто така е со гласот Л и во овие зборови: **пиле, мали, беља, Коњо, пељуш** - во сите нив тој има ист изговор, иако обележан во последните три со друга буква. Значи можеме да извлечеме еден ваков заклучок:

Л пред Е, И се изговара како Љ пред А, О, У; или обратно Љ пред А, О, У се изговара исто како Л пред Е,

И.” Драги мој Корубине, велам како што би рекол нашиот народ: *ушре сабајле*, или *мало морѓен*, како што рече некој пред години. И ти, како и јас бевме убедени дека со таа буква, и не само со таа, решението ни е утнато, ама ти бараш квазиобјаснување, а јас решение: да се исфрли непотребното Љ и да се замени со ЛЈ! Зашто бележењето на иста гласовна вредност со два разновидни знаци го нарушува елементарниот фонетски принцип на македонскиот правопис: *пишувај како што слушаш и читај како што е напишано*, највредниот принцип на староиндиската лингвистичка школа: *сандхи.* Не смееме едно да пишуваме, друго да изговараме. Освен тоа, јазик којшто има малку или воопшто нема двојни знаци е попрецизен, поразбирлив и подолготраен. Таква е нашата намера за овој проблем.

5.

И така по ред некритички, судејќи по сè, политички го примивме и ѣ, иако по сите лингвистички закони фонем не може да биде ако го нема во сите позиции. А во македонскиот јазик го нема во стартна позиција (освен во туѓи зборови), па и во финална (и повторно во туѓи зборови). И така, место Ѣ да се воведе составот НЈ и никому ништо нема да му фали. Ниту да се сомнева и се плаши како јас. Кога работев на македонски речници, посебно на фреквентен, откако се публикува „Малиот македонско-словенечки речник”, и кога ги преброив буквите утврдив дека македонската азбука има 30. Си помислив, со страв, сум испуштил серија зборови на *ѣ*. Ама се утешив кога видов дека ниту тритомниот македонски речник нема ниту еден збор што почнува со *ѣ*.

Да напомнам дека и во Хрватска се размислува за намалување на бројот на абецедните знаци како што се дублетите LJ, NJ.

6.

Со паничен страв многумина повикани и неповикани јазични добродетели се згрозуваа од помислата за воведување на ъ (големиот ер, јор) во нашата азбука, сметајќи го до ден-денешен за бугарски знак.

Зарем во самите типично српски лигатури: *љ* и *ѣ* не постои ер, навистина сокриен малиот ь, ама ер, како знак за

омекнување. А од тој дебел или тенок ЕР се плашеа пред сé политичарите и политизираните членови на *правописната комисија* за да не се приближуваме кон бугарското писмо, а се приближивме кон српското, примајќи го двапати скриениот знак за мекост, малиот ер - ь (л+ь=ль, н+ь=нь, место да го употребуваме големиот ер -ъ, како Русите, Украинците, Белорусите, па и Бугарите.

Не разбирам до ден-денешен зошто на јазикот му се одзема еден општоупотреблив, универзален знак, *како* **џокер** во картите, како **протеза** во ортопедијата или стоматологијата, знак што може да одигра некаква улога за пополнување празнина, омекнување, полувокал, затемнет, редуциран вокал. Зашто и таму каде што ставаме висока запирка за означување на вокалното **р** = ʼр, многу е тешко и нелогично запирка да означува буква, односно глас. Уште поголем отпор кон тој општословенски знак или знаци внесоа нашите дијалектолози, коишто измислуваа некакви умлајтунзи, вокали со по една, две-три точки горе, за да ја покажат редукцијата на вокалноста, како да се нотни записи, а не изговор. Чуда божји! Зарем творците на глаголицата и кирилицата беа глупи и ќе го употребеа непотребниот товар на тие најпрецизни општословенски писма, какви што ги немаат другите јазици, со коишто можеше најпрецизно да се пишува и ден-денес на сите словенски јазици.

Од друга страна, не прифаќајќи го ерот, којшто секако ќе го сметавме повеќе за чист вокал, а не полувокал, а уште помалку за консонант, ќе ја зголемевме музикалноста на јазикот. Како? Вака. Со намалувањето на односот на *консонантите спрема вокалите*, ќе се приближувавме кон идеалниот закон за отворените слогови (консонант + вокал, вокал + консонант), иако не ќе го постигневме ниту старословенскиот или латинскиот просек од приближно 50 вокали: 50 консонанти. Ама јазикот ќе ни беше помелозвучен, иако и сегашниов не ни е лош, ако ги исклучиме грчењето со вокалното *р* како во *ʼрж, ʼрѓа, ʼржи* или акањето во *ветар, Петар, тапан, Јано* (Јʼно – кварт во Охрид), *саклет*, *алал* (кај нас турцизам изведен од старохебрејското алелуја), грешките со наставката – *лак*:

пијалок место *пијалак*, сефалок место *сефалак* итн. Несомнено е веќе доцна да се бара доследност и во замената на назалот ѫ (он) како што е редот со А, ама не насекаде, зашто ги добивме веќе затврдените форми со у: *круг, мудрост, оружје, отсуство, отсутен, судбина.* Кај множина, дури и високообразовани луѓе им доаѓа да го изговарат или да го напишат со *А* на местото од *У*!

Иако е надвор од овој контекст, одамна чувствував отпор околу името на царот на животните: *лавот!.* По сите принципи стариот јат или двојното **е,** е заменето **е.** Овде замената е со а! И од убавото **лев** ни испадна *лав.* Не личи книжевниот руски цар – Толстој да го наречеме Лав Толстој. Не оди, грдо е. Тој си е Лев Толстој.

7.

Еден од принципите врз кој се градеше и денес расте лексиката на македонскиот јазик беше оти ќе се земат зборови не само од централните говори откаде што е основата на нормираниот јазик, туку од целата јазична територија. Иако во основа овој принцип е запазен, сепак многу зборови од периферните македонски дијалекти се испуштени, прескокнати и заменети со некакви калки од туѓи заемки или се директно туѓи. Се спомнувам на еден збор, а тој во литературниот јазик гласи *чамец,* а во мојот крај гласи кајче. Ако го употребев потцртаниов, некои лектори ми го поправаа, иако и едниот и другиот се позајмени од турскиот јазик. Во Струга и околните крајбрежни села за *чамец* се употребува чудесниот збор **чун, чунче** (дем., а во Охрид и Охридско тоа големо кајче што служи за ловење риби и транспорт на стока и луѓе, веќе исчезнат од употреба и може да се види само во музеј, како сувенир или на фотографија), е наследен и трансформиран од старословенскиот јазик. А ние, ете, го позајмивме од Србите тој турцизам. Нели Скопје е поблизу до Србија, а струшко-охридскиот лексем е далеку?! А да не зборуваме за зборови надвор од државните граници на Македонија, во егејскиот, пиринскиот или албанскиот македонски етнос. Се плашевме како божем, плаќаме царина и тоа за наши, македонски производи на духот!

Можат да се набројат и стотици пропуштени зборови од ваков тип. За тоа не треба да се бара само кај нашите први лексикографи. Тие направија колку што можеа. А можеа и повеќе. Нејсе. И вака не е лошо. Ама, секако вина треба да се бара и кај нашите дијалектолози, коишто повеќе се занимаваа со структурата на говорите, а помалку со нивната лексика, што можеше да се вклопи во македонскиот лексички фонд. Ми се чини дека една од задачите на идните дијалектолози е да бележат и зборови, сместени како речник, со толкувања на значењето на зборовите. Тоа би била и задача на помладите македонисти да го збогатуваат македонскиот речник од целата јазична територија. А не треба да се занемари и лексичкиот фонд на народното творештво.

Допишано: Можеби и овие правописни проблеми ќе ни ги решат Американците, наметнувајќи ни ја „доброволно“ латиницата, која ќе ја прифатиме „доброволно“ како Охридскиот договор!

Људмил СПАСОВ
Александар Љ. СПАСОВ

ДЕКЛАРАЦИЈАТА НА АСНОМ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ГРАЃАНИНОТ НА ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА ВО СПОРЕДБА СО ФРАНЦУСКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ ОД 1789 Г. (ТЕКСТОЛОШКА АНАЛИЗА)

Цел на трудот:

Цел на трудот е да се покаже дека македонската декларација донесена од страна на АСНОМ на неговото Прво заседание на 2 август 1944 г. претставува типичен пример на современи, настанати по Француската револуција, граѓански, либерални и демократски уставни декларации, каде се уредуваат основните права и слободи на човекот и граѓанинот во демократско општество.

Сите овие декларации како своја основа ги имаат идеите на либералните европски мислители од 18 век, а особено на Жан Жак Русо, со теоријата за општествениот договор, Шарл Луј Де Монетскје, со теоријата за поделба на власта и Џон Лок, основачот на либерализмот, промотор на правото за менување дури и со сила на секоја власт што ги загрозува слободите и правата на единката.

Имаме идеја да ја постигнеме преку анализа на споменативе декларации како текстови, покажувајќи ја нивната структура, набљудувајќи ги одделните нивни делови, покажувајќи ја поставеноста на одделните теми, како и нивниот сооднос, покажувајќи ја заднината на односот меѓу темата и ремата на текстот, покажувајќи како текстот дејствува врз колективот кому му е наменет.

Анализа:

Преамбула

Во принцип уставните декларации се состојат од преамбула и нормативен текст. Преамбулата има за цел на свечен начин, често со употреба на патетичен стил, да ја

декларира основната намера на законодавецот, идеолошката основа на актот, како и да го поврзе актот со борбата и идеалите на претходните генерации со што се покажува дека носењето на актот не е случаен момент и случаен избор на една заедница, туку претставува резултат на подолготраен стремеж на претходните генерации (на предците) за востановување на квалитативно нови општествени и правни односи. Ова посебно важи за уставните акти со оглед на нивното највисоко значење во хиерархијата на правните акти.

Француската декларација содржи преамбула во која се истакнува дека: „во присуство и под покровителство на господ се прокламираат следниве права на човекот и граѓанинот“. Бидејќи се работи за отфрлање на монархијата, како што е познато, за патрон на овој акт се зема само господ како синоним за вечна и апсолутна сила. Во Декларацијата на АСНОМ не постои преамбула. Ова може да се објасни со фактот дека истиот ден кога е донесена Декларацијата е донесен и Манифестот на АСНОМ, а тој со својата содржина сосема ги исполнува потребите на една преамбула, па претпоставката е дека се тргнало од практични причини да не се повторува содржински истиот текст. Замена на мотивот господ во македонскиот текст, односно Манифестот, се тешките борби и пролиената крв на најдобрите македонски синови од што произлегува „Првото народно собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет“. Истовремено се нагласува дека „овија исторически печалби кои ѝ ги оповествува твоето прво народно собрание не се ни случајни ни аризани. Тија се плод од реки пролеана крв и од купишта коски посејани од едниот до другиот крај на Македонија.“ Обраќајќи се до „браќата Арнаути, Турци и Власи“ Манифестот кажува: „Тешкото минато ни покажа оти интересите на нашите народи са исти, а нивната садба заедничка. Во овие решителни моменти сите ние изградуваме слободна Македонија.“ На крајот од овој дел е извлечена следнава поента: „каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме“.

Овој исказ е носечкиот мотив на целиот текст и според тоа е обраќање до сите категории граѓани.

Доколку ги составиме овие цитати добиваме преамбула која по своите пораки и вредности слободно може да ја споредуваме со Американската декларација за независ-

ност од 4 јули 1776 година и борбата на Американците за слобода од британската хегемонија.

Нормативен дел

Нормативниот дел ги пропишува правата и обврските содржани во правниот акт и затоа, најчесто, тој се пишува во рамките на административниот (бирократскиот) стил што значи дека не е насочен да ги предизвика чувствата на широката публика, туку е насочен кон стручните лица. Сепак имајќи ги предвид револуционерните околности (екот на граѓанската револуција во Франција, летото 1789 г.), како и револуционерните промени што ги предизвикала, таа со ограничен патетичен стил ја применува познатата револуционерна максима на Русо дека „човекот е роден слободен, додека насекаде тој е во пранги“. Во таа смисла чл. 1 од Француската декларација вели: „луѓето се раѓаат и остануваат слободни и со еднакви права; општествените разлики можат да се засноваат единствено врз заедничка полза“. Со иста смисла членот 1 од Асномската декларација свечено прокламира: „Сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, пол, раса и вероисповеданије“. Со оглед на етничкиот состав на Македонија, логичка целина со чл. 1 чини и чл. 2: „На националните малцинства на Македонија се осигураат сите права на слободен национален живот.“

Не е случајно дека и во двете декларации во гледната точка на текстот (исфрлање на главниот мотив) се наоѓаат личните права и слободи што спаѓаат во групата на т.н. негативни права, заеднички за сите оние кои живеат на една територија (без оглед на нивниот правно-политички статус). Негативни права се оние права што бараат воздржување на државата од мешањето во приватниот живот, т.е. претставуваат синоним на ослободување од прангите на државната власт. Нивната цел е да се предизвикаат чувства кај луѓето дека нивната слобода е првенствена, а потоа тие врз основа на својата слободна волја одлучуваат да се здружат во општествено политичка заедница - држава. Затоа и чл. 2 од Француската декларација ги определува целите на политичкото здружување: сочувување на природните и неотуѓивите права на човекот што се слободата, сопственоста, безбедноста и отпорот кон угнетувањето. Во Асномската декларација, без посебна дефиниција на слободата како централен поим, директно се преминува на истите права и слободи, наведени во Француската декларација.

Овој текст светлината ја фрла врз сигурноста на приватната сопственост и приватната иницијатива во стопанството, со што целна група е граѓанската класа на Македонија. Ова се прави поради објективниот страв на граѓанската класа на Македонија дека комунистичката револуција може да ја надвладее националната, па затоа однапред се осигурува неповредливоста на материјалните добра на македонското граѓанство.

Во согласност со основниот поим на главниот мотив - слободата, текстот во Француската декларација се дава дефиниција на слободата. Од тој поим понатаму се изведуваат сите вторични поими, а тоа се: правата и конкретните слободи. Дефиницијата на слободата во чл. 4 „се состои од овластувањето да се прави сè она што не е штетно за другите“, за во чл. 5 да се поентира дека „законот има право да ги забранува единствено оние дејства што се штетни за општеството“ и дека „никој не може да биде спречен да го прави она што законот не го забранува“. Асномската декларација не дава конкретна дефиниција на слободата, туку само ги наведува изведените поими, т.е. слободи: слобода на вероисповеста, слобода на совеста, говорот, печатот, собирањето, договорот и здружувањето (нота бене: повеќепратиски систем, што се девалвира две години подоцна со првиот Устав на НРМ кој ја прогласува КПМ за раководна сила во општеството). Во чл. 9, следејќи ја Француската декларација, се ограничува поимот на слободата со штетните дејства што се забрануваат, а тие во конкретните историски околности се: фашистичките и профашистичките дејства.

Во Асномската декларација, за разлика од Француската, во чл. 11 (последниот член), веројатно под влијание на афирмирањето на социјалните функции на државата што настанува во годините пред и по големата светска економска криза, ги истакнува следниве позитивни функции на државата: отстранување на неписменоста, подигнување на народната култура и осигурување бесплатна просвета. Ова се терцијалните мотиви во градбата на текстот, ако се согласиме дека примарниот мотив (централниот поим) е националното ослободување, истакнато во Манифестот на АСНОМ, односно во можната преамбула покажана на почетокот на нашиот текст. Секундарниот мотив (изведените поими од централниот поим) е идниот слободен живот на секого во идното демократско македонско општество, додека, како што споменавме, потоа следи

терцијалниот мотив, односно идната социјална улога на македонската држава.

Фонот на текстот и на двете декларации се слободарските идеи на либералните мислители, наведени претходно, а тоа се: ограниченост и поделба на власта од Монтескје, отпор против угнетувачката власт на Џон Лок, а како централна се наоѓа идејата за општествениот договор на Жан Жак Русо. Впрочем и едниот од секретарите на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, првиот претседател на РМ, Киро Глигоров, во своите искажувања нагласува дека кај младата македонска интелигенција постоела силна инспирација од либерално-демократските и граѓанските идеи и револуции во Европа. Со ова не биле отфрлени влијанијата на социјалистичките и комунистичките идеи и револуции, така што може да се каже дека во сите документи на АСНОМ е присутен духот на компромис меѓу либерално-граѓанската и работничко-класната идеја.

Литература:

- Група автори, АСНОМ - документи, Архив на Македонија, Скопје 1984
- Ишеј Мишелин, Човекови права (Зборник на основни политички есеи, говори и документи), МИ-АН, Скопје 2002
- Милер Давид, Блеквелова енциклопедија на човековите права, МИ-АН Скопје 2002
- Христов Александар, Создавање на македонската држава 1893-1945, Мисла, Скопје 1971

Билјана МАЛЕНКО

ЈАЗИЧНИОТ ИЗРАЗ ВО ТЕКСТОВИТЕ НА ДИМЧЕ МАЛЕНКО

На 2 август 1944 г. на I заседание на АСНОМ е решено македонскиот јазик да биде службен во македонската држава. Во врска со овој датум директно се поврзани уште други два датума:

датумот на донесувањето на решението на Народната влада на Федерална Македонија за македонската азбука - 5 мај 1945 г., како и датумот на донесувањето на резолуцијата за оформување на правописот на македонскиот литературен јазик - 2 јуни 1945 год.,

Да се донесат две вакви значајни, а можеби и најзначајни одлуки за македонскиот народ, сигурно не било ни едноставно ни лесно. Но, колку било тешко да се оформат овие два документа, можеби е уште потешко да им се даде живот.

Одеднаш сѐ она што беше запишано во овие документи требаше да се покаже и докаже во практиката, во секојдневниот живот на Македонецот. Требаше да се согледа што е сторено, колку е сторено, дали е добро или лошо, што треба понатаму да се направи.

Во тој момент сите беа ученици, сите мораа да ја сфатат тежината на задачата која им беше доделена и која мораа да ја остварат.

Имајќи ја предвид новосоздадената ситуација - под итно требаше да се оформи кадар кој ќе може да ја остварува наставата на македонски јазик, но едновремено тој ист кадар и самиот да биде способен да обучува, педагошки и образовно да воспитува и да учи нови генерации ученици.

„Оваа императивна потреба ги собра оние луѓе што дотогаш се занимаа со прашањата на својот јазик, како и оние што практички работеа со јазикот, та така – фило-

лози, писатели и журналисти уште од ноември 1944 година почнаа да дискутираат по прашањата на нашиот литературен јазик“[34] - пишува Крум Тошев.

Овде сакам пред сé да се задржам на состојбата на учителите, како што беше Димче Маленко, кои тргнувајќи од својот сопствен јазичен израз, пред сé домашниот, дијалектот, кои за кусо време требаа да ја извршуваат учителската должност, но едновремено го чувствуваа своето јазично непознавање, но ја чувствуваа и потребата да се создава литература, која толку им беше потребна на сите.

Димче Маленко, роден охриѓанец, спаѓа токму во оваа прва повоена генерација наши први учители и писатели. Тој сакаше да даде и свој придонес во развитокот на македонскиот литературен јазик, но и во создавањето на оригинална македонска литература (Збирката песни МАЧНИЦИ ја создаваше во периодот од 1939-1944), ПАРКОТ НА ЈОНОВЦИ (1973), ОХРИДСКА НАРОДНА ПЕСНА И ПРИКАЗНА, како што самиот вели *Како настанале некои охридски лирски народни песни*, романот СЛОБОДОЉУБНИ ЧОВЕКОЉУПЦИ, како и романот ВОЗНЕМИРЕН ВОДОСВОД, како и многу други статии објавувани во тогашните списанија за јазик и литература).

Денес ќе разгледаме два негови оригинални текста – песната „Портрет“ и расказот „Ликвидаторка“, кои ги добив од неговото семејство, а за кои немам информација дали се објавени, како и првите прилози што се објавени во првите броеви на списанијата ***Македонски јазик*** и ***Литературен збор*** (1952-1957).

Првиот текст е песната „Портрет“. Таа е посветена на Андон Дуков, машинопис, 48 стиха, и е напишана веднаш по смртта на Андон Дуков.

Песната „Портрет“ има и поднаслов, ставен во загради - **на художникот Андона Дукето,** и најверојатно е пишувана на машина со бугарска азбука, односно отсуствуваат буквите *ј, џ* и *ќ (боши, твоиот, калджиа, варджиа, чуджа, оджарени, ке)*.

Оваа песна содржи 48 стиха.

Што се однесува до гласовните промени може да го забележиме следново:

---

[34] Крум Тошев, *Пет години развиток на нашиот литературен јазик*, **MJ**, год.I, број 5, Скопје 1959, с.107

1. како и за другите западни говори, така и за охридскиот, карактеристична е употребата на фонемата /в/. Во овој текст среќаваме примери каде што таа се губи: во интервокална позиција (*чоек, оттојќе, остаи, Таткојната*), од множинската наставка -ови (*синој, студој, снегој, калој, дожджој*); но се јавува како /ф/ место /х/ во формите за множинските форми на минатите определени времиња - вте (*рекофте, бефте)*, а се јавува и во глаголските образувања на -в-, односно формата за сегашно време во 1 л.ед. гласи *кадросвам* (еден пример)**.**

2. фонемата /ј/ од групата -ија исто така се губи, па има: *Албаниа, калджиа, Македониа, агониа, варджиа*; но е секундарно добиена (од вокалните групи *ее, ае* во глаголските форми за сегашно време во 1 л. множина) во примерите *сејме, развејме, пејме, знајме*.

3. присуство на консонантска група *см*: *песма;*

4. што се однесува до едначењето по звучност, постои двојство: *редки, предсмртни*, но и *потсинати*, како и при едначењето на крајот од зборот: предлогот *од* > *от:* „*от* жива боја**,** *от* тазе по тазе во вазна“, но и *пргав, убав, здрав*;

5. губењето на некои гласови, па и слогови, како што е кај заменките *заш* и *шо*, и кај сврзници: *оту, от', ко, зато*.

Од правописен аспект поинтересно е следново:

1. компаративната форма ја пишува одделно од придавката ***(по-арен, по-убав, по слаб)***, односно прилогот (*по тазе*).

2. исто така, за поетска творба е необично да се употребува скратеница и тоа на самиот почеток - ***Не сум <u>спец</u>. по боии и по четки***.

3. што се однесува до употребата на големата буква, освен во ситуациите каде што е нормално да се напише, таа е и наменски употребена - за персонифицирање на апстрактни поими, како што се *Таткојната, Земја Македонска*. Интересно е и запишувањето на името на цвеќето *Кара-Орманско оче* - сложенка со цртичка и двата составни дела се напишани со големи букви.

Од морфолошки аспект го забележавме следново:

1. како дијалектна црта на охридскиот говор се јавува наставката -т, во 3 л. ед. сегашно време, па оттука: *чинит, умират, есапит, живит.*

2. застапени се и членските морфеми -от и -ов: *тојот портрет, песмава моја, животиве, смрта.*

3. личната заменка за директен предмет за женски род гласи *е* место *ја*: *Е остај Таткојната*, *слободна ќе е напрајме, шо е есапит дар*; а за машки род *и* место *ги* - *животиве ќе и дајме.*

4. заради поетско-стилски потреби, употребени се и следниве множински форми: *смрти, рани и крви.*

Од лексички аспект, поинтересни лексеми се: именките *рамненство, домен, девиз, обноска*; придавките *победно, скапнат* (зн. уморен) *жар, мачнички* и глаголот *клицаме.*

Расказот „Ликвидаторка“, во ракопис, содржи 12 страници. Не можеме точно да го определиме периодот кога е напишана, бидејќи нема датум, но според содржината, како и според јазичните особености, сметаме дека е напишана во првите повоени години (1945-50).

Овој текст е малку подолг од претходниот, а овде ќе претставиме само некои позабележителни црти. Тие се:

а) од фонолошки аспект:

1. односот меѓу фонемите *к-ќ*:

2. /ќ/ е напишана пред /е/, самогласката од пред ред, па има *ќецот, деќември, Маќедонка*, но има и *кеиф* - со /к/; додека во наставката за глаголскиот прилог *-јќи* има двојство, па се среќава и како *-јќи* и како *-јки: наследувајки, поврзувајки, советувајки, прашајки, оставајки, мазнејќи, заборавајќи, доведувајќи, служејќи, повеќе.*

3. фонемата /в/ се среќава во: *чавки, бавчулчиња, мовчиња, мевлем, памвук, боревме,* како /ф/ во *ниф.*

4. што се однесува до фонемата /л/ таа се јавува во примерите *луби-лубат*, додека, во еден мал дел од текстот што е напишан на машина за пишување, како *љуби*. Палаталното л се пишува со /љ/ во: *иљадагодишниот* и *воља.*

5. фонемата /**s**/ се среќава во: *ѕидчиња, солѕи,* а во името на една детска игра има *џиздија.*

6. исто така, интересно е што множинската наставка за именки од среден род гласи -*ања*: *бавчулчиња, мовчиња.*

7. фонемата /ј/: во иницијална позиција пред /е/ ја има во името на една детска игра *јесир,* додека вокалните групи, во кои втор елемент е самогласката /а/ се јавуваат без /ј/, но и со /ј/, па има: *криеа, секоа, изучиа, чиа, заборавиа, и постојани, овија* жени**,** *некоја, чујат.* Само во примерот *претпријатије*, во финална позиција, има /ј/ пред самогласката /е/.

8. замената на з-ж: *ѓежвиња, мазот, каза* (м. кажа).

9. за разлика од првиот текст, во овој што е напишан со рака, ја има графемата /ѓ/: *ѓежвиња, туѓи, маѓија.*

10. /г/ м. /х/: *ѓероинава.*

11. /ч/ м. /ц/: *черпеа,* а во овој пример

12. место вокално р /ер/.

13. постои двојство, односно пример во кој отсуствува фонемата /х/: *иљадаѓодишниот***,** но и со нејзино присуство - *хиљада девет стотини четириесет осмадевета.*

14. се губи /в/ во консонантската група /вн/, па има: *натрешно.*

15. едначење по звучност, исто така недоследно се забележува, па имаме примери од двете ситуации, со бележано и со незабележано едначење по звучност: *одкоѓа, сладка, ѕидчиња, плоштадче, производство,* но и: *раскалени улички, отселило, оттуска, оттобрѓу, натфрлувал.*

16. што се однесува до удвоените самогласки, особено во множинските форми на сегашното време, речиси редовно тие се упростуваат, т.е. има само една самогласка: *посетуват, преживеле, се распрснуват, описменуваат, да играт, живат, се сакат, да читат,* а се чува во лексемата *саат;* двојство има кај показната заменка за женски род: *ова своја работа,* и *оваа ѓодина.* Во еден пример, пак, самиот автор си додал уште едно /а/: па има *сликат* (корег. уште едно а);

17. интересно е што во овој текст интервокалното /в/ во наставката /-ува/ скоро редовно се бележи,

па имаме: *качерисува**, зборував, пристапуваше, описменува, поправувал,*** во лексемата **шивачка,** а се губи од множинската наставка -ови: *саноите, зборои,* како и од глаголот *прави -праеле, праеше;* /в/ не преминува во /ф/ во множинските форми на минатите определни времиња, па има: *описменавме, боревме.*

18. консонантската група /пч-/ се јавува без иницијалното /п/: *ченка;*

б) од морфолошки аспект:

1. мошне жива е употребата на тројниот член, па оттука има: *првион, второн, третион, неговиот, помалиот, помаливе, поголемкиве, нашиов расказ, нашава стварност, снаиве;*

2. употребата на -т (3л.ед. сегашно време): *не фатит, влезит, куландерисат, кандисат*, но во еден пример самиот си го прецртал ова /т/, *да ги сликат* (корег. без т);

3. исто така, мошне жива е и употребата на збирната множина, па има: *враќето*, *роднање, машање, очање.*

4. акузативната форма на заменката за женски род гласи *е (сега да е прашаш)***,** а м. дативната од тие, ја употребува *му*: *на мажите в куќи му се разотвораше муабет, на сите му ги знае дамарите.*

5. доминира и-глаголската група (односно глаголите од е-група > во и-група): *ќе дојдиш, нејќи, да не можи, ќе земиш, грабниш, знаит, можиш, некој дрва садил;*

6. турската наставка /-лак/ се јавува како /-лок/: *јавашлок.*

7. жива е и наставката /-ние/: *основание, уважение, постиженија, задоцнение;*

8. интересни се и придавските образувања од именките Воска (месност во Охрид) - *восканскиот,* корзо – *корзовските шетачи;*

9. уште поинтерсени се феминитивите: *терзица, победница, колегиница.*

в) од лексички аспект:

1. можеме слободно да кажеме дека покрај народните и дијалектните лексеми (голем број лексеми од турскиот јазик, како што се *чоцуци, кумања, јесир, бинек, селамет, сефтето, измет, кајмакли кафе, минсофа*),

забележителна е лексиката на *новото време*, па затоа има: *кога сонцето и прави* ***примопредаја*** *на месечината, распределението, агитација, контрола, курсистки, доверба, отпуска, уважението, шеќерната дажба, активистка, реонски афежиња, декуражираност, постојанството.*

2. интересни се и придавските образувања: *здоговорно место, стрелести очи, кравајчесто во лицето, куклести очи, поспретнати, бајамести очи, калемлија нос.*

Што се однесува до правописот во вториот текст можеме да кажеме дека за разлика од првиот, компаративните и суперлативните форми се пишуваат заедно *(најстариот, најголемиот, помалиот, најубава, најблизок, помаливе, поголемкиве, поарно)*, негацијата, пак, одделно од глаголските форми *(да не можи да дојди)*, а слеано со глаголската придавка и гл. именка *(неоправдани, неопфаната, неидење).*

Интересно е што е правилно употребена големата буква: *Охрид, Горна чаршија, Струшки пат, Учкале, самуилова доба, Турчинки, Албанки, Комисијата за борба против неписменост, Месокастранско маало, Нова година,* како и пишувањето на броевите (*над триесет и седум, сто и седумдесет и четири, шеесет и пет, шеесет и две, сто и дваесет книги, двегодиначе,* освен *четириесет и пет годишна жена,).*

Кратката заменска форма /ти/ заедно е напишана во примерот *кај свекрвати,* а одделно во примерот *мнука ти.*

Овде сакавме да претставиме само дел од јазичниот израз на Димче Маленко. За нас беше интересно да разгледаме оригинални текстови врз кои постои само авторска интервенција, па затоа и на крај од текстот авторот, кој сигурно го подготвувал за печатење, напишал ***Се молите за одговор во врска со недостатоците.*** Со оваа молба можеби мислел и на текстуални и на јазични недостатоци.

Од изнесеново можеме да го констатираме следново: имајќи го предвид периодот кога се создадени овие текстови, станува збор за еден изграден јазичен израз, во кој се присутни елементи на сопствениот говор, но и елементи свесно вградени за приближување кон централните говори, стремеж кој во тој момент можел да се постигне со високоразвиена јазична свест.

Во периодот што следува, по ослободувањето и по донесувањето на нормативите за употребата на македонскиот јазик, Димче Маленко покажува особена грижа за развитокот на јазикот, за неговата правилна употреба, како и за развитокот на наставата по литература. Тоа се гледа пред сé од неговите статии и ситни прилози објавени во првите броеви на списанијата за јазик и за литература *Литературен збор* и *Македонски јазик*, (1952-1957), поточно, тоа може да се види и од самите наслови на неговите прилози - за јазикот: *Грешки во писмените задачи, Ученичкиот јазик слабо лексички расте, Јазикот во колекцијата што содржи 12 најубави и најпознати бајки, Реченици со изоставен прирок и др.*, а од литературата - за него се интересни народните песни, поточно охридските, како што се на пример: *Една лирска песна од интимниот живот во Охрид, Како настанала песната* ***Фанче ојде во Калишча****, Рашанец во народната песна*, *Песна за дертот на Осман-бег.*

Во овие свои први работи за јазикот тој укажува главно на

граматичките и лексичките недостатоци (на личната заменка за 3 лице, акуз. *ја-е*; испуштање на некои гласови во зборовите - што е карактеристично за секојдневниот разговорен јазик, како и употребата на стари форми: *межџа, вежџа, врекча* и др.; како што самиот вели за„произнесувањето на некои глаголски форми“;

односот на фонемите *в - ф*: *каве-кафе, ваврика-фабрика* и др.;

непишувањето на *-т* на крајот на зборот кај апстрактните именки од женски род: *болес, радос*; во употребата на бројот кај заменките: *кој=кои, својте=своите*).

Своите забелешки тој ги класифицира според дијалектната основа, поточно, грешки во охридскиот, струшкиот, ресенскиот итн.

Кога се работи за лексичките недостатоци на учениците, Димче Маленко укажува на употребата на србизмите (*допринос, запета, хвала, појам*), на неупотребата на македонските зборови коишто сé уште не заживеале во јазикот на учениците (*настан, сушност, суштество,* потоа, *сосед, облека, спротивност* и др.; а и на

неупотребата на терминологијата од страна на учителите (како што се *напоредник, утока* итн.).

Димче Маленко, исто така, укажува и на големата потреба од Големиот речник кој ќе им помогне на учителите и на учениците „за обогатување на нашиот литературен јазик“, „но дотогаш, секако не треба да се стои со скрстени раце, ами со сите сили треба да се работи на лично усвојување на речничкото благо, што придонесува за зголемување на јазичната култура на ученикот“[35].

Во првиот број на списанијата ЛЗб Димче Маленко, задржувајќи се на речениците со изоставен прирок, укажува на проблемите што ги имаат учителите, односно како што вели тој „има моменти кога ние предавачите, се наоѓаме во незгодна положба, немаме за ошто да се фатиме, и ние тогаш се фаќаме за сламка. Затоа, осеќавајќи ја сами тешкотијата, се служиме или со земени назаем примери од туѓите јазици, ако можеме да ги адаптираме (..), или со она што ќе ни дојде прво до рака“[36].

Димче Маленко како практичар, исто така, укажува на проблемите и потребите што ги имале тогашните учители, дава свој придонес и во однос на методиката за изведување на наставата по предметот мајчин јазик,

Димче Маленко спаѓа во онаа прва генерација учители и писатели, како што вели Крум Тошев „Ослободувајќи се малку по малку од формите и изразните средства на нашата народна поезија и земајќи го од неа она што е во неа најцено - објективноста, вистинитоста, класичната простота и сочниот јазик, таа побара нови поетски средства, нови јазични комбинации“[37].

---

[35] Димче Маленко, *Ученичкиот јазик слабо лексички раст*е, **МЈ**, год IV, бр. 4, Скопје 1953, с.94

[36] Димче Маленко, *Реченици со изоставен прирок*, **Литературен збор**, год. I, број 1, Скопје 1954 с. 48.

[37] Крум Тошев, *Пет години развиток на нашиот литературен јазик*, **МЈ**, год. I, бр. 5, Скопје 1950, с. 108;

Лидија ТАНТУРОВСКА

ЈАЗИКОТ ВО ЗАКОНСКИТЕ АКТИ ЗА ДРЖАВНИТЕ СИМБОЛИ, ЗА ИМЕТО И ЗА ПЕЧАТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секоја држава има свои симболи. Државните симболи на Република Македонија се: знамето, грбот и химната на Република Македонија.

Со грбот, знамето и химната на Република Македонија се претставува Република Македонија и се изразува припадноста на Република Македонија. (Чл. 2 од Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија.)

ЗНАМЕТО на Република Македонија е црвено и со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум краци кои се простираат од сончевиот диск со проширување на рабовите на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат по дијагонала, хоризонтала и вертикала... (сп. Сл. в. 47/95)

ГРБОТ на Република Македонија претставува поле опкружено со житни класје, испреплетено со плодови од афион и тутунови лисја, што се поврзани на дното со лента прошарена со народни мотиви. Меѓу врвовите на класјето има петокрака ѕвезда. Среде во полето се оцртува планина во чие подножје тече река. Зад планината изгрева сонце. (сп. Сл. в. 7/74)

ХИМНАТА на Република Македонија е „Денес над Македонија се раѓа“... (Сл. в. бр. 50/92 Чл. 2)

Република Македонија со ова уставно име се именува во 1991 година, кога со референдум се прогласи за самостојна држава. Како Република во рамките на федерацијата Југославија е прогласена на Првото заседание на АСНОМ. Најпрвин како Демократска Федерална Македонија до 1946 година, кога беше преименувана во Народна Република Македонија до 1965 година и оттогаш до

прогласувањето на својата независност во 1991 година е именувана како Социјалистичка Република Македонија.

За државните симболи на Република Македонија, како и за името и за печатот на Република Македонија, од првото заседание на АСНОМ до денес, се донесени триесетина законски акти, кои се предмет на нашата јазична анализа. Тоа се: укази, правилници, закони, одлуки, решенија ... итн.

Веднаш на почетокот да кажеме дека општествено-политичките промени во нашава земја од АСНОМ до денес влијаат врз јазикот на споменатите законски акти, иако може да се каже дека овие законски акти со своите општи карактеристики се вклопуваат во законодавно-правниот потстил. На пример, правната терминологија од законодавно-правниот потстил се среќава и во споменативе акти: *уст̄ав, закон, алинеја, член, п̄араг̄раф, указ, решение* ... итн. Се разбира дека клишираноста, употребата на затврдените форми и изрази, како и едноличноста на речениците се заеднички карактеристики не само на законодавно-правниот потстил туку и општо на целиот административен стил, во кој покрај законодавно-правниот потстил се општествено-политичкиот, персоналниот, дипломатскиот и деловниот. Општо земено, административниот стил се карактеризира со: информативност, строгост, објективност, а кога станува збор за авторството, ако има потпис, тој е на раководно лице. Пишуваната форма доминира во административниот стил.

Кога се анализираат јазичните карактеристики во законските акти за државните симболи, за името и за печатот на Република Македонија, треба да се имаат предвид јазичните промени во првите децении по кодифицирањето на македонскиот јазик. Така, во 1945 година беше објавен првиот „Правопис на македонскиот јазик“, како и првата „Македонската граматика“ од Круме Кепески. Во 1950 год. се отпечати „Македонскиот правопис со правописниот речник“ од Блаже Конески и Крум Тошев. На почетокот од шестата деценија на англиски јазик се појави „Граматиката на македонскиот јазик“ од Хорас Лант, а во 1952 год. и во 1953 год. излегоа од печат и во 1956 и во 1967 беа преиздадени двата дела од „Граматиката на македонскиот литературен јазик“ од Блаже Конески.

Постојаното збогатување на научната литература за македонскиот јазик играше важна ролја во изградување на свеста за грижата на македонскиот јазик. Не треба да се заборави континуираното дејствување на Благоја Корубин со неговото „Јазично катче“, кое започна некаде на почетокот на седмата деценија и траеше повеќе од триесет години.

Од денешен аспект, кога македонистиката и лингвистиката воопшто се збогатени со: „Синтаксата на македонскиот стандарден јазик“ (1994, 2000) и „Стилистиката на современиот македонски јазик“ (2003) од Лилјана Минова-Ѓуркова, „Зборообразувањето во современиот македонски јазик“ (1995) од Кирил Конески, преиздадениот изменет и дополнет „Правопис на македонскиот литературен јазик“ (1998) од група автори под редакција на Тодор Димитровски и „Правописниот речник на македонскиот литературен јазик“ (1999) од Кирил Конески, како и со голем број печатени научни статии од областа на македонистиката, со голем број одбранети и испечатени магистерски и докторски дисертации итн., може да се определи секоја јазична рамка во која ќе се движи една јазична анализа.

Во нашата анализа најпрвин ќе ги издвоиме општите карактеристики во јазикот на споменативе законски акти, т.е. оние што го определуваат законодавно-правниот потстил.

Веќе споменавме дека клишираноста, употребата на затврдените форми и изрази, како и едноличноста на речениците се заеднички карактеристики не само на законодавно-правниот потстил туку и воопшто за целиот административен стил.

Така, на самиот почеток или во првите редови од Службените весници на Република Македонија, во кои се законските акти што ги анализираме, обично среќаваме: *Врз основа на член ...* (Сл. в. бр. 91/01; 47/95; 1/92; 52/91; 7/74; 40/73); или *На основа на член ...* (Сл. в. бр. 9/56; 15/63) или пак *Врз основа член* (Сл. в. бр. 2/48) или *... на основа член ...*

(Сл. в. бр. 24/46), како и *На основание*[38] *т. г. ...* (Сл. в. бр. 7/46) итн.

Обично на почетокот е именуван вршителот на дејството што го донесува законскиот акт: ***Народното собрание на Народна Република Македонија****, на своето второ вонредно заседание одржано на 27 јули 1946 година го донесе следниот ЗАКОН За грбот на Народна Република Македонија* (Сл. в. бр. 24/46). Ретко законскиот текст од „Службениот весник“ почнува директно со именувањето на законскиот акт: *РЕШЕНИЕ НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за прогласување на УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 1/47); *УКАЗ за свикување на Народното собрание на Народна Република Македонија на Второто вонредно заседание.* (Сл. в. бр. 24/46).

Најчести глаголи во воведниот дел од овие законски текстови се: *донесе*(5 пати) */донесува* (1), *реши* (1), *издава* (2).

Набројувањето е општа карактеристика на административниот стил, што ја среќаваме во анализираните текстови. Најчесто при набројувањето се среќаваат арапските броеви. На пример:

(Пример1.) *Грбот на Република Македонија се истакнува на граничните премини за меѓународен, меѓудржавен и пограничен сообраќај, и тоа:*

1. *на железнички и патен премин ...*
2. *на езерски граничен премин ...*
3. *на аеродромски граничен премин ...*
4. *на зградата односно просторијата ...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 2)

(Пример 2.) *Грбот на Република Македонија се употребува:*

1) во состав на државниот печат ...
2) во состав на печатот ...
3) во службените натписи...
4) на објектите ...
5) во други случаи ... (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 9);

---

[38] Се забележува дека именката завршува со наставката - *ние.* Може да се каже дека ваквото зборообразување во тој период е според нормата на македонскиот јазик.

(Пример 3.) *Со парична казна до 3. 000 динари или со казна затвор до 2 месеци ќе се казни за прекршок лице кое:*

1. *го навредува знамето од член 1 на овој закон.*
2. *ќе истакне знамиња со различни димензии,*
3. *ќе истакне знаме на народност односно етничка група или на социјалистичка република без знамето на СРМ и СФРЈ во случаите предвидени во член 7.* (Сл. в. бр. 40/73 Чл. 9);

Иако се среќава и набројување обележано со цртички:

Знамето не смее да се употребува:

- како драперија, завеса или прекривка;

- свиткано во форма на венец или набрано и

- како украс на перници, марамчиња, салвети, кутии од хартија; долна облека или предмети кои веднаш по употребата се фрлаат. (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 24)

Набројувањето може да биде и во една реченица: *Знамето на Република Македонија се употребува како ознака **на воздухоплов, брод** или **друго пловило**, како и **на други јавни превозни средства**, заради означување на нивната припадност на Република Македонија, ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 13) итн.

Броевите, воопшто, често се среќаваат во анализираните текстови, како упатување на некој член, на некој став, како временски рок, датум, парично средство во рамките на паричните казни и сл.:

*Врз основа **на член 75 ставови 1 и 2** од Уставот на ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 32); ***Број 08-2258**/1; **3 јули 1997 година** ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 32); *За прекршок од **став 1** на овој член ќе се казни со парична казна **од 20. 000 до 50. 000 денари** и одговорното лице на органот ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 30); *Во рок **од шест месеци** ...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 35) *... Овој закон влегува во сила **осмиот ден** од денот на објавувањето ...*(Сл. в. бр. 32/97, Чл. 37) ... ; *„Службен весник на СРМ“ **број 40/73**...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 31) ... *Дијаметарот на сончевиот диск е **една седмина** од должината на знамето... Односот на ширината и должината на знамето е **еден** спрема **два**.* (Сл. в. бр. 47/95, Чл. 2); ... - *на оддалеченост **од 250 см** од граничната линија* (Сл. в. бр. 19/98, Чл.2); *Знамето ... е со димензии **300 см x 150 см**, а се истакнува на јарбол ... со висина од **700 см**, ...; ...*

јарболот може да биде со висина од ***500 см,*** *а знамето со димензии* ***200 см х 100 см****...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 5); *На железничкиот и патниот граничен премин, грбот на Република Македонија се истакнува на метална табла во сина рефлектирачка боја со димензии* ***150 см х 100 см,*** *обрабена со лента во црна боја со ширина* ***од 2 см****.* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 2); *Врз основа на член ... на седницата одржана* ***на 17 ноември 1991 година****, ...* (Сл. в. бр. 52/91);

Во законските акти често пати се повикува на членови, на ставови од истиот закон или се упатува на други текстови на различни закони, со што доаѓа до економизирање во јазичното изразување: *... во случаите предвидени* ***во член 7****.* (Сл. в. бр. 40/73 Чл. 9); *За прекршок* ***од став 1*** *...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 30); *На сторителот на прекршокот од* ***член 30*** *на овој закон, ...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 31) ... Некогаш економизацијата се гледа и со самото тоа што упатениот член, став или упатената точка и сл. е ставен/ е ставена во загради: *1) министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за одбрана - на определени објекти на границата на Република Македонија во близина на границата* ***(член 9 став 1 точка 4 и член 13 став 1 точка 1) ...*** (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 34).

Треба да се подвлече дека многу често именките *член, став* и сл. се пишуваат како неопределени именки, спротивно од нормата на македонскиот стандарден јазик. Ретко, овие именки се среќаваат и со членска морфема: *Знамето од* ***членот 4*** *став 1 на овој правилник ...* (Сл. в. бр. 19/98); *Грбот на Република Македонија се наоѓа на средината на таблата, при врвот, и тоа на таблата од* ***ставот 1*** *на овој член е со висина од 35 см, а на таблата од* ***ставот 2*** *на овој член со висина од 13, 5 см.* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 3)

Друго е прашањето за јасноста на овој исказ: Како може *таблата* да биде *од ставот 1*, односно *од ставот 2*!? Станува збор за *табла* за која е веќе зборувано *во ставот 1*, односно *во ставот 2*. Ако се изразиме со јазикот на правниците, тогаш тоа би гласело вака: За сметка на економичноста не смеат да се пишуваат искази што не се јасни.

Во прилог на клишираноста е и честата употреба на глаголската именка. Во текстовите и особено во насловите

на законските акти се среќава: *УКАЗ ЗА* ***ПРОГЛАСУВАЊЕ*** *НА ЗАКОНОТ И ЗА* ***ИЗМЕНУВАЊЕ*** *И* ***ДОПОЛНУВАЊЕ*** *НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПЕЧАТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 9/56); *УКАЗ ЗА* ***ПРОГЛАСУВАЊЕ*** *НА ЗАКОНОТ ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 47/95); *ОДЛУКА ЗА* ***ПРОГЛАСУВАЊЕ*** *НА АМАНДМНАНИТЕ* ... (Сл. в. бр. 1/92; 91/01); *ОДЛУКА ЗА* ***ПРОГЛАСУВАЊЕ*** *НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 52/91); *ОДЛУКА ЗА* ***ПРОГЛАСУВАЊЕ*** *НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 15/63; 7/74); *РЕШЕНИЕ ЗА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА* ***ПРОГЛАСУЕНИЕТО*** *НА УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 1/47) ... итн.

Ќе наведеме и примери со употреба на глаголската именка во текстовите. Се разбира, во зависност од периодот кога е пишуван законскиот акт, таква форма има глаголската именка: *Овој Закон влегуе во сила со денот на неговото* ***објавуење*** *на „Службен весник“ на Н. Р. Македонија“.* (Сл. в. бр. 24/46); *Сонцето е со осум сончевни зраци кои се простираат од сончевиот диск со* ***проширување*** *до рабовите на знамето* (Сл. в. бр. 47/95, Чл. 2).

Веќе забележавме дека во првите законски акти се среќаваат нормирани јазични појави што важат во определен период, а кои подоцна се заменуваат со други. Така, според „Македонскиот правопис“ од 1945 година, се оправдани јазичните појави од типот:

- Интервокалното *в* се испушта*: Меѓу* ***врвоите*** ... (Сл. в. бр. 2/47 Чл. 3) (Сп. Македонски правопис, 1945: 9)

- Кај глаголите се употребува наставката *-уе,* така што тие глаголи ѝ припаѓаат на е-групата: *Грбот на Република Македонија* ***претставуе*** *поле...* (Сл. в. бр. 24/46 Чл. 1); (Сл. в. бр. 2/47 Чл. 3); *Среде во полето се* ***оцртуе*** *планина, ...* (Сл. в. бр. 24/46); *...досегашното име на нашата федерална единица „Демократска Федерална Македонија“* ***се изменуе*** *и гласи „Народна Република Макдеонија“*[39] (Сл. в. бр. 7/46); *Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, ..., го* ***прогласуе*** *Законот за државниот печат*

[39] Печатна грешка- треба да е Македонија.

на Народна Република Македонија ... (Сл. в. бр. 2/48) (Сп. Македонски правопис, 1945). Подоцна оваа наставка е заменета со *-ува**: Се прогласува** Законот за употреба на знамињата ...* (Сл. в. бр. 40/73); *Грбот на Република Македонија **се истакнува** на граничните премини...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 2)

- Според Правописот од 1945 година одделно се пишува релативната заменка *којшто: ...испрплетено со плодови од афион и тутунови лисја, **кои што** се поврзани на дното...* (Сл. в. бр. 2/47 Чл. 3); (Сп. Македонски правопис, 1945: 10).

- Лексемата *солнце* е напишана според второто основно правило за самогласките, кое гласи: *Некогашното слоговно **л**, денеска различно заменето во нашите говори, се установуе во литературниот јазик како **ол**: солза, долг, волк ...* (Сп. Македонски правопис, 1945: 5). Примерот гласи: *Зад планината изгрева **солнце*** (Сл. в. бр. 24/46). Се разбира, ваквата замена на *л* во *ол* го знаат прилепскиот, битолскиот и охридско-преспанските говори. (Сп. Бл. Конески, 1982: 43-44)[40]. Во подоцнежните законски текстови оваа лексема, со сите зборoформи изведени од неа, е според нормата на македонскиот јазик: ***Сонцето** е со осум сончеви зраци кои се простираат од **сончевиот** диск со проширвуање до рабовите на знамето. **Сончевите** зраци се вркстуваат по дијагонала, хоризонтала и вертикала* (Сл. в. бр. 47/95, Чл.2).

За некои јазични појави вината ја бараме во непостоењето на соодветен шрифт за печатење во првите години по војната, со оглед на факот дека во „Правописот...“ од 1945 година постојат графемите за кои станува збор. Најчесто станува збор за пишување на графемите:

- *ѓ* како *гј: Помегју врвовите на класјето има петокрака ѕвезда* (Сл. в. бр. 24/46);

- *к* место *ќ*: *Кога **ке** се подели знамето...* (Сл. в. бр. 2/47 Чл. 4);

- *ѕ* како *з: Државното знаме на Народна Република Македонија е црвено со петокрака **звезда.*** (Сл. в. бр. 2/47 Чл. 4), иако уште во текстот од 1946 година во истата лексема оваа фонема постои: *ѕвезда* (Сл. в. бр. 24/46). Во останатите подоцнежни законски акти што се однесуваат

[40] Бл. Конески *Историја на македонскиот јазик,* 1982: 43-44.

на државните симболи, лекемата *ѕвезда* е пишувана според нормата на македонскиот јазик: *Меѓу врвовите на класјето има петокрака* ***ѕвезда.*** (Сл. в. бр. 7/74, Чл. 8);

Споменавме за едноличноста на речениците.

Од глаголскиот систем се употребуваат глаголите со повратната заменска форма *се* во безлични и во пасивни конструкции: ***Се проѓласува*** *Законот за употреба на знамиња...* (Сл. в. бр. 32/97; 40/73); *Знамето* ***се употребува*** *слободно на начин определен со овој закон.* (Сл. в. бр. 40/73); *Грбот на Република Македонија* ***се наоѓа*** *на средината на таблата ...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 3); *Знамето на Република Македонија* ***се истакнува*** *и на патролните чамци и други воени и полициски пловила ...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 4).

Ќе наведеме и други пасивни конструкции што се среќаваат во овој функционален потстил: *Знамето на Република Македонија, постојано е истакнато на граничните премини ...*; *Знамето на Република Македонија постојано е истакнато на караулите и на други воени објекти на границата...*(Сл. в. бр. 19/98, Чл. 4).

Иако ретко, во акт што треба да го потпише претседателот на Собранието или претседателот на Републиката, може да се сретне глаголот во лична глаголска форма. Така, во еден пример глаголот е во прво лице еднина: *Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија,* ***издавам*** *УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА* (Сл. в. бр. 40/73); а во друг пример во трето лице множина: *Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија* ***издаваат*** *УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 47/95).

Од модалните глаголи го сретнавме глаголот ***може****: Овластеното лице на Министерството за внатрешни работи, ...,* ***може*** *да ги запленi предметите од став 1 на овој член* (Сл. в. бр. 32/97; Чл. 31); *Химната на Република Македонија* ***може*** *да се свири на почетокот, средината или крајот од манифестацијата на која се изведува...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 27); *Припадниците на албанската, турската и другите народности и на етничките групи, како и*

припадниците на другите народи на СФРЈ ***можат*** *да го употребуваат знамето на народноста, етничката група, односно на социјалистичката република, слободно во сите случаи за кои е предвидена употреба на знамето на СРМ* (Сл. в. бр. 40/73, Чл. 6); *Припадниците на народностите и етничките групи и на другите народи на СФРЈ, при празнување на државните празници и при прослави и свечености, покрај знамињата на СРМ и СФРЈ можат да го истакнуваат и знамето на народноста односно на етничката група односно социјалистичка република* (Сл. в. бр. 40/73, Чл. 7).

Потоа сретнавме примери со модалниот глагол *треба*: *Химната секогаш* ***треба*** *да се свири со достоинство* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 27); *Кога знамето се вади од јарболот и се става на чување,* ***треба*** *да се свитка уредно и на церемонијален начин* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 19).

Во некои членови, кога се дава забрана, се употребува модалниот глагол *смее*, се разбира во одречна форма:

Знамето ***не смее*** *да се употребува: ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 24).

Кога знамето е спуштено ниеден негов дел ***не смее*** *да го допира подот ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 19).

При истакнувањето знамето ***не смее*** *да допира до ништо што се наоѓа до или под него* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 18).

Во некои членови, забраната е со помал интезитет, па се употребува модалниот глагол *може*: *Грбот и знамето на Република Македонија* ***не можат*** *да се употребуваат како стоковни или услужни жигови,...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 5).

Заради природата на текстовите, удвојувањето на директниот и на индиректниот објект, како обележје на македонскиот јазик, најчесто го сретнавме во примери во кои се удвојува именка/именска група. Може да се забележи дека таму каде што се среќава обично е според нормата на македонскиот јазик: *Овластеното лице на Министерството за внатрешни работи, ..., може да* ***ги*** *заплени* ***предметите*** ... (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 31); ... ***На сторителот*** *на прекршокот од член 30 на овој закон, ќе* ***му*** *се изрече и заштитна мерка ...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 31); ... *Со парична*

казна од 20. 000 до 300. 000 денари ќе се казни за прекршок правно лице ако: 1) ***ги*** *употребува* ***грбот и знамето*** *на Република Македонија спротивно на одредбите од член 3 на овој закон; 2)* ***ги*** *употребува* ***грбот и знамето*** *на Република Македонија и* ***ја*** *изведува* ***химната*** *на Република Макеодниија во поинаква форма и содржина од онаа утврдена со овој закон(член 4);* ***ги*** *употребува* ***грбот и знамето*** *на Република Македонија како знаци за одбележување на стоки и услуги (член 5)... 5) не* ***ги*** *употребува* ***грбот и знамето*** *на Репбулика Македонија ... 6)* ***ја*** *изведува* ***химната*** *спротивно од одредбите од овој закон...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 30); *... во зависност од тоа на кој начин* ***на химната*** *ќе* ***$*** *се даде најголемо достоинство* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 27).

Регуларно удвојување има и со релативната заменка *што,* меѓутоа и овој пат во една клиширана форма: *Се прогласува Законот за употреба на знамињата,* ***што*** *Собранието на Социјалстичка Република Макеодниија* ***го*** *донесе на седницата на Републичкиот собор, ...* (Сл. в. бр. 40/73); *Се прогласува Законот за знамето на Република Македонија,* ***што*** *Собранието на Република Македонија* ***го*** *донесе на седницата одржана на 5 октомври 1995 година.* (Сл. в. бр. 47/95); *... се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државниот печат на Народна Република Македонија,* ***што го*** *усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 5 и 6 април 1956 година* (Сл. в. бр. 9/56).

Во рамките на тематско-рематските односи во реченицата, треба да се подвлече дека иницијалното место во реченицата често е обезбедено за објектот: *Заверувањето на законите со државниот печат го врши секретарот на Извршниот совет* (Сл. в. бр. 9/56,Чл.3); *Државниот печат го чува и со него ракува секретарот на Извршниот совет* (Сл. в. бр. 9/56, Чл. 4).

Сврзникот *ако* и условните реченици се чести во законодавно-правниот потстил: ***Ако*** *прекршокот од став 1 ...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 30) *... Со парична казна од 20. 000 до 300. 000 денари ќе се казни за прекршок правно лице* ***ако****: ...* (Сл. в. бр. 32/97, Чл. 30); ***Ако*** *химната на Република Македонија треба да се изведе во Република Македонија ...* (Сл.

в. бр. 32/97 Чл. 28); ... *6) во други случаи,* ***ако*** *неговата употреба не е во спротивност со одредбите на овој закон* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 15).

Се случува и повеќе условни реченици да се наоѓаат во еден член, понекогаш една по друга:

Ако *знамето на Република Македонија се истакнува заедно со две други знамиња, знамето на Република Македонија се наоѓа во средина.*

Ако *знамето на Република Македонија се истакнува покрај друго знаме, тоа секогаш се наоѓа на левата страна, гледано однапред...*

Ако *знамето на Република Македонија се истакнува заедно со повеќе знамиња на други држави, знамињата на другите држави ќе бидат истакнати по абецеден ред...*

Ако *знамето на Република Македонија се истакнува со знамето на единиците на локалната самоуправа и други знамиња, знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна оддалечено два метри, а повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамињата на единицата на локланата самоуправа и од другите знамиња.* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 17).

Една по друга, можат да се сретнат и временските реченици:

Кога знамето на Република Македонија се истакнува на јарбол се истакнува меѓу изгрејсонце и зајдисонце, ...

Кога знамето е спуштено ниеден негов дел не смее да го допира подот или било кој друг предмет.

Кога знамето се вади од јарболот и се ставa на чување, треба да се свитка уредно и на церимолијален начин (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 19).

Од примерите паѓа в очи редот на зборовите во рамките на зависната условна и на зависната временска дел-реченица, што е спротивен на нормата, ако е познато дека врската меѓу сврзникот и глаголот во лична форма е сосема тесна (Сп. Л. Минова-Ѓуркова, 1994: 266).

За овој функционален стил не се невообичаени исказни реченици (една по друга), коишто почнуваат со иста форма на подметот. Во друг функционален стил, подметот би бил заменет со заменка и сл.

Химната *на Република Македонија се изведува со: свирење, пеење, или со свирење и со пеење.*

Химната *секогаш треба да се свири достоинствено.*

Химната *не се користи како дел од друг вид музика.*

Химната *на Република Македонија може да се свири на почетокот, ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 27).

Од времињата најчесто се употребувани сегашното и идното. Идното време е често во „Казнените одредби“ од законите: *... ќе се казни со парична казна ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 30); *... ќе му се изрече и заштитна мерка одземање на предметите со кои е извршен прекршокот* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 31); *Со парична казна до 3.000 динари или со казна затвор до 2 месеци ќе се казни за прекршок лице кое: 1. го истакне знамето од член 1 на овој закон, 2. ќе истакне знамиња со различни димензии, 3. ќе истакне знаме на нароност односно етничка група или на социјалистичка република без знамето на СРМ и СФРЈ во случаите предвидени во член 7. За дејствие од став 1 ќе се казни со парична казна до 1.000 динари и одговорното лице во организација на здружен труд или во друго прано лице* (Сл. в. бр. 40/73, Чл. 9).

Идното време го има и во другите членови од законите: *Начинот на употребата на грбот и знамето на Република Македонија ќе се усогласи со одредбите на овој правилник, ...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 6).

Треба да се спомене една појава што се среќава во законодавно-правниот потстил, поточно во текстовите што се предмет на нашата анализа. Наспрема честото повторување, што е особеност воопшто на администртативниот стил, се среќава испуштање на определени јазични сегменти, што е спротивно на нормата на македонскиот јазик. Така, често се испушта повратната заменка *се: Знамето на Република Македонија се подига и__ спушта, __ истакнува и __ симнува, односно __ пренесува, со вообичаени почести (станување, поздравување и друго)* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 18); *Законот за државниот печат на Народна Република Македонија од 29 декември 1947 година ..., се изменува и __ дополнува така што негвиот пречистен текст гласи: ...* (Сл. в. бр. 9/56).

Покрај повратната заменка, се испушта и партикулата *да* од да-конструкцијата: *Знамето треба да се подига динамично, а__ спушта бавно и церемонијално.*

Во некои примери се испушта кратка личнозаменска форма: *Министерот на правосудието ги заверуе и __ чува заверените оригинални примероци на законите* (Сл. в. бр. 2/48).

Испуштањето на предлозите е честа појава, што е спротивно на аналитичноста на македонскиот јазик: *Со овој закон се уредува употребата на грбот, __ знамето и __ химната на Република Македонија* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 1).

Можеби честата појава на еден предлог во еден член ги плаши авторите на ваквите текстови:

Знамето на Република Македонија постојано е истакнато:

1) ***на*** *Резиденцијата* ***на*** *претседателот* ***на*** *Република Македонија,* ***на*** *објектот во кој се наоѓа Собранието* ***на*** *Република Македонија,* ***на*** *објектот* ***на*** *Владата* ***на*** *Република Македонија и* ***на*** *објектите во кои се сместени функционерите кои раководат со министерствата во Владата на Република Македонија;*

2) ***на*** *определени објекти* ***на*** *границата* ***на*** *Република Македонија и* ***на*** *други објекти во Република Македонија во близина* ***на*** *границата; според посебни прописи и*

3) во други случаи, под услови и ***на*** *начин утврдени со овој закон...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 13).

Од заменскиот јазичен систем, покрај кратките личнозаменски форми од личните заменки, најчеста е показната заменка *овој*: ***Овој Закон*** *влегуе во сила...* (Сл. в. бр. 24/46 Чл. 2).

Оваа заменка, заедно со членската морфема *-от*, е најчестото средство за референција на секундарните ономазиолошки именски групи, без разлика дали тие се со полно име[41] или пак, поради економијата на јазикот, се скратуваат:

Овој закон *влегува во сила* (Сл. в. бр. 9/56 Чл. 6); (Сл. в. бр. 40/73 Чл. 9);

Овој Закон ...; Со овој закон (Сл. в. бр. 50/92);

... според ***овој закон*** *...* (Сл. в. бр. 40/73);

---

[41] Пишувањето со големата буква е обележје за тоа дека тие се сметаат за имиња.

... ***на овој закон...*** (Сл. в. бр. 40/73 Чл. 9); ... ***на овој член...*** (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 30);

... од ст̄ав 1 ***на овој член*** (Сл. в. бр. 32/97; Чл. 31);

Во случаит̄е ***на овој член,*** ... (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 17);

... со одредбит̄е ***на овој закон***. (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 26);

Со ***овој закон...*** (Сл. в. бр. 47/95); (Сл. в. бр. 7/46);

...ут̄врден со ***Законот̄*** *на химнат̄а на Реп̄ублика Македонија* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 4).

Станува збор за секундарни ономазиолошки определени именски групи. Низ административниот функционален стил, конкретно и низ законодавно-правниот се јавува една специфичност, а тоа е именувањето на документ, на некакво тело, на организација итн. Ваквите именувања се базирани на апелативите од типот: ***закон, комисија, дог̄овор, решение, минист̄ерст̄во, указ*** итн. и се чести во овие текстови. Двојството се јавува во однос на тоа дали тие се имиња или не, па така, некогаш се пишуваат со голема, а некогаш со мала буква.

Затоа, пак, треба да се напомене дека имињата од типот Владата на Република Македонија, Републиката, Президиумот на Народно собрание, Собранието на Република Македонија, Народна Република Македонија итн. се среќаваат само со голема буква, се разбира, поради единственоста. Ваквите имиња спаѓаат во ситуациски определени именски групи. Ќе наведеме еден член за да го аргументираме кажаното:

Сообразно со пр̄ет̄ходниот̄ член имињат̄а: Народно собрание на Македонија[42] *Президиум на Народнот̄о Собрание на Македонија и Народна влада на Македонија се изменуваат̄ и г̄ласат̄:* ***Нардно̄то*** *собрание на* ***Народнат̄а*** *Реп̄ублика Македонија,* ***Президиумот̄*** *на* ***Народнот̄о*** *Собрание на* ***Народнат̄а*** *Реп̄ублика Македонија и Влада на* ***Народнат̄а*** *Реп̄ублика Македонија* (Сл. в. бр. 7/46, Чл. 2).

Нешто што паѓа в очи е членувањето на придавката *народна* во *Народнат̄а Реп̄ублика Македонија*, што не се сретнува подоцна во придавката *социјалст̄ичка* во именувањето *Социјалист̄ичка Реп̄ублика Македонија*.

Обично, во последните членови од секој законски акт што беше предмет на нашата анализа, според опреде-

[42] Иако на ова место треба да има запирка, не е забележана.

лено клише, пишува како во следниов пример: *Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“*(Сл. в. бр. 40/73) или *Овој Закон влегуе во сила со денот на неговото објавуење на „Службен весник“ на Н. Р. Македонија“* (Сл. в. бр. 24/46). Меѓутоа, понекогаш се случува еден закон да биде заменет со нов закон. Така, во претпоследниот член може да стои: *Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за знамето на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 50/92),* а во последниот член: *Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.*

Кога станува збор за авторството на овие текстови треба да се каже дека обично нема потпис. Ако го има, стои на крајот од актот и тоа е потписот на одговорното лице (во случајов, на претседателот на Република Македонија или на некоја негова замена, на потпретседателот, на секретарот на Президимуот, или пак на некој министер). На пример:

(1) Претседател на Собранието на СРМ, Никола Минчев, с.р. (Сл. в. бр. 40/73)

(2) Министер за одбрана, Министер за внатрешни работи, д-р Лазар Китаноски, с.р. д-р Томислав Чокревски, с.р.

(3) Претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, с.р. (Сл. в. бр. 32/97).

Така, понекогаш може едно исто лице да биде потпишано два пати, еднаш како заменик, а втор пат во свое име:

(4) За претседател на Република Македонија Претседател на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов, с.р. Претседател на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов, с.р. (Сл. в. бр. 47/95).

Во некои законски текстови, покрај имињата на претседателот и на секратарот или на потпретседателот, стои Президиумот или Собранието:

(5) Президум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар:	*Претседател:*
Наум Наумовски, с.р.	*Богоје Фотев* (Сл. в. бр. 24/46);

(6) Президум на Народното собрание на Народна Република Македонија Потпредседател, Д-р Дим. Несторов, с.р. (Сл. в. бр. 7/46);

(7) Собрание на Република Македонија Претседател на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов, с.р. (Сл. в. бр. 1/92);

Иако административниот стил, поточно законодавно-правниот потстил нема некои допирни точки со уметничколитературниот функционален стил, ќе наведеме една јазична појава што се среќава во еден од законските текстови. Всушност станува збор за јазична појава позната во јазикот на поезијата и која ја сретнавме во стиховите од химната на Република Македонија, објавен во „Службениот весник на РМ“ бр. 50/92 од 12 август 1992 година: *...Македонците се борат за* ***својте*** *правдини...* (Сл. в. бр. 50/92 Чл. 2). Во стилот на правниците ќе донесеме заклучок: Врз основа на ова може да се констатира дека и најоддалечените функционални стилови во определени ситуации можат да бидат поврзани.

На крајот, да кажеме и некој збор за јазичните грешки што се јавуваат во текстовите од законодавно-правниот потстил. Треба веднаш да се забележи дека законските акти што се отпечатени во првите години по Втората светска војна, главно ја задоволуваат нормата на македонскиот јазик. Се разбира дека скромната научна литература за кодифицираниот македонски јазик може и да оправда некои недостатоци. Несоодветното пишување на некои графеми ги сметаме за надворешнојазични фактори. Меѓутоа, во подоцнежните законски акти многу јазични пропусти не се дозволени, со оглед на фактот дека се збогати македонската научна литература за македонскиот јазик. Станува збор за законски акти што се модификуваат во зависност од општествено-политичките услови во нашава земја. Токму тоа може да биде причина да не се дозволуваат јазични грешки и пропусти. Ќе наведеме некои од нив:

- *При подигање и спуштање на знамето сите присутни се во став мирно, со лицето свртени кон знамето,* ***се*** *додека знамето не биде одврзано од јарболот, односно ако се свири химната,* ***се*** *додека*

не биде отсвирен последниот тон на музиката. (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 20);

- *Знамето треба да се подига динамично, а спушта бавно и церемонијално.* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 20);
- ***... согласно со*** *законските прописи...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 9), иако во истиот член во вториот став се употребува *во согласност со ...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 9);
- *Во случаите на овој член, димензиите на сите знамиња треба да се еднакви, а доколку димензиите се различни ниедно друго знаме не смее да биде поголемо од знамето на Република Македонија, ниту пак* ***било кое*** *друго знаме, може да биде поставено повисоко од знамето на Република Македонија.* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 17); *... или* ***било кој*** *друг предмет...* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 19);
- *Знамето не смее да се употребува:*
  -како драперија, завеса или прекривка;
  -свиткано во форма на венец или набрано и
  -како украс на перници, ***марамчиња****, салвети, кутии од хартија; долна облека или предмети кои веднаш по употребата се фрлаат.* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 24)
- *Машките лица кои носат и каков и да е вид шапка,* ***иста*** *треба да ја симнат.* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 20);

Во последниов пример станува збор за една појава позната како *канцеларизам*.

Можеме да резимираме дека од независноста на Република Македонија до денес има повеќе од една деценија. Во овој период се донесе „Законот за химната на Република Македонија“. Потоа се донесоа два закона за знамето на Република Македонија (затоа што некому му пречеше првичното решение). Нов закон за грбот на Република Македонија нема донесено[43] и затоа го користиме „Законот...“ што важеше во Социјалистичка Република Македонија, поточно во Социјалистичка Федеративна

[43] Иако според Членот 8 од Уставот на Република Македонија *<Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на прогласувањето на Уставот."* (Сп. Чл. 8, Устав на РМ, Сл. В. бр. 52, 22 ноември 1991 год.:816)

Република Југославија. Така, на грбот на Република Македонија сé уште стојат истите симболи со кои се претставува нашата земја. А за уставното име на Република Македонија, кое стои и во двата последни устава на Република Македонија (од 1991 и од 2001 година), можеме со жалење да констатираме дека меѓународната јавност не го прифаќа. Доказ за тоа е и овогодишната Евровизија (2004) во Турција, каде што некој си дозволува да нé нарекува БЈРМ, се разбира на англиски јазик.

Во истиов период, додека се одржува Семинарот за македонски јазик, литература и култура, пред почетокот на Научната конференција, беше отворањето на Олимпијадата во Грција, каде што Република Грција си дозволила, не почитувајќи ја Резолуцијата на ОН, да ги преведе имињата на сите земји учеснички, па дури ја превела кратенката БЈРМ. Така, нашата земја, според грчкиот алфабет, се најде на списокот со почетната грчка буква π од придавката *Προτερον*.

Тогаш, како денес Република Македонија се претставува и како се изразува нејзината припадност со нејзините државни симболи според Членот 2 од „Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија“?!

ЕКСЦЕРПИРАНИ ТЕКСТОВИ:

1. ЗАКОН ЗА ИМЕТО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 7/46.
2. ЗАКОН За грбот на Народна Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 24/46.
3. РЕШЕНИЕ НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за прогласување на УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 1/47.
4. УСТАВ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 2/47.
5. УКАЗ Службен весник на РМ бр. 2/48.
6. ЗАКОН ЗА ДРЖАВНИОТ ПЕЧАТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 2/48.

7. УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ПЕЧАТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 9/56.

8. ЗАКОН ЗА ИМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ПЕЧАТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 9/56.

9. ЗАКОН ЗА ДРЖАВНИОТ ПЕЧАТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 9/56.

10. ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 15/63.

11. УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА, Службен весник на РМ бр. 40/73.

12. ЗАКОН ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА, Службен весник на РМ бр. 40/73.

13. ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 7/74.

14. УСТАВ НА СОЦИЈАЛСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 7/74.

15. ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 52/91.

16. УСТАВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 52/91.

17. ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ I И II НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 1/92.

18. АМАНДМАНИ I И II НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 1/92**.**

19. ЗАКОН ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 50/92.

20. ЗАКОН ЗА ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 50/92.

21. ЗАКОН ЗА УПОТРЕБАТА НА ГРБОТ, ЗНАМЕТО И ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 32/97.
22. УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 47/95.
23. ЗАКОН ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 47/95.
24. ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБАТА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЦАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО БЛИЗИНА НА ГРАНИЦАТА, Службен весник на РМ бр. 19/98.
25. ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII И XVIII НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 91/01. АМАНДМАНИ IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII I XVIII НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Службен весник на РМ бр. 91/01.

Јана ВОЈТОВА

БОРЬБА МАКЕДОНСКОГО НАРОДА ЗА НЕЗАВИСИМОСТЬ В КОНЦЕ XIX НАЧАЛЕ XX ВЕКА

Национально – освободительные движения были важнейшими событиями новой истории народов Балканского полуострова. Они неразрывно связаны с целым комплексом явлений: процессом формирования наций, зарождением основ национального самосознания и самоопределения. Главной целью национально – освободительной борьбы балканских народов было освобождение от турецкой зависимости и феодального гнета, создание самостоятельных национальных государств. При общерегиональной типологической общности национально – освободительное движение каждого народа имело свою специфику, обусловленную уровнем экономического развития, географического положения данных земель, характером их зависимости от Порты и т.д. [1]. На развитие и результаты национально – освободительной борьбы на Балканах также сильно влияло соперничество крупнейших европейских государств и их стремление сохранить любой ценой статус-кво. Особенно ярко все эти противоречия выразились в Македонии.

Вековая борьба македонского населения против господства над его территорией; сопротивление, которое оно оказывало денационалистической политике держав, которые владели Македонией или граничили с ней; участие македонского населения во всех восстаниях и революционных движениях; содействие, которое оно непрерывно давало во всех войнах на Балканах странам, которые являлись воюющими во имя освобождения и самоопределения балканских народов, является самым ярким доказательством на право и сознание македонского народа быть самостоятельной политической единицей на Балканах.

Цель данной работы – проследить основные этапы борьбы за независимость македонского народа в конце XIX –

начале XX века и выявить некоторые закономерности в национально-освободительном движении в Македонии. Автор обращается к данной теме, чтобы показать реальную роль освободительной борьбы народов Балканского полуострова в целом и Македонии в частности, тем более что разрозненность информации не позволяет составить целостную картину тогдашнего состояния македонского вопроса и путей его разрешения.

Национальное возрождение славянского населения в Македонии во многом шло в русле болгарского национального возрождения, но с течением времени в Македонии все явственнее борьба за освобождение от власти Османской империи начинает сочетаться со стремлением к созданию своего, македонского государства.

Возникновение и распространение идей о самостоятельности македонского народа в XIX в. шло в общем русле усиления национальных движений на Балканах. Но по сравнению с другими районами балканского региона, например, с сербами или греками, уже имевшими свою государственность, македонцы находились в самом начале долгого пути к осуществлению своих целей, о которых они могли заявить Европе, ища поддержку и покровительство.

Единоверные народы соседних стран, как уже подчеркивалось, имели свои виды на македонские земли.

Для Сербии Македония до 1878 г. не являлась приоритетным районом в плане возможных территориальных приращений, главный акцент делался на объединение с Черногорией и присоединение Боснии и Герцеговины. На переговорах между сербами и греками о союзе в 1860-х годах проблема раздела Македонии в случае ее освобождения союзниками занимала большое место. Но тогда дальше переговоров дело не пошло. Ситуация изменилась после 1878 г., когда Австро-Венгрия оккупировала Боснию и Герцеговину. Теперь взгляды Сербии обратились на юг. При этом надо учитывать, что греки и болгары успели прочно закрепиться на македонских землях в силу своего приоритетного положения в церковной иерархии. Константинопольская патриархия и учрежденный в 1870 г. с согласия султана, но вопреки патриархии, Болгарский экзархат имели доминирующее влияние на македонское население в Османской империи. Сербская церковь не обладала такими возможностями, особенно после

провозглашения в 1878 г. Сербии независимым государством [2].

Находясь в составе Османской империи, Македония могла быть освобождена только через войну, как это было с Грецией, Сербией, Болгарией. Однако та же Россия, включенная в систему международных обязательств по сохранению статус-кво на Балканах, не могла, да и не была готова послать свои армии для освобождения православных братьев.

После русско-турецкой войны 1877 – 1878 гг. по Сан-Стефанскому прелиминарному мирному договору большая часть Македонии вошла в состав Болгарского автономного княжества. Берлинский конгресс 1878 г. существенно сократил границы Болгарии. Македония с туманными обещаниями проведения в будущем реформ была оставлена в составе Османской империи [3].

Решение Берлинского конгресса вызвало сильное недовольство в Македонии. Широкие массы населения стали активно протестовать, а вскоре выступили с оружием. Весной 1878 г. были созданы специальные отряды, боровшиеся против турецкого засилья. Однако самоотверженная борьба народа не смогла изменить судьбы Македонии, определенной реакционным вмешательством западных держав.

После Берлинского конгресса развитие македонских земель шло в различных политических и экономических условиях. Стали создаваться предпосылки для постепенного обособления славянского населения Македонии в самостоятельную нацию [4].

Македонский вопрос становится одним из самых острых компонентов "Восточного вопроса". Интересно отметить, что именно в период проведения Берлинского конгресса деятели македонского национального Возрождения впервые выдвинули принцип "Македония для македонцев" – предоставления Македонии автономного статуса в рамках Османской империи, - но поддержки у великих держав не получил.

Большой популярностью пользовалась идея об объединении всех славян и православных в единое государство, которая смыкалась с чаяниями греков, болгар и македонцев окончательно изгнать турок со своих земель. Турецкое господство оставалось главным тормозом на пути дальнейшего общественно – политического развития Македонии. Славянское население испытывало национальное угнетение, было лишено элементарных гражданских прав, не имело доступа к

управлению. Турецкое правительство не выполнило решения Берлинского конгресса о предоставлении области административной автономии. Внешнеполитическая обстановка и положение внутри Македонии осложнились, так как начиная с середины 80-х гг. XIX в. обострилась борьба соседних балканских государств за овладение Македонией. Правящая "верхушка" Болгарии, Сербии, Греции усилила свою пропаганду в Македонии, прикрывая свои завоевательные планы фразами о "национальном" освобождении.

На основании конвенции с Турцией сербское правительство открыло свои консульства в Салониках и Скопье в 1887 г., в Битоле – в 1888 г. С этого момента великосербскую пропаганду направляет само государство. В Македонии открывались сербские школы, в страну отправлялась литература, доказывавшая, что Македония - «колыбель сербства». Великогреческая пропаганда, давно ведшаяся в Македонии, но ослабленная в 1860 – 70-е гг., вновь усилилась. Активно действовало и болгарское правительство, опираясь на экзархию и подчиненную ей церковно-школьную сеть [5].

Все эти претенденты на македонскую территорию, яростно соперничая друг с другом, вербовали себе сторонников, сеяли вражду среди населения, разобщая силы, необходимые для борьбы с основным врагом – турецким феодальным государством. Балканские монархии строили планы раздела Македонии. Великие державы использовали в своих захватнических интересах эту борьбу балканских государств. Тяжелое экономическое положение трудового народа, его полное политическое и национальное бесправие, реально вырисовывавшаяся угроза раздела страны активизировали освободительное движение в Македонии. В 80-х – начале 90-х годов XIX в. были предприняты попытки создать революционные группы в Охриде, Штипе, Битоле. В отдельных районах действовали четы. Возникали ученические кружки в гимназиях Битоля и Салоник. Организаторами и руководителями этих групп и кружков были будущие македонские революционеры – Герче Петров, Пере Тошев, Дамян Груев, Гоце Делчев [6].

Борьба за македонские земли – прежде всего для Греции и Сербии – значительно усложнилась с появлением в 90-х гг. XIX в. на балканской политической сцене Внутренней Македонской революционной организации (ВМРО). В 1893 г. в Салониках лидеры освободительного движения Д. Груев, Х. Татарчев, Г. Попарсов и другие заложили основы Внутренней

Македонской революционной организации, устав которой выдвигал требование автономии Македонии. Национально – освободительное движение возглавила демократическая интеллигенция, в первую очередь учителя, отражавшие заинтересованность крестьян, ремесленников и мелкой торговой буржуазии в освобождении от уз феодализма и власти Турции.

В октябре 1893 г. в Салониках начал работу Болгарский македонско-одринский революционный комитет, целью которого было присоединение Македонии и района Эдирне (Адрианополь) к Болгарии. При этом основатели комитета не исключали и предоставления Македонии широкой автономии в составе Османской империи. В 1902 г. был принят устав организации. Она переименовывалась в Тайную македонско – одринскую революционную организацию (ТМОРО). Программа оставалась прежней. Руководителем организации стал революционер Г. Делчев. В 1895 г. в Софии был образован Верховный македонский комитет (ВМК), состоявший из македонских эмигрантов. (Одним из руководителей ВМК был Б. Сарафов, сыгравший особую роль в освободительном движении). Началось активное взаимодействие ВМК и ТМОРО (позже ВМОРО – Внутренняя македонско-одринская революционная организация, а еще позже ВМРО - Внутренняя македонская революционная организация) [7].

На общем съезде организации в 1896 г. в Салониках был принят новый устав, провозглашавший принцип: "Македония для македонцев". В уставе говорилось о необходимости сплочения македонцев для выступления и завоевания революционным путем политической автономии. Подчеркивалось, что организация борется не против турецкого народа, а против турецких землевладельцев и власти султана.

Первоначально правящие круги Болгарии и Верховный комитет поддерживали ВМРО, рассчитывая на то, что достижение Македонией автономии создаст предпосылку для ее объединения с Болгарией. Затем между ними стали возникать острые разногласия. Для Афин и Белграда лозунг автономии Македонии с самого начала был неприемлем, так как там не без оснований опасались, что Македония может повторить судьбу Восточной Румелии, объединившейся в 1885 г. с Болгарским княжеством. Афины, например, больше устраивал "справедливый" раздел Македонии между заинтересованными сторонами, т.е. образование трех автономных провинций, возглавляемых тремя христианскими генерал-губернаторами. Возник-

новение ВМРО вызвало усиление греческой и сербской пропаганды.

Создание ВМРО и ВМК можно расценивать как закономерное развитие национально-освободительного движения у македонского славянства: хаотические и стихийные формы борьбы против турецкого владычества уходили в прошлое. Однако эти организации, подчиненные одной цели – достижению автономии Македонии, уже с самого начала отличались между собой подходами к решению этой задачи: одни были сторонниками ее революционного разрешения, другие – приверженцами использования прежде всего легальных методов. Нерешенным оставался вопрос и с созданием центра, на руководство которым претендовала каждая из организаций.

Новым председателем ВМК был избран преданный Фердинанду генерал в отставке Цончев [8]. С этого момента в Болгарии начали действовать два крыла ВМК – официальное, во главе с генералом Цончевым и Михайловским, бывшее проводником официальной болгарской политики по македонскому вопросу, и неофициальное крыло Б. Сарафова, выдвинувшее лозунг самостоятельной Македонии [9]. Официально раскол во ВМОК оформился в июле 1902 г. на 10-м македонском конгрессе [10]. В 1901–1902 гг. сербские правительственные круги установили контакты с Б. Сарафовым. В 1902 г. велись переговоры о возможности предоставления ему сербской помощи.

В ВМК и военных братствах возникли две фракции - сторонников Сарафова и сторонников Цончева. Первая начала тесное сотрудничество с Внутренней организацией (по сути, продолжила сотрудничество). Вторая соперничала с организацией. По приказу Цончева в Македонию направлялись четы ВМК, пытавшиеся заручиться поддержкой местного населения. Начались вооруженные столкновения между четами двух организаций. Отряды Внутренней организации напали на склад оружия, принадлежавший ВМК, в Кюстендиле, захватив 236 ружей системы “Манлихер”. Это привело к новому обострению взаимоотношений и массовой засылке чет ВМК в Македонию зимой 1901–1902 гг. Постепенно в пограничных с Болгарией районах цончевистам удалось заметно укрепить свое влияние, что создало базу для “Горноджумайского восстания” [11].

Летом 1902 г. обстановка в Македонии обострялась. Участились столкновения болгарских чет и турецких войск. Усилились и репрессии в отношении мирного населения.

Осенью 1902 г. македонский вопрос входит в новую фазу своего развития. Четы ВМОК, “вдохновленного князем”, провоцируют кровавые события в Серском санджаке Солунского вилайета, известные в болгарской историографии как Горноджумайское восстание. Внутренняя организация предотвратила расширение восстания и «провалила» попытку полковника Янкова «объявить» восстание в Костурской казе [12]. Жестокое подавление локальной вспышки турецкими войсками и башибузуками длилось около полутора месяцев - сентябрь-октябрь 1902 г. Сотни беженцев оказались в Болгарии.

В октябре 1902 г. французский дипломат в Софии Булиние предложил провести международную конференцию, посвященную разрешению восточных проблем [13]. Россия вынуждена усиливать активность своей дипломатии в македонском вопросе. Россия выступает за необходимость усовершенствовать администрацию в македонских вилайетах, в частности “урегулировать жалование местным должностным лицам с целью прекращения их вымогательств, от которых особенно страдало христианское население”, и преобразовать местную полицию и жандармерию путем допуска в них христиан. Турцию также волновали события в Македонии: "Существует настоящее тревожное положение, едва ли представляется возможным предъявить турецкому правительству требование о каких-либо преобразованиях. Прежде всего, необходимо водворить возможное спокойствие в северо-западных округах Македонии, рассеять укрывающиеся в горах повстанческие шайки и преградить переход через границу новых банд и эмиссаров, возбуждающих население" [14].

Правительственное сообщение от 20 ноября 1902 г. подчеркивало “законность” мер турецкого правительства "против восставших подданных", требовало "прекращения агитации македонских комитетов, которые, не достигая выставляемой ими патриотической цели, отвлекают лишь население от мирных занятий, подвергают его всем тяжелым последствиям пагубных увлечений". В Сообщении также говорилось: "Дабы положить предел брожению, могущему повлечь за собою самые серьезные осложнения на всем Балканском полуострове, Императорским Правительством сделаны были соответствующие представления Порте, а российскому послу в Константинополе поручено, по обсуждении местных условий, представить соображения о возможных, не терпящих отлагательства преобразованиях в административном строе Македо-

нии и настойчиво советовать турецкому правительству скорейшее применение таковых, в целях улучшения быта православного населения" [15].

Итак, осенью 1902 г. Россия и Австрия поставили перед Портой вопрос о проведении реформы системы управления в 3-х македонских вилайетах. 8 декабря 1902 г. султан издал ирадэ о проведении реформ в Македонии. В нем отмечалось, что будут разработаны административные, судебные и политические реформы. Никаких практических шагов со стороны султанского правительства не последовало.

В Петербурге и Вене закипела оживленная дипломатическая работа. В.Н. Ламздорф посетил Софию и Белград. В январе-феврале 1903 г. Россия и Австро-Венгрия выработали проект реформ для Македонии (Венская программа). Порта должна была дать обещание, что назначенный ею генерал-инспектор европейских вилайетов будет возглавлять их администрацию в течение трех лет, имея право распоряжаться находящимися там войсками. Турция должна была передать дело реорганизации местной жандармерии и полиции в руки иностранных офицеров. Предлагаемая финансовая реформа включала ежегодное составление бюджета для каждого вилайета, использование доходов на местные нужды, проведение сбора налогов органами общинного самоуправления вместо существовавшей прежде откупной системы. Порте предъявлялось также требование принять меры против произвола иррегулярных отрядов (башибузуков) и даровать амнистию политическим арестантам и беженцам [16].

Однако введение реформ тормозилось администрацией на местах. Революционные комитеты не были заинтересованы в проведении столь незначительных изменений. Реформы по существу не изменили положения Македонии: население все так же страдало от произвола.

Результатом восстания было только дальнейшее обострение обстановки в стране, рост эмиграции в соседние балканские страны, в первую очередь в Болгарию, новая волна турецкого террора против Внутренней организации, размещение в Македонии большого числа турецких войск.

Неудачи Горноджумайского восстания не остановили ВМК, который планировал новое восстание на весну 1903 г. Однако 31 января 1903 г. болгарское правительство приняло решение о запрете действий македонских организаций на своей территории, демонстрируя Европе и Турции свое стремление к

миру [17] (прежде всего это было обусловлено интересами безопасности страны, на границах которой начали сосредотачиваться турецкие части). В этой ситуации подготовку к восстанию взяла на себя Внутренняя организация.

В январе 1903 г. руководством Внутренней Организации был провозглашен курс на всеобщее восстание в Македонии весной 1903 г, замененный позднее решением о восстании в одном – Битольском - революционном округе.

Решение о восстании было принято без реальной оценки степени вооружения населения и международной обстановки. Ввиду назревания вооруженного конфликта на Дальнем Востоке между Россией и Японией, великие державы особенно заботились в это время о сохранении приоритета на Балканах [18].

После ожесточенных споров было одобрено решение Салоникского съезда о восстании, но начало его переносилось на лето.

Началась подготовка к восстанию.

Еще во время заседаний конгресса группа анархистов, без ведома ВМОРО, совершила в Салониках взрыв Оттоманского банка, подожгла в порту французский пароход. Эти действия вызвали в Салониках и Битоле резню христианского населения турками [19].

Русская дипломатия пристально следила за набирающим остроту македонским вопросом, но не собиралась помогать повстанцам.

В 1903 г. в Македонии началось новое восстание. Поводом к восстанию стала резня христианского населения Салоник и Битоля, устроенная турками. Восставшие македонцы, в основном, крестьяне, выступили против турецких войск. 15 июля главный штаб ВМРО обратился к великим державам с декларацией, в которой говорилось, что македонский народ начинает борьбу и не сложит оружия до тех пор, пока не добьется освобождения. Начало восстания было назначено на Ильин день – 20 июля.

Под контролем восставших оказалась немалая территория – все горные районы Битольского округа и захватить два небольших городка. Восставшим удалось захватить г. Крушево. Здесь была провозглашена первая на Балканах республика – Крушевская, и создано революционное правительство во главе с Н. Караевым. Но эта республика просуществовала всего несколько дней. Против 20 тысяч

повстанцев были брошены 350 тыс. турок, и шансов удержать победу не было. Г. Делчев направил болгарскому правительству просьбу о военной помощи, но получил решительный отказ. Россия, переориентировавшая свою внешнюю политику на Дальний Восток, объявила о нейтралитете. Помощи ждать было неоткуда, и повстанцы отошли в труднодоступные районы около болгарской границы. Выступление ТМОРО фактически было подавлено. Вскоре ТМОРО переименовала себя в ВМОРО [20].

Восстание, несмотря на долгую подготовку, было плохо организовано и подавлено турками с исключительной жестокостью. Много повстанцев и жителей погибло, десятки тысяч людей остались без крова, более 30 тыс. беженцев искало приюта в Болгарии, Сербии и других странах.

Самоотверженная борьба восставшего македонского народа произвела огромное впечатление на Балканском полуострове, а так же в Англии, Италии, Франции. Во всех славянских странах развернулась кампания в защиту Македонии. Основной причиной неудачи Ильинденского восстания была слабость демократических сил в Македонии, Турции и на всем Балканском полуострове, которые были не в состоянии оказать реальную помощь сражавшимся повстанцам.

Осенью 1903 г. Австро-Венгрия и Россия заключили Мюрцштегское соглашение, которое предусматривало проведение Турцией некоторых реформ в Македонии.

Мюрцштегская программа реформ была принята султаном в ноябре 1903 г. после нескольких энергичных настояний послов России и Австро-Венгрии. Ее практическое осуществление началось в январе 1904 г. Была проведена амнистия, благодаря которой свободу получили более двух тысяч человек. Вернулись в родные места шесть тысяч беженцев, в ряде сел стала применяться новая система взимания десятины и т. д. [21]. Болгарско-македонские комитеты, в ожидании результатов преобразований, заявили о своем отказе от организации нового восстания. К лету 1904 г. в Македонии установилось относительное спокойствие.

Расширенная программа реформ состояла из трех пунктов. Первый пункт утверждал должности двух особых уполномоченных лиц, представлявших Россию и Австро-Венгрию и получивших название гражданских агентов. В их обязанности входило следить за злоупотреблениями местных властей. Во втором пункте программы декларировалась необхо-

димость реорганизации турецкой жандармерии и полиции. Третий пункт содержал требование «изменить территориальное разграничение административных единиц в видах более правильной группировки народностей». Реализация этого предложения предполагалась после «умиротворения страны». Четвертый пункт требовал преобразования административных и судебных инстанций. Пятый и шестой пункты предусматривали создание смешанных комиссий из христиан и мусульман для расследования преступлений, совершенных ими во время смуты, и распределения пособий среди пострадавшего населения. Контроль за осуществлением указанных мер возлагался на консулов России и Австро-Венгрии. Пункт седьмой освобождал сожженные турецкими войсками христианские селения от уплаты налогов в течение года. Пункт восьмой обязывал Порту проводить без изменений не только реформы, упомянутые в февральской программе, но и те, которые державы разработают впоследствии. И последний, девятый, пункт предусматривал роспуск резервных и нерегулярных воинских формирований в Македонии [22].

Нашето внимание во овој прилог ќе биде насочено кон некои проблеми поврзани со Климентовиот акростих. Лексиката на акростихот е непроменлива. Тој ги носи сите јазични особености на оригиналниот Климентов текст, а некои негови фонетски особености, како на пример мешањето на ѣ и ѩ, се карактеристични за кирилските транслитерации на глаголските текстови и упатуваат на глаголскиот прототип. Но буквените знаци во него имаат двојна функција, зашто со нив се означуваат лексеми во акростихот и во основниот текст. Веќе е пишувано за лексемите ꙗоꙁ(ь)ст(в)о и хр(ь)стовъ и за нивната поврзаност со чешко-моравските јазични традиции. И двете лексеми се составен дел на акростихот во неговото дело посветено на

претпразненство за Рождество Христово. Во нашето понатамошното изложување ќе се осврнеме на тоа со која лексема Климент ги воведува буквите во акростихот. Свесни сме дека при изборот на лексемите постои одредено ограничување во тој поглед што е диктирано од содржината што се изложува, т. е. од тоа на кој светец, преподобен, мученик, маченица или празник е посветено химнографското дело.

Постоењето на повеќе преписи од исто химнографско дело ни дава можност да ги споредиме, при што лесно можат да се согледаат евентуалните промени што настанале во повеќекратното негово препишување. Обично во подоцните преписи препишувачите како да не биле свесни за постоењето на акростихот, како резултат на што доаѓа до помали текстолошки промени во почетокот на некои тропари. Иако за акростихот и неговата лексика зборуваме како за непроменлив дел на секоја творба, тоа не може да се каже за текстот на химнографското дело. Целиот текст, вклучувајќи ги тука и почетните лексеми, на кои ќе се осврнеме во понатамошното изложување, биле подложени на промени.

Кл. Охридски го користи фразовиот акростих. Подолг фразов акростих вградил во две свои творби: циклусот посветен на претпразненство на Рождество Христово и во канонот посветен на Ефтимиј Велики. Акростихот во Канонот за претпразненство на Рождество Христово, покрај тоа што го содржи името на неговиот автор, упатува на жанрот, на музичката и на композициската особеност на творбата како и на нејзината намена. Почетните букви на тропарите од зачуваните трипеснеци формираат фразов акростих во кој се чита Климентовото име: климента пѣсни · прѣд(ъ)празд(ь)на хр(ь)стовоу роз(ь)ст(в)оу трип ѣсн(ь)на осмоглас...

Од оваа Климентова творба постојат повеќе преписи, од коишто најстариот е оној што се наоѓа во Скопскиот празничен минеј, ракопис од XIII век што се чува во Софиската народна библиотека; творбата е регистрирана и во два празнични минеја (бр. 164, бр. 166) од ракописната збирка на Хлудов во Државниот историски музеј во Москва, кои исто така се од македонска редакција. Поцелосен е преписот и во ракописот бр. 23 од збирката во

Бугарската академија на науките, а само по неколку трипеснеци се зачувани во мимејот бр. 25 од Синајскиот манастир "Св. Катерина и во минејот бр. 75 од збирката на Ундолски и бр. 523 од ракописната збирка на Народната библиотека во Софија.

Споредувајќи ги преписите од *Скопскиот празничен минеј* и *празничниот минеј бр. 166* од Хлудовата збирка, што ни беа на располагање, забележавме дека во почетокот на тропарите постојат мали текстолошки разлики коишто укажуваат на промените што ги направиле препишувачите. Во преписот од Скопскиот празничен минеј акростихот е прекинат во првиот тропар од осмата песна на први глас, чијшто почеток препишувачот го променил. Како резултат на оваа промена буквата *м* во лексемата климѥнта во акростихот не постои. Така, наместо строфата младе бывалеть слово прѣвѣчноѥ ... *'младенец стана словото вечно, предвечно (Исус Христос)'* во преписот од ракописот бр. 166, во преписот од Скопскиот празничен минеј среќаваме прѣбываѥть сл҃о прѣвѣчноѥ ... *'суштествува, живее словото вечно, предвечно'* промена што не влијае во поголема мера на значењето. Разлика постои и во третиот тропар од осмата песна на четврти глас каде не дошло до нарушување на акростихот, но почетната лексема е променета. Во преписот од Скопскиот празничен минеј читаме оускори спѣшно иѡсифе бл҃жене..., а во празничниот минеј бр. 166 среќаваме друга почетна лексема во истиот тропар - оуѧдри спѣшно иѡсифе бл҃же; и двете лексеми можат да се преведат на ист начин, тие се синонимни, а целиот израз го преведуваме со 'побрзај, Јосифе блажени...' Употребени се синонимните лексеми оускорити и оуѧдрити, и двете со значење 'побрза'. Нивното присуство во Климентовите текстови наедно укажува на подоцнежните интервенции направени од препишувачите или редакторите на зборниците во чијшто состав се влезени химнографските дела на Климент. Тука мислиме на интервенциите направени на лексички план кои секако се мали, во споредба со графиските и фонетските промени од коишто биле засегнати овие творби.

За реализација на акростихот во преписите бр. 522 и бр. 166 послужиле лексемите: кь; лици; исаиѥ, ісаіє; младє; ѥдємє, єдємь; нєбо; таиньство; адаамово, адамово; пльть, пл҃ь; ꙗдрь; сл҃о, слово; нєб҃са, нєбєса; исаиꙗ, исаиа; прѣч҃таꙗ, прѣч҃та; раѹ҃и сѧ, раѹ҃и сє; ꙗсли; дрьꙁаи; прѣклонь, прѣклонєи; рож҃вомь, рож҃ством; адаама, адама; сьꙁданиѥ, сьꙁ҃ниа; дв҃дє; на; адаамє, адамє; хь҃, хь҃; раѹ҃ѭ сѧ, раѹ҃и сє; сл҃о, слово; трєпєт҄но, трєпєтно; отьврьꙁаѥть, ѿврьꙁаєть; виѳлєѡмє, витлєємє; оускори, оуѥдри; радостиѭ, радостию; образа; ꙁвѣꙁ҃облюстєлѧ, ꙁвѣꙁ҃облюстєлє; сл҃о, слово; трєпєт҄но, трєпєтно; оупостасиѭ, оупостасию; трисвѣтлоѭ, трьсвѣтлою; роди; ѥꙁєкиѥ, иєꙁикилю; прр҃ци, прр҃ци; ꙗсно; сиѡнє; нєб҃снии, нєбєсни; на; адаамє, адамє; о; сл҃о, слово; мира; огнємь; гла҃, глась; стран҄но.

Разгледувајќи ги лексемите што ги воведуваат буквите од акростихот се забележува дека во преписите дошло до одредени промени, пред сé, на ниво на графискиот систем, на фонетско и сосема ретко на морфолошко ниво (ѥдємє – єдємь, раѹ҃ѭ сѧ – раѹ҃и сє). И двата преписа се направени во македонските скрипторски центри, со временска дистанца меѓу нив од еден век, поради што дошло до графиските и фонетските разлики меѓу нив, изразени во почетните лексеми на тропарите. Ваквите промени на секој од преписите му даваат индивидуален белег. Тука пред сѐ мислиме на употребата на малиот ер (ь) употребата на носовките во некои од лексемите што послужиле за реализација на акростихот, и тоа на нивните етимолошки места во преписот од Скопскиот празничен минеј, односно нивна замена на ѧ со є и на ѫ со ю во минејот бр. 166, употреба на јотирано є и во двата преписа. Лексичките разлики се малку, и се однесуваат на употреба на различни лексеми како резултат на несогледувањето на акростихот, или замена на лексема со друга што има блиско или исто значење.

Репертоарот на лексемите искористени за воведување на буквите од акростихот е поголем, а најчесто тоа се именки (младѧ, нєбо, пльть), меѓу кои и имиња на личности, потоа придавки, поретко глаголи (дрьꙁати, отъврь-

ꙁати, радовати сѧ, оуѩдрити, оускорити) и службени зборови къ, на, о. Тоа се најчесто лексеми поврзани со религиозната дејност на човекот, и тоа евреизми: адамовъ, адамъ, витлеемъ, давъıдъ, иеꙁекиль/иеꙁекии, исаиѩ, сионъ, єдемъ, грцизми: пророкъ, христ(ос)ъ, оупостасиѩ, повеќе лексеми од словенско потекло со конкретно и апстрактно значење (ликъ, небесьнъ, образъ, прѣклонити, радость, рождьство, слово, страньнъ, таиньство, трьсвѣтьлъ, съꙁданиє, гласъ, ѕвѣꙁдоблюстєль, миръ, о гнь, прѣчистъ, родъ, ѩсли, ѩдра), адверби, и тоа: трєпєтьно, ѩсно. Од сите овие лексеми ќе укажеме на рождьство, поради тоа што ја содржи и акростихот во фонетски облик што упатува на друга јазична средина. Именката роꙁьство се среќава како почетна лексема за реализација на акростихот во претпразничните трипеснеци. Вклучувањето на оваа фонетска варијанта во акростихот укажува дека во книжевната лексика, која во периодот на создавањето на оригиналните дела сѐ уште е во процес на изградување, навлегуваат повеќе лексички варијанти од западнословенско потекло. Таа е внесена не само во најстарите ракописи туку и во подоцни преписи на химнографските дела што се предмет на нашето внимание. Разгледуваниот акростих не е целосен поради недостигот на трипеснеците за седми, за осми и за деветти глас. Се разбира дека иако сите овие лексеми се регистрирани во повеќе старословенски речници, кај некои од нив многузначноста во Климентовите текстови не е одразена, па можат да се јават со подруги нијанси во значењето, како на пример лексемата прѣклонити, почетна лексема од првиот тропар на третата песна на трети глас, регистрирана само во претпразничните трипеснеци за Рождество Христово, и тоа како *´наведне, доближи'*:

прѣклонєи вл҃ко млр҃диємь нєбєса. снидє жє ѩко дьж҃ь на роуно, вь чрѣво дв҃чє. вьꙁыскаѥ ꙁаблоуж҃ьшааго. прьвоꙁ҃анааго млр҃дє 3П3,1 ТРХ166, прѣклонь ТРХ522. Во старословенските речници кај оваа лексема можат да се проследат повеќе значења и нијанси: наведне (прѣклонь главѫ Zogr, Mar, Sav, Ostr), клекне (прѣклонивъ колѣна Supr), поклони, отклони итн.

Подолг фразов акростих содржи и Климентовото дело посветено на Ефтимиј Велики, од кое се зачувани само I, III, IV и IX песна. Сите преписи на канонот за Ефтимиј Велики, како и трите преписи на службата на Јоаким Осоговски, во којашто е вклучен канонот за Ефтимиј Велики го содржат акростихот: свѣт поустинн ... клим. И овде регистриравме повеќе лексеми за воведување на секоја од буквите од акростихот, при што поради промена во содржината кај некои тропари дошло до промена во почетната лексема (како на пр. во третиот тропар од првата песна каде што ги среќаваме варијантите ꙗко – ꙗснъ; во првиот тропар од третата песна исто така постојат разлики во различните преписи каде што ги евидентиравме просвѣщение – пощение; новорасль наспроти небо во третиот тропар од четвртата песна; издрадьнъ – неиздреченъ; во третиот тропар од деветтата песна. Кај некои од овие лексички варијанти се насетуваат промени настанати во процесот на нивното препишување по подолг временски интервал што резултира со недобро разбирање на смислата на тропарот, додека кај други како што е кај варијантата издрадьнъ – неиздреченъ не станува збор за промена на смислата на лексемата, туку за нејзино нијансирање.

Во многубројните преписи што ни беа на располагање регистриравме варирања кај повеќе лексеми: свѣтило; вь, въ; ꙗко, ако, ꙗсномь; тебе, те, та; просвѣщениѥмь, просвѣщениемь, пощениемь, пощениѥмь; оутврьжение, оутврьжниѥ, оутврьжеѥ; сладость, сладостию, сладости; тъі, ты, тии; истоуникь, истоуьникь, истоуника, истоуьника; новорасль, небо; крилома; лоза; изредними, изредними, издрадьними, израдными, неизреними; моли, мли.

И овде се евидентни промени на ниво на графискиот систем, на фонетско и на морфолошко ниво. Претрпените адаптации се временски детерминирани и се во согласност со нормите на скрипторските центри од каде што потекнуваат. Преписите се од различна редакциска припадност. Руските преписи претрпеле извесна јазична адаптација на фонетско ниво во согласност со нормите на руските скрипторски центри.

Покрај повеќето лексеми употребени за реализација на акростихот, ќе ја издвоиме лексемата свѣтило, со којашто започнува првиот тропар од првата песна во сите Климентови канони посветени за Ефтимиј Велики (свѣтило красно поустинꙋнимь. блжене евѳимие П1,1 КЕВ75). Во овој тропар го маркиравме значењето *светилник*. Кај Кл. Охридски оваа лексема има и значење *светлина, небесна светлина* во свѣт[и]ло незаходимое вьселенѣи, ти бивь прѣсвѣтлое слнце П3,2 ОСпрр122. Значењето *'светлина'* го содржи и лексемата свѣтъ во акростихот, често застапена не само во ова Климентово дело, туку во сите негови химнографски творби.

Друга лексема на којашто ќе ѝ посветиме внимание е лексемата истоуникъ, од почетокот на вториот тропар на четвртата песна (истоуника ты блгостыня прѣпобне вьзлюбивь. жадныѭ вся вьзвеселѣѭ П4,2 КЕВО113). Како синонимни на оваа лексема се употребуваат лексемите истокъ и кладеньць. Во третиот тропар од деветтата песна кај постојните преписи ги регистрираме лексемите неизрѣченъ и израдьнъ, од кои израдьнъ со значење *извонреден, одличен* ја среќаваме во повеќе од нив во различни графиски и фонетски варијанти што претставуваат приспособување на локалните традиции од страна на препишувачите на ова химнографско дело. Лексемата неизрѣченъ ја регистрираме само во преписот Ундолски бр. 75, со што се потврдува уште еднаш мислењето на повеќе проучувачи дека некои од подоцнежните препишувачи не биле свесни дека творбата била акростихувана. Иако значењето на оваа лексема е *неизречен, неискажан,* промената не ја нарушува смислата на целокупната порака вградена во тропарот.

Во повеќе Климентови канони во акростих е вградено неговото име како климент(а) или неговата скратена варијанта клим. Покрај канонот за претпразненство за Рождество Христово и Канонот за Ефтимиј Велики, каде што неговото име влегува во составот на подолг фразов акростих, во целосна или во скратена форма се наоѓа самостојно употребено во повеќе негови творби, и тоа во оние вклучени во празничниот минеј (Канонот за тиверио-

полските маченици, Канонот за свети Стефан, Канонот за Алексеј, Канонот за Аполинариј Равенски, Канонот за ризата и појасот на Богородица, Канонот за Успение Богородично), во општиот минеј (општите служби за светител и за пророк), како и во октоихот во чијшто состав се влезени: Канонот за Јован Крстител, Канонот за апостолот Петар, Богородичниот канон за петок, Канонот за апостолите Петар и Павле и Канонот за Светото Тројство.

За реализација на акростихот климента или клим постојат различни лексеми во неговите химнографски творби, и тоа: кьто, кровь, крилома, къıѧ, кто, коупиноу, къ, кь, кровъ, кь, кто, къıѧ; любобию, ликы, любовиѫ, ликъı, ллицы (sic), любовью, любовию, лици, лѣностию, лица, ликове, лицъı; изрѣднаа, избави, издрѣши, иѧков, издрѧдьнъıи, изрѣнь, исхъıти, и зрѧдьна, изрѧдноую, иѥзекииль; многа, моѫ, мариѥ, мти, мриѥ, млт(в)ми, моихъ; единою, естьство, ѥство, ѥгда, единъ; нов, на, не, неицѣльно; троици, трци, трепетьна; ѩко, ангелъı, англъı.

Изнесеното дотука нè наведува на заклучок дека и тука доаѓаат до израз различни фонетски варијанти на лексемите, коишто се во согласност со препишувачките традиции на скрипторскиот центар во којшто настанал преписот.

Покрај тоа, сите преписи содржат морфосинтаксички промени карактеристични за временскиот период и за скрипториумот во кој се препишувани. Акростихот во нив, како непроменлив дел често упатува на глаголските традиции што се негувале во Македонија, во еден од најактивните центри на книжевен план - Охридскиот. Преписите на Климентовите химнографски дела даваат податоци за развојот на стариот јазик во определен временски период и на определена територија. Меѓу нив разликите се мали, посебно на лексички план, но секој од преписите има свои правописни особености внесени од одделните препишувачи на ракописите, во чијшто состав се влезени, со што преписите добиле свои индивидуални особености.

Литература

Ангелов Б. Ст., *Климент Охридски - автор на общи служби*, - Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. III, София 1978.

Йовчева М., *Новооткрити химнографски произведения на Климент Охридски в Октоиха,* - Старобългаристика, 1999, XXIII, 3; *Старобългарската служба за св. Аполинарий Равенски от Климент Охридски,* Старобългаристика, XXVI, 2002, 1.

Конески Бл., *Од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија,* Скопје 1975.

Крашенинникова А. О., *Три канона из октоиха Климента Охридского (неизвесные страницы древнеславянской гимнографии)*, Славяноведение, бр. 2, Москва 2000.

Мошкова Л.В., Турилов А.А., *Неизвестный памятник древнейшей славянской гимнографии (Канон Климента Охридского на Успение Богородицы),* Славяноведение, 1999, 2; *Гимнографические произведения Климента Охридского (структурно-содержателные особенности),* Славяноведение, 1999, 1.

Савова В., *Непознато химнографско произведение на св. Климент Охридски за св. Алексий човек божи,* Старобългаристика, XXVII, 2003, 2.

Sadnik L. - Aitzetmüller R. *1955*, *Handwörterbuch zu den altkirchenslavischen texten, Hejdelberg*

Slovník jazyka staroslověnského, Nakladatelství Československé Akademie VĚD, I, Praha 1966, II Praha 1973, III, Praha 1982.

Станчев К., Попов Г., *Климент Охридски, Живот и творчество*, София 1988.

Цейтлин Р. М., *Лексика старославянского языка*, Москва 1977.

Мария ЙОВЧЕВА

ОСМОГЛАСНИЯТ ЦИКЪЛ КАНОНИ И СТИХИРИ НА КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ЗА ПЪРВОАПОСТОЛИТЕ ПЕТЪР И ПАВЕЛ

Сред богатия принос на славянските книжовници в състава на Октоиха най-голям дял се пада на химнотворчеството на Климент Охридски. Според акростиховете с неговото име на Климентовото перо принадлежат четири цикъла по реда на византийската осмогласна система, съставени от по 8 канона и 24 стихири (по 3 за всеки глас): за Йоан Предтеча – включен в службите за вторник, за апостолите Петър и Павел – предназначен за четвъртък, за св. Богородица – поместван в сряда или петък, и за св. Троица – изпълняван най-вероятно на бдението в събота вечер (т. е. на неделната утринна служба)[44]. Освен това Климент е автор и на един покаен канон за 6-и глас, който според различните изтоници може да се срещне в понеделник или вторник. Не е ясно обаче дали това произведение първоначално е било предназначено за погребалния чин в Евхология или пък за службите в Октоиха, тъй

[44] За оригиналните произведения в Октоиха вж. Йовчева, М. Новооткрити химнографски произведения на Климент Охридски в Октоиха. – Palaeobulgarica, 23, 1999, № 3, 3-30; Крашенинникова, О. Три канона из Октоиха Климента Охридского (Неизвестные страницы древнеславянской гимнографии). – Славяноведение, 2000, № 2, 29-41; Федоскина, Е. Покаянный канон Климента Охридского в составе древнеславянского Октоиха. – Вестник Московского университета. Сер. 9. Филология, 2000, 3, 75-83; Иванова, Кл. „Боже мой, Троице милостива, помогни ми“ (Фразов акростих от края на IX–X в.). – Palaeobulgarica, 27, 2003, № 3, 3-17.

като то е засвидетелствано по преписи и на евхолозии, и на октоиси[45].

Откритите оригинални творби на Климент Охридски в Октоиха предоставиха перспективи за решаване на редица спорове около историята на тази богослужебна книга в славянската практика и особено за времето и мястото на нейната поява[46]. Едновременно с това те поставиха пред химнолозите редица нови въпроси, засягащи възникването на творбите и разпространението им в по-късната ръкописна традиция. Най-много проблеми от всички Климентови произведения обаче поражда цикълът за първоапостолите Петър и Павел, и те произтичат не само от филологическите факти, но и от литургическите и културно-историческите обстоятелства.

Първият основен проблем се поражда от това, че Климентовият осмогласен цикъл за ап. Петър и Павел остава извън сравнително установената византийска, а съответно и славянска богослужебната практика за темите на всеки от седмичните дни. Известно е, че паметите по Октоиха образуват два кръга. Единият включва водещите теми за всеки седмичен ден. Така понеделник и вторник са предназначени за покаянието, в сряда и петък се почита Кръстът, в четвъртък – общо 12-те апостола, а в събота се славят пророците, мъчениците, светителите и преподобните отци (Всички светци). Вторият кръг съдържа второстепенните спрямо изброените по-горе теми. В понеделник се почитат безплътните сили, във вторник – Йоан Предтеча, в сряда и петък – Богородица, в четвъртък – св. Николай Мирликийски, в събота се упоменават покойниците. Съвсем естествено неделната служба е ориентирана към прослава на Възкресението, но съдържа и песнопения в чест на св. Троица, предназначени за бдението или полунощницата.

Видно е, че повечето от изброените по-горе химнични цикли на Климент Охридски – за Йоан Кръстител, за св. Богородица, за св. Троица, а също и покайният канон, се вписват напълно в темите за съответния ден според един от двата очертани кръга в Октоиха. Практиката обаче да се честват

[45] Срв. Федоскина, Е. Цит. съч. За наличието на преписи от този канон в ръкописни евхолози ми бе съобщено от колегата А. Турилов.

[46] Библиографски обзор на изследванията и обобщение на проблемите на славянския Октоих вж. у Йовчева, М. Солунският октоих в контекста на южнославянските октоиси до XIV в. (= Кирило-Методиевски студии. Кн. 16). София, 2004, 7-30.

отделно само двамата апостоли Петър и Павел в седмичното богослужение няма аналог нито в печатните, нито в известните досега гръцки ръкописни източници – указания за песнопения с такава тематика липсват както в ръкописните октоиси, така и в литургическите указания на типиците[47]. Известни податки в тази насока дава фактът, че във византийската книжнина се разпространяват два цикъла от по осем канона за 29.VI. – по един за всеки от двамата първоапостоли, чието авторство се приписва на поета от XI в. Йоан Евхаит (или още наречен Мавропус). Те обаче най-вероятно са били предназначени единствено за празничното богослужение, за което говори фактът, че са засвидетелствани само в ръкописни минеи и не са познати по преписи от сборници със служби за делничните дни[48].

Трябва да се изтъкне, че включването на тема, характерна само за славянската богослужебна практика, е било допустимо в изключително ранен етап от формирането на Октоиха – до към XI в., когато системата на седмичните чествания не е била изцяло изградена и унифирирана в съвременния й вид, и то именно по отношение на втория кръг памети (по различните ръкописни източници вариациите се явяват до XIII-XIV в.). Проучванията на О. Крашенинникова показват, че репертоарът за първите по важност седмични теми възхожда към стара, сравнително утвърдена манастирска традиция, идваща от палестинското монашество, и включва песнопения с архаичен произход. Службите за втория кръг памети обаче се появяват по-късно – известно е, че те основно се свързват с дейността на константинополските поети и най-вече на Теофан Начертани и Йосиф Песнописец. Същевременно паметите от този втори кръг са били много по-вариативни и неустановени в различните богослужебни средища, като той е бил широко отворен към силно изявени локални култове[49].

---

[47] Срв. данните у Εὐστρατιάδης, Σ. Ποιηταὶ καὶ ὑμνογράφοι τῆς Ὀρθοδόξου Ἐκκλησίας. Τ. 1. Ἐν Ἱεροσολύμοις, 1940 (Ἀνατύπωσις ἐκ τῆς Νέας Σιὼν); Τωμαδάκης, Ε. Ἰωσὴφ ὁ Ὑμνογράφος. Βίος καὶ ἔργον. Ἀθῆναι, 1971; Τωμαδάκης, Ε. Κανόνες τῆς Παρακλητικῆς. – Ἐπετηρὶς Ἑταιρείας Βυζαντινῶν Σπουδῶί, 39–40, 1972/1973, 253-274.

[48] Εὐστρατιάδης, Σ. Ταμεῖον Ἐκκλησιαστικῆς ποιήσεως. – Ἐκκλησιαστικός Φάρος, 51, 1952, 49-54.

[49] Крашенинникова, О. Октоих и Параклит. – В: Герменевтика древнерусской литературы. Сб. 6. Ч. 2. М., 1994, 398-406; Крашенинникова, О. К истории формирования седмичных памятей

Някои образци в това отношение дава византийската литургическа книжнина. Така например може да се интерпретира наличието в ръкописните византийски минеи на осмогласни цикли за ап. Тома, архангел Михаил, св. Георги, св. Пантелеймон (всичките дело на Йосиф Песнописец), за св. Димитър, цитираните вече два цикъла за апостолите Петър и Павел и др[50]. Освен това И. Карабинов предполага, че сътворяването на песнопения за дадена тема в ранен етап от формирането на октоиховия състав (IX-X в.) е било породено от конкретен местен празник с голямо значение. Руският учен се спира на текстове от каноните на Йосиф Химнограф за Йоан Предтеча, които се намират в печатното издание в службите за вторник. От тях личи, че цикълът е написан по поръчка на ктитор на храм „Йоан Кръстител“ и по случай освещаването на този храм[51].

И така възниква въпросът защо точно апостолите Петър и Павел са били авторският избор на Климент Охридски за втора тема за службите за четвъртък. От една страна, подобно предпочитание към двамата първоапостоли, и особено специалното честване на апостол Петър, се вписва в духа на Кирило-Методиевата епоха, белязана по различни причини с имената на двамата първоапостоли. От друга страна, тематичната насоченост на Климентовите творби за четвъртък е бил мотивирана от възможността химнографският репертоар за апостолите Петър и Павел да се впише като вариант на вече установената първа тема за деня – прославата на 12-те апостоли (общо). Не е изключено сътворяването на цикъла да е свързано

Октоиха. – В: Богословские труды. Сб. 32. М., 1996, 260-268; Лозовая, И. О системе пения седмичных канонов Октоиха в ранней литургической традиции. – В: Византия и Восточная Европа. Литургические и музыкальные связи. К 80-летию доктора Милоша Велимировича. (= Гимнология. Вып. 4.). М., 2003, 52-68.

[50] Τωμαδάκης, Ε. Κανόνες τῆς Παρακλητικῆς..., 253-274. Всички осмогласни цикли са посочени на съответните празници и у Παπαηλιοπούλου–Φωτοπούλου, Ε. Ταμεῖον ἀνεκδοτῶν βυζαντινῶν ᾀσματικῶν κανόνων seu Analecta Hymnica Graeca e Codicibus eruta Orientis Christiani. 1. Κανόνες Μηναίων. Ἀθῆναι, 1996. Показателно в това отношение е мнението, че е съществувал гръцки цикъл от осем канона (по осмогласната система) в чест на Климент Охридски, сътворен от византийския книжовник Димитър Хоматиан през XIII в., срв. Παπαηλιοπούλου–Φωτοπούλου, Е. Цит. съч., 284-285.

[51] Карабинов, И. Постная триодь. Исторический обзор ее плана, состава, редакций и славянских переводов. СПб., 1910, 153-160.

с определено събитие – освещаването на храм за двамата първоапостоли или пък само на апостол Петър, или изобщо със силно развит култ към тях в земите на новопокръстеното царство. Ако се изходи от схващането на И. Карабинов, може да се потърси конкретно събитие, станало повод за създаването на разглежданите химнични творби. Ценна податка в такава насока дава уникалната памет на 28.IV., открита от А. Турилов в месецослова на сръбско евангелие с апостол № 680 от Архива на РАН в Санкт Петербург. Указанията гласят: Св-щение црькви Петра апостола въ б№гарехь. Според руския учен този празник визира изключително важно събитие, включено в националния календар от досимеоновата или ранносимеоновата епоха и свидетелства за съществуването на дворцов храм или архиепископски събор в чест на апостол Петър[52]. Така че не е без основание мисълта, че цикълът специално е сътворен за освещаването именно на този храм.

Интерпретации по отношение на културно-историческия контекст на възникването на песнопенията позволяват и някои особености в тяхното съдържание. Специално внимание предизвиква изразът от 2-а песен на канона за 8-и глас: тебѣ дⷭ҇а власть ⷭ҇ь на ѕеⷨ҇лн и҆ на небесн҃· мр҃твыѭ вьскрѣшатн и грѣхы прѧщатн҃· (Хлуд. 135, ГИМ, от XIV в.). Много близка успоредица за този текст се намира в едно славянско произведение, пряко свързано с Кирило-Методиевата тема, чийто произход напоследък е остро дискутиран – Службата за Пренасянето на мощите на Климент папа Римски[53]. Там в първата утринна стихира се чете следният текст: петра въѕ҇нгнн с павл҃омь· х҃а ѕа ны мл҃нтн· тѣма бо дⷭ҇а сѧ власть грѣхы прѧщатн. (по миней № 434 от НБС)[54]. Под него издателят на службата Й. Иванов слага коментар: „Католишко гледище за властта на светците да опрощават грехове“. Подобни лексикални изрази съставят част

[52] Турилов, А. Две забытые даты болгарской церковно-политической истории IX в. (К вопросу формирования болгарского варианта церковного месяцеслова в эпоху Первого царства). – Palaeobulgarica, 23, 1999, № 1, 14-34.

[53] Мурьянов, М. Страницы гимнографии Киевской Руси. – В: Традиции древнейшей славянской письменности и языковая культура восточних славян. М., 1991, 69-143; Верещагин, Е. Последование под 30-м января из Минеи № 98 (ф. 381) РГАДА (Москва) – предполагаемый гимн первоучителя славян Кирилл. – Palaeobulgarica, 18, 1994, № 3, 3-21.

[54] Иванов, Й. Български старини из Македония. С., 1931, с. 392.

от т.н. западни елементи в ранната славянска богослужебна книжнина. Както е известно, те се интерпретират най-вече като наследство, което кирило-методиевите ученици съхраняват от моравската мисия на Светите братя, макар и да са изказани и други убедителни обяснения[55].

Несъвпадението обаче на цикъла за двамата първоапостоли с постепенно установяващите се в съвременния им вид седмични теми на Октоиха, а вероятно и водещата роля на апостол Петър в неговото посвещение[56], предопределят и неговата по-късна съдба. Сравнена с текстовата история на останалите оригинални творби в Октоиха, ръкописната традиция на разглежданите песнопения се отличава с редица специфики. В процеса на развитие на литургическата книжнина се набелязва не само трайна тенденция към отстраняване от октоисите на Климентовите химнични творби за апостолите Петър и Павел, която изобщо е характерна за отношението към всички произведения без гръцки успоредици, но и стремеж към преработването на текстовете им. Твърде рано, вероятно още в т. н. късен Преслав (втор. половина на X в.) се появява преводът на византийските песнопения, които функционално дублират Климентовите творби за втората тема в четвъртък: 24-те стихири и 8-те канона на Йосиф Химнограф за св. Николай Мирликийски. Така в различните източници Климентовите творби влизат в различни типове взаимоотношения с преводните песнопения. Тук възможните типове се основават на два критерия: липсата или наличието на песнопения за Петър и Павел, и ако те присъстват, дали са в чист вид или съчетани с циклите за св. Николай.

Най-последователно цикълът за Петър и Павел се помества в архаични южнославянски и свързани с тях руски преписи[57]. Например такива са Карансебешкият (№ 450 в

---

[55] Темата е широко обсъждана в изследванията и по нея е натрупана огромна литература. Обобщение на проблемите и сравнително пълна библиография вж. у Miklas, H. Zur Einordnung des Westgutes im altkirchenslavischen Schrifttum. – In: Medieval Christian Europe: East and West. София, 2002, 114-131.

[56] От всичките 24 стихири неговото име се споменава само в последната стихира от цикъла (за 8-и глас). Повечето тропари на каноните са ориентирани само към ап. Петър, а останалите най-често са посветени и на двамата първоапостоли.

[57] За типологията на южнославянските октоиси вж. Йовчева, М. Проблемы текстологического изучения древнейших памятников оригинальной славянской гимнографии. – В: La poesia liturgica slava antica. XIII congresso

Библиотеката на Румънската академия на науките в Букурещ) от края на XIII или началото на XIV в., Солунският (НБКМ 556 + 922), от края на XIII в., Струмишкият (Хлуд. 136, ГИМ) от първата половина на XIII в. Песнопенията са застъпени широко и в руските октоиси от Софийската сбирка на Руската национална библиотека в Санкт Петербург, за които И. Лозовая отбелязва, че възхождат към старинни южнославянски протографи за разлика например от октоисите от Синодалната типография в РГАДА[58]. Каноните за Петър и Павел са поместени в параклитиците Соф. 125, РНБ (XIV □.) и Соф. 128, РНБ (XIII в.), а пълният цикъл на стихирите е включен в изборните октоиси Соф. 122, РНБ (XIII в.) и Соф. 123, РНБ (XIV в.) и др. В тази група източници цикълът стихири и каноните се намират в сравнително запазен пълен състав, а текстовете им съхраняват старинни особености (в това число например и редки моравизми, гръцки заемки). В този аспект те са най-надежден източник за изучаване и реконструиране на Климентовия цикъл.

Оригиналните Климентови творби присъстват също в друга група южнославянски октоиси от XIII и XIV в., адаптирани към изискванията на Евергетидския устав, чието въвеждане се свърва с литургическата реформа на св. Сава Сръбски. Тук спадат кодексите Хлуд. 135 (XIV в.) и 140 (XIVв.) от ГИМ, Уваров 521 (наречен още Милутинов октоих) от ГИМ (началото на XIV в.), Гилф. 26, РНБ (XIV в.), № 172 НБКМ (XIV в.) и Белградският октоих (средата на XIII в.)[59]. За да се съобразят с изискванията на Евергетидския устав, от една страна, а и за да запазят наследеното от по-ранни източници, от друга, книжовниците са компилирали песнопенията от съществуващите функционално дублетни цикли. Само в тези октоиси например се събират стихири и от двата цикъла за втората тема за четвъртък на вечернята – включени са и оригинални стихири за апостол Петър и преводни за св.

Internazionale degli Slavisti. Blocco tematico 14. Relazioni. Roma-Sofia, 2003, 56-78; за източнославянските преписи вж. Лозовая, И. Типология древнерусских Параклитов и их отношение к действующему литургическому уставу. – В: Церковное пение в историко-литургическом контексте: Восток – Русь – Запад. (= Гимнология. Вып. 3.). М., 2003, 64-73.

[58] Лозовая, И. О системе пения..., 58-59.

[59] Октоихът е издаден от Г. Попатанасов под името Кичевски (вж. Поп-Атанасов, Ѓ. Кичевскиот октоих. Македонски споменик од XIII в. Скопје, 2000)

Николай. Всяка песен на втория утринен канон се формира от различни комбинации от тропари апостол Петър (и Павел) и тропари за св. Николай (например в Гилф. 26 от РНБ и в Белградския октоих).

Климентовият цикъл за апостолите Петър и Павел обаче се намира и в редактираните руски и южнославянски източници. Най-вероятно процесът на поправяне на състава и текста на Октоиха започва в Преслав и по-късно продължава на руска почва в рамките на литургическата реформа, свързана с въвеждането на Студийско-Алексеевският устав през втората половина на XI в. и приспособяването на наследените южнославянски протографи към него. Този тип преписи отразява различни редакторски намеси с цел съставът на службите за четвъртък да се приведе в съответствие с византийски образци. Затова са направени опити да бъдат напълно отстранени Климентовите творби и да се заменят с песнопенията за Николай Мирликийски. Но редактирането не е било проведено изцяло и последователно, защото следи от Климентовия цикъл са се запазили в различна степен в почти всички ръкописи. Стихирите (само за 4-и глас) се намират в съкратените седмични октоиси (или според традиционната руска терминология служебни шестодневи): Виен 37 от Австрийската национална библиотека (XII–XIII в.), Син. тип. 46 (втората половина на XIV в.), Син. тип. 66 (втората половина на XIV – XV в.), Син. тип. 69 (средата на XIV в.), Син. тип. 76 (XIV в.), Син. тип. 77 (втората половина на XIV в.) от РГАДА, № 171 от Археографската комисия на БАН (XIV в.), Син. 431 (XIV в.) и Син. 432 (XV в.) от ГИМ и много др. Каноните са поместени във Виен. 37, Син. тип. 46 и Син. тип. 72 (от средата на XIV в.), а отделни техни тропари се включват в параклитиците Син. 421 (XV в.) и Син. 422 (XV в.) от ГИМ. В действителност без песенен материал в чест на ап. Петър и Павел остават ограничен брой кодекси – досега са ми известни само три ръкописа: руските параклитици Син. тип. 73 (средата на XIV в.), Син. тип. 80 (XII–XIII в.) от РГАДА, а също и българският октоих № 554 от НБКМ (XIII в.). В някои от изброените съкратените седмични октоиси, където на вечернята има стихири от Климентовия цикъл, утринната е поправена – там са включени преводните канони за св. Николай Мирликийски от Йосиф Песнописец, или за 12-те апостола (т. е. за първата тема за четвъртък) – например в Арх 171, Син. тип. 66, Син. тип. 69,

Син. тип. 76, Син. тип. 77 от РГАДА, Син. 431 и Син. 432 от ГИМ.

Интересни обаче в тази група са някои източници, които свидетелстват за опити за частично адаптиране на песнопенията от Климентовия цикъл за двамата първоапостоли към изискванията на византийските образци. Забелязват се следи от преработка на съдържателно равнище, чиято цел е да бъде отредено равностойно място и на апостол Павел, като се въведе по-активно и темата за неговата прослава. Тъй като каноните избобилстват с тропари, посветени само към Петър, текстът на общите за двамата апостоли стихири и тропари се редактира – формите за двойствено число се заменят с форми за единствено, а вместо имената на двамата апостоли остава само името на апостол Павел.

Битолски октоих (ХАНУ III. а. 45–46) от средата на XIII в.	***Виенски октоих, № 37***
1-а песен, 2-и тропар	
Ѩ҆дрѣ сълежѧщоѹ мн· грѣховнѣмь· възьдвигни мѧ молѧ ти сѧ· петре съ пав҆ломь· бг҃огласнаѥ҆· възѣкыѭ стр҃тн ѥ҆цѣлнта· ѡ҆каѥ҆нѣѥ҆ мн дш҃н·⁘	Ѩ҆дрѣ сълежаща· грѣховь-нѣмь· въздвигни мѧ твоими молитвами· павьле бг҃огласе· всѧкы стр҃тн и бѣды и грѣхы потрѣбивъ· и недоугы ѥ҆сцѣли· оканьнаѥ мн дш҃а·⁘
3-а песен, 2-и тропар	
Припади ѡ҆каѥ҆нѥ҆ мн дш҃е· теплоѥ покаѥнѥмь· молѧщи сѧ· ѥ҆збавнта мѧ въпнѭщи· ѿ въсѣхь золь ѥ҆ мѫкы· петре съ пав҆ломь бг҃огласе.~	Припади оканьнаѥ дш҃е моѥ плачющи сѧ· просѧщи ѿпоуста· съдѣѥанъинхъ ми зълъ· покаѥнѥмь възпии· ѥзбави мѧ страшнъинѥ моукы· павле бг҃огласе.~

Въпреки всички опити да се отстранят песнопенията за ап. Петър и Павел или да се ограничи тяхната употреба в средновековните сборници за делничното богослужение, цикълът за двамата първоапостоли се откроява с най-широко разпространение в сравнение с останалите Климентови творби от Октоиха. Данните от руските редактирани източници, от една страна, показват, стремежът към ограничаването на песенния материал за апостолите Петър и Павел в източно-славянските химнографски сборници не довежда до пълното му

отстраняване от руската литургическа практика. Климентовият цикъл присъства активно както в старинните, така и в редактираните източници. Нещо повече, именно на източнославянска почва Климентовото песеннопоетично наследство изобщо (и в частност за апостолите Петър и Павел) развива най-дълга писмена традиция. Докато след началото на XV в. в южнославянската книжовна и богослужебна практика песнопенията от цикъла почти напълно изчезват и се изместват с преведени от гръцки служби, то според свидетелствата на руските източници химничните творби на Климент Охридски са звучали в делничното богослужение още едно столетие – чак до XVI в.

От друга страна, редица литургически източници свидетелстват за голямата популярност на Климентовите творби за апостолите Петър и Павел на южнославянска почва. Например типикарските указания в календара на апостол № 882 от НБКМ (датиран от XIII в.) препращат към канона за двамата първоапостоли в Параклитика[60] за повечерието на празника 29 юни[61]. Там се препоръчва: н на павє҃· ка҃. ѡ҃· паракꙁлтнка сты҃ ап҃лмь·, макар че съществува изключително богат византийски, и съответно славянски преводен, минеен репертоар в тяхна чест.

Оосбено показателни за устойчивостта на песнопенията за двамата първоапостоли са някои южнославянски октоиси от края на XIV или началото на XV в., които вече спадат към новия извод на Октоиха – например ръкописите № 170, 173 и 561 от НБКМ. Като резултат от проведената литургическа реформа през XIV столетие и въвеждането на Йерусалимския устав в българската богослужебна практика, техният химнографски репертоар изцяло е обновен – включва новопреведени или редактирани стихири и канони в съответствие с актуални за XIII–XIV в. византийски източници. Единствените оцелели елементи от оригиналния славянски песенен репертоар от стария състав – това са отделни стихири за апостол Петър, които се намират на вечерния дял от службата за четвъртък. Бих предположила, че в тези случаи отгласът от старата традиция се обяснява не само с навиците на книжовниците и с инертността

[60] Според славянската писмена традиция това е вариантът на Октоиха, който съдържа само канони.

[61] Изказвам благодарност на колегата Ал. Пентковски, който насочи вниманието ми към този факт.

на писменото разпространение на богослужебните текстове, но най-вече – с голямото разрастване и разпространение на култа към апостол Петър сред южните славяни.

Съкращения на библиотеки

БАН	Библиотека на Руската академия на науките, Санкт Петербург
ГИМ	Държавен исторически музей, Москва
НБКМ	Народна библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София
НБС	Народна библиотека на Сърбия, Белград
РГАДА	Руски държавен архив за древни актове, Моксва
РНБ	Руска национална библиотека, Санкт Петербург
ХАНУ	Библиотека на Хърватската академия на науките и изкуствата, Загреб

Емилија ЦРВЕНКОВСКА

ПАРАЛЕЛИЗМОТ ВО ХИМНОГРАФСКИТЕ ТЕКСТОВИ

Во последно време кај истражувачите на црковнословенското книжевно наследство сè повеќе се јавува интерес за анализа на химнографијата. Химнографските текстови се интересни од повеќе аспекти: од книжевнотекстуален поради специфичната содржина и поради присуството во нив на оригинални словенски творби, од јазичен поради поетската структура која му дава поголема слобода на јазичниот израз, а изнаоѓа и разни средства за ритмично организирање на текстот. Поради ова химнографијата е особено интересна за стилистичка анализа.

Една од главните особености на стилот на поетските книжевн форми е паралелизмот. Терминот паралелизам првпат бил применет за истакнување особени признаци согледани од коментаторите на Библијата за хебрејската версификација.

Со овој термин се означува појавата вториот или третиот ред од строфата да претставува интерпретација или парафраза или просто повторување на мислата, на фигурата, на метафората од претходниот верс. Паралелизмот се состои во пресликување на одредени структури и претполага кореспонденција меѓу два соседни стиха. Секој член си има свое соодветство, било да се работи за фонолошко, граматичко, лексичко, семантичко, синтаксичко или друг вид соодветство. Секој збор во еден ред му се спротивставува на збор со истиот реден број во друг ред, поврзан е и римуван со него.

Кај некои автори постои стремеж оваа појава да се објаснува како синтаксичка, но според Веселовски (1940:98) таквото толкување ги исклучува естетските цели, па во прилог на поетскиот стил поверно е да се зборува за пара-

лелизам. Структурата на поезијата е структура на непрекинат паралелизам. Според Јакобсон (1981:39), паралелизмот е фундаментален проблем на поезијата.

Паралелни форми најчесто се среќаваат на почетокот на стиховите (анафора) и на крајот од синтаксичките целини (епифора).

Еден вид анафорски паралелизам претставуваат т.н. хајретизми, односно обраќања до објектот што се слави со зборовите радоуи сѧ, gr~. χαίρε од каде што е настанат и терминот. Хајретизмите се особеност на византиската поезија. Не постои во византиската поезија ниту еден пар хајретизми што останал сосем неримуван и во таа смисла може да се зборува за вистинска правилност во примената на римата (Аверинцев 1982:260).

Типичен производ на морфолошкиот, особено на епифорскиот паралелизам е хомеотелевтот – грч. ὁμοιοτὲλευτα (Jakobson 1981:108). Хомеотелевтите се созвучја на завршоците што спојуваат зборови еднакви по својата граматичка форма, распределени по завршоците на синтаксичките делови. Тие се ценат како црта на возвишениот стил. Рановизантиската поезија склоноста кон хомеотелевтите ја прифатила од античката поезија и почнала во изобилство да ги применува. Во врска со употребата на хомеотелевтите Катичиќ (1957:240) истакнува дека густото нижење на зборови со сличен завршок не е ништо друго туку крајна интентификација на стилската фигура која се јавува во текстот.

Оваа стилска особеност на поезијата, паралелизмот, грижливо се труделе да ја сочуваат и преведувачите на византиската химнографија на старословенски јазик, а тоа нашло одраз и во ракописите настанати на македонска почва.

Материјалот што го земаме за илустрација е од неколку триоди од македонската редакција на црковнословенскиот, а тоа се: Орбелскиот (Orb) XIII век, Загрепскиот (Zag) XIII век и Шафариковиот (Šaf) XIII век. Паралелизмот претставува обележје на целиот текст на триодот. Се разбира, најдоследно е застапен во текстот на Акатистот за Богородица којшто претставува совршена поетска форма.

Ќе посочиме само дел од паралелизмите во триодот (како илустрација за употребата на оваа фигура во текстот).[62]

Во Акатистот за Богородица, којшто е составен дел на триодот, се нижат паралелни стихови со анафоричен почеток и потоа паралелни форми, вокативни, на крај завршуваат со вокалот –0 во различни форми

Orb 125b36

рⷣаⷩ сѧ свѣте неизреченна таино

рⷣаⷩ сѧ мльчание мл҃ѧщим сѧ вѣрно

или зад анафората стојат еднакви падежни форми, па сложенка и повторно вокатив,

Orb 125c4

рⷣаⷩ сѧ аг҃ломь многословѧщее чюдо.

рⷣаⷩ сѧ бѣсомь многоплачевны строупе

рⷣаⷩ сѧ свѣта неизреченн҃о порожⷣши

рⷣаⷩ сѧ како ниединого наꙋчиши.

Слична ситуација има и во акатистоликите стихири, а такви се најчесто богородичните (испеани во чест на Богородица):

O15d16

рⷣаⷩ сѧ мт҃и гн҃ѣ

рⷣаⷩ сѧ сьсѫде манны

рⷣаⷩ сѧ горо ст҃аа

рⷣаⷩ сѧ присноде҃во

каде што хајретизмите се проследени со по две вокативни форми.

Следните примери се од други песнопенија,

O 155a30

рⷣаⷩ сѧ и весели сѧ граде сиѡне

[62] Во Прилогот на крајот од статијава се дадени примери со паралелизам во паралелни места во Орбелскиот и во Загрепскиот триод.

ликоуи сѧ и красоуи сѧ цр҃кве бж҃иа

каде што постои паралелизам на морфосинтаксичко ниво, т.е. на почетокот на секој стих се употребени два императиви со личноповратна заменка, поврзани меѓу себе со еднаков сврзник, а потоа следат по две вокативни форми.

Пресликувањето на формите, односно паралелизмот на морфолошко и на синтаксичко ниво, е јасно изразено во примерите од типот:

О 12а4

каѧща сѧ прими мѧ б҃е. ꙗко разбоиника

распѧ сѧ да спс҃еши мѧ ꙗко много ти сьгрѣшихь млр҃де

мл҃ѧ тѧ падшаго мѧ вьзведи и славѣ твоеи сподоби

каде што се гледа паралелна употреба на глаголски форми, партиципни форми, заменски клитики, како и употреба на еднаков сврзник ꙗко.)

Постои разлика во изразувањето на паралелизмот на истите места од еден до друг ракопис. Некаде има избор на различни лексеми, односно изменет распоред на истите, но паралелизмот е сочуван: гори с радостиѧ и хльми сладостиѧ О 91d19, а во Шафариковиот триод на истото место стои: горы сладостиѫ и хлъми радостиѧ. Во случајов се работи за лексички, но и за граматички паралелизам постигнат со употреба на еднакви падежни форми.

Паралелизмот е одлика не само на преводната, туку и на оригиналната словенска химнографија. Да го споменеме само творештвото на Климент Охридски. Иследувачите на Климентовиот стил забележале структурни и ритмички закономерности во градењето на неговите текстови. Станчев (1969:525) констатира дека анафората и синтаксичкиот паралелизам се основни ритмоопределувачки средства на Климентовата химнична поезија. Овие карактеристики, како што видовме, се јасно изразени и во текстот на триодот. Во поучителните и во похвалните слова похвалата е обично ритмично организирана (Станчев, Попов 1988: 78), во што помага и паралелизмот.

Во *Похвалното слово за Михаил и Гаврил* (Мулиќ 1983, Црвенковска 1999а) истакнати се деловите на пофалбата во вид на акатист со анафоричен почеток

радоуи сѧ, со кои авторот им се обраќа час на архангел Михаил, час на Гаврил или на обајцата заедно, а нивните имиња ги следат епитети во форма на метафори (Мулиќ 1983:87):

радоуи сѧ архистратиже михаиле, старѣистъвнымъ сы и пръви воие вода бесплътнымъ силамъ. **радоуи сѧ архистратиже гаурилє**, пръвы бл҃говъстниуе въсѣмъ радостем. радоуи сѧ архистратіже

Во ова похвално слово постојат делови со изразен паралелизам.

тѣмже **бл҃жѫ твои оустнѣ**, о бл҃жны ѡче кірилє, **имже моима оустнама** сладость дх҃внаа истоуи сѧ. **бл҃жѫ многогл҃ни твои ѭзыкъ. имже моємоу ѭзыкоу** тръбєзначѧлнааго бж҃тва зарѣ вьсиѩвши, мракъ грѣховны. ѿгна **бл҃жѫ многопрѣсвѣтлоє лицє твоє**, озаршєсѧ ѿ ст҃го дх҃а **имже моємоу лицоу** бор҃азоумныи свѣт вьсиѩ и многобж҃на а льсть искорєнисѧ (Климент Охридски, *Похвално слово за Кирил Филозоф*). паралелизмот е повеќекратен:

. **бл҃жѫ многогл҃ни : бл҃жѫ многопрѣсвѣтлоє**

твои ѭзыкъ : лицє твоє

имже моємоу ѭзыкоу : имже моємоу лицоу

Ако за оригиналните творци, поетите, може да се постави прашањето дали свесно и рационално ги планирале во креацијата овие модели (Јакобсон 1981:136), За преведувачите одговорот на ова прашање е секако потврден – свесно се труделе да дадат што поверна слика на оригиналот. А во личноста на Климент Охридски се наоѓа истовремено и преведувач, и тоа на триодот, и автор. Секако дека овие две дејности се надополнувале.

Како што забележал Јакобсон (1966:319), учебниците веруваат во постоење на песни лишени од слики, но скудноста во лексичките тропи всушност се надополнува со величествените граматички тропи и фигури. Запоставени се поетските извори скриени во морфолошката и во синтаксичката структура на јазикот, Со еден збор поезијата на граматиката и нејзиниот книжевен продукт – граматиката на поезијата (Јакобсон 1966: 310).

Прилог: паралелни места во Орбелскиот и во Загрепскиот триод

1.Акатист

1.1. Orb 125b36	Zag 112r8
.ра҃ѵ сѧ свѣте неизреченна таино	ра҃ѵ се свѣте неизрѣ̆ньнаго таино.
ра҃ѵ сѧ мльчание мл҃ѧщим сѧ вѣрно	ра҃ѵ се мльчание просѧщимь вѣрно.

1.2. Orb 125c4	Zag 112r12
ра҃ѵ сѧ аг҃ломь многословѧщее чюдо.	ра҃ѵ се аг҃льское многословѧще чюдо.
ра҃ѵ сѧ бѣсомь многоплачевны строупе	ра҃ѵ се бѣсомьмь(!) многоплачьни строупь
ра҃ѵ сѧ свѣта неизреченн҃о порожд҃ши	ра҃ѵ се свѣ҃ неизрѣ̆ньни рождьшиꙗ
ра҃ѵ сѧ како ниединого наѹчиши.	ра҃ѵ се ꙗко никакоже. никогоже пооучила еси.

2. Акатистолики (богородични) стихири

Orb 15d16	Zag 17v19
ра҃ѵ сѧ мт҃и гн҃ѣ	ра҃ѵ се мт҃и гн҃ѣ
ра҃ѵ сѧ сьсѫде манны	ра҃ѵ се сьсѫ҃е маньни
ра҃ѵ сѧ горо ст҃аѣ	ра҃ѵ се горо ст҃аѣ
ра҃ѵ сѧ присноде҃во	ра҃ѵ се присноде҃во

3. Други песнопенија

3.1. Orb 155a30	Zag 135v5
ра҃ѵ сѧ и весели сѧ граде сиѡне	ра҃ѵ се и весели сѧ граде сиѡне.
ликоуи сѧ и красоуи сѧ цр҃кви бж҃иа	ликоуи весели сѧ цр҃ви бж҃иꙗ

3.2. Orb 12a4	Zag 16r8
каѧща сѧ прими мѧ бе҃.	кажща сѧ разбоиника
ꙗко разбоиника	прими мѧ бе҃.распени сѧ

распа сѧ да спсєши мѧ ꙗко	да спсєши мѧ ꙗко много
много ти сьгрѣшихь млрдє	сгрѣшихь млрдє
млѧ та падшаго мѧ вьзвєди	млѧ сѧ падьшаго вьзвєди
и славѣ твоєи сподоби	мѧ и славѣ твоєи

Литература

Аверинцев 1982, С. С. Аверинцев, Поетика рановизантијске књижевности, Београд

Веселовски 1940, А. Н. Веселовскиј, Историческа/ поЌтика, Ленинград

Јакобсон 1966, Р. Јакобсон, Лингвистика и поетика, Београд

Јакобсон 1981, R. Jakobson, Selected Wrtings III, The Hague-Paris-New York

Катичиќ 1957, Р. Катичиќ, Σχήματα Γοργίεα у једној старославенској исповедној молитви, Slovo,6-8, Zagreb. 236-246

Мулиќ 1983, М. Мулиќ, Анализа текста Климента Охридскога: "Слово похвално светим архистратизима Михаилу и Гаврилу", Дјела, LVII, Одјељење друштвених наука, књига 32, Сарајево

Наумов 2003, А. Е. Наумов, *Библейскаья поэзия и литургическая поэзия, Ла поесиа литургица сслава антица,* XIII Congresso Internazionale degli Slavisti (Lubiana, 15-21 Agosto 2003), Blocco tematico no 14, Relazioni, Roma-Sofia, 23-29 Moskva

Станчев 1969, *К. Станчев, Ритмичната структура в химничната поезия на Климент Охридски, БЕ,* XIX, *кн. 6, София, 523-531*

Станчев-Попов 1988, К. Станчев, Г. Попов, Климент Охридски, София

Станчев 2003, К. Станчев, *Литургическая поэзия в древнеславянском литературном пространстве,* La poesia liturgica sslava antica, XIII Congresso Internazionale degli Slavisti (Lubiana, 15-21 Agosto 2003), Blocco tematico no 14, Relazioni, Roma-Sofia, 5-22

Трубачов 1998, О. Н. Трубачев, К XII *международномоу съезду славистов, Славянская филология и сравнительность, от съезда к съезду, Вопросы языкознания, 3, май-июнь, Москва, 3-25*

Црвенковска *1996, Е. Црвенковска,* Јазикот и стилот на триодот (врз материјали од македонските триоди од XII-XIV век, докторска дисертација, Скопје

Црвенковска *1999а, Е. Црвенковска, Загрепски триод, Стари текстови* VII, ИМЈ, Скопје

Црвенковска *1999б, Стилот плетение словес во оригиналните дела и во преводите на Климент Охридски, Македонский язык, литература и култура в славянском и балканском контексте, Москва, 135-143*

Лилјана МАКАРИЈОСКА

ЛЕКСИКАТА НА КРАТОВСКОТО ЕВАНГЕЛИЕ

При проучувањето на еволуцијата на евангелскиот превод, прашањето за неговите редакции научниците го третираат од текстолошка гледна точка во однос на генетскиот однос кон другите типови евангелија или од јазична гледна точка, меѓутоа несомнена е тесната поврзаност меѓу нив. При установувањето на која редакција ѝ припаѓа еден ракопис неопходно е споредување на одделни преписи за потврдување на нивната меѓусебна врска и аналогните места, разгледување на непреведените туѓи зборови, пред сѐ, грчки, што се сметаат за карактеристика на првобитниот превод (и следење на постепеното словенизирање на текстот). Евентуалните разлики меѓу ракописите имаат особено значење при анализата на историјата или еволуцијата на словенскиот превод.

Во јазичен поглед апракосите им даваат предност на помладите варијанти, а заедничка особеност на старите апракоси и подоцнежните четвороевангелија им е појавата на механичко истиснување на слободниот превод често и против духот на јазикот (Horálek, 1954 :265-276). Според Хоралек (1954 :44) многу стилистички варијанти во словенскиот текст се инспирирани од грчкиот оригинал. Така на пр. со глаголати и рєщи-се доловува разликата меѓу грчките глаголи *εἰπεῖν* и *λέγειν*, а тоа се однесува и на одръ и ложє место *κράββατος* и *κλίνη*. Стилистичка вредност можел да има и слободниот превод, или пак повторното воведување грцизми во евангелските текстови од крајот на XIV век (сп. Десподова, 1997 :92). Сп. власфимиѫ Mc7,22 Krat] хоула Dbm, хоулноє слово Rad.

Проследувајќи го лексичкиот состав на евангелските текстови од македонска јазична редакција Десподова (1974 :280-285, 1997 :116) изделува три групи:

1. Зборови што се единствено средство за преведување на грчкиот збор во сите текстови (со единствено, точно, определено значење и нивното совпаѓање во сите текстови значи дека подолг период тие се совпаѓале во книжевниот јазик на разни словенски територии). 2. Грчкиот збор на разни места од текстот во разгледуваните текстови може да биде предаден со различни словенски зборови, блиски по значење. 3. Третата група ја сочинуваат лексичките варијанти со кои е различно предаден еден ист грчки збор. Овие зборови главно не излегуваат од рамките на општоупотребуваната лексика во словенските евангелски ракописи, но има и исклучоци што ги сочинуваат индивидуалните особености на определен ракопис и што треба да се сфатат како подоцнежни поправки на првобитниот превод. И покрај конзервативноста на македонските ракописи може да се издели уште еден редакциски слој т.е. оние лексички особености што потекнуваат од последните препишувачи и според кои ги определуваме текстовите како македонски.

Анализата на лексиката на Кратовското евангелие овозможува изделување на архаизмите, лексичките варијанти, ретките или зборовите со ограничена употреба и дава важен материјал за проучувањето на историјата на кирилометодиевскиот евангелски превод, за расветлувањето на определени појави во развојот на црковнословенскиот лексички фонд и за историјата на македонскиот јазик. Лексички подновувања се однесуваат на заменување на архаизмот со понова лексема, задржување на архаичниот корен, меѓутоа со понов попродуктивен афикс и самостојни лексички решенија.

Предмет на нашиот интерес е Кратовското евангелие[63] од втората половина на XIV век. Содржи 151 лист, а недостасуваат два листа на почетокот, неколку во средината и дваесет и пет на крајот на кодексот. Се

[63] пронајдено во Кратово во 1889 год., во 1902 е испратено во 1902 год., а во 1968 е откупено од Боривое Вукчевиќ и донесено во Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" во Скопје во чија ракописна збирка се води под MS 20.

споменува од Вл. Мошин во соработка со Л. Славова, С. Кроневска, Ј. Јакимова во изданието *Словенски ракописи во Македонија*, (1971, оп. бр. 1 :35-36, сн. 7-8) и во изборот *Македонски средновековни ракописи*, том I, од В. Десподова и Л. Славова (1988 :254-257). На палеографските, фонетските и морфолошките особености на ракописот се посветени трудовите на Георгиевски (1971 :87-100, 1972 :45-53, 1977 :135-147).

Кратовското евангелие има скромна, но мошне карактеристична орнаментика, со зачувани знаменца во вид на лента со црвени букви и зелена основа – тип на македонски орнамент од XII-XIII век.

Правописот е едноеров и се поврзува со дејноста на Кратовската книжевна школа. Едноеровиот правопис со малиот ер е карактеристичен пред сѐ за ракописите од Кратовската школа, иако не е ограничен само на нив и се јавува и кај други постари и помлади македонски ракописи од разни препишувачки центри, како што се на пр. Добромировото евангелие, Радомировото евангелие, Струмичкиот и Вранешничкиот апостол, Радомировиот псалтир, Лесновскиот паренезис, Битолскиот триод и др. Кратовското евангелие има и честа вокализација на малиот ер.

Георгиевски го прифаќа Мошиновото мислење дека ракописот претставува препис од мошне стара предлошка од охридската средина, засновано меѓу другото врз замената на ѧ со ѫ во јотувани позиции, што е карактеристична за Охридската книжевна школа. Мешањето на носовките не е одраз на говорната состојба во северномакедонските дијалекти, но оваа појава сепак ја наоѓаме и во ракописите од овие подачја што се препишани во текот на XIII и XIV век (на пр. и во Вранешничкиот апостол), а се наложува преку авторитетното влијание на Охридската книжевна школа.

Во однос на процесот на деназализација што, како што е познато, најрано ги зафатил северномакедонските говори каде бил веќе завршен кон XI век (сп. Конески, 1956 :21) во ракописот регистрираме честа замена на оу, ю за ѫ, ѭ: боуди, коупѣли, отъпоуштю, соупроугь, тоуча, а има и голем број примери во кои место ѧ се пишува є и обратно, во прилог на замената ѧ > є: притєжѫ, научєша, плєсастє и др.

Важна особеност на ракописот е и гласовното изедначување на и и ъı манифестирано преку бројните примери на нивна меѓусебна замена.

Наспроти помладите евангелски ракописи од XII-XIII век Кратовското евангелие се одликува и со примерите со редуплицирано -нн- главно во пасивните партиципни форми и во придавските форми: ꙁванныи, иꙁьбранны, нєсєнноу, плѣнєнны, єдинного и др.

Фонетско-правописните особености на северномакедонските ракописи од XIII-XIV век, па во тој контекст и на Кратовското евангелие, според анализата на Бицевска (2000 :187-195) се резултат на засилените контакти на јужнословенските редакции во овој период, од една страна, и авторитативното влијание на Охридскиот книжевен центар, од друга страна. Во ракописите од северна Македонија се издиференцирани повеќе слоеви и особености како: правописни и фонетски особености на препишувачката школа (пр. ѫ > оу), надоврзувањето на традицијата (мешањето на носовките, преминот ъ > о, употребата на ѣ во иницијална и поствокална позиција и зад л´, р´, н´, с´, групата -сц- пред ѣ и и), установувањето на траги од блиски или подалечни предлошки (замените ѫ > а, ѣ > є, пишувањето ѣ зад непарни меки согласки, пишувањето –чѫ-, како и ца, ѕа), говорот на препишувачот, иако строгото придржување до нормите на црковниот јазик и до оригиналот на ракописот биле пречка за реализирање на изговорните навики на пишувачот (замените ѫ > оу, графиите –шѧ, –ца, формите моа, твоа, своа), и меѓуредакциските контакти (прејотираното є, замените меѓу п и ф).

Кратовското евангелие како ракопис од средината на XIV век има спорадично бележење на акцентот. Акцентот е неподвижен и подвижен, т.е. во првиот случај не го менува местото без оглед на зголемувањето или намалувањето на слоговите во зборот, во вториот случај, паѓа на различни слогови од зборот. Акцентираните примери претставуваат потврда за одразот на народниот говор. Овие два типа акцентирање се вклопуваат во неопределениот слободен

акцентски систем карактеристичен за денешните северномакедонски говори, односно за кратовскиот и за кумановскиот говор.

Именската деклинација е расколебана, се генерализираат некои падежни наставки. Евидентна е општата тенденција за отстранување на разликите меѓу деклинациските типови, изедначувањето на меката со тврдата промена и замените на падежите. Посуштествени промени во заменската деклинација не се забележуваат.

Во однос на лексиката Кратовското евангелие го споредуваме со најстарите глаголски четвороевангелија Мариинското (Mar) и Зографското (Zogr) и со следниве македонски четвороевангелија

Добромирово евангелие[64] (Dbm) – најстаро словенско кирилско четвороевангелие од почетокот на XII век. Лексиката на Добромировото евангелие во многу случаи се совпаѓа со лексиката на најстарите евангелски текстови, а особено на Мариинското евангелие (Десподова, 1997 :109). Според Десподова (1995), односот на лексичкиот систем на Карпинското евангелие кон другите компарирани ракописи упатува на блискоста на овој ракопис и со Добромировото евангелие од почетокот на XII век: смокъвина, сѣмиѩ, съмъсльнъ итн.

Добрејшовото евангелие[65] (Dbj) – пишувано во XIII век. Според Цонев (1906) ова евангелие е пишувано во Северна Македонија, поконкретно меѓу градовите Кратово, Кочани, Штип и Велес.

Македонско четвороевангелие[66] (Mkd) – од крајот на XIV или почетокот на XV век. Според Костовска (2003 :50) во однос на лексиката ова евангелие содржи голем број лексички подновувања карактеристични за редактираните евангелски текстови. Паралелно со лексичките подновувања се задржале и низа архаични елементи својствени на

---

[64] се чува во три различни библиотеки. Поголемиот дел е сопственост на Публичната библиотека во Санкт Петербург и носи сигн. Qn I 55, два негови дела се наоѓаат во библиотеката на манастирот Св. Катарина на Синај, а два листа во Националната библиотека во Париз сигн. 65.

[65] поголемиот дел се чува во Народната библиотека во Софија под бр. 307 и помалиот дел во Народната библиотека во Белград под бр. 214

[66] сопственост на ХАЗУ, со библиотечна ознака III b7

глаголската препишувачка традиција, а се забележува и стремеж за преведување на грцизмите. Споредувањето со лексиката на Радомировото евангелие го потврдува фактот дека Македонското четвороевангелие покажува поголема блискост со полноапракосните текстови. Лексичката специфичност на ракописот се појавува преку лексемите што не се потврдени во канонските ракописи како на пр.: подъкрилиє, пръвосъньмищьновъ, ѫродъ, домовладъıка и др.

Анализата на лексиката на Кратовското евангелие овозможува изделување на архаизмите, лексичките варијанти, зборовите со ограничена употреба и дава важен материјал за проучувањето на историјата на кирилометодиевскиот евангелски превод, за расветлувањето на определени појави во развојот на црковнословенскиот лексички фонд и за историјата на македонскиот јазик. Во лексиката на ова евангелие се задржале низа архаични елементи својствени на македонската препишувачка традиција, а честа е и употребата на грцизмите.

Присутноста на архаичниот лексички слој добро е документирана и во библиските и во небиблиските ракописи, но лексичките архаизми не сведочат секогаш за старината на ракописот зашто тие не мора да бидат првобитни, туку внесени од подоцнежни препишувачи. Во Кратовското евангелие редовно се употребуваат лексемите **съньмъ** како и **съньмищє** што се сметаат за првични сп.: сьнємь J11,47, Mt26,59, Mc15,1, сп. и: на сьнмищахь и на сьборищих Mc13,9 Krat] съборѣхъ Dbm, сьньмищихь Rad; иꙁ сьньмища J12,42 Krat Dbm Jov] съборищъ Dbj Rad; сьнмищїих Mt4,23Krat исто и Mc1,23; L4,28, L4,44, L11,43; вь сьнмищє Mc1,21Krat и L7,5; сьнмищь L13,10; сьнмищи L4,20 и L4,33; сънмищоу Mt5,22Krat. За съборищє има само три потврди и тоа во Mt13,54, Mt23,34, Mc13,9. За Кратовското евангелие е карактеристична и употребата на постарата варијанта **вєлии** во однос на **вєликъ**. Сп. гласи вєлїи L23,23 Krat Krp Orb Hlud] вєликы Dbj Rad, вєликыми Mkd, вєлми Dbm; дрѣво вєлиѥ L13,19 Krat Rad Dbm Mkd] вєлико Dbj; вєликаа ꙁаповѣдь Mt22,38 Mkd Krat Hlud] больши Dbj Rad Krp, большаа Jov.

Зачестената употреба на грцизмите се објаснува со стремежот за верност кон кирилометодиевската традиција. Покрај присуството на поголем број непреведени грчки зборови:

алавастръ – алавастрь Mc14,3 Krat,

ароматъ – аромаѳи L24,1Krat,

афедронъ – афедрономь Mt15,17Krat;

алекторъ – алекторь Mc14,30 Krat,

ароматъ – аромаѳи L24,1Krat,

геена – геенѫ L12,5Krat,

гнафи Mc9,3 Krat,

коуѵтириона Mc15,45 Krat,

скынофигїа J7,2Krat,

преферирањето на грцизмот **олѣи** во однос на **масло** – елеи во Mc6,13, Mt25,3, L7,46, L10,34 итн., стремежот за замена на грцизмите е евидентен преку паралелната употреба на грцизми и домашни, словенски еквиваленти: **власвимиꙗ – хоула – хоульноглаголение:**

о власфимыи J10,33 Krat,

власфимиѫ Mt26,65 Krat,

хоулног‹лаго›ланиє Mt15,19 Krat,

хоулы L5,21Krat;

архиереи – старѣишина жьрьѵьскъ:

старѣишини жерьѵскыиѫ Mt26,3 Krat, –

архіереи Mc2,25 Krat; **газофилакиꙗ – скровище, хранилище:**

вь газофилакыѫ L21,1 Krat;

хранилища Mc12,43 Krat;

вь газофилакии J8,20 Krat.

Лексичките подновувања можат да се однесуваат на заменување на архаизмот со понова лексема, задржување на архаичниот корен, меѓутоа со понов попродуктивен афикс и самостојни лексички решенија.

Употребата на синонимите во евангелските ракописи како стилистички средства сведочи дека и во првобитниот евангелски превод коегзистирале повеќе лексички дублети. Се документираат лексички подновувања и самостојни лек-

сички решенија карактеристични за ова евангелие. Кратовското евангелие во изборот на лексемите честопати се одликува од останатите четвороевангелија. Сп.

вьврьже вь виноград Mt13,31 Krat] вьсѣа Rad Dbj Mkd, сѣꙗ Krp; **вьврьзи сѧ** вь море L17,6 Rad Krat] вьсади сѧ Dbm Krp Mkd Dbj, вьздери сѧ Jov;

не **вьз҆брани** Mt5,42 Krat] не ѿврати Rad Stm Jov Krp Mkd; **не вьзбранѣи** L6,30 Krat] истѧзаии Rad, истѧзаи Mkd Krp, вьстѧзаи Dbm;

вьлѣзи L5,4 Krat]вьниди Dbm, вьзыди Krp, виждь і ꙗди Jov, вьзѣди Mar, виждь ѣхаі Zogr, постѫпи Rad Dbj Mkd;

вьси елико J6,9Krat] селикоу народоу Dbm Dbj, селикомь народомь Rad, толикоуѧдь Jov;

дивишѧ сѧ Mc12,17 Krat Mkd] чоудишѧ сѧ Dbm Dbj Rad Mkd Mar; **дивы сѧ** L7,9 Krat] чоуди сѧ Dbm Rad Jov Mkd Mar;

домом L12,42Krat Zogr] челѣдиѫ Dbm Dbj Rad Mkd Mar, **домомь** L12,44Krat] имѣниемь Dbm Rad Mkd Mar;

единороднааго J5,44Krat]единоуѧдаго Dbj, иноуѧдааго Zogr Dbm, единааго Mar;

желанїе J8,44Krat] похоти Dbm Dbj Mar, волѫ Rad, хотѣние Jov;

сь **ковникы** Mc15,7 Krat Mar]сь подроугы Rad, сь дроужинѫ Dbm, промызгы Mkd;

меташѧ Mc12,44 Krat]вьврьгошѧ Rad Mkd Dbj, вьврьгѫ Krp, вьмѣтаѭть Dbm;

мимогрѧдыи J9,1Krat] мимоидѫ Dbm, мимоидъі Dbj Mar, мимоиде Rad, приходѧ Jov, прѣходѧ Asem;

огореуно Mc15,23Krat, ѡгорчено Mkd]размѣшено Dbm, оцтѣно Rad, оцътъно Mar, измоурно Jov;

ожени сѧ Mc12,20 Krat] поѧть женѫ Dbm Rad Mkd Mar Zogr;

изь отроуѧте Mc9,21Krat] из отроуинъі Zogr Mar Dbj Krp, из дѣтьска Dbm, из дѣтинства Mkd;

помаакжша L5,7Krat] помавахж Dbj, поманжшж Dbm Rad Jov Mar;

приставныикь L12,42 Krat] рабь Rad, строитель Mkd;

причастници Mt23,30 Krat]ѡбьщьници Rad;

прьвѣе J6,62Krat] прѣждє Dbm Dbj Rad Mar;

пьприщь J11,18 Krat] стадиї Dbm Dbj Mar, стадыи Rad;

распжтїа L14,23Krat] пжти Dbm Dbj Rad Jov Mkd Mar;

творать Mc7,4Krat]прѣаса Dbm, прѣаша Mkd, приаша Rad, приѣаса Mar, приѣаша Zogr;

троупъ L17,36Krat Dbj] тѣло Dbm Rad Mkd Mar;

трьжникомь L19,23Krat]коупцємь Dbm Mkd, пѣнажьникомъ Mar.

Еден дел од подновувањата забележани во Кратовското евангелие се совпаѓаат со подновувањата познати во споредуваните македонски евангелија **послоусѣхь** Mt18,16 Krat]свѣдѣтель Rad; **свѣдѣтель** Mt26,65 Krat Rad Jov Mkd; **свѣд‹ѣ›тельства** Mc14,63 Krat]сьвѣдѣтель Dbm Krp, свѣд‹ѣ›телїи Mkd, послоухь Rad.

Овој ракопис се одликува и со група лексеми што не се потврдени во другите компарирани македонски евангелија. Станува збор за т.н. ретки зборови: **кратистъ** – кратистє L1,3 Krat] славъныі Mar Zogr, дрьжѣвьныі Dbm Dbj Mkd; **правитєлъ** – правитєлѣ L16,1 Krat] приставьника Dbm Dbj Mkd Mar, икономa Rad, **съхраньно** – сьхранно Mc14,44 Krat]твьрьдо Dbm Rad итн.

Во однос на суфиксацијата одделни примери ја потврдуваат продуктивноста на определени зборообразувачки форманти како на пр. на суфиксот **–ова–** за образување несвршени глаголи: **оутѣсновати** L8,45 Krat, како и употребата на **-ие** за образување збирна множина **класие** Mc2,23 Krat, **грозгдие** Mt7,16 Krat, **снопие** Mt13,30 Krat, **дрѣвие** Mt21,8 Krat, што има поинтензивна употреба во македонските ракописи веќе од XII-XIII век.

Карактеристични иновации од областа на зборообразувањето се документираат со промени во фреквенцијата и дистрибуцијата на одделни префикси. Сп.

ѹбоашѫ сѧ Mc4,41 Mkd Krat ‖ възбоѣшѫ сѧ Mar Dbm Rad;

поѵщъ Mc15,37 Krat Dbj ‖ испоѵщь Dbm Mkd, ѿпоѵщь Rad;

бышѫ низьринѫли L4,29 Krat Mkd ‖ изринѫли Rad, сьринѫли Dbm, сринѫть Dbj;

подложѫ L20,43 Krat ‖ положѫ Rad;

притъкнѫти L4,11 Krat ‖ прѣтькьнеши Rad;

вѣмь Mc14,68Krat ‖ сьвѣмь Dbm Rad Mar;

прѣтворити – прѣтвори J4,46 Krat ‖ с͡ьтвори Dbm Dbj;

Притоа карактеристично е што Кратовското евангелие често има самостојни решенија во однос на другите:

блажнѣхѫ сѧ Mc6,3 Krat ‖ сьблажнѣхѫ сѧ Rad, съблажнѣахѫ сѧ Dbm Dbj Krp Mkd

испльнит сѧ L14,23Krat ‖ наплькить сѧ Mar Dbm Dbj Rad Jov;

исцѣлити Mc3,15 Krat ‖ цѣліти Dbm Mar Rad,

омывь сѧ J9,11 Krat ‖ оумыхь сѧ Dbm Rad Jov Zogr Mar,

прѣкратиль Mc13,20 Krat ‖ сьтратиль Dbm Rad Mkd,

прѣломи L9,16Krat ‖ съломи Mar Rad, сьломь Dbm,

сьходать L21,21Krat ‖ исходать Mar Dbm Dbj Rad;

Укажувајќи дека е многу тешко да се изврши хронолошка или територијална определба на настанувањето на префиксните варијанти Десподова (1997 :179) врз основа на анализата на префиксните лексички варијанти во македонските средновековни евангелија констатира дека најголема сличност во употребата на префиксот се покажува помеѓу Радомировото (кое има и најмногу индивидуални решенија) и Кратовското, односно Добромировото и Добрејшовото евангелие, како и помеѓу Евангелието на поп Јована и Македонското четвороевангелие.

Врз основа на лексичката анализа на Радомировото евангелие Рибарова (1988 :78) укажува дека тоа има заеднички лексички и зборообразувачки иновации со Добромировото и Добрејшовото евангелие, а со Кратовското

евангелие го зближуваат пред сé подновувањата во областа на зборообразувањето.

Изразита е присутноста на помладиот слој на префиксираните глаголи и почестата употреба на глаголите со два префикса сп. **прѣвьꙁноситє** L12,49 Krat] вьꙁьноситє Dbm Dbj Rad Mkd; но **свѣдѣтєльствоѹѫть** L16,28Krat] ꙁасьвѣдѣтєльствоѹєть Dbm, ꙁасвѣдѣтєльствоѹѫть Jov Mkd, исвѣдѣтєльствоѹѧть Rad.

Покрај варирањето при изборот на префиксите, се јавува и варирањето на глаголскиот вид: **пролиєт сѧ** L5,37Krat] пролѣѥть сє Dbm Rad Mar, иꙁлѣєт сѧ Mkd; **настаєть** Mc4,29 Krat]настоить Rad. Оваа појава се следи и кај други жанровски сродни ракописи. На пр., голем број разлики помеѓу Погодиновиот и Болоњскиот псалтир се однесуваат на варирањето на глаголскиот вид и на префиксите.

Во врска со употребата на сложенките Кратовското евангелие главно се вклопува во општата состојба во македонските евангелски ракописи: благовѣщєниє, иноѧꙁыѵьникъ, лихоиманиє, маломощьнъ, мимогрѧсти, мъıтоємьць итн., а се одликува со употребата на **хоѹльноглаголаниє** – хоѹлⷮног‹лаго›ланиє Mt15,19.

Можеме да заклучиме дека лексиката на Кратовското евангелие, чува бројни архаични лексеми, познати од најстарите глаголски споменици, а добро е сочуван и слојот на старите грцизми. Присутноста на овие лексеми укажува дека препишувачот се служел со многу архаична предлошка. Лексичката специфичност на ова евангелие во однос на другите евангелија е во тоа што бележи извесни лексички и зборообразувачки разлики и промени во дистрибуцијата на зборообразувачките форманти и честопати има единствени решенија во однос на останатите.

Литература

Алтбауер М., 1973: *Добромирово еванг̄елие, кирилски сп̄оменик од XII век*, Скопје 1973

Бицевска К., 2000: *Правоп̄исни и фонет̄ски особеност̄и во ракоп̄исит̄е од северна Македонија од XIII и XIV век*, Скопје 2000

Воскресенскій Г. А, 1896: *Характеристическія черты четырехъ редакцій славянскаго перевода Евангелія отъ Марка по сто двѣнадцати рукописямь Евангелія XI-XVI вв,* VIII+304,8, Москва 1896

Vrana J., 1960: *O tipovima, redakcijama i međusobnom odnosu staroslovjenskih evanđelja,* Slavia XXVI, 3, Praha 1957 :321-336; XXIX, 4, Praha 1960 :552-571

Vrana J., 1985: *Postanak i evolucija teksta staroslavenskih duljih evanđelistara,* Slovo 35, Zagreb 1985 :57-76

Георгиевски Г., 1971: *Кратовско евангелие. Палеографски и фонетски приказ*. МЈ XXII, Скопје 1971 :87-100

Георгиевски Г., 1972: *Акцентските знаци и местото на акцентот во Кратовско евангелие*, МЈ XXIII, Скопје 1972 :45-53

Георгиевски Г., 1977: *Поглед врз морфологијата на Кратовското евангелие*, Македонистика, 1, Скопје 1977 :135-147

Десподова В., 1997: *Лексичката специфичност на македонската јазична редакција,* МЈ XXV, Скопје 1974 :280-285, Студии за македонската средновековна лексика, Скопје 1997 :111-118

Десподова В., 1977: *Лексиката на Добромировото евангелие,* Македонистика 1, Скопје 1977 :5-96

Десподова В., 1982: *Префиксни лексички варијанти во македонските средновековни евангелија,*МЈ XXXII-XXXIII, Скопје 1982 :187-192

Десподова В., 1988: *Архаизмите и неологизмите во лексиката на Карпинското евангелие*, Кирило-методиевскиот (старословенскиот) период и кирило-методиевската традиција во Македонија, Скопје 1988 :35-42

Десподова В., Славова Л., 1988: *Македонски средновековни ракописи*, I, Прилеп 1988

Десподова В. (ред.), Бицевска К., Пандев Д., Митревски Љ, 1995: *Карпинско евангелие,* Прилеп-Скопје 1995

Десподова В., 1997: *Студии за македонската средновековна лексика*, Скопје 1997

Конески Бл., 1956: *Вранешнички апостол*, Скопје 1956

Конески Бл., 1976: *Белешки за Добромировото евангелие*, Прилози на МАНУ, I, 1-2, Скопје 1976

Костовска В., 2004: *Македонското четвороевангелие*, Стари текстови, VIII, Скопје 2004

Мошин Вл., Славова Л., Кроневска С., Јакимова Ј., 1971: *Словенски ракописи во Македонија*, I-II, Скопје 1971

Поп-Атанасов Ѓ., 1989: *Речник на старата македонска литература* Скопје 1989

Рибарова З., 1978: *Прилог кон карактеристиката на речничкиот фонд на македонските евангелски и апостолски текстови,* МЈ XXIX, Скопје 1978 :105-110

Рибарова З., 1984: *Карпинското евангелие*, Културен живот 29, кн.6, Скопје 1984 : 24-26.

Рибарова З., Угринова-Скаловска Р., 1988: *Радомирово евангелие*, Скопје 1988

Рибарова З., 1991: *Лексикаѿа на македонскиѿе библиски ѿексѿови,* Предавања на XXIII Семинар ..., Скопје 1991 :177-183

Рибарова З., 1997: *За некои лексички сѿецифичносѿи на Радомировоѿо евангелие,* Зб. во чест на Р. Угринова-Скаловска ..., Скопје 1997 :237-246

Угринова-Скаловска Р., Десподова В., 1992: *Добромирово евангелие II*, Скопје - Прилеп 1992

Horálek K., 1954: *Evangeliáre a čtveroevangelia*, Praha 1954

Цейтлин Р.М., 1982: *Из наблюдений над лексикой Добромирова евангелия,* язык и письменность среднеболгарского периода, Москва 1982

Цонев Б., 1906: *Добрейшово чѿвороевангеле, Средно-български ѿамеѿник оѿ XIII век,* Български старини I, София 1906

Катица ТРАЈКОВА

ЛЕКСИЧКИТЕ ЗАЕМКИ ВО КАТЕГОРИЈАТА НАЗИВИ НА ОРУДИЈА (СРЕДСТВА) ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈСТВА

Називите на орудија (средства) за вршење дејства во црковнословенските ракописи нудат можност за анализа од различни аспекти, лексичко-семантички, граматичко-структурен, потоа за анализа на дериватите според нивната намена или според нивното потекло. При тоа се овозможува прикажување на дериваciските модели, следење на иновациите во деривацијата, следење на продуктивноста на одделни зборообразувачки форманти и согледување на стилската диференцијација кај овие деривати. Истовремено може да се изделат лексичките и зборообразувачките варијанти, а исто така да се прецизира нивната семантика којашто произлегува од нивната поконкретна намена. За оваа категорија деривати ја прифаќаме парафразата *тоа со што се извршува даденото дејство* и *тоа што служи за извршување на дејството, или со чија помош се извршува даденото дејство*. Ваквата парафраза дава можност за nomina instrumenti да ги сметаме, покрај предметите со кои се врши определено дејство и предметите кои не се во буквална смисла имиња на инструменти, но како предмети непосредно се поврзани со извршувањето на дејството. Според тоа оваа категорија ја сочинуваат: *имиња на направи, орудија и алати* (на пр. лопата, млатъ, соулига), *садови и покуќнина* (на пр. стомна, кръчагъ, свѣтильникъ), *потрошен материјал* (на пр. масть, змурьна), *оружје* (на пр. копиє, стрѣла), *музички инструменти* (на пр. тръба, самъбоукии) и *превозни средства и нивните делови* (на пр. арма, колєсьница).

Предмет на анализа во овој реферат претставуваат лексичките заемки во категоријата *називи на орудија (средства) за вршење дејства*. При анализата не навлегуваме во детални

истражувања во однос на тоа дали определена заемка е првобитна или не, а не се задржуваме ниту на начинот на нивната адаптација. Лексемите ги наведуваме во форма како што ги среќаваме во *Индексот кон речникот на македонските библиски ракописи* и во *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*. Сите примери се ексцерпирани од картотеката на Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик која содржи 29 ракописи со библиска и небиблиска содржина. Ракописите потекнуваат од различни средновековни културни центри, меѓу кои, особено се истакнуваат Охридскиот и Кратовскиот книжевен центар. Овие текстови се претежно со религиозно-христијанска содржина, но сепак, според жанровската структура се карактеризираат со богата разновидност. Покрај библиските текстови коишто претставуваат основа врз којашто се изградил јазичниот израз на средновековната писменост, се опфатени и небиблиските ракописи, и тоа, пред сè, триодот, минејот, коментарот кон псалтирот, житијата од прологот, поучните слова од Ефрем Сирин од паренезисот и словата на Јован Дамаскин (РЦЈМ, св. 1, 45-49).

Лексичките единици кои во славистичката наука се познати како грцизми, латинизми, протобугаризми, семитизми се составен дел од лексиката на црковнословенските ракописи. Нивната присутност укажува на фактот дека старословенскиот јазик имал потреба да позајмува одредени термини или поими затоа што преведувачите не наоѓале соодветни еквиваленти од словенските наречја на коишто ги правеле преводите. Позајмувањето најчесто се вршело директно од грчкиот јазик, или пак тој имал улога на јазик посредник при позајмувањето. Ова е сосем разбирливо затоа што при преводот на Библијата на грчки, а потоа на словенски, дошло до навлегување на лексеми од семитските јазици во старословенските писмени споменици, претежно во областа на ономастичката лексика. Грчкото влијание е најсилно изразено во областа на лексиката (вклучувајќи ги зборообразувањето и лексичката семантика) и во областа на синтаксата. Грчкиот јазик врз збогатувањето на старословенската лексика влијаел на три начини (Вечерка 1997; Десподова 1983). Прво, преку заемки кои се примени директно од грчкиот јазик или со негово посредство. Тоа се, пред сè, христијански и црковни термини и чинови на црковни служители, називи на воени и граѓански служби и должности, како и на други професии, називи на монети, парични единици, единици мерки,

називи на животни, инсекти, растенија; географски и етнички називи како и називи на предмети поврзани со битот и култот. Вториот начин е калкирањето, т.е. образување на нови зборови по аналогија на грчките обрасци со помош на соодветни домашни компоненти. Третиот начин е семантичкото калкирање, што всушност претставува семантичка адаптација на домашните зборови според изворните грчки зборови. Ова семантичко калкирање најчесто се применува кај зборови со апстрактна содржина и со терминолошко значење.

При контактот на словенскиот народ со другите културни средини кој доаѓал по директен или индиректен пат, се инфилтрирале лексички единици познати како латинизми, протобугаризми и германизми. Латинските заемки се прифатени или директно од балканскиот латински или преку грчкиот јазик, а некои навлегле при преводот на богослужбените книги во Велика Моравија (Кирило-методиевска енциклопедия 1995, 502). Германските заемки се од различно временско или територијално потекло. Најстариот слој германизми во јазикот на Словените се јавува уште во нивната прататковина, додека слојот од т.н. балканско-готски заемки е преземен од готското население што живеело на Балканот. Во текот на Моравската мисија навлегол третиот слој од германизми кој станува составен дел од лексиката на старословенските ракописи (Десподова 1997, 233; Кирило-методиевска енциклопедија 1987, 468).

Во текстовите се среќаваат и лексеми од турско-татарско потекло засведочени уште во речничкиот состав на првите преводи на грчките црковни книги на словенски јазик. Присуството на протобугаризмите во славистиката се поврзува со присуството на Аспаруховите Бугари коишто живееле на територијата на солунско (Љвов 1973, 211; Кирило-методиевска енциклопедия 2003, 244).

Понов слој од туѓа лексика претставуваат турцизмите. Тие најчесто се среќаваат во јазикот на дамаскините коишто во јазичен поглед се разликуваат од претходната литература. Нашите примери се ексцерпирани од Крнинскиот дамаскин, ракопис од крајот на 16 век.

За илустрација ќе наведеме по неколку примери од сите лексички наслојки што се среќаваат низ текстовите.

Грцизми:

дикель *'двозаба мотика'* нгрч. δικέλλι, δικέλιον: и възеше дикелїе и ископаше и потωм даше ємꙋ и ѿ водꙋ ωнꙋ пить 245r10Krn; **мѵро** *'миро'* грч. μύρον: миромь помазань быс‹ть› 294r4Stan; **нардъ** *'миро'* грч. νάρδος: и приде жена имѧщи стъклѣницѫ мѵра· нарда пистикыѧ Mc14,10Mkd; **пелька** *'секира со две острици'* πελέκι: и назнаменоѵеть ꙗкоже съ пелкою сѣчеше дрѣвїе 34v3Krn; **соѵнъфониа** *'вид гајда'* грч. συμφωνία: въ нъже годъ да оуслъішите глас‹а› трѫбꙗ· соѵрънъсцѣ же и гѫслемъ· самъбꙋкиі же и прꙗгѫдніци· и соѵнъфониі Dn3,5Grig; **соѵрига** *'флејта'* грч. σύριγξ: и быс‹т› егда ꙋслъішашѫ вси людие глась трѫбѣ и сꙋризѣ же и гѫслемь Dn3,7Orb.

Латинизми:

батри *'сандаче'* лат. batrix, batus: ωвы оубо строꙗше дѣлати и хранити села и плоды ωвы же вь батрихь заклюѵити 158v10Stan; **скѫдѣлъ** *'цреп'* лат. лат. scandula (грч. *ὄστρακον, οἱ κέραμοι)*: твръда сѫтъ ꙗко желѣзо не схранъше же жидове скроѵшишѫ сѧ ꙗко скѫделъ непотрѣбъни comPs2,9 Bon. **скринѣ** *'ковчег'* лат. scrinium (грч. κιβωτός): дас‹т› ꙗемоѵ просившоѵ пот‹ом› ·г҃· и третиѥ дроѵгыꙗ дондеже истощи сѫще и издасть скринѫ злат‹а› иже вь моностыри бывь с‹вѧти›т‹е›ль 162v20Stan.

Германизми:

блюдо *'плитка чинија, паница'* (од герм., пред се од гот. biuþs, ген. biudis *'маса'*, Трубачов 2, 134); грч. πίναξ: даждь ми р‹е›ѵе на блюдѣ главѫ иωана крьст‹ите›лѣ Mt14,8 Rad; ꙗко ωѵищаете вьнѣшнее стьклѣници и блюдоѵ Mt23,25Mkd; **брадъі** *'брадва, секира'* (старо заемање од герм. *bardo, Фасмер 1, 205); грч. σκέπαρνον: изби всѣмь голѣни брадвами ωви ωт нихь оумрѣшѫ 269r7Stan; и се сотона брадвѫ дрьжѫ наѵѧть прокопавати

стѣнѫ 106v11Les; **кѫбьлъ** *'ведро'* (ствнем. *kubil- Трубачов 13, 172); грч. μόδιος: ты же колицѣми длъжень еси ѡн же реуе стомь кобломъ пшеницѫ 83v31 Krp.

Протобугаризми:

бѣльуоугъ *'обрач'* (тур.османски *bilčük, *bilčik, чагатајски biläzik *'бразлетна'*, Фасмер 1,150); грч. κρίκος: ни аще свиеши ꙗко и белуꙋгь выѫ твоѫ врѣтище и пепель постелеши ни тако нареуете поста и д‹ь›не приѫтна г‹осподо›мь Is58,5 Orb; **тикръ** *'огледало'* (каз. tögürök *'кружен'* монг. tögürük, Фасмер, IV, 57); грч. ἐσοπτρον: ꙗкоже бо в тикрѣ видит кто свои образъ comPs38,7Bon.

Турцизми:

кесе *'кесе'* тур. kese, (грч. σακκίον, πουγγίον): и прѣдаси его ради да прѣѡбрѣщеши аспры нь ради неимѣнїа твоего и ты имаши кесе ап‹о›с‹то›льское 81r9Krn; нъ тъи ношаше кесе х‹ристо›во 72v12Krn; **тоꙗга** *'ластегарка, стап'* (тур.тат. tajak, тур. dajak, монг. tajag, tajaga, Фасмер 3, 91): да носите съпогы на ногь ваше и тоагє въ рꙋкаѫ вашиѫ 108v19Krn.

Имајќи го предвид целокупниот ексцерпиран материјал (што овде не можеме во целост да го прикажеме) забележавме дека дел од лексичките заемки во категоријата nomina instrumenti претставуваат единствено средство за номинација на предметот, а дел од нив имаат свои словенски еквиваленти. На тој начин се јавуваат лексички дублети и синоними.

Жуковска (1964, 6), проучувајќи ја лексиката на старословенскиот јазик го употребува терминот лексичка варијанта. Под овој термин подразбира два или повеќе збора истоветни или блиски по значење кои заемно се заменуваат во разните словенски текстови на еден ист споменик. Класификацијата на лексичките варијанти Жуковска ја врши од различни аспекти. Од гледна точка на потеклото разликува грцизми и соодветни словенски паралели, или пак чисто словенски парови. Од гледна точка на системот на старословенскиот и црковнословенскиот јазик изделува варијанти изведени од ист корен

но со различни зборообразувачки форманти; потоа, истокоренски образувања кои се разликуваат во граматичка смисла; или лексички варијанти од различни словенски корени и варијанти што се разликуваат не само лексички туку и според морфолошката припадност.

Според Цејтлин (1977, 45–54) во црковнословенските споменици се среќаваат текстолошки и лексички дублети. Текстолошки дублети се оние кои еден грчки збор во даден контекст во еден ракопис различно го интерпретираат независно од тоа дали имаат исто значење. Лексички дублети, пак, се зборови кои имаат различен корен но исто значење. Обично текстолошките дублети истовремено претставуваат и лексички дублети. Тие претставуваат разновидност на лексички план за еден грчки семантички еквивалент. Цејтлин го посочува и терминот лексички варијанти којшто опфаќа истокоренски зборови кои се разликуваат фонетски, добиени како резултат на различните фонетски промени, и зборообразувачки добиени како резултат на можноста еден корен да се поврзе со различни зборообразувачки суфикси. Синонимите пак, се зборови кои се блиски според своето значење. Во нашиов реферат ги користиме термините дублети и синоними, под што подразбираме две или повеќе лексеми кои именуваат исти или слични семантички содржини. Разбирливо е дека тука синонимите ги разгледуваме од гледна точка на потеклото. Па според тоа изделуваме:

а) дублети и синоними каде што грцизмот е преведен со една или повеќе словенски лексеми: **олѣи–масло–масть** *'масло'* грч. ἔλαιον; **триволь–солило** *'чинија'* грч. τρυβλίον; **алабастръ–стьклѣница** *'чаша'* грч. ἀλάβαστρον; **самъбоукии–цѣвьница** *'цитра'* грч. σαμβύκη; **пира–врѣтище–мѣхъ–възлагалище** *'го.лема торба, вреќа'* грч. πήρα; **псалтъирь–прѣгѫдьница** *'псалтир, музички инструмент'* грч. ψαλτήριον; **анкира–котъка** *'котва'* грч. ἄγκυρα; **сѫга–свангаръ–гѫба** *'сунѓер'* грч. σπόγγος; **газофилакиꙗ–съкровище** *'црковна каса'* грч. γαζοφυλάκιον; **кратирь–чаша** *'чаша'* грч. κρατήρ; **иго–ꙗрьмъ** *'јарем'* грч. ζυγός; **армено–вѣтрило** *'едро'* грч. ἄρμενον; **ламьбада–свѣща** грч. λαμπάδα, **малаки–мала кошьница** грч. μαλάκια, **хризма–помазание** грч. μύρον.

б) дублети со латинизми и словенски еквиваленти: **батри-скѫдѣльникъ-зьдѣница** *'глинен сад'*, **скала-лѣствица** *'скала'*.

в) дублети со протобугарски наспроти словенски лексеми **тикръ-зрьцало** *'огледало'*; **бѣльѵоугъ-крѫгъ** *'обрач'*.

г) синонимна низа од словенски-грчки-латински еквивалент: **секѵира-пелька-брадѵі** *'секира'* грч. πελέκι.

д) дублети и синоними каде што не се среќава словенски еквивалент: германизам - латинизам, **блюдо- миса** *'табла, плитка чинија'*; грцизам-протобугаризам-латинизам: **кивотъ-кивоуръ-ковьѵегъ-скринѣ** *'ковчег'*; дублети со грцизми: **алои-ливанъ, муро-нардъ, тоувла-плинъта.**

Анализата на лексичките заемки во категоријата називи на орудија (средства) за вршење дејства потврдува дека во ракописите се среќаваат голем број заемки. Примерите покажуваат дека повеќето лексички заемки имаат словенски еквиваленти, но има и примери каде што воопшто не се среќава словенски еквивалент, туку номинацијата на предметот се врши само со заемката, а во рамките на заемањето се среќаваат дублети и синоними. Најмногубројни се грцизмите, што се должи на фактот дека првите библиски книги биле преведени од грчки јазик на словенски. Најмалкубројни се заемките од турскиот јазик. Сретнавме само две евидентирани од Крнинскиот дамаскин (тоѩга и кесе), што е разбирливо зашто дамаскинот е ракопис кој датира од подоцнежен временски период.

Литература

Аргировски М., *Грцизмите во македонскиот јазик,* Скопје 1998.

БЕР: *Български етимологичен речник,* I, II, III, IV, V, VI, 1971, 1979, 1986,1995, 1999,2002, София.

Вечерка 1997: *The influence of Greek on Old Church Slavonic*, Byzantinoslavica LVIII, 2, Prague, стр. 363-386.

Десподова 1983: *Лексичкото и семантичкото влијание на грчкиот јазик во македонските библиски ракописи*, MJ XXXIV, Скопје, стр. 157-165.

Десподова 1997: *Германизмите во старите словенски ракописи,* Студии за македонската средновековна лексика, Скопје.

Жуковска 1964: *Лексические варианты в древних славянских рукописях,* Исследования по исторической лексикологии древнерусского языка, Москва, стр. 5-17.

Илиевски П., *Крнински дамаскин,* Стари текстови Ш, Скопје 1972. *Индекс кон речникот на македонските библиски ракописи,* Македонистика 4, Скопје 1985.

Кирило-методиевска енциклопедия, т. 1, 1985; т. 2, 1995; т. 3, 2003; т. 4, 2003; София.

Лвов: 1973: *Иноязычние влияния в лексике памятников старославянской письменности,* Славянское языкознание, VII международный съезд славистов, Варшава, август.

Miklosich F., *Lexicon palaeoslovenico-graeco-latinum,* Wiena 1963.

Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања, I, II, III, 1961,1965,1966, Скопје.

Речник на грчко-црковнословенски лексички паралели, ред. Мито Аргировски, Скопје 2003.

РЦЈМ: *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција,* св. 1, 2, Скопје 2000; св. 3,4, Скопје 2001; св. 5, Скопје 2003.

Senc S., *Grčko-hrvatski rječnik,* Zagreb 1988.

Slovnik jazyka staroslověnského, Praha 1966, 1973, 1982, itn.

Скок П., *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskago jezika,* I, II, III, IV, 1971, 1972, 1973, 1974, Zagreb.

Срезневский И.И., *Материалы для словаря древне-русскаго языка по письменнымъ памятникамъ,* I, II, III, 1893, 1895, 1903, Санктпетербургъ.

Старословенско-македонски речник со грчки паралели, ред. Десподова В., Прилеп-Скопје 1999.

Трубачов 2, 13: *Этимологический словарь славянских языков,* Москва 1975,1987.

Фасмер: *Этимологический словарь руского языка,* I, П, III, IV, Москва 1967.

Цејтлин 1977: *Лексика старославянского языка. Опыт анализа мотивированных слов по данным древнеболгарских рукописей X-XI вв.*, Москва.

Škaljić A., *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku,* Sarajevo 1965.

Кратенки на ракописи

Stm - Стаматово евангелие (XIII в.), Jov - Евангелие на поп Јован (XIII в.), Krat; -Кратовско евангелие (ХГУв.), Mkd - Македонско загрепско четвороевангелие (крај XIV - поч. XV в.), Ohr- Охридски апостол (XII в.), S1ep - Слепченски апостол (XII в.), Str - Струмички (македонски) апостол (XII в.), Vran -Вранешнички апостол (XIII в.), Кагр - Карпински апостол (XIV в.), Verk -Верковичев апостол (XIV в.), Bon- Болоњски псалтир (XIII в.), Pog - Погодинов псалтир (XIII в.), Хесихиев коментар кон псалтирот (comPsalt), Grig-Григоровичев паримејник (крај XII - поч. XIII), Bit - Битолски триод (XII в.), Zag -Загрепски триод (XIII в.), Orb - Орбелски триод (XIII в.), Vtš - Ваташки минеј (1453г.), Stan - Станиславов пролог (1330г.), Les - Лесновски паренезис (1353г.), Krn- Крнински дамаскин (XVI в.).

Наталија АНДРИЈЕВСКА

НАЗИВИ НА ДЕЈСТВА (NOMINA ACTIONIS) ВО КРНИНСКИОТ ДАМАСКИН

Крнинскиот дамаскин, како што е познато, претставува превод, односно препис, на 20 од вкупно 36-те опширни слова од зборникот Θησαυρός напишан од Дамаскин Студит на новогрчки јазик, а од 1557 година многупати преведуван и препишуван кај балканските народи, и особено раширен кај јужнословенското и романското население (Илиевски 1972: 24–30). Во својата обемна монографија посветена на Крнинскиот дамаскин Илиевски (1972: 31–35) заклучува дека првиот словенски превод на Дамаскиновиот зборник е извршен во Македонија од епископот Григориј Пелагониски помеѓу 1560 и 1580 година. Преписот претставен во Крнинскиот дамаскин, пак, настанал малку подоцна, во периодот помеѓу 1580 и 1610 година (Илиевски 1972: 84). Со својата религиозно-поучна содржина, богата со црковни проповеди и практични поуки од морален карактер, како и со својот црковнословенски јазик во кој се присутни повеќе елементи од народните говори, Крнинскиот дамаскин го заслужува вниманието на книжевниците и лингвистите.

Предмет на интерес во ова изложување претставува зборообразувачката категорија што ги опфаќа називите на дејства (nomina actionis) што се среќаваат во Крнинскиот дамаскин.

Во теоријата на зборообразувањето дериватите кај кои формантот има граматичка (синтаксичка) функција, т.е. мотивирачкиот збор го преобразува во именка припаѓаат на т.н. транспозициони категории (Конески К. 1995: 37), каде што, всушност, се вбројува и зборообразувачката категорија називи на дејства. Нивната семантика не се менува во однос на семантиката на мотивирачкиот збор, туку истото значење од мотивирачкиот глагол се изразува во изведената именка.

Во Крнинскиот дамаскин, како и воопшто во старословенскиот, односно во црковнословенскиот јазик, нај-

застапен формант за образување на називи на дејства е суфиксот -(є)ниє. Познато е дека со него во старословенскиот јазик можеле да се образуваат глаголски именки без оглед на тоа дали глаголот е свршен или несвршен, преоден или непреоден (Мейе 1951: 288; Вайан 1952: 277). Всушност, станува збор за прасловенскиот суфикс *-ьје, додека, пак, формантот -н-, односно -єн- доаѓа од пасивниот партицип на претеритот. Дистрибуцијата на формантите -н- и -єн- е соодветна со нивната распределба во партиципите: имено, -н- се јавува при глаголите со инфинитивна основа на -а- или -ѣ- од коренот, а -єн- кога инфинитивната основа претставува корен на консонант, потоа кај глаголите со основа на -нѫ-, како и кај оние со тематски вокал -и- во инфинитивот (Варбот 1969: 94; Угринова-Скаловска 1987: 106). Од многубројните примери во Крнинскиот дамаскин ќе издвоиме неколку што не се среќаваат во материјалот од канонските текстови: баѭниє „баење, вражање“, възрастениє „растење, нараснување“, възображениє „(историско) опишување“, възтєнаниє „стенкање“, гласениє „огласување“, гостениє „гостење, гоштавање“, изображениє „опишување, прикажување, сликање“, китєниє „китење“, метаниє „фрлање“, оплъваниє „плукање“, подъложениє „покорување“, подъсмиѭниє „потсмевање, потсмев“, помьнѣниє „сеќавање, спомнување, припомнување“, пописаниє „зографисање, цртање на црквата“, потрѣбленениє „истребување, уништување“, привълаганиє „наклеветување, лажно обвинување“, провождениє „помин, живеење“, прѣмѣщениє „преместување, измена, промена“, прѣсѣчениє „пресечување, отсечување“, прѣхождениє „преминување, преместување“, расхъіщениє „разграбување, грабеж“, оударениє „удирање“, оуражденіє „уредување“, хранениє „чување, пазење“. Многуте случаи на образување именки на -(є)ниє од непреодни глаголи, од коишто, всушност, не постојат пасивни партиципи на претеритот, сведочат за оформувањето на овој суфикс по пат на преразложување, најверојатно, уште во прасловенскиот период од јазичниот развој (Варбот 1969: 94–95). Во Крнинскиот дамаскин се среќаваат повеќе примери од овој вид:

блистаніє „блесок“, бѣжаніє „бегање, бег, бегство“, въскликновеніє „восклик“, дрѣманіє „дремеж, дремка“, дꙋновеніє „дувнување, дување“, млъꙋаніє „молчење, молк“, намисаніє „намигнување“, паденіє „пад, паѓање“, плаваніє „пловење“, стенаніє „стенкање“, трꙋꙋаніє „трчање“, тъщаніє „брзање, брзина, ревност“. Варбот, исто така, како потврда за самостојноста на овој суфикс го наведува фактот дека постојат именки на -(є)ніє коишто се во сооднос со глаголи чијшто пасивен партицип на претеритот се образува со помош на формантот -т-, а не со -н- или -єн-, какви што се, на пример, во Крнинскиот дамаскин: кльнєніє „колнење, клетва“ наспроти клѧтъ, пѣніє „песна, пеење“ наспроти пѣтъ (покрај евидентираната сложенка маслопѣтиє), како и пѣснопѣніє „(песнопение), песна, пеење“ (во Лесновскиот паренезис уште и жьнєніє наспроти жѧтъ, а во Хлудовиот триод простьрєніє наспроти простьртъ).

Помал број глаголи имаат пасивен партицип на претеритот образуван со формантот -т-. Имено, тоа се глаголите со едносложна инфинитивна основа еднаква со коренот и која завршува на вокал, како и глаголите со основа на носен консонант или на *р* (Угринова-Скаловска 1987: 106). Со оглед на ова, и во анализираниот материјал се среќаваат значително помал број називи на дејства со суфиксот -тиє, од кои во канонските текстови не се регистрирани: мъногопитиє „многу пиење, препивање“, опитиє „опивање“, проклѧтиє „проклетство, клетва, (ужасна мака, несреќа)“, събъітиє „случување, настан, (несреќа, несреќна) случка“. Примерите од типот на последниов се врзуваат со одглаголските именки на -ть од кои со присоединување на суфиксот -иє се образуваат нови именки, на пример од забъіть – забъітиє, од дать – датиє и сл. (Варбот 1969: 95). Именките, пак, како ѭстиє „јадење, храна“, а во Крнинскиот дамаскин и сложенката мъногоѭстиє „многу јадење, прејадување“, коишто се во врска со глаголи чијшто пасивен партицип на претеритот се образува со формантот -єн-, иако се малобројни, Варбот (1969: 96) ги зема како сведоштво за изделувањето на суфиксот -тиє.

Други суфикси значително поретко учествуваат во образувањето на називите на дејства. Од нив, како продуктивен во црковнословенскиот период од развојот на јазикот и во времето на пишувањето на Крнинскиот дамаскин, би требало да се спомене суфиксот -ьба, што подоцна одиграл извесна улога и во создавањето на речникот на современиот македонски литературен јазик (Конески Бл. 1981: 211–212). Од десетината именки во Крнинскиот дамаскин што го содржат овој суфикс, во материјалот од канонските текстови не се среќаваат борьба „борба, борење (игра)“ и крадьба „кражба, крадење“, додека пак именката свирьба „свирба, свирка, свирење“ не е регистрирана во ниеден од консултираните речници на старословенскиот, односно на црковнословенскиот јазик.

Продуктивниот суфикс -ьство, особено карактеристичен за образување називи на апстрактни особини (nomina essendi), зел учество и при деривацијата на називи на дејства. Такви се именките дѣиство „дејство“, прѣлюбодѣиство „прељуба, прељубодејство, прељубочинство“, рождьство „раѓање“, съдѣиство „содејство, помош, поддршка, поткрепа“, оубииство „убиство“, чювьство „чувство, осет; сетило“, сите познати од канонскиот период. Се среќаваат и деривати образувани со проширениот формант -ьствиѥ, меѓу кои би ги споменале: дѣиствиѥ „дејство“, падьствиѥ „паѓање, смалување“, поспѣшьствиѥ „успех, (јуначко) дело“, съдѣиствиѥ „дејство, енергија, сила“, чювьствиѥ „чувство, осет; сетило“.

Ограничен број имиња на дејства се образувани и со суфиксот -ть. Сите тие се наследени од канонскиот период, што сведочи за непродуктивноста на овој формант долго пред пишувањето на Крнинскиот дамаскин. Меѓу нив ги среќаваме, на пример: власть „власт, сила“, зависть „завист“, ненависть „омраза, (ненавист), завист“, память „спомен, паметење, сеќавање“, страсть „1. страдање, мака; 2. страст, сладострастие“. Единствено именката заповѣсть „заповед“ е непозната во канонските текстови, а не е евидентирана ниту во консултираните речници. Меѓутоа, таа е само еднаш употребена во Крнинскиот дамаскин, покрај често употребуваниот бессуфиксен дериват заповѣдь со истото значење, што укажува, мо-

жеби, на некаква аналогија со пофреквентните именки вѣсть, повѣсть што го содржат истиот корен.

Исто така, сите деривати образувани со суфиксот -тва се наследени од претходниот период, бидејќи овој формант уште во прасловенската епоха ја губи својата продуктивност (*Граматика на старобългарския език* 1993: 178). Во категоријата називи на дејства спаѓаат, на пример, именките клѧтва „1. клетва, проколнување; 2. заклетва“, молитва „молитва, молење“.

Со ретка па дури и единична употреба при деривацијата на називи на дејства се среќаваат повеќе суфикси: -снь – баснь „вражање, баење, магија“, пѣснь „песна, пеење“, -ꙁнь – болѣꙁнь „болест“, жиꙁнь „јавен живот, јавно дејствување, општествена дејност“, -јаи – обичаи „обичај, навика“, -ј- – коуплѣ „купување, трговија“, лъжа „лага“, плачь „плач, плачење“, со проширениот суфикс -авица – виꙗвица „виулица, бура“, трѧсавица „треска, настинка“, -ло – дѣло „дело, работа, постапка“, припѣло „припев“, -ѣль – кѫпѣль „бања, место за бањање“, погъıбѣль „погуба, погубување, уништување“, -тѣль – дѣтѣль „дело, постапка“, -єжь – смръдєжь „смрдеа, реа“, -отъ – грохотъ „грохот, викот, силна смеа“, -иꙁна – оукориꙁна „укорување, укор, срам“, -хъ – подъсмѣхъ „потсмевање, потсмев“, смѣхъ „смеа, смеење“, -ръ – даръ „дар, подарок“.

Особен начин на деривација на овие именки претставува бессуфиксното (парадигматско) зборообразување, односно образување именки од глаголската основа без какво и да е нејзино проширување со суфикси. Мноштвото документирани бессуфиксни образувања во старословенскиот јазик сведочи за високата продуктивност на овој начин на зборообразување и го определува како мошне жив во народниот јазик (Вайан 1952: 228). При деривацијата кај одделни бессуфиксни образувања како зборообразувачки формант се јавува и редувањето на кореновиот вокал. Од големиот број бессуфиксни деривати во Крнинскиот дамаскин што претставуваат називи на дејства ќе ги издвоиме следниве: брои „број“, гоуба „погуба“, наимъ „наем, наемнина, возарина за кораб“, оброкъ „оброк (определено

количество храна, јадење)“, отъкоупъ „1. отплата; 2. плата, наемнина“, постригъ „*црк*. постриг, потстриг (потстрижување на косата на оној што се закалуѓерува)“, проходъ „премин, канал, пат (се однесува на носните канали)“, разбои „разбојништво, разбојничко дело, престап“, смрадъ „смрдеа, реа“, тварь „создание, творба, дело“, тръсъ „земјотрес, тресок, потрес“.

Во однос на дериватите од оваа зборообразувачка категорија треба да се истакне дека тие во основната и првичната своја семантичка содржина побудуваат претстава за одвивање на определено дејство или означуваат определена состојба (во зависност од семантиката на мотивирачкиот глагол), без однос кон конкретен вршител. Ќе наброиме некои примери коишто стојат најблиску до значењето на глаголот: възвращение „враќање“, възданиє „возвраќање“, въхождениє „влегување“, вѣдѣниє „знаење“, граблениє „грабеж, грабање“, знаниє „знаење“, исцѣлениє „исцеление, излекување“, крадьба „кражба, крадење“, мѫчениє „мачење, измачување“, опитиє „опивање“, опльваниє „плукање“, погыбѣль „погуба, погубување, уништување“. Интензивно дејство, процес означуваат виꙗвица „виулица, бура“, грохотъ „грохот, викот, силна смеа“, трѧсавица „треска, настинка“. Време на вршење на дејството означува именката жѧтва„1. жетва (време на жниењето); 2. лето (годишно време)“.

Меѓутоа, за голем број од овие именки е карактеристичен развој во семантички поглед, извесна промена во семантиката и појава на нови вторични значења. На тој начин доаѓа до оддалечување на именката од мотивирачкиот глагол, бидејќи таа се збогатува со нов семантички елемент (Калдиева-Захариева 1982: 118). Преку „опредметување“ на претставата за процесот се стигнува до значењето на апстрактен поим (Конески К. 1995: 40). Со поголем степен на апстрахирање на дејството во Крнинскиот дамаскин се среќаваат следниве именки: бракъ „брак“, брои „број“, видѣниє „изглед, облик, лик, вид“, възисканиє, въпрошениє „прашање, барање, истражување“, вънимание „внимание“, въспоминаниє „спомен, спомнување, сеќавање“, вѣщаниє „глас“, гананиє „загатка“, запѧтиє „пречка“,

ѕълосмрадиє „лоша миризба, смрдеа“, ковъ „заговор, коварство, лукавство“, мьчьтаниє „замисла, вообразба, претстава, призрак (и во сон)“, наказаниє „казна“, отъвѣщаниє „одговор“, побѣда „победа“, помъішлєниє „помислување, помисла, мисла, намера“, помьнѣниє „сеќавање, спомнување, мислење, припомнување“, помѣнъ „спомен“, прошєниє „прошка“, оукоризна, оукоръ „укор, срам“.

Кај некои именки доаѓа до развој на семантиката преку дејство до апстрактна особина, што се претпоставува и за случаите кога последново значење е единствено потврдено: вєлєрѣчиє, вєлєхвалєниє „горделивост, фалбаџиство“, възгорѣниє „жештина, топлина, изгор“, възношєниє покрај дејство „кревање, издигнување“ означува и апстрактна особина „надменост, горделивост“, даровониє претставува назив за дејството „дарување“, меѓутоа, исто така именува и апстрактна особина „дар, дарба“, (сѐ до крајна конкретизација во предмет „дар, подарок“), лицємѣриє „1. пристрасност; 2. лицемерство“, прилєжаниє „прилежност, ревност, жар, преданост“, прохлаждєниє „студеникавост, свежина“, прѣслоушаниє „непослушност, непокорност“, радованиє „радување, радост, веселење“, чрѣвобѣшєниє „ненаситност, лакомост, неумереност (во јадење)“.

Одделни деривати упатуваат на резултат, објект од дејството кој се восприема во значењето на конкретен предмет. Целосна, крајна конкретизација е претставена во: варєниє како именување на „вариво, јадење“, во врачьство како „лек“, въздоухъ „воздух“, даръ „дар, подарок“, достоѭниє со значењето „наследство“ (покрај означувањето на апстрактен поим „достоинство, чест“), заимъ, заємъ „заем“, наимъ „наем, наемнина, возарина за кораб“, зьданиє „творба, дело, создание“, имѣниє „имот“, напьсаниє, написаниє „спис, напис, текст“, ношєниє „(носија), облека“, оброкъ „оброк (определено количество храна, јадење)“, одєжда, одѣѭниє „облека“, основаниє „основа, темел“, отъкоупъ „1. отплата; 2. плата, наемнина“, питиє „пиење“, пища „храна“, повєлѣ, повєлѣниє „повела,

повелба, заповед, наредба“, помазаніє „масло, миро“, порожденіє „пород, потомство, деца“, посъланіє „послание, (писмо)“, свѧтьба „света вода“, събьраніє „1. собрание, собор; 2. придружба, друштво од патници; 3. род, реколта, собрано, приход; стекнато, имот“, сънѣденіє „јадење, храна“, сънѣдь „јадење, храна“ покрај означување на дејството „јадење“, тварь, творєніє „создание, творба, дело“, оукрашєніє „украс“, ꙗстиє „јадење, храна“. Конкретизација на дејството се следи и во називите на места: кровъ „покрив, засолниште, закрила“, кѫпѣль „бања, место за бањање“, обитаніє, обитѣль „живеалиште“, покровъ „покрив, кров“, пропасть „пропаст, јама, бездна“, сєлєніє „живеалиште, стан, населба“.

Многу од овие називи добиваат терминолошки карактер. Тука спаѓаат повеќе имиња на празници и други црковни поими, како на пример: благовѣщєніє „Благовештение (на Богородица)“, въвєдєніє „Воведение“, въдрѫжєніє – сѣниць въдрѫжєніє σκηνοπηγία празник (еврејски) на подигање на сениците, въздвижєніє „Воздвижение“, възнєсєніє „вознесение (на Господа)“, въчловѣчєніє „очовечување (преобразување на Христос од Бог во човек)“, маслопѣтиє „помазание“, начало „р1. ангелски чин, ред“, постригъ „постриг, потстриг (потстрижување на косата на оној што се закалуѓерува)“, причащєніє „причестување“, пришьствиє „пришествие (на пр. за второто пришествие на Христа на земјата)“, прѣображєніє „Преображение“, распатиє „распетие, распинање, ставање на крст (за Христос)“, рѫкоположєніє „ракополагање, посветување на некого во духовен чин“, срѣтєніє „Сретение (Господово)“, оусъпєніє „сон, заспивање, успение (на пресвета Богородица и на др.)“. Неколку термини се однесуваат на природните науки, како што се загражденіє и затворєніє за означување на појавата на затемнување на Сонцето, а како именување на болест се среќава именката трасавица „треска, настинка“. За означување на термини од граматиката се употребени називите прѣдъложєніє и прѣдъположєніє со значењето „предлог,

препозиција“, а како именување на натпреварувачка игра стои дериватот борьба „борба, борење“.

Како резултат на слабеењето на семантичката врска со мотивирачкиот глагол доаѓа до развој и на преносни значења кај некои од овие именки, како на пример во наставлениє „поучување, знаење, наука“ (инаку буквално „покажување пат“) и положениє „мислење, разложување, размислување“ (буквално „положување, поставување“).

Сето ова ја потврдува констатацијата на Бошковиќ (1978: 169) дека во духот на словенските јазици е развојот на нови значења не со понатамошна деривација, туку со внатрешна промена на значењето секаде каде што за таа промена има семантички услови.

Анализата на зборообразувачката категорија називи на дејства во Крнинскиот дамаскин упатува на богатство суфикси употребени при деривацијата на овие именки. Со најфреквентниот и најпродуктивниот формант -ниє се одбележани низа нови образувања недокументирани во канонскиот материјал. Исто така и за суфиксите -ьба, -ьство/-ьствиє може да се каже дека се во жива употреба во времето на пишувањето на Крнинскиот дамаскин. Другите суфикси, како што се на пример -тва, -изна, -знь, -јаи, се со маргинална употреба и се среќаваат само во формации наследени од претходниот период.

Вниманието го привлекува и нееднаквоста во блискоста до значењето на мотивирачкиот глагол што е причина за понатамошен семантички развој на овие називи и појава на нови, дополнителни значења. Така, од целосно и најнепосредно изразување на глаголското дејство, со постепено негово апстрахирање кај одделни деривати се стасува до значењето на апстрактни поими, а кај некои доаѓа до наполно завршување на процесот на конкретизација кога тие означуваат определен единичен конкретен предмет добиен како резултат од дејството изразено со мотивирачкиот глагол или предмет што претставува објект на дејството.

Во продолжение накратко ќе се осврнеме на ситуацијата на современ план. Многу именки од црковнословенскиот јазик, коишто главно претставуваат парадигматски бессуфиксни образувања или се изведени со суфикси што не биле во жива употреба, од кои некои дури и во стариот период можеле да се издвојат само етимолошки, се наследени и задржани во стан-

дардниот македонски јазик. На пример и денес ги среќаваме именките *брак*, *дар*, *завист*, *заем*, *заповед*, *клетва*, *молитва*, *напаст*, *нужда*, *обичај*, *откуп*, *плач*, *победа*, *порок*, *потпо*, *пропаст*, *случај*, *смрт*, *собор*, *утеха*. Покрај нив македонскиот јазик ги задржал и оние именки кои содржат суфикси што на современ план се покажуваат како особено живи и продуктивни: *борба*, *молба*, *свирба*, *служба*, *дејство*, *прељубодејство*, *убиство*, *чувство*.

Во врска со современата состојба повеќепати е укажувано (Конески Бл. 1981: 185; Корубин 1989: 15) дека на македонскиот народен јазик суфиксот -ниѥ, најфреквентен за образување називи на дејства во старословенскиот и во црковнословенскиот јазик, не му е својствен во таков свој лик. Вака образуваните именки претставуваат непродуктивен тип и во современиот македонски литературен јазик (Конески К. 1995: 40). Овој суфикс, всушност, претставува поархаична форма на денешниот негов континуант -*ње*.

Уште во македонскиот писмен јазик во XIX век се појавува најнапред стихиен и слаб (на пр. кај Пејчиновиќ, Крчовски, Џинот), а подоцна и свесен отпор (на пр. кај К. Миладинов) спрема црковнословенските именки на -ниѥ изразен преку нивната замена со именки на -*ње* образувани и од несвршени и од свршени глаголи (Димитровски 1971). Некои автори (К. Миладинов, Цепенков) се обидуваат да направат замена на именките на -*ние* по потекло од свршени глаголи со соодветни глаголски именки од несвршени глаголи употребени со резултативно значење. Најдалеку во поглед на адаптацијата отишол Мисирков. Кај него редовно, како што истакнува Димитровски (1971: 35), лексемите на -*ние*, всушност руски заемки, се заменуваат со -*ін,,е* од неговиот говор, без оглед дали се работи за глаголски именки образувани од свршени или од несвршени глаголи, на пример *воодушевеін,,е*, *извинеін,,е*, *изменеін,,е*, *наказаін,,е*, *ослободеін,,е*, *разделеін,,е* и многу други, покрај *веруаін,,е*, *движеін,,е*, *заседааін,,е*, *значеін,,е*, *мнеін,,е*, *учеін,,е*.

За замената на овие глаголски именки во чија основа стои несвршен глагол нема никаква пречка ни од гледна точка на современиот македонски јазик. Според Димитровски (1971: 41), за Мисирков не постоела пречка за ваква адаптација ниту кај глаголските именки образувани од свршени глаголи, со оглед на обичноста на нивната употреба во неговиот роден

еницевардарски (пазарски) говор. Меѓутоа, стандардниот македонски јазик не ја познава можноста за изведување глаголски именки од свршени глаголи со современиот лик на суфиксот -ниѥ – *-ње*. Затоа, во него среќаваме други модели и начини на преправка или одбегнување на овие именки, (што Димитровски ги открива и во делото на Мисирков).

Најголем дел од називите на дејства образувани со суфиксот -ниѥ од свршени глаголи како свој континуант во стандардниот македонски јазик имаат глаголски именки образувани од несвршени глаголи со формантот *-ње*, а особено со *-ување*. Корубин (1989: 19) упатува на специфичниот карактер на темпоралната семантика на глаголите на *-ува* што дава основа за образување именки со поголем степен на апстракција или на конкретизација на дејството каков што се постига, како што видовме, со суфиксот *-ние*, посебно кај именките образувани од перфективни глаголи. Така црковнословенското въкоушениѥ би го предале, се разбира со соодветните фонетски промени обусловени од јазичниот развој, со *вкусување*, възвращениѥ со беспрефиксното *враќање*, въздръжаниѥ со *воздржување*, въносениѥ со *внесување*, избавлениѥ со *избавување*, заколениѥ со беспрефиксното *колење* или со префиксираното *заколување*, посѣщениѥ со *посетување*, поучениѥ со *поучување*, прѣстаниѥ со *престанување* (покрај употребата на бессуфиксниот дериват *престан*), оударениѥ со *удирање* (покрај бессуфиксната именка *удар*), оупокоениѥ со *упокојување*.

Исто така во голема мера се избегнати именските форми на *-ние* преку образување глаголски именки со сведување на глаголот на неговиот општ дел, односно со т.н. парадигматско (бессуфиксно) зборообразување, на пример црковнословенското въскликновениѥ сега е *восклик*, завѣщаниѥ – *завет*, измѣниениѥ – *измена*, исповѣданиѥ – *исповед*, обновлениѥ – *обнова*, отъчаниѥ – *очај*, повелѣниѥ – *повела*, посѣщениѥ – *посета*, граматичкиот термин прѣдложениѥ сега е *предлог*, съпасениѥ – *спас* (покрај глаголската именка *спасување* образувана од несвршениот глагол), оутѣшениѥ – *утеха*.

Во повеќе случаи местото на црковнословенските образувања со суфиксот -ниѥ (-иѥ, -тиѥ) го зазеле соодветни именки изведени со помош на современи, продуктивни форманти. Би ги истакнале дериватите со суфиксот -*ба*, модел кој, по сè изгледа, ја развива својата продуктивност најмногу во македонскиот јазик (Корубин 1989: 18): за даровании сега имаме *дарба*, за желании – *желба*, за похвалениѥ – *пофалба*, за слоужениѥ, послоужениѥ – *служба*, за сърѣтениѥ – *средба*, за твориениѥ – *творба*. Од образувањата со други суфикси се среќаваат следниве примери: за братолюбиѥ – *братољубивост*, за вариениѥ – *варило*, *вариво*, за грабленениѥ – *грабеж*, за изгънаниѥ – *изгнанство*, за лицемѣриѥ – *лицемерство*, за недоумѣниѥ – *недоумица*, за проклатиѥ – *проклетство*, за прошениѥ – *прошка*, за оубиениѥ – *убиство*.

Најпосле, се разбира, јазичниот развој обусловува замена на некои именки и на глаголите од коишто се тие изведени со други именки, односно со други глаголи, својствени на современиот македонски јазик, како што е на пример замената на алканиѥ со *глад* (со истиот стар корен денес ги има именките *алчност*, *лакомост* и сл., но со варирано значење), на възисканиѥ со *прашање*, на гаданиѥ со *загатка*, за заоушениѥ само во дијалектите е евидентиран истокоренскиот збор *заушница*, инаку стандардот пропишува *шлаканица*, за наказаниѥ сега имаме *казна*, за облъгъчениѥ – *олеснување*, за поношениѥ – *прекор*, за събитиѥ – *настан* (покрај *событие* што се одбележува како архаичен збор), за хотѣниѥ – *желба*, *волја*.

Меѓутоа, сепак, во спроведувањето на тенденцијата за форсирање на живите и продуктивни народски модели на одглаголски и глаголски именки на сметка на традиционалниот модел на -*ние* (-*ие*, -*тие*) треба да се води сметка за една реална мера чиешто пречекорување би добило карактер на претерување (Корубин 1989: 22). Така, во РМЈ, покрај некои именки на -*ние* коишто се означени како архаизми (*знание*, *исцеление*, *писание*, *питие*, *погребение*, *разрешение*, *скончание*, *событие*, *создание*, *учение*) и други коишто ја носат определбата на црковнословенизми (*Вознесение*, *покајание*, *помазание*, *прегрешение*, *Преображение* поретко покрај почестата употреба на народското образување со -*ње* – *Преображење*), се одбележани

како составен дел од нормата повеќе вакви образувања, меѓу кои: *бдение*, *внимание*, *искушение*, *послание*, *привидение*, *презрение*, *собрание*, *сомнение*. Со варирана семантика се среќаваат: *восстание* денес со значењето „бунт, побуна“ за разлика од црковнословенскиот збор што значи „воскресение“, *завештание* денес како „тестамент“ наспроти старото значење „завет“, современото значење на *здание* е „масивна голема зграда“ а порано означувала секаква „творба“, *трпение* денес се употребува со поголема апстракција на дејството, имено како „трпеливост, стрпливост“ наспрема поизразената врска со глаголот што се чувствува во црковнословенскиот – „трпење, поднесување“. Како особеност би ја истакнале употребата на *благодарение* на современ план единствено во функција на прилог со значењето „со помош, со посредство“.

ЦИТИРАНА И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Албин А., *Именице на* -ба / -идба *у македонском књижевном језику*, Македонски јазик XXIII, Скопје 1972, стр. 15–20.

Албијанић А., *Распрострањеност именица на* -ба / -оба / -идба *у македонском, бугарском и у српскохрватском књижевном језику*, Македонски јазик XXXII–XXXIII, Скопје 1982, стр. 21–29.

Белић А., *О грађењу глаголских именица на* -ње *и* -ће, Наш језик I, св. 9, Београд 1933, стр. 262–268.

Бошковић Р., *Развитак суфикса у јужнословенској језичкој заједници*, Јужнословенски филолог, XV, Београд 1936, стр. 1–154; Одабрани чланци и расправе, Титоград 1978, стр. 49–175.

Вайан А., *Руководство по старославянскому языку*, Москва 1952.

Варбот Ж. Ж., *Древнерусское именное словообразование*, Москва 1969.

Винокур Т. Г., *О семантике отглагольных существительных на* -ние, -тие *в древнерусском языке*, Исследования по словообразованию и лексикологии русского языка, Москва 1969, стр. 3–28.

Vuković J., *Glagolske imenice na* -nje *i* -će, Pitanja savremenog književnog jezika II, knj. I, sv. 2, Sarajevo 1950, стр. 149–171.

Георгиева Е., *Семантична характеристика на отглаголните съществителни на* -не *и на* -ние *в българския книжовен език*, Славистичен сборник, София 1963, стр. 225–233.

Горелова И. В., *Из истории отвлеченных существительных с суффиксом* -ьба, Исследования по словообразованию и лексикологии русского языка, Москва 1969, стр. 29–42.

Граматика на старобългарския език, гл. ред. Дуриданов И., София 1993.

Димитровски Т., *Лексемите на* -ие *и* -ние *во македонскиот писмен јазик во XIX столетје*, Македонски јазик XXII, Скопје 1971, стр. 5–50.

Димитровски Т., *Кон Миклошичевата теза за потеклото на старословенските глаголски именки образувани од свршени глаголи*,

Реферати на македонските слависти на VII меѓународен славистички конгрес во Варшава, Скопје 1973, стр. 19–23.
Илиевски П. Хр., *Крнински дамаскин*, Стари текстови III, Скопје 1972.
Илиевски П. Хр., *Јазикот на дамаскините и процесот на обновување на писмениот јазик во турскиот период*, Предавања на VI Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје–Охрид 1973, стр. 18–28.
Калдиева-Захариева Ст., *Към характеристиката на отвлечените отглаголни съществителни със суфикс* -не *в съвременния български книжовен език*, Български език XXXII, кн. 1, 2, София 1982, стр. 48–53, 116–124.
Конески Бл., *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1966.
Конески Бл., *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1981.
Конески К., *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*, Скопје 1995.
Корубин Бл., *Нешто за образувањето на глаголски именки во нашиот јазик*, Македонски јазик I, 6, Скопје 1950, стр. 117–124.
Корубин Бл., *Глаголските именки на* -ние *во македонскиот литературен јазик*, Литературен збор XXXVI, кн. 5–6, Скопје 1989, стр. 15–22.
Макаријоска Л., *Девербативните именки во македонските црковнословенски ракописи*, Скопје 2002.
Марков Б., *Именки со значењето дејство или апстрактен поим во современиот македонски јазик*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот, кн. 23, Скопје 1971, стр. 497–556.
Мейе А., *Общеславянский язык*, Москва 1951.
Meillet A., *Études sur l'étymologie et le vocabulaire du vieux slave*, Seconde partie. IV. Formation des noms, Paris 1905.
Miklosich F., *Lexicon palaeoslovenico-graeco-latinum emendatum auctum*, Vindobonae 1862–1865.
Поп-Атанасова С., *Лексиката на македонската црковна поезија*, Скопје 2002.
РМЈ: *Речник на македонскиот јазик*, ред. Конески Бл., I. А–Н, Скопје 1961, II. О–П, Скопје 1965, III. Р–Ш, Скопје 1966.
Sadnik L., Aitzetmüller R., *Handwörterbuch zu den altkirchenslavischen Texten*, Heidelberg 1955.
Slovník jazyka staroslověnského, ред. Kurz J., Hauptová Z., I–IV, Praha 1966–1997.
Срезневский И. И., *Материали для словаря древнерусского языка*, I–III, Санктпетербургъ 1893.
Старобългарски речник, ред. Иванова-Мирчева Д., I. а–н, София 1999.
Старославянский словарь (по рукописям X–XI веков), ред. Цейтлин Р. М., Вечерка Р., Благова Э., Москва 1994.
Старословенско-македонски речник (со грчки паралели), ред. Десподова В., Прилеп–Скопје 1999.
Trezner T., *Glagolske imenice na* -nje, Jezik XVIII, 2, Zagreb 1970–1971, стр. 50–54.
Угринова-Скаловска Р., *Старословенски јазик*, Скопје 1987.
Чашуле И., *Синтакса на македонската глаголска именка*, Скопје 1989.

Александра ЃУРКОВА

ЦЕЛНИТЕ ЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ ОД ДИЈАХРОНИСКИ АСПЕКТ

Специфичноста на финалните зависносложени реченици – да изразуваат причинско-последичен однос како намера, го вклучува овој тип реченици во каузалните реченици. Семантичкиот однос: **мотив/причина – последица/резултат** во којшто спаѓаат финалните реченици на еден начин ја определува проспективната ориентација, односно постпозицијата на финалната зависна реченица, што од формално-синтаксичка гледна точка важи и за резултативните реченици кои спаѓаат во паратаксата, и за последичните зависносложени реченици. Се разбира, зависната дел-реченица може исто така да стои и во препозиција, во зависност од контекстот.

Втора важна карактеристика претставува модалноста на финалните реченици, со оглед на тоа што дејството се презентира како желба, намера, израз на човековата волја. Во таа смисла, намерата може да се изрази и како причина за дејството од главната дел-реченица, па финалната реченица може да се преобрази во причинска. Од друга страна, според Вечерка (2002:316), семантички, финалните реченици се доближуваат до последичните зависносложени реченици, со оглед на тоа што дејството некогаш може да биде изразено како последица извршена со определена намера односно цел, односно во случаите кога намерата е појако изразена.

Како трета карактеристика ја издвојуваме поврзаноста на овие реченици со инфинитивот и неговата замена со да-конструкција, јазичен процес чиј почеток е определен токму кај инфинитивот со финална функција (сп. Илиевски 1988:196), а оттаму се проширува во рамките на декларативните реченици. Според тоа, конкурентна форма на сврзничките финални реченици претставува конструкцијата со инфинитив или со супин во финална употреба, како што наведува Вечерка (2002:316): **Pride vidět/viděti Isusa*.

Сепак, треба да се има предвид и тоа дека да-конструкцијата со финално значење не е секогаш замена за инфинитив, затоа што се јавуваат контексти во коишто не би можел да стои инфинитив. (cf. Грицкат 1975:84,85).

За анализа на финалните реченици во старословенскиот и во црковнословенскиот материјалот е ексцерпиран од Зографското, Асемановото и Мариинското евангелие, и за црковнословенскиот – од македонските ракописи датирани од 12 до 16 век вклучувајќи го Крнинскиот дамаскин, што претставува и корпус за изработка на *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* (2000-2003), кој се работи и се издава во ИМЈ од Одделението за историја на македонскиот јазик. Важен елемент во анализата претставува односот кон грчкиот, бидејќи најголемиот дел од ракописите се преводи од грчки. Нашето внимание го насочуваме кон видовите на сврзувачки средства што се употребуваат во финалните зависносложени реченици.

Употребата на сврзникот да како финален сврзник е широко потврдена во ексцерпираниот материјал. Во зависната дел-реченица најчесто се употребува индикатив презент, односно футур, со што се потврдува семантички ориентацијата на овој тип реченици за изразување на желба, волја за исполнување или за неисполнување на некое дејство. Сврзникот генерално стои заедно со глаголската форма, меѓу нив може да стои негација или некоја куса заменска форма, а поретко има примери со именки, заменски прилог или прилошка определба меѓу нив и тоа според збороредот во грчкиот оригинал, како во примерите: (1) оуготованѫ мѣсто вамь и поимѫ вы кь себѣ· да идеже ѥсмь азъ и вы бѫдете - ἵνα ὅπου εἰμὶ ἐγὼ καὶ ὑμεῖς ἦτε J14,3 Rad

(2) нъ хотатъ въї ѡбрѣзати да ѡ вашеи плъти хвалатъ са· - ἵνα ἐν τῇ ὑμετέρᾳ σαρκὶ καυχήσωνται G6,13 Ohr

Наоѓаме случаи во коишто субјектот на двете дел-реченици е ист, тие го составуваат поголемиот дел од корпусот ексцерпиран материјал. Примери:

(3) дѣло сьврьшихъ· ежє даль єси мнѣ да творѫ· - ὃ δέδωκάς μοι ἵνα ποιήσω J17,4 Rad

(4) въ ср‹ьд›ци моємъ скръїх словєса твоѩ **да** нє съгрѣшаѫ тєбѣ· - ὅπως ἂν μὴ ἁμάρτω σοι Ps118,11 Bon

(5) ти жє трьпиши **да** ни сп‹а›сєши - εἰς τὸ σῶσαι ἡμᾶς 63v14-18Zag

(6) вьпиѩшє ѡтврьсти кєлиѩ и вьвєсти ѩ· **да** нє снѣдєна бѫдєть ѡт ꙁвѣрєи 141r18Stan

(7) божи бо сѧ г‹оспод›а нє ѡбьѩдаєт сѧ, **да** нє прогнѣваєть своєго вл‹а›д‹и›кы· божи бо (8) сѧ г‹оспод›а нє щѫдить своєго имѣніа, **да** нє нєраꙁоумєнь бѫдєть - ἵνα μὴ παροξύνῃ...ἵνα μὴ καταγνωσθῇ 158r21Les

Но, и такви примери во коишто субјектите на дел-речениците се различни, при што намерата му се припишува на субјектот од главната. Примери:

(9) аꙁъ придъ **да** живота імѫтъ - ἐγὼ ἦλθον ἵνα ζωὴν ἔχωσιν J10,10 Zogr Mar As

(10) ѡслѣпи ѡчи ихь и ѡкамєниль єсть ср‹ъдь›ца ихь· **да** нє видѧть ѡчима и раꙁоумѣѧть ср‹ъ›д‹ь›цємь - ἵνα μὴ ἴδωσιν J12,40 Rad

(11) ѩко врагъї бо б‹о›жи сѫщѫ пораꙁи ѫ **да** к томоу нє побѫдѫтъ людиє б‹о›жии· - τοῦ μηκέτι εἶναι λαὸν θεοῦ comPs77,66 Bon

(12) слышавь жє сиѥ ц‹ѣса›рь посла ѥрмогєна ѥпарх‹а› **да** м‹ѫ›ч‹и›ть с‹вѧ›т‹а›го минѫ 83r5Stan

(13) дах имь власть, **да** сьдѣлавь бл‹а›гоє приимєть жиꙁнь вѣчнѫѫ - ἵνα ἐργασάμενος τὸ ἀγαθὸν κτήσῃ 48r21Les

Во рамките на примерите се забележува дека може да се сретнат низи од повеќе зависни дел-реченици: финална, декларативна или зависнопрашална, или на еден воведен предикат може да се надоврзуваат повеќе зависни дел-реченици, што укажува на сложената изразна структура на текстовите, односно го покажува книжевното обележје на црковнословенскиот. Како на пример:

(14) нъ ꙁаконь положи адамꙋ б‹ог›ъ **да** ꙁнаєть <u>како</u> имать вышє сєбѣ господина б‹ог›а - νὰ ἠξεύρῃ πῶς ἔχει παραπάνω του αὐθέντην 13r17Krn

(15) въ врътпѣ роди сє оубоꙁємь **да** ѡчистить д‹оу›шє нашє <u>иже</u> бышє врътопь и жилищє ꙁлымь - νὰ καθαρίσῃ τὰς ψυχάς μας 13v24Krn

Во грчкиот како финални сврзници се употребуваат ἵνα, ὅπως ἂν, ὥστε (μή), μήποτε- за **да нє**, потоа предлошки конструкциии со супстантивиран инфинитив со предлозите εἰς, πρός, со финално значење, па според тоа може да се оцени дека грчкиот е книжевно обележан во овој поглед, освен во дамаскинот, каде што е употребен сврзникот νά, карактеристичен и за новогрчкиот. Сврзниците најчесто стојат со индикативни или со конјунктивни личноглаголски форми. Покрај речениците со да нє, треба да се споменат и оние воведени со да нє како, да нє къгда, коишто се синонимни со финалните реченици со сврзникот єда, єда како, єда когда. Во врска со последниов тип реченици со єда треба да се одбележи дека употребата на ова сврзувачко средство згаснала, едноставно єда не се јавува во поновите јазични развојни фази.

За речениците во кои е употребен императив, прохибитив или адхортатив (императивна да-форма) во главната дел-реченица, треба да се потенцира дека сврзникот да во нив е употребен оптативно одн. адхортативно, што се поврзува со неговиот произлез како адхортативна партикула (Етимолошки речник на старословенскиот јазик, Прага 1989), а тоа пак укажува на произлезот на финалните реченици, за коишто се смета дека првобитно биле паратаксични (сп. Вечерка 2002:325). Треба да се одбележи дека овие реченици се карактеристични по тоа што можат да се преобразат во условни: *Дојди за да ме видиш – Дојди ако сакаш да ме видиш*, што покажува дека сферата на хипотетичкото е поврзана со семантиката на волја, намера и сл. Примери:

(16) потьщи сѧ и вскрсни **да** и азь оуꙁроу твоѥ иꙁ мрътвихь триднєвноє вскрсєниє· - ὅπως ἴδω καγώ σου τὴν ἐκ νεκρῶν τριήμερον ἐξανάστασιν 160r3-8Zag

(17) даждъ ми рєч‹є› чл‹овѣ›къ цркве **да** в нѧ прибѣгаѫ ꙗко въ пристанищє сп‹асє›ниѥ· - δός μοι...ἵνα ἐν αὐτῇ καταφεύγω comPs30,3 Bon

(18) покаим сѧ н‹и›нѣ брат‹и›а моа вьзлюблєннаа, да б‹ог›а м‹и›л‹о›стива сьтворимь ѡ грѣсѣхь н‹а›шихь· - ἵνα τὸν θεὸν ἱλεωποιησώμεθα ...ἐπειδὴ παρωξύναμεν αὐτόν 124r24Les

(19) с‹вѧ›тыи гєѡргїє помозы намь· да изыдєм и да ти подамо по дєс‹є›ть аспры въсакы· - βοήθει μας νὰ εὐγοῦμεν καὶ νὰ σε δώσωμεν 196v1Krn

(20) бьдитє і молитє сѧ· да нє въниде́тє въ напасть Mt26,41 Zogr Mar As

Поретко, во зависната дел-реченица може да биде употребен кондиционал со сврзникот да и неговата употреба во финални реченици веројатно може да се објасни единствено преку неговото значење како модус што служи за изразување на јака желба или на нијанса на можноста за извршување или за неизвршување на едно дејство. Во стручната литература (Слонски, Вондрак, Вечерка) се укажува на тоа дека во некои случаи наспрема кондиционалот, во грчкиот е употребен супстантивиран инфинитив или инфинитив со сврзникот ὥστε, но сепак не е утврдена некоја особена систематичност во јазикот во врска со таа специфика. Примери: (21) и послашѧ къ нємꙋ· єтєрзі отъ фарисєи· и иродиѣнъ· да и бж обльстили словомь - ἵνα αὐτὸν ἀγρεύσωσιν λόγῳ Mc12,13 Zogr Mar

(22) вєдошѧ і до врьхоꙋ горзі...да бж і низъринѫли - ὥστε κατακρημνίσαι αὐτόν L4,29 Zogr Mar As

(23) сє жє рѣшѫ искоꙋшаѭщє и· да бж имѣли ѵьто на нь гл‹агол›ати· - ἵνα ἔχωσιν κατηγορεῖν J8,6 Dbm

(24) и вьшєдь вь цр‹ь›к‹о›вь м‹о›лѣшє сѧ сь сльзамь, да бишѫ с‹ѧ› сп‹а›сли - ἵνα σωθῶσι 103r12Les

(25) сирѣѵь хощꙋ да єсмь разделєнь ѡт х‹рист›а тъѵїю да бых хотѣль сп‹а›сти брата моєго - μόνον νὰ ἤθελαν σωθῇ οἱ ἀδελφοί μου 210r22Krn

(26) кнѧзь жє бѣ тєсть ѥго и м‹о›лѣшє и ѡтвръщи сѧ х‹ри›с‹т›а да нє би оумрѣль 108v10Stan

Други начини на оформување на целни зависносложени реченици во црковнословенскиот се: – употребата на сврзникот ꙗко со инфинитив или со супин, за што како модел најверојатно

послужил грчкиот, каде што е употребен сврзникот ὥστε со инфинитив, а семантички овие реченици добиваат последична нијанса, односно дејството може да се толкува како планирана последица, дејство што се извршува со определена интенција. Примери:

(27) въсташѫ бо на нѣ **ꙗко оумрътвити** ꙗ· ѡбразъ же х‹ристо›въ бъıстъ мосии· -ὥστε θανατῶσαι αὐτόν comPs105,16 Bon

(28) азъ єсмъ б‹ог›ъ твои изведъıи тѧ ѿ земѧ халдѣискъıѧ **ѣко дати** тебꙗ земѧ сиѧ наслѣдовати ѧ· -ὥστε δοῦναί σοι τὴν γῆν ταύτην κληρονομῆσαι Gn15,7 Grig

(29) събєрєтъ бо всѧ ѫз‹ъı›къı тъгда землѣ бо чл‹овѣ›къ, **ꙗко створитъ** сѫдъ живъıмъ и мртвъıмъ· -ὥστε ποιῆσαι κρίσιν comPs49,4 Bon

–

Натаму, сврзничкиот состав ꙗко да исто така се среќава често во финални реченици и тоа упатува на тенденцијата за надополнување на сврзникот да за изразување цел или намера, а семантички ова сврзувачко средство се граничи со сферата на последичното со оглед на употребата на сврзникот ꙗко. Во грчкиот како еквиваленти стојат сврзниците: ἵνα, ὅπως (μή), ὅπως ἄν, ὥστε, νά. Примери:

(30) сльзы проливаꙗємь **ꙗко да** м‹и›л‹о›стива вл‹а›д‹и›кꙋ ѡбрѣщємь 34d/17Vtš

(31) сє жє гл‹агол›ашє да оувѣсть г҃дє ꙗєсть **ꙗко да** пославь оубиꙗєть и 97r1,2Stan

(32) бєзмльвьствоуимь вь смѣрєннѣи мѫдрости вь кєлїахь своих, **ꙗко да** видить г‹оспод›ь смѣрєнїє н‹а›шє и троудь -ὅπως ἴδῃ ὁ κύριος 40r8Les

(33) прибѣгохь кь тєбѣ **ꙗко да** нє сьзыждєши вь мнѣ покаанию· 132r1 Rdm

(34) тако да просвѣтит сѧ свѣть вашь прѣдь чл‹о›в‹ѣ›кы· **ꙗко да** оузрѧть ваша добраа дѣла -ὅπως ἴδωσιν ὑμῶν τὰ καλὰ ἔργα Mt5,16 Mkd, да Krp Krat

Моделот за уточнување на финалната функција на сврзникот **да**, што го одбележува и Конески (1982:124) како

објаснување за сврзничкиот состав **за да**, се потврдува и со употребата на сврзничките состави ꙁанѥ да и ради да и тоа единствено преку примери од Крнинскиот дамаскин, што како податок ја посочува насоката на развиток кон појавата на **за да** во современиот македонски.

Сврзничкиот состав ради да се употребува многу често во дамаскинот, а функционира паралелно со сврзникот да како финално сврзувачко средство. Дури може да се рече дека се користи и за постигнување еден вид разновидност, која се надополнува и со сврзувачките состави ꙗко да и ꙁанѥ да во финална функција. Инаку, ради да сосем соодветствува на грчкото διὰ νά и речиси е јасно дека грчкото влијание за овој сврзувачки состав е несомнено. Ова важи и за сврзувачкиот состав ꙁанѥ да, што сепак се употребува значително помалку, но неговото присуство во дамаскинот укажува дека тој бил присутен и се користел во говорениот јазик. Примери од Крнинскиот дамаскин:

(35) и пришъд на ꙁемлю и понесе плът **ради да** спасет адама· - διὰ νὰ σώσῃ τὸν Ἀδάμ. 224r23Krn

(36) **ради да** видите истинꙋ слышите дьньс еѵаггелїе ꙗко и ѵловѣѵьство господнѥ нас оѵѵить и божьство его· - Διὰ νὰ ἰδῆτε δε τὴν ἀλήθειαν, ἀκούσατε τοῦ σημερινοῦ Εὐαγγελίου 52v5Krn

(37) тъи нас събра **ради да** видимь же таинство и ѵюдо божїе· - διὰ νὰ ἰδοῦμεν μυστήριον καὶ θαῦμα Θεοῦ· 52v17Krn

(38) ѡтвръꙁете врати вѣѵные **ꙗко да** вънидет царь славѣ· **ради да** прїидет царь славѣ· - Ἀνοιχθήτε πύλαι τοῦ ἅδου, ὅπως εἰσελεύσεται ὁ βασιλεὺς τῆς δόξης· διὰ νὰ σέβῃ ὁ βασιλεύς· 88r18Krn

(39) нъ покаанїа хощеть съгрѣшающим· **ꙁане да** исправит се - διὰ νὰ διορθωθῇ 3v18Krn

(40) и послоѵшаите съ въсакымь вънимaнїемь· **ꙁанѥ да** прїимѣте съвръшенною мъꙁдоѵ· - διὰ νὰ λάβετε καὶ τελείον τὸν μισθόν 158v9Krn

(41) сего ради въложи въ оѵмѣ ꙁахарїи да ю ѡбрꙋѵить съ мѫжем· **ꙁанѥ да** не печет се дїавол ѡ д‹ѣ›в‹и›ци марїи - διὰ νὰ ἀπομεριμνήσῃ ὁ διάβολος 8v24Krn

Во врска со сврзувачкиот состав ꙁаньє да Мирчев (1978:264) дава примери за негова употреба во бугарски дамаскини од 17 и 18 век, и тоа со форма: зань да, замь да.

Документираноста на овој сврзувачки состав во Крнинскиот дамаскин од 16 в. укажува прво на потребата што се јавила за надополнување на сврзникот **да** во финална функција, што претставува балканска црта и е одбележена и во другите балкански јазици: во нашиот случај компарација правиме со грчкиот каде што е евидентен паралелизмот– γιὰ νά во новогрчки; а од друга страна, со оглед на тоа што е употребен сврзничкиот состав ꙁаньє да, но сепак многу поретко од другите финални сврзувачки средства, може да укажува временски на почетоците на употреба на ова сврзувачко средство и на насоката на неговиот развиток, гледано од аспект на современиот македонски. Во текстови напишани на македонски народни говори од 18 век може да се сретнат примери со **ради да**, додека во текстови од зборници, како на пример еден превод од грчки на охридски говор од Јонче Снегар од 1870 год. (*Дамаскини* 1975:125), се среќаваат примери на целни реченици со **за да**: (42) идит дјаволот во полношта и му кљукна на вратата, **за да** му отворит (*Дамаскини*: 1975: 123); (43) и им клааме душманчина меѓу едного и друѓего, **за да** се карает. (Дамаскини 1975:124). Во врска со **за да**, во Кулакиското евангелие (19 век) се забележува дека овој сврзник не е употребен и покрај тоа што, како што потенцираат авторите на монографијата за Кулакиското евангелие, А. Мазон и А. Вајан (1938:241), ова сврзувачко средство било широко употребувано во македонскиот, во говорите на Бобошчица, Лерин и Сухо. Во Трлиското евангелие од 1861 год. можат да се најдат примери на употреба на сврзникот **за да**: (44) Та сега јас доходам каде тебе, пак това вреве на сфјата, **за да** имат моета радос сваршена пу себе си. Ј17,13; (45) И **за да** разберете оти человештиа има врјаднос да проштава грешки му земета, и рече на болние: на тебе вреве, стани, дигни си кревете та иди дума си Мк2,10.11; (46) искам љу каде сам јас и тие да са сас мене, **за да** гледат моета слава што ми даде Ј17,24; (47) **За да** се находа сас тијах милоста, дето сас неа ма помилова, и јас да се находам сас тјах Ј17,26. Може да се види дека препозицијата на целната дел-реченица е исто толку вообичаена како и нејзината постпозиција во однос на главната дел-реченица.

Според материјалот што го анализиравме може да се види развитокот кон концептот на доточнување на сврзникот **да** со некој друг граматички елемент, поради потребата од прецизност во изразувањето на синтаксичките односи. Важно е дека моделот за ова дополнување бил поставен со ꙗко, со предлогот ради, со сврзникот ѕанѣє. За последните два случаја грчкото влијание имало важна улога, а треба да се има предвид и семантичката поврзаност на дополнувачките средства: ꙗко од сферата на последичноста и ради и ѕанѣє од сферата на каузалноста, што и ја потврдува заемната зависност на овие семантички полиња.

Како резултат на јазичните процеси може да се претпостави развиток на ѕанѣє да кон сврзувачкиот состав **за да** во современиот македонски, а мотивацијата за развиток на еден ваков модел се содржи во потребата што постојано се јавува во јазикот за потенцирање на определено значење, во случајов финалноста, со дополнителни граматички изразни средства, чија граматикализираност претставува сигнал за поистоветеност на едно сврзувачко средство со една семантичка нијанса.

Diachronic Analysis of the Clauses of Purpose in Macedonian
(Summary)

The paper deals with the Clauses of purpose in the Old Church Slavic manuscripts, represented with manuscripts from the early period- 10th and 11th century and Macedonian manuscripts dated from the 12th to the 16th century.

Three main characteristics are pointed out: the inclusion of the clauses of purpose in the semantic field **cause/motive–consequence/result** is defining these clauses also as causative, as well as the possibility of interpreting the intention as a reason for the action of the main clause; second characteristic is the modality of the clauses of purpose; third is that they are linked with the replacement of the infinitive with **da**+finite verb constructions. The conjunction **da** is the most common and most used in the clauses of purpose, and it stands right next to the finite verb form in present or future tense. Other conjunctions are: **jako**+infinitive, **jako da**, **radi da** and **zanje da**. Regarding the conjunction **zanje da** it is probable that it has developped into **za da**, a conjunction frequently used in contemporary Macedonian. The extention of the conjunction **da** is also a characteristic of the Balkan languages.

Литература

Вайан Андре, 1952: *Руководство по старославянскому языку*, Издательство иностранной литературы, Москва.
Грицкат Ирена, 1975: *Студије из историје српскохрватског језика*, Народна библиотека СР Србије, Београд.
Дамаскини, 1975, Македонски преводи од 16 до 19 век, Предговор, избор, редакција и коментар Радмила Угринова-Скаловска, „Македонска книга“, Скопје.
Илиевски Петар Хр., 1988: *Балканолошки лингвистички студии*, ИМЈ, Посебни изданија кн.14, Скопје.
Конески Блаже, 1982: *Историја на македонскиот јазик*, „Култура“, Скопје.
Минова-Ѓуркова Лилјана, 2000: *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*, „Магор“, Скопје.
Мирчев Кирил, 1978: *Историческа граматика на българския език*, „Наука и изкуство“, Скопје.
Поп-Атанасов Ѓорги, 1985: *Ракописни текстови на македонски народен говор*, „Мисла“, Скопје.
Рибарова Зденка, 1991: *Оформувањето на македонската редакција на црковнословенскиот јазик*, во: Предавања на XXIII Семинар за македонски јазик, литература и култура 1990, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
Blass Friedrich, 1959: *Grammatik des neutestamentlichen Griechisch,* bearbeitet von Dr. phil. Albert Debrunner, Vandenhoeck & Ruprecht, Göttingen.
Bauer Jaroslav, 1972: *Syntactica slavica,* Universita J.E. Purkyne, Brno.
Grünenthal O., 1910,1911: *Die Übersetzungstechnik der altkirchenslavishen Evangelien-übersetzung,* in: Archiv für slavische Philologie 31, 32, Weidmanische Buchhandlung, Berlin.
Večerka Radoslav, *Altkirchenslavische (altbulgarische) Syntax:* 1989 *Die Lineare Satzorganisation,* 1993: *Die Innere Satzstruktur,* 1996: *Die Satztypen: Der Einfach Satz,* 2002: *Die Satztypen: Der Zusammengesetzte Satz* in: Monumenta Linguae Slavicae XXVII, XXXIV, XXXVI, XLVI, Weiher-Freiburg I. Br.
Večerka Radoslav, 1997: *The Influence of Greek on Old Church Slavonic,* in: Byzantinoslavica LVII (1997) 2, Prague.
Vondrák W., 1912: *Altkirchenslavische Grammatik,* Weidmanische Buchhandlung, Berlin.

Речници

Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција 1-5, 2000-2003, ред. Рибарова З., Угринова-Скаловска Р., ИМЈ, Скопје.
Старославнский словар (по рукописям X-XI веков) 1994, под ре. Цейтлин Р.М., Вечерки Р. и Благовой Э., „Русский язык“, Москва.
Etymologický slovník jazyka staroslověnského, 1989, Nakladatelství Československé akademie věd, Praha.
Slovník jazyka staroslověnského, 1966-1997, Nakladatelství Československé akademie věd, Praha.

Список на кратенки

Кратенките се според *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* 1-5, 2000-2003, Скопје.

As	–	Асеманово евангелие, крај на 10-почеток на 11 в.
Bon	–	Болоњски псалтир, 1 пол. на 13 в.
comPs	–	коментар на псалтирот
Dbm	–	Добромирово евангелие, почеток на 12 в.
Dčn	–	Дечански псалтир, крај на 13 в.
Grig	–	Григоровичев паримејник, крај на 12-почеток на 13 в.
Hlud	–	Хлудов триод, крај на 13 в.
Karp	–	Карпински апостол, почеток на 14 в.
Krat	–	Кратовско евангелие, средина на 14 в.
Krn	–	Крнински дамаскин, 16 в.
Krp	–	Карпинско евангелие, крај на 13 в.
Les	–	Лесновски паренезис 1353 год.
Lobk	–	Лобковски (Хлудов) паримејник, 1294-1320 год.
Mar	–	Мариинско евангелие, крај на 10-почеток на 11 в.
Orb	–	Орбелски триод, втора половина на 13 в.
Ohr	–	Охридски апостол, крај на 12 в.
Pog	–	Погодинов псалтир, 13 в.
Rad	–	Радомирово евангелие, втора половина на 13 в.
Rdm	–	Радомиров псалтир, втора половина на 13 в.
Stan	–	Станиславов пролог 1330 год.
Vran	–	Вранешнички апостол, 13 в.
Vtš	–	Ваташки минеј 1453 год.
Zag	–	Загрепски триод, прва половина на 13 в.
Zogr	–	Зографско евангелие, крај на 10-почеток на 11 в.

Соња НОВОТНИ

ЗБОРООБРАЗУВАЧКИ МОДЕЛИ ВО СЛОЕШТИЧКИОТ ПАТЕРИК

Патерикот е зборник составен од кратки раскази и поуки чијашто содржина е поврзана со животот и делото на монасите, со нивниот однос кон надворешниот свет, или во нив се презентира животот на светите лица прикажан од аспект на монасите.[67] Во словенската ракописна традиција за патеричните зборници се користат два назива: **патерик и отечник.** Првиот е преземен од грчкиот назив (πατερικόν), што значи книга посветена на отците, или што им припаѓа на отците[68], додека вториот назив (**отьчьнкъ**) е соодветен превод од грчкиот термин.

Патериците претставуваат специјален жанр на аскетската литература и одговараат на жанрот кратки приказни, а не на житијата, или пак легендите. Тие содржат многубројни раскази кои ја истакнуваат религиозната суштина од животот на монасите преку нивните аскетски подвизи, пророштвата, ересите и сл. и секогаш завршуваат со поука. Природно е што, како таков, Патерикот станал прирачна книга на монасите.

Патерикот до денес не е доволно проучуван. До денес не се решени проблемите околу преводот и содржината на Патерикот. Повеќето истражувачи на Патерикот се на мислење дека првиот старословенски превод на патеричен зборник се таканаречените "Книги на светите оци", преведени од Св. Методиј меѓу 882 и 884 г. Ваквата констатација произлегува од XV глава на Методиевото житие, каде што стои дека тој ги превел, меѓу

---

[67] Ѓ. Поп Атанасов, Речник на старата македонска литература, Скопје 1989, 211-214.

[68] А. М и л е в, Синаксар, пролог, лавсаик, патерик, Български език, кн.4. София, 1979 год., стр. 328.

другите и "Книгите за отците". Во славистиката постои извесна дилема во однос на прашањето, кој тип патерик лежи во основата на Методиевиот превиод. Имено, славистите не можат да се согласат околу тоа кој од четирите типа патерик: Скитскиот, Римскиот, Синајскиот и Сводниот ќе биде прифатен за Методиев, и на тој начин ќе влезе во делата кои им се припишуваат на Солунските браќа. Меѓутоа, немајќи директни докази, истражувачите на Патерикот барале потврда за своите тези во јазикот на Патерикот. Најинтересно и истовремено и најнеобично е тоа што сите тие и наоѓале во јазикот на своите патерици докази за староста на оној тип патерик за којшто тврделе дека е вистинскиот, односно дека тој патерик е оној Методиевиот.

Со сигурност веќе можеме да кажеме дека кон крајот на IX и во почетокот на X век постоеле словенски преводи на Синајскиот, Скитскиот, Римскиот и на Азбучниот патерик. По смртта на учениците на Св. Кирил и Св. Методиј, во текот на X век, бил преведен и Египетскиот патерик.[69]

На македонски терен, патерикот исто така добива широка распространетост. Меѓутоа, во своите осврти на патерикот, поголем број од славистите, правејќи нивна поделба, ги систематизираат како: српски, руски и бугарски. Очевидно е отсуството, во нивните осврти, на македонската редакција на патерикот. Тоа беше дополнителен поттик за задржување на нашето внимание во овој прилог токму на македонскиот патерик.

Патерикот, како тип литературен зборник, навлегува во македонското книжевно наследство и во него се забележани неколку патерици. Особено значаен и интересен од лексички аспект е Патерикот што се чува во библиотеката на БАН во Софија со бр. 77.

Во текстот има еден запис на лист 57 "**село слоещица, костадн(н҃)**". Од ова може да се извлече заклучок дека најверојатно ракописот потекнува од демирхисарското

[69] Н.В.В е й къ, О происхоядении Египетскаго Патерика, Сборник въ честъ на проф. Л. М и л е т и ч, за седемдесетгодишнината отъ рождението му, Софиъ 1933 г., стр. 361-369.

село Слоештица. Според ова демирхисарско село, Патерикот го нарекуваме Слоештички патерик (Слоеш).

Слоештичкиот патерик нуди богат лексички материјал, па би истакнале дека лексиката во овој ракопис е специфична и мошне интересна за натамошни истражувања, особено ако се земе предвид дека лексиката на македонските патерици, досега не била предмет на научен интерес. Така, од една страна, тој предизвикува интерес по однос на старата лексика, карактеристична за постариот период од словенската писменост, при што предвид ги имаме постарите лексички наслојки од другите јазици со кои старословенскиот јазик бил во контакт, а од друга страна, од аспект на народната лексика, која особено е застапена во патериците. Присуството на ваквата богата, разновидна, а наместа дури и необична лексика, секако дека се должи на карактерот на патерикот како жанр. Притоа мислиме и на слободата која ја имал пишувачот на ваквиот вид текстови, кои не се библиски. Така, за разлика од библиските текстови, каде што авторот морал да почитува одредени норми и не смеел да врши поголеми корекции, во текстовите кои не се врзани за Библијата пишувачите (а веројатно и препишувачите) имале поголема слобода при пишувањето, што го олеснило навлегувањето и на лексиката од народниот јазик.

Покрај основниот словенскиот лексички фонд, во овој Патерик, среќаваме одреден број на семитизми, грцизми, употреба на заемки од латинско потекло, германизми, понатаму архаизми, преславизми и моравизми.

Во овој прилог ќе се задржиме на зборообразувањето, бидејќи овој ракопис е од посебна важност токму на тој план. Воедно изненадува присуството на голем број сложенки, кои го збогатуваат јазичниот израз на авторот и му даваат своевиден белег на текстот.

Зборообразувањето претставува процес на образување на нови зборови во еден јазик.[70] Во процесот на зборообразувањето се добиваат нови сложени зборови, кои најчесто настануваат со префиксација или со суфиксација.

Сложените зборови претставуваат значаен дел од речничкото богатство на секој јазик, па и на старосло-

---

[70] К. К о н е с к и, Зборообразувањето во современиот македонски јазик, Скопје 1995, стр.9.

венскиот, и се однесуваат кон културниот речник на јазикот.[71]

Поради нивната многубројност, тие во старословенските ракописи станале предмет на посебен научен интерес.

Зборообразувањето во Слоештичкиот патерик се врши со изведување на сложени зборови, со префиксација и со суфиксација.

Со цел да се постигне поголема прегледност на материјалот, сложените зборови не ги наведуваме според нивниот редослед во ракописот, туку по азбучен ред. Од друга страна поради обемноста на овој вид на зборови (над 250 сложени зборови во кои двете компоненти се полнозначни зборови, односно скоро 10% од вкупниот број на зборови) ќе се задржиме само на најинтересните сложенки во кои двете составни компоненти се полнозначни зборови, односно не се задржуваме на сложените зборови кои се образуваат со префиксација или пак со суфиксација.

Нормализираната форма на заглавниот збор од морфолошка гледна точка го определуваме со скратеницата на соодветната зборовна група на латински (на пр. adj., adv.). Кај именките ја наведуваме формата на ном. едн., по која следи скратеницата за граматичкиот род.

По цитирањето на контекстот од ракописот, го наведуваме и местото (листот и редот), каде лексемата се среќава во текстот. Во некои примери имаме и неколку сложенки во една реченица и истите се болдирани. Поради специфичноста на текстот не бевме во можност да го дадеме значењето на сите сложенки, така што само во дел од примерите кои следуваат го проследуваме и значењето на сложенката. Сп.:

баснословие n.: вь непокорени и **баснословиꙗ**, врѣмена прѣпроводиль ѥ҆ь. 529/15, со значење "кажување на бајки, празни зборови".

благооутробие n.: оуповаемь на **благооутробыѥ** б҃жиѥ 373/18, so zna~ewe "milost, blagost Bo`ija".

---

[71] Р. М. Ц е й т л и н, Лексика старославънского Ъзэка, Москва 1977, стр. 186.

богоборьнъ adj.: **бг҃оборнихь** люды 443/10, so zna~ewe "onie {to se neprijatelski nastroeni kon Boga".

велелѣпие n.: **велелѣпиѥ** славы ст҃ыне. **едн҃осоущень**, и **едноравьнь** ѡц҃оу.**вьседрьжителнѡмоу** дх҃оу. 544/9, со значење "величествено, возвишено".

велемѫдъ m.: сьсце имѣѥ женьскыѥ **велемоудь**. тѣло имѣѥ ꙗко осле 151/5, со значење "со голем полов орган".

видооугодьникъ: бесчисльныхь ты и бь҃ **видооугодникы** своѥ 50/5;

градообьꙗдникъ m.: гл҃юща кь мнѣ сь жительми бы҃ аще и **градоѳбьꙗдникь** серапионь 215/2;

[95] У српскословенским текстовима је готово доследан; уп. В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида* ..., 141 [(изједначавање изостаје само у: конь (2)]; Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалт̄ира“ из шт̄амп̄арије Црнојевића*, 76–77 (синкретизам изостаје само у: рабь, іѡсифь, првенць, на хероувимь); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Жит̄ију* ..., 324 („... синкретизам је редовно присутан ...“). У македонским текстовима нема овакве доследности; уп. В. Мошин, *Македонско еванг̄елие на п̄оп̄ Јована*, 45 („Kod upotrebe acc. s. treba pribilježiti čestu pojavu pravog akuzativa mj. genitivnog oblika ...“); Р. Угринова–Скаловска – З. Рибарова, *Радомирово еванг̄елие*, 39 („... кај именките ... што значат живо суштество се забележува приклонување кон номинативната форма за акузатив со или брз предлог ...“); С. Новотни, *Пат̄ерикот̄ бр. 77* ..., 85.

[96] С. Куљбакин, *Ст̄арословенска г̄рамат̄ика*, 80. У српскословенским текстовима углавном се чува старословенска форма; уп. В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида* ..., 141 („Старословенски наставак ср. рода именица на *–ије* чува се у Л. ... ретко /је/ сажимање ...“); Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалт̄ира“ из шт̄амп̄арије Црнојевића*, 77 („... чешће се пише Ѿїи које, према правопису, може означавати и дуго *и* ...“); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Жит̄ију* ..., 324–325 (ретки су примери са сажетим наставком). У македонским текстовима је честа контракција; уп. В. Мошин, *Македонско еванг̄елие на п̄оп̄ Јована*, 44, 45; Б. Конески, *Вранешнички ап̄ост̄ол*, 25 („Нашиов ракопис доследно го спроведува слевањето на вокалите во непосреден

202б, о съедннѥнїи 243б, о православїи 768а, въ ... пришьствїи 768б, въ по̑крилїи 770а итд.

У Н мн. именица м. рода још од старословенског периода спорадично се среће наставак *й промене.[97] У нашој грађи постоје само две потврде: щрькове 202б, слонове 207б.

Код *jo основа јавља се утицај *ĭ промене у: пастырїе 144б, врачїе 187а, моужїе 768а. Овакве облике спорадично налазимо и у канонским текстовима.[98]

допир. Така во именската промена: по мѫчени ... о пришествн итн.“); Р. Угринова–Скаловска – З Рибарова, *Радомирово еванг̄елие*, 29 („ Со многубројни примери е потврдена контракција ... во наставките на именките од типот знамение: ии > н ...“); Л. Макаријоска, *Радомиров п̄салт̄ир*, 62 („Контракција је потврдена најчесто во лок. едн. ...“).

[97] С. Николић, *Ст̄арословенски језик, I* ..., 117. За црквенословенски период уп. В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида* ..., 141 („У мањем броју именица м. р. дошло је у Н до продирања наставка из *й* основа: пиргове ... гробовѣ ... вльковѣ ... стльпове ... слонове ... стльповѣ ... гласове.“); Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалт̄ира“ из шт̄амп̄арије Црнојевића*, 78 (врачеве Ѿ 4, бѣсове Ѿ 3, ликове); *Деклинација именица у Јеванђељу из Мркшине цркве*, 151 (родове – 2, рѡдове); *Деклинација именица у Цвет̄ном т̄риоду* ..., 111 (часове –2, чланове, рѡ/д/ове, бѣсове, дарове, чинове, даровѣ, чиновѣ – 6); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Жит̄ију* ..., 325 (бѣсове, родовѣ, плѣнове); Б. Конески, *Ист̄орија на македонскиот̄ јазик*, Скопје, 1967, 133; С. Новотни, *Пат̄ерикот̄ бр. 77* ..., 84 (ликове, бѣсове, попове); В. Костовска, *Македонско чет̄ороеванг̄елие*, 28 (бесовѣ, родове); Д. Пандев, *Лесновскиот̄ п̄аренезис од 1353* ..., 97–98 [градове, дарове, жидове, львове, пирове – 2, плодове Ѿ 2, попове, смѣхове, оудове – 2, шарове. „Наставката –ове кај именките од –о основа се среќава во македонските ракописи од XII и од XIII век, а од аспект на Лесн. (како ракопис од средината на XIV век) може да се зборува за наголемување на бројот на овие примери.“Ћ.

[98] С. Куљбакин, *Ст̄арословенска г̄рамат̄ика*, 83. За црквенословенке текстове уп. В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида* ..., 141 (мѹжїе); Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалт̄ира“ из шт̄амп̄арије Црнојевића*, 78 („Код малог броја именица *jo промене у Н и В мн. уноси се наставак Ѿ нѥ.“ цр̄їе – 5, цр̄не –3, моужїе –4, пастырїе); *Деклинација именица у Јеванђељу из Мркшине цркве*, 152 (архїерене –31, архїереїе, архїрене, фарїсене – 35, фарисене –2, моужїе 5, садоукене – 2, іоудене – 21, пастирне, пастырїе); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Жит̄ију* ..., 325 (Н/В цр̄їе – 2, цр̄не – 2, вел'моужїе, моужїе, пастирїе, оучителїе); Б. Конески, *Вранешнички ап̄ост̄ол*, 31 („... наставката –ие често се сре}ава ...“); Л.

Генитив мн. има неколико специфичних наставака. Завршетак Ѿовъ потврђен је већ у најстаријим старословенским текстовима;[99] у црквенословенским текстовима је уобичајен.[100] У нашој грађи јављају се ове потврде: грѣхѡвь 149а, стльповь 179б, вѣтрѡвь 191б, ѿ ... вѣтрѡвь 199б, ѿ цвѣтовь 202а, ѿ гѵ̈повь 203а, ѿ ... враговь 768а, видовь 769б.

Наставак *ĭ парадигме с вокализацијом среће се само у два случаја: ѿ юуден 537б, моужен 768а. Мала фреквенција овог наставка код *jo основа карактеристична је и за друге црквенословенске текстове.[101]

Макаријоска, *Радомиров п̄салт̄ир*, 66–67 (кедрие; цр̄ие – 8); С. Новотни, *Пат̄ерикот̄ бр. 77* ..., 86 („... у неколку примери се јавува и наставката Ѿнѥ ...“); Д. Пандев, *Лесновскиот̄ п̄аренезис од 1353* ..., 100 („... наставката –ие ... ја забележуваме само кај три именки: мѫжь, велмѫжь и пастырь, како и кај именките што завршуваат на Ѿтель.“).

[99] С. Николић, *Ст̄арословенски језик* ..., 117–118.

[100] В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида* ..., 141 (часовь, ратовь, львовь – 4, роговь, браковь, пирговь, писковь, огнѥвь); *Палеог̄рафски и језичко исп̄ит̄ивање о Чајничком јеванђељу*, 143 (градовь, грѣховь – 3, гробовь, врачевь, законниковь); Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалт̄ира“ из шт̄амп̄арије Црнојевића*, 78 (родовь – 6, лѹковь, доухѡвь, доуховь, оумовь – 1, грѣховь – 2, грѣхѡвь – 4, врагѡвь, враговь, бѣсовь, бѣсѡвь – 4, даровь – 2, дарѡвь – 3, дльгѡвь – 2, часовь, дворовь, боговь, цвѣтовь); *Деклинација именица у Јеванђељу из Мркшине цркве*, 151 (родовь, бѣсов, бѣсѡвь, доуховь, доухѡвь, грѣховь); *Деклинација именица у Цвет̄ном т̄риоду* ..., 111 (грѣховь – 3, грѣхѡвь, троудовь, даровь – 2, родовь, рѡ/д/вь – 5, боговь, бг̄овь, оудовь, дх̄овь, дѹховь); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Жит̄ију* ..., 321 (враговь, даровь, ѿ кнезовь, кромѣ троудовь и потовь, дроуговь – 2, плодовь, ѿ ... градовь); С. Новотни, *Пат̄ерикот̄ бр. 77* ..., 84–85 (троудовь, ѿ бѣсовь, ѿ бѣсѡвь, грѣховь, ѿ поповь, ѿ класовь, пл̑овь, ѿ дх̄ѡвь. „Оваа наставка ја сре}аваме и во други ракописи од XIV век ...“); Д. Пандев, *Лесновскио п̄аренезис од 1353* ..., 98 („Оваа наставка се сре}ава кај десет именки, а во најголем број примери се забележува кај именката грѣхъ ...“).

[101] В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида*, (конѥи); Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалт̄ира“ из шт̄амп̄арије Црнојевића*, 78 (цр̄ен, тропарен); *Деклинација именица у Цвет̄ном т̄риоду* ..., 113 (пастырен – 2, цр̄ен); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Жит̄ију* ..., 326 (цр̄ен – 3, потезателѥи); Р. Угринова–Скаловска – З. Рибарова, *Радомирово еванг̄елие*, 39 (мѫжен, дѣлателен, архіерен); Л. Макаријоска, *Радомиров п̄салт̄ир*, 67 (ѱ͡алтирен, ѱ͡алтырен); С. Новотни, *Пат̄ерикот̄ бр. 77* ..., 86

Именице ср. рода на *–ије* доследно чувају несажет наставак Ѿїи, нпр.: бледенїи 768б, ѿ ... ꙁлокъꙁньствїи 769б, разоумѣнїи 769б, писанїи 769б. Овакав наставак среће се углавном и у другим српскословенским текстовима.[102]

Синкретизам с Л мн., карактеристичан за косовско–ресавске говоре, налазимо у примеру:[103] испрьва въстеꙁах се· трепеще коупно и бое се величьства научинанїхь· 768б.

У Д мн. је необичан пример именице дѣꙗниѥ који има наставак тврде промене: къ ... дѣанїѡмь 212б.

У И мн. именица ср. рода на *–ије* јавља се утицај **ĭ* промене:[104] игран҆ми 144а, велѣн҆ми 768а, научинан҆ми 768а.

Код именица м. рода постоји аналитички облик преузет из народних говора (призренско–јужноморавских, кумановског): съ грьци 537а.

У Л мн. јављају се два специфична облика. Именица морѥ има наставк Ѿахь: [105] въ мора҃х 198а; са завршетком Ѿехь

(родителеи – 2, монастиреи – 2, моучеи, мѹ҃чеи); Д. Пандев, *Лесновскиот паренезис од 1353* ..., 101 (родителеи – 2, сьродителеи, свѣт҃елеи, пастыреи).

[102] Уп. Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Житију*, 326. За македонске текстове уп. В. Мошин, *Македонско еванг̄елие на п̄оп̄ Јована*, 44 [„... mnogo češće nailazimo na kontrakciju u nastavcima kod svih vrsta riječi. Obična je kod imenica sa **–ii** u genit. pl. дѣти(и), люди(и) ...“].

[103] Ова дијалектна црта среће се спорадично у српскословенским текстовима; уп. В. Јерковић, *Срп̄ска Александрида* ..., 142, 144; Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Житију* ..., 327.

[104] Ове именице имају облик И мн. у српским текстовим углавном по **ĭ* обрасцу; уп. G. O. Svane, *Die Flexionen in štokavischen Texten aus dem Zeitraum 1350–1400*, Aarhus, 1958, 47–48; Ђ. Даничић, *Историја облика* ..., 116–118; Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Житију* ..., 326; *Морфолошке одлике Акатиста* ..., 33; Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалтира“ из штампарије Црнојевића*, 79.

[105] А. Белић, *Историја срп̄скохрватског̄ језика*, књ. II, св. 1, *Речи са деклинацијом*, Београд, 1972, 86 [„... почело је продирати а из. ном. мн. у дат. инстр. лок. мн. (као у руском језику) ...“]; Ђ. Даничић, *Историја облика* ..., 136 („Средње су ријечи прелазиле кад кад у овом падежу међу женске с основом на **а** ... писаниꙗхь ... пристанищахь, солилахь ...“); В. Јерковић, *О језику меницинског̄ сп̄иса Ходошког̄ зборника*, Зборник Матице српске за филологију и лингвистику, XXXVIII/1, Нови Сад, 1995, 32–33 (вь ложесна/х/ – 6. „Наставак *–ах* имају именице **jo* осн. ср. рода у југозападним крајевима. Налазила сам га у богумилским књигама босанске скупине.“); Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Житију* ..., 326 (вь ложесна҃х). Оваква форма потврђена је код

је: [106] на ꙗнцѣ 203б. Именица прѣмѣнѥниѥ је са несажетим наставком, а повелѣниѥ с контракцијом:[107] по прѣмѣнѥнїи 180б, въ ... повелѣны 769а.

Промена на *a/ja

У падежима једнине углавном се чува старо стање. Изузетак је Г некадашњих тврдих основа који има у четири потврде наставак по меком обрасцу (што је утицај штокавских говора):[108] ѿ лѣтописца ꙁонарѣ 155а, пльти єхыдне насытивши се 206а, ꙁемлѥ · вѡдѣ · въꙁдꙋха · ѡгнꙗ 246б, и сїе въсе наследовааше бльгаре, дарованїемь ѳеѡдрѣ[109] цр҃це 537а (употреба –ѣ уместо Ѿе < ѧ је правописни проблем).

И у множини има неколико примера Н/А тврдих основа с наставком *ja парадигме (утицај штокавских говора):[110] жерави и пчеле ... оучинѥни соуть 201б (: пчелы 202а), вране 202б (: враны 203а), висоу гоуске и пловке 204б; жабы и моухе 205б.

Специфичан је облик Л који је изједначен са Г:[111] о водолюбны птиць и о лебедѣ 204а.

тврдих основа и у македонском споменику [Л. Макаријоска, *Радомиров псалтир*, 67 (вь селахь, вь чѧдахь)].

[106] Уп. Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалтира“ из штампарије Црнојевића*, 79 [„У *jo деклинацији се, анлогијом према дативу, развија Ѿехь ... врачехь ... монастырехь ... вь концехь – 3 ... Оба наставка (Ѿохь и Ѿ ехь) забележени су и у другим редакцијским текстовима.“]; Л. Макаријоска, *Радомиров псалтир*, 67(„... локативната множинска форма вь жилищехь 42/12 според і–основа ...“).

[107] Уп. и Ч. Стојменовић, *Деклинација именица у Служби и Житију ...*, 327; Ј. Грковић–Мејџор, *Језик „Псалтира“ из штампарије Црнојевића*, 79. За македонске текстове уп. В. Мошин, *Мекедонско евангелие на поп Јована*, 45 („... kod riječi распѫтие dolazi samo oblik на распѫтихь /2/ ...“); В. Костовска, *Македонско четвороевангелие*, 30 („И именките од среден род што завршуваат на Ѿие во локатив еднина и множина имаат контрахирана наставка ... “).

[108] G. O. Svane, *Die Flexionen in štokavische Texten ...*, 64; уп. В. Јерковић, *Српска Александрида ...*, 144; Ч. Стојменовић, *Морфолошке одлике Акатиста ...*, 33.

[109] Именица *a основа; уп. ѳеѡдра цр҃ца, къ цр҃ци ѳеѡдрѣ 537а; уп. и *Индекс кон речникот на македонските библиски ракописи*, Македонистика, 4, Скопје, 1985, 451 (теодора, Ѿъı f).

[110] Уп. В. Јерковић, *Српска Александрида ...*, 145–146.

[111] Уп. нап. 32.

З а к љ у ч а к

Преглед деклинације именица указао је на добро чување старих образаца код продуктивних именичких врста и извесно колебање код непродуктивних, што је углавном потврђено у старословенским и редакцијским текстовима. Занемарљиво је присуство дијалекатских црта, тзв. „факултативних одступања“,[112] што је у складу с тенденцијом ресавске школе (под утицајем Јефтимијеве реформе у Бугарској).[113] На балканском простору од друге половине XIV века присутан је исихастички духовни покрет који је у тешким политичким и духовним приликама (продор Османлија и католицизма; велики део текстова у зборницима које је саставио и преписао Владислав Граматик имају антикатоличко–полемички карактер[114]) истицао у први план општеправославну свест, која је била у супротности са претераним наглашавањем аутокефалних и етничких посебности. Ова монашко–теолошка доктрина појавила се најпре у Византији; утицала је на све духовне сфере. У складу с филозофијом покрета мењао се и књижевни језик. „Тежња ка универзалном, ка уједначавању књижевне норме, у другој половини XIV века, поново је појачала карактер наддијалекатског и ареално–интернационалног у књижевном језику. Начелна конзервативност и појачано потискивање црта живог говора постају својствени целој словенској области, а настају у оквиру организованог језичког покрета и школе, где се врши провера и исправка превода и текстова.“[115]

У деклинацији именица имамо следеће значајније одлике:

---

[112] В. Јерковић, *Српскословенска норма у гласовном и морфолошком систему*, Југословенски семинар за стране слависте, 33–34, Задар, 1984, 63 (друга и трећа група особина).

[113] И. Грицкат, *Одлике ресавске редакције у старијим писима Душановог законика*, Јужнословенски филолог, књ. XXXIV, Београд, 1978, 117.

[114] Г. Данчев, *Владислав Граматик – книжовник и писател*, София, 1969, 33–75.

[115] Б. Јовановић, *Обнављање књижевног језика уочи пропасти српских земаља*, О кнезу Лазару, Београд, 1975, 279.

1) Од редакцијских црта доследно су присутне: а) наставци ѿемь, ѿехь у Д и Л мн. *ĭ основа ж. рода; б) једначење А са Г јд. код именица м. рода *o/jo основа које значе бића.

2) Издвајамо црте које су у нашој грађи доследно присутне у односу на друге црквенословенске текстове: а) чување несажетог наставка у Л јд. и Г мн. код именица ср. рода *jo основа на –ije; б) наставак –ен у Г мн. именица *i основа ж. рода.

3) Присутне су старе иновације, познате још канону: а) наставак *ĭ промене у Л јд. именица м. рода на консонант и именица ж. рода на *ū ; б) доминантан утицај *o парадигме на *s основе у једнини; в) употреба наставка *i промене у И мн. именица ср. рода на –ije; г) наставак *ŭ обрасца у Н и Г мн. именица м. рода *o основа; д) наставак *ĭ деклинације у Н мн. именица м. рода на *jo.

4) Утицај народних говора спорадично је потврђен: а) у Л јд. именица *o основа наставак штокавских говора –u; б) у Г јд., Н и А мн. *a основа завршетак меке промене –e (одлика штокавских говора); в) аналитички облик именице грѣкъ у И мн.; g) изједначени облици Г и Л мн. (одлика косовско–ресавских говора).

Јухани НУОРЛУОТО

НОВ НАОД: РАКОПИСОТ НА КОНИКОВСКОТО ЕВАНГЕЛИЕ

Во овој прилог ќе биде претставен еден своевиден раритет, ракопис на тн. Кониковско евангелие за чие постоење досега не се знаеше.[1] Постоењето на печатената верзија на евангелието, сепак, е познато во науката врз основа на два фрагмента кои бугарскиот научник Јордан Иванов ги има објавено во своите *Български старини из Македония* (1931/1970). Печатеното евангелие е објавено во Солун 1852 г. Денес, на печатената книга ѝ се има изгубено трагата.

Ракописот е најден во библиотеката на александриската патријаршија во втората половина на 2003 г. од една финска научно-истражувачка екипа која моментно се бави со антички и средновековни грчки ракописи. Сигнатурата на ракописот е Bibl.Patr.Alex. 268. Врз основа на насловната страница на печатената книга може да заклучиме дека евангелието е «препишано и диортосано» од Павел јеромонах, т.е. Павел Божигропски, родум од селото Кониково во Еницевардарско.[2] Споредбата со одломките на таканареченото Кониковско евангелие, што го објави Иванов (1931/1970: 183), покажува дека таа книга, печатена во Солун 1852 година, се темели врз нашиот ракопис, со тоа што во печатената верзија се вклучени и коректури кои дополнително се воведувале во ракописот.

Ракописот е значаен од повеќе причини: а) Тој е двојазичен (спротивно на печатената верзија која е еднојазична);

---

[1] Во печат е поопширен опис на ракописот (Нуорлуото 2004а) и дијалектолошка анализа на кониковскиот говор врз основа на нашиот ракопис (Нуорлуото 2004б). Комплетното издание на ракописот се планира како колективен потфат на фински и македонски истражувачи за 2008 г.

[2] Denes seloto Konikovo se narekuva Ditikó (грч. Δυτικό).

б) Евангелието е преведено директно од грчки (а не од црковнословенски).[3]

Ракописот содржи грчко изборно евангелие и негов словенски превод, напишан со грчки букви. Од изворните 124 (?) страници сочувани се 74. Ракописот е своевиден раритет бидејќи, не само што е единствен двојазичен, туку и двата идиома (грчкиот и јужномакедонскиот) претставуваат жив народен говор, а не црковен јазик. Притоа, словенскиот дел на ракописот е *најстаро* новомакедонско евангелие и *најдолг* пишан текст од јужномакедонски тип.

Ракописот на Кониковското евангелие може да се смета за релативно уверлив извор за проучување на месниот говор на селото Кониково бидејќи на насловната страна на печатената книга се наведува потеклото на составувачот, одн. преведувачот Павел Божигропски (подетално в. Нуорлуото 2004б). Не е, значи, исклучено дека самиот ракопис настанал во тоа село иако тоа не е сигурно со оглед на тоа дека Божигропски дејствувал, меѓу останатото, во Воден, Солун, Охрид и Ерусалим.[4] Со таа подвижност можат евентуално да се објаснат бројните подоцнежни коректури кои се усвоени во печатената верзија.

Ракописот исто така дава своевиден пример за успешна примена на грчкиот алфабет за словенски гласови.[5] За шушкавите и, делумно, за прејотацијата се употребува посебен подреден лак, најчесто придружен со точка. Тој дијакритик се изоставува во печатената верзија, па за неговото постоење досега не се знаело. Според тоа, не можеме во потполност да се согласиме со констатацијата на Конески (2001: 127) кој вели дека во XIX век се повторила ситуацијата што ја опишува Црноризец Храбар дека Словените пред усвојувањето на своето писмо долго пишувале со грчки букви "без устроенија".

Самата средина каде што е настанато Кониковското евангелие ја оддава дијалектната припадност на неговиот

---

[3] За преведувачката практика во Егејска Македонија во однос на другите делови на јазичното подрачје в. Угринова-Скаловска (1994).

[4] За животот и дејноста на Божигропски не се знае многу, не му е позната ни годината на раѓањето. За еден општ животопис в. Вълчев (1983: 119ff.) и Иванов (1931/1970: 181-185).

[5] Авторот на овој прилог моментно подготвува графемска анализа на самиот ракопис, споредбена графемска анализа на егејските текстови со грчко писмо, како и археографски опис на нашиов ракопис.

јазик. Според тоа, јасно е дека јазикот на нашиот ракопис претставува југоисточно македонско наречје и, внатре во него, долновардарски дијалектен тип.[6]

Интересно е, меѓутоа, да се види како нашиот досега неистражуван говор се однесува спрема околните говори за коишто располагаме со податоци во описот. Врз основа на литературата со којашто располагаме ни се чини дека средните делови на јужномакедонското дијалектно подрачје донекаде послабо се истражувани од југоисточните и југозападните говори. Ова важи посебно за околината на Воден и Енице-Вардар. На пример, во тритомната дијалектологија на Видоески (1998; 1999а; 1999б) се опишуваат југоисточните (источно од Солун) и југозападни (од Костур до јужна Албанија) говори релативно детално, додека во карактеристиките на централните егејски говори се вклучуваат само особеностите што се поклопуваат со југоисточните одн. со југозападните.[7] Ни ОЛА (в. ФО 1981) не опфаќа многу пунктови што би се наоѓале во Ен『евардарско (за евентуалната причина в. забелешка 7). Меѓу нив не наидовме ниту на еден говор кој во своите поединости би бил сличен на кониковскиот говор. Сепак, не можеме да ја исклучиме можноста опишаните соседни говори порано, т.е. во првата половина на XIX век да познавале некои особености што се карактеристични за јазикот на нашиот ракопис.

Колку јазикот на ракописот на кониковското евангелие ја одразува јазичната состојба во кониковскиот говор и колку е таа израз на една поопшта јазична практика во Егејска Македонија од средината на XIX век, не може да се утврди со сигурност. Во првиот случај не е исклучена можноста неговиот јазик да се вклучи во описите на говорите

---

[6] За општиот опис, границите, главните одлики и групирањето на одделни говори на долновардарскиот дијалект в. Видоески (1998: 23ff.).

[7] Од ова следи дека ни е донекаде претерана констатацијата на Пеев (1994: 87) дека «овие дијалекти (т.е. долновардарските, ЈН) се едни од најистражуваните во опсегот на македонското јазично подрачје». Пеев и самиот наведува очигледна причина за тоа, па во својата студија за говорот на селото Ватилак се повикува на посредната евиденција: по Втората балканска војна (1913) населението на повеќето долновардарски словенски села е протерано (Пеев 1994: 87). Најпознат пример на "индиректна дијалектологија" секако претставува монографијата на Питер Хил (1991) за горнокаленичкиот говор.

опфатени во МДА.

Се претпоставува дека ракописот настанал во село Кониково или барем неговиот јазик се заснова на кониковскиот говор, па во печатената верзија се вовела една поширока дијалектна база за што сведочат и бројните подоцнежни коректури во ракописот. Проблемот за една таква претпоставка е во тоа што коректурите очигледно ги одразуваат цртите на "втората рака", различни од раката на составувачот на оригиналниот ракопис, но и таа непогодност може, евентуално со малку научна мечта, да се објасни со временскиот дијапазон меѓу постанокот на ракописот и печатената верзија, т.е. со развитокот на ракописниот стил на Божигропски со текот на години или дури децении.

Литература

Видоески, Б. 1998. *Дијалектите на македонскиот јазик. 1*. Скопје.

Видоески, Б. 1999а. *Дијалектите на македонскиот јазик. 2*. Скопје.

Видоески, Б. 1999б. *Дијалектите на македонскиот јазик. 3*. Скопје.

Видоески, Б. 2001. «Поглед на фонолошките особености на македонските дијалекти». Во книгата: *Бл. Конески, Историска фонологија на македонскиот јазик: Со општ поглед врз фонолошкиот развиток на македонскиот јазик и со карта на македонските дијалекти од Божидар Видоески* (ред. Љ. Спасов). Скопје, стр. 131-249.

Вълчев, Б. 1983. «Павел Божигробски». Во книгата: *Български възрожденски книжовници от Македония: избрани страници* (ред. И. Дуриданов). София, стр. 119-123.

Иванов, Й. 1931/1970. *Български старини из Македония*.[2] София. (Фототипно изд., София 1970).

Конески, Бл. 2001. *Историска фонологија на македонскиот јазик: Со општ поглед врз фонолошкиот развиток на македонскиот јазик и со карта на македонските дијалекти од Божидар Видоески* (ред. Љ. Спасов). Скопје.

Нуорлуото, J. (Nuorluoto, J.) 2004а. «Die Konikovo-Evangeliumshandschrift: Ein Neuer Fund». *Hercigonjin zbornik.* Zagreb. [Во печат].

Нуорлуото, J. (Nuorluoto, J.) 2004б. «Ракописот на Кониковското евангелие како извор за фонолошки опис на егејските македонски говори». *МАНУ: Прилози* XXIX/1, Скопје 2004. [Во печат].

Пеев, К. 1994. «Од реконструкцијата ма еден македонски говор од Солунско». Во книгата: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија: Научен собир, Скопје, 23-24 декември 1991* (ред. Б. Видоески & О. Иванова). Скопје, стр. 87-92.

Угринова- Скаловска, Р. 1994. «Околу преведувачката постапка применета во евангелските текстови пишувани со грчко писмо». Во книгата: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија: Научен собир,*

Скопје, 23-24 декември 1991 (ред. Б. Видоески & О. Иванова). Скопје, стр. 127-135.

ФО 1981. *Fonološki opisi srpskohrvatskih/hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim dijalektološkim atlasom* (ред. Pavle Ivić) Sarajevo. (ANU BiH; Posebna izdanja LV; Odjeljenje Društvenih nauka 9).

Хил, П. (Hill, P.) 1991. *The Dialect of Gorno Kalenik*. Columbus.

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НАСПРЕМА ДРУГИТЕ ЈАЗИЦИ

Рина УСИКОВА

РАЗВИТОК НА ЛЕКСИЧКИОТ СОСТАВ НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

(според материјалите од македонско-руските речници од 1963 и 2003 г.)

Првата потполна фиксација на лексиката на македонскиот литературен јазик беше претставена во Македонско-руски речник, објавен во Москва 1963 г., а составен од В. Илич-Свитич и Д. Толовски, под редакција на Никита И. Толстој (понатаму – ИСТ), кој содржеше 30 илјади заглавни зборови. Како извор на собраната картотека за Речникот послужија текстови од македонската уметничка литература, публицистика и наука, публикувани во периодот од 1945–1958 г. и некои текстови до 1960 г., а исто така првиот том од Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања, излезен во Скопје 1961 г. (понатаму – РМЈ) Авторите признаваат дека во нивниот Македонско-руски речник (ИСТ) покрај литературните зборови се вклучени и некои разговорни, дијалектни и застарени зборови. Овој речник одамна стана книга од научно-културен раритет и служи како важен лексикографски научен труд што ја фиксира лексичката состојба на македонскиот литературен јазик во првите петнаесет години од неговата кодификација.

По четириесет години, во 2003 г., во Москва беше објавен друг Македонско-руски речник, составен од екипа автори (Усикова Р., Шанова З., Верижникова Е., Поварницина М.) под општа редакција на Р. Усикова и Е. Верижникова (понатаму – МРС) со над 40 илјади заглавни зборови. Како лексичка основна база за МРС послужи тритомниот Македонско-руски речник (понатаму – МРР), создаден од истиот творечки колектив, а објавен во Скопје 1997 г. Покрај тоа како извор на стандардноста на зборовите во МРС служеше Правописен речник на македонскиот литературен јазик од Кирил Конески, излезен од печат во Скопје 1999 г., и понови

текстови од македонскиот периодичен печат и уметничка литература. За жал, тритомниот Македонско-руски речник (МРР) многу бргу го снема од продажба, а во Русија тој воопшто не се продаваше. Од тие причини потребата од македонско-руски речник за Русија беше доста актуелна и 3000-от тираж на МРС успешно се продава.

За разлика од тритомниот МРР, кој имаше предвид широк круг македонски и рускојазични корисници, МРС е направен за рускојазични читачи кои изучуваат македонски јазик или работат со него.

Главната задача на овој реферат е да видиме како, според московските изданија на речниците од 1963 и 2003 г., се промени и се збогати лексичкиот состав на македонскиот јазик за скоро педесетгодишниот период на своето постоење и развој.

Основна анализа ќе вршиме по заглавните зборови што почнуваат со буквите **А, В** и **У.** Со буквата **А** – затоа што во неа се претставени главно заемки (турцизми и интернационализми), **В** – затоа што е проверена во ИСТ по РМЈ, **У** – зашто е правена во ИСТ без лексикографска потпора и затоа што тогаш имаше варијативност на нормата, посебно меѓу зборови со префиксите *в(о)-* и *у-*. Во поодделни случаи ќе даваме примери од заглавните зборови што почнуваат и со други букви.

Количинските карактеристики на анализираните букви се такви: во ИСТ буквата **А** содржи 593 заглавни зборови, во МРС – 716 (од нив заедничките зборови во двата речника се 391); буквата **В** во ИСТ има 1222 заглавни зборови, додека во МРС – 941, од нив еднаквите зборови се 720 (за споредба: во тритомниот МРР – 1462 зборови, а во РМЈ – 2363 заглавни зборови). Буквата **У** во ИСТ има 511 заглавни зборови, во МРС – 477, еднаквите зборови во двата речника се 279 (во МРР од 1997 г. буквата **У** содржи 678 заглавни зборови, во МРЈ – 1093).

Во споредба со тритомниот МРР, МРС содржи и понови лексеми што се појавиле во текот на последните години (научна, политичка и воена терминологија), но – главно – друг лексикографски принцип дозволи да се скрати подавањето на некои типови лексеми, на пример: наместо повеќето префиксирани еднозначни глаголи во одделни заглавни статии се даваат нивните глаголски префикси со своите значења и список примери од најкарактеристичните глаголи, обично не се даваат исто така несвршени глаголи со наставката *–ува* (вторични имперфективи), глаголски именки со наставката *-ење* со процесно значење, именки со наставката *-ост* и феминативи со нставката

-*ка* освен почудните за рускиот корисник (како *ректорка, деканка* и сл.); не се даваат зборови со деминутивни наставки, кои инаку се претставени во одделен список со значења и примери. Поглавни географски и етнички термини се даваат по азбучен ред во основниот дел на речникот. За разлика од ИСТ во МРР и МРС се дава глаголска рекција која често пати влијае и врз глаголските значења. Во споредба со МРР и ИСТ, од МРС се исклучени застарени и дијалектни зборови и, во споредба со МРР, за жал, се избришани доволно многу пословици, поговорки и илустративни примери; нема и список на абревијатури и скратеници. При крајот на МРС, како и во другите македонско-руски речници – ИСТ и МРР, има граматички прирачник на македонскиот јазик.

Релативно неголем број заглавни зборови во МРС во анализираните букви се објаснува со лексикографскиот пристап на штедење на типичните лексички модели за коешто стана збор погоре.

Содржински буквата **А** во МРС наспрема ИСТ се разликува најмногу: во неа се претставени скоро половина различни зборови отколку еднакви. Така во МРС нема застарени и дијалектно-разговорни турцизми, додека во ИСТ ги среќаваме доста: на пример, **абдал** *уст*. „болван, дурень“, **авет** „призрак“, **адам** *уст*. „скопец“, **акчија** *уст.* „повар“, **арач** *ист*. „подушная подать“ и тн. Редица разговорни нестандардни зборови-турцизми од ИСТ би можеле да се најдат и во МРС со ознака *разг.*, меѓутоа ги нема: на пример **аман** „пощада, милость“, **ак** „доля; заработок; право“, **ака „**скитаться“, **акал** „разум; совет“ и т.н. Во ИСТ нема **алпинист**, но има **алпинец „**горный стрелок“, отсутен во МРС, веројатно, поради помала актуелност; од друга страна во ИСТ се пропуштени некои поважни зборови од турско потекло како што се **амам** „турецкая баня“, **аџамија** „неопытный, новичок“, додека во МРС е пропуштен, на пример зборот од словенско потекло **агломер** „транспортир“.

Инаку во МРС количински има повеќе заглавни зборови што почнуваат со **А** отколку во ИСТ зашто во текот на четириесет години литературниот македонски јазик прими многу нови научни и политички термини, што е сврзано со развојот на самиот македонски јазик, а и со развојот на светската наука и цивилизација, кога се создаваат нови поими и термини за нив. Така, во МРС (за разлика од ИСТ) се внесени сите називи на хемиски елементи (**ајнштајниум, анјон** итн.), се

обележени повеќе научни, медицински и технички термини (**амортизер** „амортизатор“, **аналитичар** „аналитик“, **армиран (бетон)** „армированный (бетон)“, **антилоп** „замша“, **акни** „угревая сыпь“, **анамнеза** „анамнез“ итн. Овде спаѓаат и термини што не постоеле или не беа актуелни до 60-те години, како што се **алунира** „прилуниться“, **атерира „**приземлиться“, **антракс** „сибирская язва“, **акцион/ен** „действенный“ (**акционен план** „план действий“, **акционен филм** *кино* „боевик“) итн. Во МРС е фиксирана нова политичка, економска и финансиска терминологија која не беше толку актуелна во социјалистичкиот период како што сега (**аконтација** *фин.* „аванс, предоплата“, **акцепт** *правн., фин*. „вексель; согласие“, **аграр** „сельскохозяйственная деятельность, политика“, **аграрец** *полит*. „аграрий, член аграрной партии“, **агреман** *дип.* „агреман“, итн. Во МРС се дава воена терминологија, која стана поактуелна кога армијата во независната Македонија премина на македонски службен јазик (**актива** *фин.* „актив“; *воен*. „действительная служба“, **активен офицер** „кадровый офицер“ и многу други. Научно-техничкиот прогрес и процесот на глобализацијата и понатаму внесуваат нови терминолошки зборови кои не се фиксирани во МРС, на пример, **алатник** *комп.* „панель инструментов“ (Речник на странски зборови од Т. Белчев), **апликација** „аппликация“ (МРС) и во ново значење (во МРС нема) „обращение с просьбой“, **апстракт** „анкета-резюме“ и тн.

Меѓу ИСТ и МРС има разлики и во преводите на некои зборови, на пример во ИСТ **арома = аромат „**аромат“, во МРС – **арома** „аромат, приятный запах“ и *перен.* „аромат“, а **аромат** *кул*. „пряная приправа“. Некои постари зборови придобија фигуративни и експресивни значења, посебно карактеристични за разговорниот стил, на пример **ага** *ист*. „ага, господин“, *ирон.* „турок“ (ИСТ), „барин, самодур“ (МРС); **агалак** „господство; поместье“ (ИСТ) – „поместье аги“, *ирон.* „поместье, дача“, *неодобр*“ барство, самодурство“ (МРС). Во МРС се фиксирани повеќе фигуративни значења и експресивни зборови отколку што во ИСТ (веројатно, тоа не се објаснува само со развојот на јазикот, туку и со недостигот на семантичката информација за живиот македонски јазик кај авторите на ИСТ). Така, во МРС наоѓаме **Азијци** „жители Азии“ и **Азијати** *неодобр.* „азиаты; дикари; витиеватые ораторы“, а во ИСТ – само **Азијци.**

Имено составот на зборовите што почнуваат со **А** во ИСТ и МРС највидливо покажуваат прогресивни промени и

збогатување на лексичкиот состав на македонскиот литературен јазик.

Зборовите на буквата **В** и во двата споредувани речници содржат главно домашни зборови од сите граматички класи. Секако во ИСТ има доста зборови што скоро не се употребуваат во сегашниот литературен јазик**:** **ваја** (ИСТ) – *совр.* **дадилка** „няня“ (во МРС нема), **валај** (ИСТ) – *совр.* **се колнам** „клянусь (има во ИСТ и во МРС), Некои српски заемки во ИСТ се претставени поподробно од МРС: **велеград „**большой город“, **велемајстор** „гроссмейстер“, жалам што во МРС овие лексеми ги нема, има само **велеслалом** „гигантский слалом“, меѓутоа во тритомниот МРР има и **веледостојник** „сановник“, и **велеград**, и некои други зборови со *веле-*.

Во редица случаи некој збор во ИСТ има помалку значења, отколку во МРС. Причините се во развојот на цивилизацијата, но понекогаш и во внатрешниот развој на семантиката на зборот. На пример: **возач** „возчик“ (ИСТ, МРС), и „водитель автомобиля“ (само МРС), **великан** „великан“ (ИСТ, МРС) и „великий человек, корифей“ (МРС), **водител** „руководитель, вождь“ (ИСТ, МРС) и „теле(радио)ведущий“ (МРС), **внимател/ен** „внимательный“ (ИСТ) – во МРС тој збор има уште значења „осторожный; учтивый“.

За разлика от ИСТ, во МРС се наведени многу повеќе научни и технички термини, како што се **вакуум, вакцина, валалница** „прокатный цех“, **варијабла** *мат.* „переменная величина“, **варијабила** *екон.* „меняющаяся часть зарплаты“ (во ИСТ има само **варијабил/ен** „изменчивый“, но го има и во МРС: „переменный“), **варел „**цистерна“, **ветроказ** „флюгер“, **виљушкар** „автопогрузчик“, **вирман** *фин.* „безналичное перечисление“ и сл., што е поврзано со развојот на македонскиот јазик, на македонското стопанство и општо земено на цивилизацијата, како што беше и со составот зборови на **А.**

Двата речника во зборовите на **В** одразуваат некои колебања и семантички варијанти во лексиката од различните етапи на развој во македонскиот литературен јазик. На пример, во ИСТ **величие = величина** се преведува само како „величие“, а во МРС се дава **величие** „величие“ и **величина „**величина *(о выдающемся деятеле*)“: **светска величина** „мировая величина“ *(за човек*); во ИСТ има **вонпарти/ен**, во МРС – **вонпартиски** „беспартийный, внепартийный“, во ИСТ **воспитател** и **воспитач** – во МРС само **воспитувач** „воспитатель“; во ИСТ **восприеме** – во МРС **восприми** „воспринять“; во ИСТ

високонауч/ен „высокообразованный“ – во МРС **високообразован** „имеющий высшее образование“, **високообразов/ен** „высший, высокообразовательный“; во ИСТ: **виш** „высший“, **више образование** „высшее образование“, **вишист** „человек с высшим образованием“ – во МРС **виш** „полувысший, специальный средний *(об образовании)*“, **вишист** „специалист со средним специальным образованием“, **високо образование** „высшее образование“; во ИСТ **видувачка = видување, видок = видовиште** „встреча, свидание“, во МРС – **видувачка** „смотрины, встреча“, **видување** „встреча, „свидание“, зборовите **видок, видовиште** не се одбележани. Во ИСТ се даваат дублетни глаголски лексеми со префиксите *в-/з-, в-/у-*. Во МРС, кој ја одразува поновата етапа на развитокот на лексиката во македонскиот литературен јазик, ваквите глаголи се даваат со префиксите *з-* или *у-:* во ИСТ – **вбесни** види **збесни**, МРС – само **збесни** „взбеситься, прийти в ярость“, ИСТ – **вгои/згои/угои**, МРС – **згои/угои** „откормить“, ИСТ – **вгорешти / згорешти**, МРС – **згорешти** „согреть; разогреть“, ИСТ само **вдвои**, МРС – само **удвои** „удвоить“ .

Азбучниот попис на зборовите што почнуваат со **У**, прво беше претставен токму во ИСТ. Треба да одбележиме дека во него го нема супстандардниот предлог *у=во*, иако се среќаваат зборови со префиксот *у-* кои во следните периоди од развојот на литературниот македонски јазик се замениле со лексеми со други префикси, на пример, во ИСТ – **увод**, во МРС – **вовед** „введение, предисловие“, во ИСТ– **увитка/завитка**, во МРС – **завитка** „завернуть, упаковать“ и **увие** „обернуть обмотать“, во ИСТ – **вглави / углави**, во МРС – само **вглави** „воткнуть, укрепить“, во ИСТ – **уроди/породи** „уродить, дать урожай; породить“, во МРС – **роди** „родить; дать урожай“ и **породи** „породить“, во ИСТ – **упореди**, во МРС – **спореди** „сравнить“, во ИСТ – **урами/врами ,** во МРС – само **урами** „вставить в рамку“.

Сепак списокот заглавни зборови што почнуваат со **У,** во МРС содржи доста лексеми со префиксот *у-,* и тоа од понови терминолошки и некои други зборови, на пример: **узакони/озакони** „узаконить“, **улогори** „разбить лагерь“, **упис** „запись, регистрация“, **уписница** „бланк для поступления в вуз“, **усмири** „усмирить“, и некои други. Доста глаголи со префиксот *у-* се даваат и во двата речника, на пример, **усоврши „**усовершенствовать“, **усогласи** „согласовать“, **унапреди** „развить, вызвать подъем“.

Секако, и во пописот зборови на **У** во МРС има значајно повеќе понови лексеми во споредба со ИСТ, што инаку не значи дека едниот речник е добар, а другиот полош. Причината е во интензивниот развој на лексичкиот состав на македонскиот литературен јазик и во научниот и техничкиот прогрес. Така, во МРС среќаваме **угостителство** „сфера общественного питания и гостиничного хозяйства“ и **угостител** „работник сферы общественного питания и гостиничного хозяйства“, а во ИСТ – само **угостител** „трактирщик, владелец ресторана“. Во МРС се одбележани термините **увоз** „ввоз, импорт“, **увоз/ен** „импортный“, **увозник „**импортер“, **увознина** „импортная пошлина“, **увозница** „разрешение на ввоз“, во ИСТ – само **увоз**. Има и други термини во МРС што ги нема во ИСТ, на пример, **уживател** „пользующийся правом на что-л.“, **универзум** „вселенная, космос“, **упатница** „ордер, накладная“, **унилатерал/ен** *полит.* „односторонний“, **унификација**, **уникат/ен** „уникальный“, **урбан** „городской“ (**урбана средина** „городская среда“), **уредувач** „устроитель, организатор“ итн.

Првите години по кодификацијата во македонскиот литературен јазик беа примени доста русизми, кои конкурирале со домашни зборови, што е делумно фиксирано во ИСТ: **уважава** (во МРС – **почитува**) „уважать“, **уважаван** (во МРС – **уважен, почитуван**) „уважаемый“, **уважителен** „уважительный“ (во МРС – **учтив**), во ИСТ – **убедител/ен / убедлив** „убедительный“, во МРС – **убедлив** „убедительный; умеющий убеждать“ и **убедувачки** „убеждающий; убедительный“, во ИСТ – **урок¹** „сглаз“, така е и во МРС, но во ИСТ има и **урок²** „урок, задание“, значењето на овој русизам во МРС се предава со лексемата **задача.** Последните примери покажуваат дека во македонскиот јазик повеќето русизми се излезени от употреба, а домашните зборови развиваат нови значења и нови зборообразувачки модели (така, во ИСТ се дава само **успокоител/ен**, во МРС – **успокоител/ен** и **успокојувачки** „успокоительный, упокаивающий“. Сега во македонскиот јазик има значајно помалку русизми, меѓутоа и во двата речника го има, на пример, русизмот **ударник** „ударник, передовик“, во МРС е одбележан и русизмот **уравниловка** „уравниловка“, но во ИСТ овој збор го нема, веројатно, поради негативнта нијанса во значењето.

За разлика од авторите на ИСТ, авторите на МРС имаа побогати можности да се потпираат на неколку лексикографски извори (иако I том од Толковниот речник на македонскиот јазик тогаш уште не беше излезен од печат). Покрај новата

терминологија, за коешто стана збор погоре, во МРС поподробно се разгледуваат значењата на некои зборови, на пример, во ИСТ глаголот **удри** има три значења („ударить; застучать; направиться„), додека во МРС – петнаесет, од кои неколку имаат фигуративна конотација, некои – функционална како разговорни. Кога се создаваше ИСТ, функционалните стилови на литературниот македонски јазик само што се формираа, експресивните и фигуративните лексички значења не биле доволно лексикографски разработени и затоа во ИСТ се претставени доста скромно. На пример, во ИСТ добро се забележани **уморен** „усталый, утомленный“ и **умор/ен** „утомительный“, во МРС кон заглавниот збор **умор/ен** „утомительный“ се додава *супстанд*. „усталый, утомленный“.

Во заклучокот може да кажеме:

1. Без оглед на некои поситни пропусти и неточности, и првиот руско-македонски речник (ИСТ), и последниот од 2003 г. (МРС) доволно добро ја одразуваат состојбата на лексиката во македонскиот литературен јазик во различните етапи на неговиот развој.
2. Во текот на четириесет години меѓу излегувањето од печат на двата анализирани речници, а фактички за скоро половина век, македонскиот литературен јазик многу се разви во однос на својот лексички состав и претставува полновреден современ јазик што е способен да ги одразува сите финеси на бурниот развој на човечката цивилизација.
3. Составот на лексиката во ИСТ покажува дека во првиот период литературниот македонски јазик имаше повеќе русизми, Сега скоро ги нема (МРС).
4. Турските заемки, како што покажува споредувањето на двата речника, остануваат главно во разговорниот стил и во нелитературниот разговорен јазик; тоа не се однесува на историската терминологија и општопримените зборови што немаат синоними, како што се **чаршаф** „скатерть; простыня; пододеяльник“**, ракија** и сл.
5. Во последната деценија србизмите исто така постепено се заменуваат со македонски зборови, слегувајќи во понски функционални стилови на македонскиот јазик, на пример **али** *прост*. „а, но, да“, **роба** *прост.* наместо *лит.* **стока** „товары“, **млекара** *прост*. и стандардно **млекарница** „молокозавод“ и сл.

6. Бидејќи македонскиот литературен јазик, кога е неопходно, не се плаши од туѓи заемки, односно се одликува со "умерен пуризам" (Л.Минова-Ѓуркова), тој се пополнува своевремено со зборови од странско потекло. До 90-те години од XX в. интернационализмите доаѓаа во македонскиот јазик преку српско јазично посредство. Во последно време странските зборови, главно англо-американизмите, се заемаат директно. Појавувањето на такви зборови се одразува во МРС, посебно во споредба со ИСТ, на примерите со заглавните букви **А, В** и **У**.

7. Треба да се истакне дека во МРС (и историски погледнато – во ИСТ) лексичките соодветства меѓу македонскиот и рускиот јазик се даваат доста прецизно. Така, во МРС е покажано дека во македонскиот јазик странската лексика честопати демонстрира пошироко семантичко поле отколку во рускиот, на пример: **акцелерација** „1. *биол.* акселерация 2. *тех.* ускорение", **репетитор** „1. *тех.* ретранслятор 2. репетитор 3. второгодник", **третман** „1. трактовка, интерпретация; статус; отношение 2. лечение, уход 3. курс лечения, курс процедур". Во МРС (во споредба со МРР) се прецизирани се значењата на поодделни македонски лексеми, на пример **апстинент** „1. трезвенник 2. нелюдим".

8. Во МРС доста широко е презентирана нова терминолошка лексика, отсутна во МРР, на пример, **подморница** „подводная лодка", **ловец-пресретувач** „истребителъ-перехватчик", **нагазна мина** „противопехотная мина", **мешовито претпријатие** „смешанное предприятие", **плеј-бек** *разг.* „фонограмма", **агенда** „1. блокнот-еженедельник 2. ближайшие планы, распорядок дня *(руководителя и т.п.)".*

Уште еднаш да споменеме дека, за жал, во МРС има помалку фразеолошки единици отколку во тритомниот МРР, како што се пословици, говорни клишеа, формули на говорниот етикет, ама (!) да се надеваме на подобри перспективи во издавањето на нови македонско-руски, а и на руско-македонски речници.

Мито АРГИРОВСКИ

ИМИЊА НА ЖИВОТНИ И НА РАСТЕНИЈА ВО БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ

(македонска редакција)

Предмет на мојот реферат се имињата на животните и на растенијата во библиските текстови. Лингвистичкиот материјал го ексцерпиравме од „Речникот на грчко-црковнословенски лексички паралели“. Овој речник изобилува со богата синонимија, така што за еден грчки збор се јавуваат во некои случаи и над 20 црковнословенски синоними. Овој речник, се надевам, ќе претставува добар извор за црпење на лингвистички материјал за пишување на научни трудови.

Иако во оваа сфера има дефинирани термини од фауната и флората, во преводот постојат семантички варијанти од словенско потекло, а заемките од грчкиот јазик се прилагодени според старословенските фонетско-морфолошки модели. Сето тоа, според моето мислење, зависело од умешноста и јазичното чувство како и од знаењето на грчкиот јазик од страна на писците, односно на преведувачите на грчкиот текст.

Не треба да се испушти од вид и фактот дека дури и во црковнословенскиот, односно старословенскиот јазик може да се сретнат неологизми, како на пример, вонѧлица „нане“, покрај мѧта, мѧтва, што сметам дека е успешна кованица, која се потпира врз вонѧ „пријатен или непријатен мирис“, сп. и глаг. вонѧти „мириса“. Во македонскиот јазик зборот вонѧ е истиснат од зборот мирис или миризба од грчко потекло. Интересни се црковнословенските лексички паралели на грчкиот збор ἀκρίς, нгрч. ἀκρίδα „скакулец“ кој е преведен со стсл. прѫгъ и краи дрѣвесе, коишто би требало да значат исто така „скакулец“. Сепак, прѫгъ има логика и може да се сфати како „нешто што скока“. Од оваа основа постојат новосоздадени зборови со техн. значење, како пружина, пруга и др.

Подолу ги даваме сите зборови – називи, кои се среќаваат во библиските текстови.

Имиња на животни

бъікъ, волъ, юньць. Овие три имиња претставуваат семантичко-лексички паралели на грч. ταῦρος „бик“. бъікъ и юньць се соодветни на грчкиот збор, додека волъ е семантичка паралела на грч. збор βούς кој е во прасродство со волъ, а и бъікъ од ие. корен bhu- кој има ономатопејско значење. Сп. лит. bulius, латв. bullis „бик“, веројатно од ист корен е мак. *бујак* „честак“, *буи* „млада трева, која бујно расте“, сп. уште стсл. боуи „јак, силен, луд“. юньць „нескопен вол“, изведен од юнъ „млад, силен“ со суф. -ьць. бъікъ може да се доведе во врска со глаг. bučati и bukati, мак. *бучи*.

волъ, скотъ, юнѧ. За волъ и юнѧ стана збор погоре. Овие три старословенски зборови претставуваат превод на грч. збор βούς „вол“. Но за означување на волъ е употребен и зборот скотъ што е општ назив за сите животни, *волови*, *коњи*, *магарења* и др. Инаку зборов е општословенски, стсл. и прасловенски. Што се однесува до неговата етимологија се искажани повеќе мислења. Општо е мислењето дека е во врска со герм. skatta, нгерм. schats. Според Миклошич не се знае кој од кого зборот го позајмил. Според некои лингвисти Словените го позајмиле од Германците, односно од готското skatts што значело „пари“, или пак, обратно Германците го позајмиле од Прасловените. Ст. Младенов смета дека словенскиот и германскиот збор се во прасродство.

вєльбѫдъ, камиль „камила“. Превод на грч. κάμηλος. Според Махек (ESJČ, 682), црксл. збор вєльблѫдъ е преземен од Готите, односно од формата ulbandus, но нар. етимологија го довела во врска со првиот дел од зборот вєль „голем“ + блѫдъ „блуд“. Инаку камиль се среќава во балканските јазици, а е од хебрејското gāmāl.

гѫба, спѫга „сунѓер“. Превод на грч. σπόγγος „исто“. гѫба е од словенско потекло и означува „разни видови габи“. Поврзувањето на гѫба со грч. σπόγγος, веројатно се должи на

сличноста на долниот дел од капата на габата со сунѓерот и спопед мене претставува метафора. Преку црковнословенскиот влезе ова значење во срп. и хрв. јазик, сп. губа „заразна болест (метафора)“, рус. губка „сунѓер“. Формата спѫга е фонетско-морфолошка адаптација на грч. σπόγγος (ѫ<ογγ).

заѭць, заѭць „зајак“. Овој збор се среќава како лексичко-семантичка паралела на грчкиот збор χοιρογρύλλιος кој значи „морско свинче“, буквално „свински штурец“. Црковнословенскиот збор семантички не соодветствува на грчкиот. Составен е од χοῖρος „свиња“ + γρύλος „штурец“ и е од ономатопејско потекло, сп. глаг. γρυλίζω „гровта“. Соодветен би бил грч. збор λαγός или λαγώς „зајак“.

козьлъ, козьлѧ „прч, козле“. Превод на грч. збор τράγος „исто“. Зборот козьлъ во македонскиот јазик е истиснат од зборот *прч*, кој исто така е од словенско потекло. Но, сочувана е дем. форма *козле*. Инаку *прч* е балкански словенизам, сп. ром. pîrciu, алб. përç, нгрч. προυτσιάδι. Грчката форма укажува на кол. прѣчадь, епир. προῦτσος „прч“. Во другите словенски јазици се наметна зборот козьлъ.

медьвѣдъ, сѣверъ „мечка“. Грчкиот збор ἄρκτος во паримејникот точно е преведен со стсл. и прасл. медьвѣдъ, кој се среќава во повеќе словенски јазици. Во македонскиот јазик, веројатно, отпаднала втората компонента -ĕd- што е од глаг. ѥсти и се добила форма ме(д) + суф. -ьчка со значење „она животно што јаде мед“. Појавата на v во медьвѣдъ укажува дека зборот *мед* првобитно бил од u-основите што се потврдува со грч. μέθυ „хмел; пијанство“. Но, покрај медьвѣдъ, во коментарот кон псалтирот грч. збор ἄρκτος е преведен со сѣверъ. Разликата се состои во тоа што ἄρκτος, освен што значи мечка, во грчкиот јазик има значење и на север. Веројатно преведувачот го сфатил како астрономски термин, како, на пример, „Големата мечка“ што е соодветно на грч. Μεγάλη ἄρκτος. Покрај другите значења на овој збор, тој го означува и Северниот Пол, но и северните места, сп. ἀρκτικός „северен“.

овьца, овьчѧ, стадо. Овие зборови претставуваат лексичко-семантички паралели на грч. збор πρόβατον „овца“, додека, пак, овьчѧ е деминутивна форма од овьца од типот на

телѧ. Во едно од евангелијата грч. збор е преведен со стадо што не е соодветен превод од семантички аспект. Соодветен збор на стадо е грч. ἀγέλη „стадо“. Таквите разлики понекогаш се јавуваат заради користењето на различни грчки предлошки.

онагръ: ὄναγρος. Грчкиот збор е сложенка. Составен од ὄνος „магаре“ + ἀγρός „дивина, село, нива“, буквално „диво магаре“, сп. грч. дем. ὀνάριον, стсл. осьлѧ.

осьлъ, осьлѧ, осьлица „магаре, прле, магарица“. Сите овие форми претставуваат лексичко-семантички паралели на грч. ὄνος „магаре“. Женскиот парник на осьлъ е осьлица што е соодветно на грч. ὄνος θήλεια „женско магаре, магарица“. Како што може да се забележи Грците во постаро време немале термин за означување на магарица, но во нар. говор веќе го создале терминот γομάρα „магарица“ од сргрч. γόμος, нар. γομάρι. Што се однесува до потеклото на осьлъ, постојат две мислења, прво дека е позајмен од лат. дем. форма asillus, второ дека е од гот. asilus „магаре“. Неоспорно е дека зборот е од медитеранско потекло. Се среќава во повеќе словенски јазици, а и во литванскиот во формата asilas. Во литванскиот, веројатно, влегол од прасловенскиот или, пак, од тракискиот, бидејќи во II милениум п.н.е. Литванците биле поблиску до Балканот. Во македонскиот јазик зборот осьлъ не постои, можеби затоа што се наметна зборот *магаре*, кој, според Скок (ERHSJ, II, 352), е од сргрч. дем. форма γομάρι(ον) од γόμος „товар, тежина“ со метатеза на слогот -μα-.

рѣиба, рѣибица. Превод на грч. ἰχθύς „исто“, рѣибица, дем. форма образувана со суф. -ица како превод на грч. дем. ἰχθύδιον „рипче“.

рѣись, рѣисъ. Превод на грч. збор πάρδαλις „леопард“. Според моето мислење, преводот на грч. збор е несоодветен. Преведувачот, веројатно, не ја знаел разликата меѓу πάρδαλις и стсл. рѣись, односно не го познавал животното *леопард* од видот на мачките, сп. нгрч. παρδαλός „шарен“, сп. уште и λεόπαρδος составен од λέων „лав“ и πάρδος како придавка со значење „шарен“. Според Скок (ERHSJ, II, 288), pardus е од иран. parda, санскр. p¦kakuh „тигар“. Што се однесува до рѣись семантички е соодветен на грч. збор λύγξ „рис“, а можеби во прародство се и словенскиот и грчкиот збор. Но, интересно е тоа што во

словенските јазици на местото на ие. l се јавува r, кое Махек го објаснува со табуистичкиот однос кон тоа животно од страна на древните ловци, бидејќи тоа било „лут sвер“. Освен тоа, тој смета дека зборот бил двослоговен, така што тие древни ловци го скратиле првиот дел. За мене тоа е неверојатно, бидејќи јас гледам само замена на ие. l со r, според тоа, ова животно, веројатно, го добило името по црвеникавата боја на крзното, сп. лит. lušis, латв. lusis, стпрус. luysis, грч. λύγξ, стгоргерм. luhs. Ова укажува дека се работи за светла боја или, пак, светли очи, бидејќи рисот гледал и во ноќта, а во тој поглед може да се доведе во врска и со грч. λευκός „светол, бел“ и со лат. lux „светлина“, сп. грч. λυγκὸς ὄμματα „остар вид“, бук. „очите на рисот“.

свинꙗ, вєпрꙑ „свиња, вепар“. Превод на грч. χοῖρος, лат. aper. Латинскиот збор е во прасродство со словенскиот вєпрꙑ, вєпрь „нескопена машка свиња“. Како што може да се забележи кај вєпрь v- е протетично. Некои од лингвистите сметаат дека v- било составен дел од етимонот. Инаку во коментарот кон псалтирот со зборот вєпрꙑ е преведен грч. збор χοῖρος, додека во евангелието истиот грчки збор е преведен со свинꙗ што е посоодветно. Но, и грч. σῦς „свиња“ во псалтирот е преведено со вєпрꙑ. Изгледа не се правело разлика меѓу грч. χοῖρος и σῦς. Зборот вепар како и свиња се општословенски.

тєльць, юньць „теле, јуне“. Превод на грч. збор μόσχος „теле“, сп. со исто значење нгрч. μοσχάρι. Бидејќи станува збор за младенчиња нема форма за женски род, слично како кај зборот дете. Стсл. юньць „млад нескопен вол“ е изведено од прид. юнꙑ „млад“ со суф. -ьць. Придавката юнꙑ во македонскиот јазик е истисната од прид. млад. Но, сочувана е во *јунец*, и во женскиот парник *јуница*, *јуничка*. И формата тєльць е истисната во македонскиот од тєлѧ „теле“.

ꙗгница. Превод на грч. збор ἀμνάς „женско јагне“, во којшто е сочуван родот од моделот.

ꙗгньць, ꙗгнѧ „јагне“. Овие две форми кои означуваат младенчиња од овца, се превод на грч. ἀμνός „јагне“, како и на дем. форма ἀρνίον.

Имиња на птици

ѧродии „штрк?“. Превод на грч. ἀρωδιός. Според Скок (ERHSJ, III, 153) срп. и хрв. *рода* е сродно со лат. ardea „чапја“ и грч. ἐρωδιός и ἀρωδιός. По мое мислење формата *рода* е од грч. ἐρωδιός или ἀρωδιός „чапја“ со апоф. на коренот er/ar. Инаку за ἐρωδιός кој се среќава во ген. форма (τοῦ ἐρωδιοῦ), во преводот се дадени придавските форми ѥродиѥвъ и ѥродовъ.

врѧбии „врапче“. Превод на грч. στρουθός „врабец“, дем. форма στρουθίον, преведено со пътица, што не е адекватен превод. врѧбии, прасл. *vorbьjь се среќава во разни форми во сите словенски јазици. Додека, пак, пътица може да се оправда со својата прасл. основа pъt- што значи „нешто малечко и младо“. Во западните словенски јазици образуван е овој збор со суф. -ak, сп. пол. ptak, чеш. ptak од прасл. корен pъt-.

врѧнъ, пътица „врана“, прасл. vornъ. Превод на грч. κόραξ „гавран, врана“. Зборот врѧнъ се среќава во евангелските текстови, а и во коментарот кон псалтирот. Покрај врѧнъ, супстантивизирана придавка, со првобитно значење „мрк, црн“, се среќава и врѧна (ж.р.), прасл. vorna. Како апелатив го има речиси во сите словенски јазици, но се среќава и како чест топоним во словенските земји. Во едно од евангелијата грч. збор κόραξ е преведен со пътица што укажува на фактот дека преведувачот не знаел под грч. κόραξ за кој вид на птица се работи или, пак, станува збор за изгубена придавка (врѧна пътица) „црна птица“.

голѫбь, голѫбица, голѫбищь. Превод на грч. περιστερά „голаб“, којашто е именка од ж.р., па затоа во триодот е преведена со голѫбица. Додека, пак, голѫбищь, кое е образувано со суфиксот -ищь укажува на младенче од гулаб. Оваа форма се среќава во паримејникот. Во евангелијата, во псалтирот и во паримејникот зборот περιστερά е преведен со голѫбь што е адекватен превод. Прасл. корен *gol-, ие. *gel-, што претставува апоф. е/о, значи „зелено-сив“. Зборот голѫбь е образуван со суф.

-†bь, кај некои птици со суф. -ębь, како на пример: јастреб < ꙗстрѧбь, галеб < галѧбь.

грълица, гръличищь „грлица, грличе“. Превод на грч. τρυγών „исто“. Во врска со етимологијата Скок (ERHSJ, I, 621) смета дека името на птицата е добиено од стсл. гръдло „врат“, но не ја исклучува можноста да се работи и за ономатопеја. Во тој поглед сп. *прлица* „Columba turtur“ (Ошчима, Леринско).

кокошь, пътица „кокошка“. Превод на грч. збор ὄρνις што значи: 1. „птица“ и 2. „кокошка“. Сп. нар. грч. ὀρνίθι „кокошка“ како и ὄρνιθα „исто“. Првобитното значење било *птица*, а подоцна како вторично значење се јавува значењето *кокошка*. Во димотики сега се употребува κότα „кокошка“.

Во прасловенскиот јазик зборот кокошь, според Скок (ERHSJ, II, 121), прво значело „петел“, базирајќи се врз унгарскиот словенизам kakas „петел“. Во македонскиот јазик како општ термин се наметна зборот „кокошка“, истиснувајќи го при тоа стсл., односно прасл. збор коуръ „петел“, коура „кокошка“. Од коура се сочува само *курешница* „измет од кокошка и птица“. Исто така од овој збор постојат и топоними, како на пример *Кокошка* „планина меѓу селата Був и Желево, Леринско“, како и во Грција Κακόσι (Беотија) кокошь, Κοκκόσης (презиме), Κοκωτί (Алмирос) кокоть, Κοκοτάρι (Ламбија, Ахаја) кокотарь: кокотари (множ.). Можеби овде спаѓа и нгрч. κόκορας „петел“.

орьлъ „граблива птица“. Превод на грч. ἀετός „исто“. Зборот орьлъ е сроден со грчкиот збор ὄρνις, но семантички поблизок е грч. збор ὄρνεον „граблива птица“.

пѣтьлъ (пѧтєлъ), коуръ, коурѧ, алєкторъ. Сите овие форми се среќаваат во евангелските текстови како превод на грч. ἀλέκτωρ „петел“. Освен алєкторъ, што може да се третира како заемка во црковнословенскиот јазик, пѣтьлъ, кој веројатно е од глаг. пѣти „пее“ како и коуръ „петел“ и дем. коурѧ „петле“ се од словенско потекло. Стсл. форми коуръ и коурѧ се истиснати во јужнословенските јазици од *петел*, што, веројатно, е од иста основа како и нгрч. πετεινός „исто“. Инаку, сп. и коуроглашєниє,

како и хибридното образување алектороглашеніе како превод на грч. ἀλεκτοροφωνία.

сѫпъ „граблива птица Gyps fulvus“. Превод на грч. збор γύψ „исто“. Зборот сѫпъ е потврден во коментарот кон псалтирот. Тој, во формата *суп* се среќава во македонскиот, во српскиот, во хрватскиот, во рускиот јазик, а и во полскиот во формата sęp.

Имиња на влекачи

ехидьна „змија отровница“, грч. ἔχιδνα „исто“. Се среќава во евангелските и во апостолските текстови, сп. во реченица: вьзложьшоу на огнь и ехидна излѣзьши отъ топлоть (Мак. евангелие). Зборов се среќава и во нашите говори со исто значење, но и со прен. „лош, злобен човек или жена“. Сп. стгрч. ἔχις „отровница“, дем. ἐχίδιον како и ἔχινος „еж“ кој го добил името поради тоа што јаде змии. Формата ἔχις има врска со ὄφις „змија“ со замена на ε/о како, на пример хлѣринъ : Флорина, хламбур: фламбур „знаме“, што укажува на балканска фонетска појава.

змии, змиѧ, сань „змија“. Превод на грч. збор ὄφις „исто“. Како лексичко-семантичка паралела на грч. ὄφις се јавува сань што, речиси не е познат, ниту, пак, има јасна етимологија. Брукнер го доведува во врска со sani „санка“ што можеби има некаква логика, бидејќи и змијата кога се движи се лизга слично како санката по снегот. Но не може да се игнорира фактот дека во народното верување змијата и смокот се јавуваат како заштитници на домот. Тоа значи дека зборот има табуистичко значење. Според Скок (ERHSJ, III, 199) зборот не се среќава во нар. говор. Во рус. и буг. јазик значи „дигнитет, класа, чест и ред“ и го споредува со sanovnik „човек кој е на служба“. Бидејќи е регистриран пред доаѓањето на Турците смета дека е од аварско потекло.

щитъ, аспида. щитъ е превод на грч. збор ἀσπίς, -δος. Покрај други значења, во грчкиот јазик значи „змија“, но и „направа за одбрана при борба во античко време“. Преведувачот го превел всушност буквално, односно на щитъ му додал уште едно значење, кое во словенските јазици, а и во

стсл. не се содржи. Инаку, щитъ се среќава само во паримејникот во значење на змија.

Што се однесува до етимологијата на овој збор, според Скок (ERHSJ, III, 415–416) е келтско-словенска лексема. Додека, пак, Махек смета дека е древен непознат збор од неиндоевропско потекло (ESJČ, 627); сп. и топ. *Штито* „каменлив рид“ (О. Иванова, РТОСБ, 746).

Имиња на инсекти

гѫсѣница, хрѫстъ „гасеница, црв?“. Превод на грч. збор βροῦχος „црв под кората на исушени дрва кој кога грицка создава звук сличен на чкртање на заби“, сп. βροῦκος, βρεῦκος· ἡ μικρὰ ἀκρὶς ὑπὸ (τῶν) Κρητῶν βροῦχος (мал скакулец според Критјаните), (Хесихиј). гѫсѣница е потврдено во псалтирот и во коментарот кон псалтирот. Во некои од словенските јазици се јавува со протезата v-, вѫсѣница што укажува на придав. основа *ѫсѣнъ „брадат“, односно „влакнесто животно“, образувано со суф. -ица од кор. v†sъ. Сп. буг. въс, словен. vos, чеш. vous, пол. vąs, рус. ус „брада, мустаќ, волна“. Појавата на g во словенските јазици, според Скок е контаминација со зелен гуштер заради бојата. гѫсѣница не е соодветен превод на грч. βροῦχος, адекватен збор за гасеница е грч. κάμπη, κάμπια „исто“. Семантички поблизок е зборот хрѫстъ, сп. мак. глаг. *руска* од стсл. хрѫстати „рупа“, сп. уште и срп. и хрв. hrušt, словен. hrušč, чеш. chroust, стпол. chrąst. Овде спаѓа и срп. и хрв. hrust „црв“. Инаку хрѫстъ се среќава во паримејникот и е од ономатопејско потекло.

прѫгъ, краи дрѣвесе, акридъ „скакулец“. Превод на грч. збор ἀκρίς „исто“. Значењето на прѫгъ како „скакулец“ се потврдува со примерот prug со исто значење, рег. во XVI век (Скок, ERHSJ, III, 38), изведен, веројатно, од глаг. прѫгати, сп. и прѫгло „стапица“. Покрај прѫгъ, се среќава и краи дрѣвесе како паралела на грч. ἀκρίς „скакулец“. Веројатно преведувачот на зборот го помешал со грч. збор ἄκρις „краен, остар врв, висина“, кој се разликува само по акцентот.

пчела. Точен превод на грч. збор μέλισσα „исто“, μελίσσιον „пчеличка“, општослов. и прасл. *бъчела или *бьчела, ие. корен *bhei- кој во индоевропските јазици се јавува со различни форманти, во прасловенскиот проширен со k, во лит. и латв. со t. Прасловенска иновација е суф. -elъ. Варијантата во кор. со ъ или со ь потекнува од ономатопејскиот ие. корен bhei-, со апоф. bhi-, но во словенските јазици се јавува корен bъ-k-, а и bū-k, сп. мак. *бучи*, во топонимијата: *Бучало*, *Бучиште*, *Бучин Дол* (О. Иванова, РТОСБ, 78), сп. и апелатив *бучало* „водопад“.

скорпии, скорпиꙗ „скорпија“, грч. σκορπιός. Се среќава во евангелските текстови, во коментарот кон псалтирот и во паримејникот. Во нашите нар. говори оваа црксл. форма е адаптирана како *чкрапја* или *шкрапја* со замена на грч. σ/ш,ч и извршена ликвидна метатеза.

Имиња на растенија и билки

бъилие, бъиль, трѣва. Превод на грч. збор βοτάνη „лековита трева“. бъиль има исто значење со грч. βοτάνη. Во паримејникот овој збор е преведен со трѣва, кој денес се сфаќа како општ термин за она што расте во ливади и на други места или, пак, се однесува на сите тревести растенија. По мое мислење овде, веројатно, е изгубена определбата цѣлѣбьнъ, односно цѣлѣбьна трѣва, бидејќи во грч. народен говор го има и тоа значење. Во некои наши говори апел. *трева* се употребува со значење на *билка*, сп. *лековити треви*, разговорно *бил'ка* „лек“.

вино, виноградъ, лозꙗ „вино, лозје“. Превод на грч. ἄμπελος, ἀμπελών. Сите овие црковнословенски зборови се среќаваат во црковнословенските библиски текстови. Првобитно вино значело „винова лоза“, односно „лозје“, кое не било оградено, наспрема виноградъ, кое укажува на оградено лозје. Составено е од *вино* + *град*, како на пример *градина*, рус. *огород*. Според Скок (ERHSJ, III, 594–595) е позајмено од лат. ср.р. множ. vina „вид на вино“ од лат. vinum, преправено по аналогија на слов. pivo. Основниот збор вино од повеќето лингвисти се смета како заемка од Готите, според некои, пак, од Тракијците, други го објаснуваат со ие. јазични средства,

однодно од кор. vi-ti (лат. vi-tis) со суф. -no. Што се однесува до местото каде што се појави овој збор, тоа може да биде на Медитеранот т.е. на Балканот, на дунавската граница на Римското Царство со варварските племиња. Покрај вино, како што може да се забележи, се среќава и лоѕа, односно лозје што е стсл. и прасл. збор. Во источните и западните словенски јазици доминира винградъ „лозје и плодот од виновата лоза“, а во јужните, лозје и грозје.

влъчьць, рѣпие, триволъ. Превод на грч. збор τρίβολος „плевел“. влъчьць, веројатно, означува „трнливо растение“ или „плевел“ кое е изведено од основата влъкъ + суф. -ьць, која се среќава во апел. *вѫчиклашина* „вид бодликава трева која високо расте“, составено од волчи + класен (<класьнъ), сп. *чеклас* „осилка од клас“ и топ. *Вѫчиклашина* со замена на с/ш. Инаку од *волк* се образувани имиња на билки и топоними. Покрај влъчьць, како семантичко-лексичка паралела на грч. τρίβολος се среќава во библиските текстови (еванг.) и рѣпие „плевел кој расте на влажни места“. Со рѣпа се означуваат и други растенија. Основата *rĕp- се среќава и во хидронимот *Репница* „река која се влива во Брегалница“. триволъ е адаптација на грч. τρίβολος.

вѣие, вѣтвие, цвѣтьць. Превод на грч. βάϊον, βάϊα „палма, палмина вејка“, црксл. вѣие и вѣтвие значат „гранка“, односно „врбова гранка“, додека, пак, цвѣтьць „цветче“ е во врска со Цветна недела (Цветници), недела пред Велигден.

дрѣвие, дрѣво, дѫбъ, садъ. Превод на грч. збор δένδρον „општ термин за стеблестите растенија“ што соодветствува на црксл. дрѣво, дрѣвие, прасл. *dervo. Додека дѫбъ не претставува точен семантички еквивалент на δένδρον туку на грч. δρῦς, нгрч. βαλανιδιά. Преведувачот, веројатно, тргнал од колективната именка δρυμός што е адекватна на стсл. дѫбрава, а пак, зборот садъ е употребен преносно. Тој не е точна паралела на грч. δένδρον туку на грч. φυτόν. Формата дрѣво, рус. *дерево*, исчезна од мак. јазик, се зачува само во топонимијата, сп. *Древени* „село во Пробиштипско“, во мак. јазик се наметна дръво „дрво како растение и дрво за употреба“. Токму оваа

форма има етимолошка врска со грч. δρῦς, ие. *dhrū- „дрво“, сп. и *дрма* како апел. и топоним *Дрма* „село во Скопско“.

дѫбъ „даб“. Превод на грч. збор δρῦς „исто“.

жлътѣница „цикорија?“. Превод на грч. збор πικρίς, веројатно „горчица“, сп. нгрч. πικραλίδα „цикорија“, сп. срп. и хрв. žučenica „тревата Cichorium lathymiris“.

киминъ, кѵминъ „ким Carum“ од грч. κύμινον „исто“. Се користи како зачин. Формата kmin се среќава во рускиот, чешкиот и во полскиот јазик. Во македонскиот јазик заради артикулациски причини, консон. група km се упрости во k, така што се доби форма *ким*. Слично како кај дуња < гдуња < къдоѵниѧ < грч. κυδωνία, каде што грч. υ/ъ. Се смета дека зборот е од семитско потекло, сп. хебр. kammōn, арап. kammun.

копръ, пиганъ „миризлива билка која се употребува како зачин“. Превод на грч. збор ἄνηθον „миризлива билка“. Општослов. kopar, koper, според Махек (ESJČ, 275) прасл. форма е *kropъ врз основа на лит. krãpas „копар“. Тој вели дека понатамошните врски се нејасни, а пак според Скок, наведувајќи го лит. пример kvĕpti „мириса“ (ERHSJ, II, 145), останува нејасно присуството на о во словенските јазици, а и во македонскиот. Покрај копръ, грч. πήγανον во библиските текстови е адаптиран со пиганъ, како синоним на ἄνηθον. Инаку основата копръ се среќава и во топонимијата, сп. *Копрница*, *Копрнички Дол* (О. Иванова РТОСБ, 319).

кринъ, цвѣтьць „цветот Lilium candidum“. Превод на грч. збор κρίνον „лилија“. Покрај тоа, зборот кринъ е преведен со цвѣтьць, можеби затоа што преведувачот немал точен еквивалент за името на овој цвет.

кѫпина, кѫпиниѥ, кѫпиньство „капина“. Превод на грч. збор βάτος „бодликава грмушка, капина“, сп. нгрч. βατσινιά „растението“, βάτσινον „плодот од капината“. Формата кѫпина се среќава во евангелијата, во апостолите и во триодот, додека кѫпиниѥ и кѫпиньство во коментарот кон псалтирот. Двете последни форми имаат збирно значење. Инаку е изведено од прасл. k†pa „грмушка“, зачувано во полскиот јазик во формата kępa, а можеби овде спаѓа и лит. kémsas.

льнъ, платъ, прѣтъ „лен Linum usitatissimum“. Превод на грч. збор λίνον. Во секој поглед льнъ е прасловенски семантичко-фонетски еквивалент на грч. λίνον, како и на други индоевропски јазици, сп. лат. linum, лит. linas, латв. lini (множ.). Интересни се синонимите платъ и прѣтъ. Според нашето мислење, кај платъ „платно“ е изгубена определбата льньнъ, односно льньнъ платъ „ленено платно“. Според Скок (ERHSJ, II, 679) зборот платно од морфолошки аспект е супстантивизирана придавка, образувана со суф. -ьнъ ср.р. платьно од прасл. основа *poltъ, која не се зачува во словенските јазици, но сепак, како што гледаме, ја има во црковнословенскиот јазик со извршена ликвидна метатеза. Таа основа претставува апофонија на ие. корен *pel- „кожа, ткаенина“, раширена со формантот t. Таквото раширување се среќава во гот. falthan , герм. falte како и во грч. πέλτη „лесен штит“. Но, како да се објасни зборот прѣтъ? Скок смета дека црксл. прѣтъ „платно“, хрв. и срп. prt[1], пол. part, рус., укр. порт е општословенски и прасловенски збор, но пропаднал во хрв. и срп. поради хомонимијата со prt[2] „пат или патека по снегот“. Скок вели дека самата форма на зборот pratež што во хрв.-кајк., словен. значи „алишта“ го дава правецот за етимологијата на зборот. Тој е истиот прасл. корен кој се наоѓа во глаг. prati, стсл. пьрати, така што ие. корен *per- значи „удира“, раширен со конс. t. Според тоа, во прасл. *pert/ p¦tъ/port би значело „алишта кои се перат“. Во мак. јазик се сочува прид. пртен (пртено платно), пртеница „дебел шајак“. Но, можеби има врска со лит. глаг. purti „станува пувкав, мек“, бидејќи кога се вадат конците од ленот или од конопот, тие се киснат и се влачат за да станат меки. Ова ни дава право да реконструираме прасл. форма *pъrtъ.

лѣторасль „ластунка“. Превод на грч. збор βλαστός „ластунка, младица“, сп. нгрч. βλαστάρι „ластар“. Зборот лѣторасль е сложенка, составена од лѣто „година“ + расль „она што расте за една година“, сп. словен. letorast, пол. latoroślˌ сп. за вториот дел пол. roślina „растение“.

мата, матва, вонѧлица „нане“. Превод на грч. збор ἡδύοσμος што значи „благ мирис“, составен од ἡδύς „благ“ + ὀσμή „мирис“, сп. глаг. ὄζω „мириса“. мата или матва е општопознат збор во словенските јазици и пошироко. Означува

разни миризливи билки. Но во црквслов. јазик се однесува на „нане“. Во нашите говори со исто значење се употребува зборот наѓазмо кој е од грч. нар. збор γιόσμος „нане“ од ἡδύοσμος. Зборот мѧта се деклинирал според а-основите, сп. пол. mięta, рус. мята, што се потврдува со словенизмот во унг. јазик menta, позајмен некаде во IX век од панонските Словени. Но, во постариот период се деклинирал според ū-основите, што се потврдува со формата мѧтва, слично како тъıкъı „тиква“, сп. рус. мятва. Во врска со неговата етимологија има разни мислења. Некои лингвисти мислат дека е од медитеранско потекло, други, пак, го доведуваат во врска со стсл. мѣтла, врзувајќи го за глаголот мѣтати. Иако постојат доста растенија, односно билки со името *метла*, *метлика* „синчец Centaurea cyanus“ и топоними *Метла*, *Метлов Рид* (О. Иванова, РТОСБ, 412), изведени од името на ова растение, не може да се доведе во врска со мѧта, чие потекло сѐ уште не е сосем јасно. Можеби му припаѓа на некој исчезнат медитерански јазик или од лат. mentha, кое потекнува од грч. μίνθη, односно μέντα. Но прашање е дали μίνθη е од грчко потекло.

Во евангелските текстови како паралела на грч. ἡδύοσμος се среќава вонѧлица „нане“, изведено од имперфективната форма на глаг. вонѧти „мириса, дува, смрди“. Прасл. форма би требало да гласи *on¹a, без протезата v-. Во македонскиот јазик овој збор е истиснат од мирис, мириса, кој е од грч. потекло.

пєвгъ грч. πεύκη „бор“. Во црковнословенскиот со приспособување на υ/в и к/г што укажува на едначење по звучност.

пиганъ в. копръ.

рамьмъ. Прилагодување на грч. збор ῥάμνος што значи „трнлива грмушка“. Можеби од иста основа е *Рамина* „населба во Велес“.

плѣвєлъ „Lolium“. Превод на грч. збор ζιζάνιον „исто“, изведен веројатно од плѣва со прасл. суф. -elь, подоцна. -elъ, мак. *плевел*, хрв. и срп. pljevelj. Од иста основа е и *плевна*, *племна* „место каде што се сместува сламата“. Грч. збор ἄχυρον „слама“ е преведен во евангелијата, во коментарот кон псалтирот како и во паримејникот со плѣва, а во евангелските текстови и во триодот со плѣвєлъ.

сланоутокъ „вид грав, слануток, наут“, терєвинтъ. Превод на грч. збор τερένβινθος, нгрч. ῥεβίθι „леблебија“. Првобитно зборот сланоутокъ имал придавска форма *сланоутъ „соленикав“ супстантивизиран со суф. -ъкъ. Инаку е изведен од придавската основа сланъ, прасл. *solnъ, сп. и *сланина*. Се среќава и во топ. *Слан Дол*, *Сланец* (О. Иванова, РТОСБ, 585).

смокъвина, смокъвиниє, смокъвьница, смокъвиє. Сите овие форми се превод на грч. збор συκή , нгрч. συκιά „смоквина, растението“. Зошто толку форми за растението смоква? Веројатно, заради туѓото потекло на зборов, а можеби во прашање се и дијалектни разлики. Зборот смокъва (смокъі) доминира во јужнословенските јазици, додека во источно-западните словенски јазици, а и во северниот дел од Хрватска и Словенија е наметнат лат. збор ficus „смоква“ во разни фонетски варијанти, а и во други јазици. Словенското, односно прасл. смокъі фонетски се совпаѓа со гот. smakka. Според Скок (ERHSJ, III, 293–294) словенскиот збор не е позајмен од готскиот јазик, бидејќи тој е изолиран во германските јазици. Позајмувањето се случило на Балканот независно еден од друг. Можеби како посредници за пренесувањето на овој збор биле Тракијците или Илирите, но за тоа нема докази, освен ако се претпостави дека е во прасродство со грч. συκή, кој веројатно потекнува од предгрчкиот медитерански супстрат. Во мак. јазик и за растението и за неговиот плод се употребува „смоква“.

тиса, кєдръ. Во повеќето библиски текстови е прифатен грч. збор кєдръ, односно грч. κέδρον. Но, во паримејникот κέδρον е преведен со тиса, тисиє (зб. множ.). Се среќава во повеќе словенски јазици, сп. срп. и хрв. tis, tisa, мак. тиса „Taxus baccata“, буг. тис, глуж. ćis, пол. cis, укр. тыс, чеш. tis, сп. мак. тисов (тисово дрво). Според Миклошич прасл. tisъ е заемка од taxus и првобитно значело „ива“. Додека, пак, Махек (ESJČ, 643) смета дека и taxus и прасл. tisъ потекнуваат од праиндоевропскиот супстрат, сп. и топоними: *Тиса* „рид покрај реката Брегалница“, *Тиски Врв*, а можеби од иста основа е и *Тише* < tisje (О. Иванова, РТОСБ, 641).

цвѣтъ. Неадекватен превод на грч. збор ῥόδον „трендафил“, сп. нгрч. τριαντάφυλλο(ν). Изгледа преведувачот

не го знаел името на цветот, па, затоа во триодот го превел со цвѣтъ.

На крајот да заклучиме:

1. За секој збор во кратки црти даваме етимолошко објаснување.
2. Зборовите ги класифициравме според она што тие означуваат.
3. Постојат црковнословенски зборови, кои не се семантичко-лексички паралели на грчките, како рѣсь, грч. πάρδαλις.
4. Во оваа сфера малу зборови претставуваат заемки од грчкиот јазик. Повеќето од нив се црковнословенски термини, кои означуваат животни и растенија.
5. Покрај адаптирани грчки зборови, се среќаваат и црковнословенски синоними како платъ, прѣтъ за льнъ.

Литература

1. Kalèda A., Kalèdiené B., Niedzviecka M., Lituvių-lenkų kalbų žodynas, Vilnius 1991.
2. Mahek V., ESJČ, Etymologicki slovnik jazyka českeho, Praha 1968.
3. Skok P., ERHSJ, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Zagreb I. 1971, II. 1972, III. 1973.
4. Vasmer M., Die Slaven in Griechenland, Berlin 1941.
5. Аргировски М., Грцизмите во македонскиот јазик, Скопје 1998.
6. Дворецкий И. Х., Древнегреческо-русский словарь, Москва 1958.
7. Дворецкий И. Х., Латинско-русский словарь, Москва 1976.
8. Иванова О., РТОСБ, Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница, Скопје 1996.
9. РМЈ, Речник на македонскиот јазик, Скопје I. 1961, II. 1965, III. 1966.
10. Русско-латышский словарь, Рига 1974.

Катерина ВЕЉАНОВСКА

ОДНОСОТ КОН ЗАЕМКИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО СЛОВЕНЕЧКИОТ ЈАЗИК

Општопознато е дека причините за заемање туѓи зборови се многубројни: потребата да се именува нов поим или предмет; предноста што може да ја има заемката пред домашниот збор преку својата економичност; стилските особености за доловување на локалната боја; избегнувањето од повторување исти зборови со употреба на синоними; помодарството; влијанието на јазикот со престиж и други.

Различни јазици имаат различен пристап кон заемките и кон пополнувањето на лексичките празнини. Овде ќе се задржам на два словенски јазици, на македонскиот и на словенечкиот, и на употребата на заемките преку бележењето и односот што го застапуваат кон нив нивните зборувачи.

1. *Бележење*

Со оглед на фактот дека македонскиот и словенечкиот јазик имаат различни писма, кирилично, односно латинично, различна е и пишаната форма на заемките.

Според *Правописот на македонскиот литературен јазик* туѓите зборови и имиња се пишуваат со кирилично писмо, по правило, онака како што се изговараат. Притоа нивните гласовни особености се приспособуваат колку што е можно кон гласовниот систем на македонскиот јазик, т.е. гласовите што ги нема во нашиот јазик се предаваат со наши слични гласови: centrum – центар, natio – нација, Max – Макс, Mazini – Мацини, jazz – џез и сл.

Со изворно писмо туѓите зборови се пишуваат само во научните изданија.

Некои туѓи имиња се влезени посредно, преку други јазици, што оставило трага врз нивниот изговор. И за ова се води сметка при предавањето на туѓите имиња во нашиот јазик.

Во словенечкиот правопис пишува дека преземените зборови се општи именки или сопствени имиња (kultura, avto, jazz, a priori, Tolstoj). Словенечкиот литературен јазик може да ги приспособи туѓите зборови според изговорот и бележењето, според формата или употребата, и според одделни морфеми.

Изворното пишување е зачувано кај некои категории преземени зборови, како што се:

- меѓународни музички изрази: adagio, allegro;
- стручни изрази со поретка употреба: commedia dell arte, curriculum vitae, cross-country, и
- имиња на автомобили, технички предмети и други зборови: volkswagen, peugeot, ccaravelle, recorder, jazz, disko.

Како забелешка во Правописот стои дека и овие зборови, со текот на времето, обично почнуваат да се пишуваат со словенечко писмо: folksvagen, karavela, rekorder …

Меѓутоа, кога станува збор за фактичката состојба во овие јазици, сликата се менува и се забележуваат извесни отстапки од правописните правила, и паралелна употреба на изворното пишување и на приспособеното. Така, во македонскиот јазик, особено во јазикот на печатените и електронските медиуми забележливо е непочитувањето на правописните правила во бележењето на туѓите зборови, особено на оние што доаѓаат од англосаксонското подрачје. Најзастапени се во називите на емисиите од музичко-забавен карактер, потоа во различни реклами и огласи. Исто така се присутни и во текстови со актуелни политички теми: back ground, но и бек-граунд, come back и др.

Во словенечкиот јазик, односно во неговиот речник (SSKJ) се забележани допуштени двојни форми за пишување на одделни туѓи зборови. Ќе наведам неколку: dzez : jazz, dzus:juise, luks:lux, šov:show, šodi:shoddy, lizing:leasing, или само изворно се бележат заемките од типот curry, sherry.

2. Односот кон заемките

Што се однесува до односот кон заемките на овие два јазика, забележлива е поголемата грижа присутна во слове-

нечкиот јазик, односно селективниот пристап кон она што се заема, со изнаоѓање решенија во врска со нивната замена со соодветни од домашно потекло. За разлика од словенечката наука за јазикот, македонската одамна се определила за еден послободен однос кон меѓународната лексика и нејзиното прифаќање. На таков начин доаѓа до богатење на зборовниот фонд на македонскиот јазик. Меѓутоа, особено во изминативе десетина година, паѓа в очи дека сé почесто се определуваме за полесниот начин, без големи напори да преземаме туѓи зборови. Тоа се зборови главно од латинскиот и од грчкиот јазик кои се примаат со посредство на англискиот. Наместо некритично заемање, секогаш треба да се потрудиме да најдеме соодветен збор од македонската лексика, или да создадеме според нормата на нашиот јазик нов збор, или пак, да се потрудиме да го преведеме. Всушност, таква е и препораката на *Законот за употребата на македонскиот јазик* донесен во 1998 година.

Калките претставуваат помал дел од туѓите јазични влијанија и нивниот број се разликува од јазик до јазик. Имено, во одделни јазици има повеќе преведени зборови или нивни соодветници отколку примени заемки. Ако направиме споредба меѓу преземените зборови во македонскиот и во словенечкиот јазик, ќе можеме да забележиме дека словенечкиот јазик во однос на македонскиот, располага со свои зборови во повеќе примери. Кога станува збор за словенечкиот јазик може да се забележи дека многу почесто им се дава предност на преведените или на новообразуваните зборови во споредба со македонскиот. Овој заклучок ќе го илустрирам со случајно избрани зборови кои припаѓаат на различни сфери на употреба: narek – диктат, naslov – адреса, pisarna – канцеларија, delavnica – воркшоп, работилница, računalnik – компјутер, oporečnik – дисидент, oddaja - емисија (обично од контактен тип), mamila – дрога, zgoščenka – компакт диск, популарно *цд*, izročenka – хенд аут, srhljivka – трилер и многу други примери.

Повеќе сличности меѓу овие два јазика има во примените туѓи зборови од интернационалната лексика заедно со зборообразувачките елементи. И во македонскиот и во словенечкиот јазик не е мал бројот на глаголите

кои завршуваат на суфиксот *-(из)ира* и изведенките од нив. Во македонскиот јазик тие се двовидски глаголи со акцент на вториот слог од крајот: *абдицира*, *квалифицира* односно *abdicirati, kvalificirati*, и изведенките кои се присутни во двата јазика: *абдикација, абдикациски, квалифициран, квалифицирање*. Бо македонскиот јазик дел од нив имаат напоредна употреба на суфиксите *–ира* и *–ува*: *квалифицира* и *квалификува*, *кодифицира* и *кодификува;* а само со суфиксот –ува се примерите *пакува* и *стартува*.

Другите образувања, прифатени во обата јазика, пред сé тука мислам на именки преземени со нивното значење, се со различни суфикси приспособени според правилата на зборообразување во словенечкиот и во македонскиот јазик: *-ij* : *-иум (delirij* и *делириум)*; *-erij* : *-ија* (*imperij* , империја); *-iteta* : *-итет* (*avtoriteta, авторитет)*; -ar : -ер (*funkcionar, функционер)* и други.

Место заклучок

Слободно може да се забележи дека не постои јазик кој има само свој извор на лексеми. И покрај тоа што заемките претставуваат освежување на јазикот и богатење на неговиот речнички фонд, сепак треба да се има мера во она што директно се презема, и да се избегнува колку што е можно некритичкото заемање.

Користена литература

1. *Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник,* 1979, Просветно дело, Скопје.
2. *Slovenski pravopis,* 1997, SAZU, DZS, Ljubljana.

Искра ПАНОВСКА-ДИМКОВА
Лидија АРИЗАНКОВСКА

ХАБИТУАЛНИ ГЛАГОЛИ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО СЛОВЕНЕЧКИОТ ЈАЗИК

0. Хабитуалноста е сложен несвршен глаголски вид составен од две видски вредности: надреден континуативен вид и подреден моментен вид. Нејзината дефиниција гласи: ***X е таков што (кога/ако S) (му) се случува P***, што значи постои постојана можност/веројатност (континуум), при исполнувањето на одреден услов, настанот (момент) да се случи.

Хабитуалноста, особено во македонскиот јазик (в. Пановска-Димкова, 2003), се изразува со огромен број средства и на морфолошко и на синтаксичко рамниште, но во трудов ќе се ограничиме на претставувањето на морфолошките изразни средства на хабитуалноста во македонскиот и во словенечкиот јазик, а тоа се хабитуалните глаголски семантеми[116].

Хабитуална видска конфигурација може да се изрази со сите глаголи од несвршен вид[117], што се должи на нивната двозначност: несвршените глаголи можат да се

---

[116] Во текстов не навлегуваме во семантичката сложеност на семантемите, односно дали се тие прости, еднократносложени или двократносложени, поради тоа што во некои случаи таквата сложеност во македонскиот јазик не се поклопува со сложеноста во словенечкиот јазик, а постојаното укажување на сложеноста на семантемата ќе го усложни следењето на трудот, чија цел е изнаоѓањето на семантемите кои изразуваат исклучиво хабитуална видска конфигурација во двата јазика.

[117] Во рамките на несвршените глаголи, хабитуалност не може да се изрази единствено со глаголите со кои се означуваат основните континуативни поими: *граничи, е, зависи, знае, љуби, може, мрази, се наоѓа, обединува, претставува, произлегува, се протега, сака, уважува* итн.

врзат со актуелно време и тогаш изразуваат проста континуативност или теличност, а можат да се врзат и со атемпорален контекст и тогаш изразуваат хабитуалност. На пр.:

актуелен контекст → прост континуативен вид:

Марко спие веќе два часа. – Marko spi že dve uri.

атемпорален контекст → сложен хабитуален вид:

Марко спие секое попладне. – Marko spi vsako popoldne.

Но, меѓу глаголите од несвршен вид се издвојуваат такви глаголи кои секогаш се врзуваат со атемпорален контекст и не можат да се употребат во актуелно време, што значи изразуваат исклучиво хабитуална видска конфигурација, како и такви кои се со многу поголема склоност за врзување со атемпорален отколку со актуелен контекст.

Оттука, целта на овој труд е да се претстават: 1) оние семантеми кои се исклучиво хабитуални во двата јазика, што значи да не можат да се употребат во актуелен контекст, и 2) семантемите кои се со многу поголема склоност за врзување со атемпорален отколку со актуелен контекст, а притоа да се увидат сличностите и разликите меѓу македонскиот и словенечкиот јазик.

1. Испитувањата на хабитуалноста во македонскиот јазик покажаа дека на морфолошко рамниште не постојат хабитуални корени, односно такви корени кои ќе се врзуваат исклучиво со атемпорален контекст, за разлика од ситуацијата во некои други словенски јазици[118]. Словенечкиот јазик, пак, го има зачувано коренот *hod-* како исклучиво хабитуален корен кој секогаш се реализира во атемпорален контекст, наспрема коренот *gre-* кој е неговата паралела за врзување со актуелен контекст. Така, на пример, ако во македонскиот јазик со глаголот *оди* се искажуваат и хабитуалноста и континуативноста: *Одам на курс по словенечки* (може да се врзе и со актуелен

118 „Многократные глаголы типа *бывать, хаживать* отмечены во всех славянских языках, но широкое распространение они получили только в чеш., словац., польск. и рус. яз., причем и в этих языках они в большей или меньшей степени выходят из употребления, особенно в рус. и польск. яз.” (Kwazev, 1989:141).

контекст: *Во моменшов одам на курс*, но и со атемпорален контекст: *Секој чешвршок одам на курс*), во словенечкиот јазик за двете ситуации ќе се употреби посебна семантема:

континуативна: *Trenutno grem na tečaj slovenščine.*

хабитуална: *Ob četrtkih hodim na tečaj slovenščine.*

2. Но, она што е интересно е разгледувањето на семантемите кои се со очигледно поголема склоност за врзување со атемпорален отколку со актуелен контекст. Тоа се најчесто семантеми што означуваат многу кратко времетраење на дејството означено со коренот: *наоѓа/nahajati, доаѓа/prihajati, заборава/pozabljati, краде/krasti, паѓа/padati, се качува/vzpenjati се просшува/opraščati, убива/ubijati* и др. На пр.:

Тој често си го заборава чадорот.

On pogosto pozablja svoj dežnik.

За секое прашање одлучува таа.

Za vsako vprašanje odloča ona.

Некои деца од маалово убиваат мачки.

Neki otroci iz naselja ubijajo mačke.

Овие семантеми можат да се врзат со актуелен контекст само во сегашно време и тоа доколку во контекстот има некаков показател за означување дека дејството го „фаќаме“ во неговото кратко времетраење. Од ова произлегува дека ваквите семантеми се **блокирани** за врзување со актуелен контекст, а доказ повеќе за тоа е неможноста на нивна употреба во актуелен контекст во минато време.[119]

На пример, семантемата *краде/krasti* во актуелно сегашно време може да се употреби во реченица од типот: *Погледни, човекон краде! – Poglej tega človeka, krade!*, а почеста и пообична е употребата во атемпорален контекст кога глаголот изразува хабитуална видска конфигурација: *Тој краде сé што ќе најде – On krade vse, kar najde.* Но, на планот на минатоста *краде/красти* веќе тешко може да се

[119] Овде мислиме на основното значење на овие глаголи (на пример *краде* со значење ‘краде конкретен предмет’). Со своите вторични значења, тие слободно се врзуваат со актуелен контекст, на пр.: *Тој веќе подолго време ја краде државата/On že dlje časa krade gržavo.* или *Во љубовта ја наоѓам смислата на животот/ V ljubezni nahajam smisel življenja.*

употреби во актуелен контекст, па така можеме да кажеме: *Тој крадеше сé што ќе најдеше – On je kradel vse, kar je našel*, no pote{ko mo`eme: **Toj v~era krade{e ~okolado od prodavnicata – *On je včeraj kradel čokolado iz trgovine*, туку само: *Тој вчера украде чоколадо од продавницата – On je včeraj ukradel čokolado iz trgovine.*[120]

3. Иако не постојат коренски морфеми со хабитуална видска конфигурација, во македонскиот јазик се имаат развиено специјализирани сложени структури, кои служат за изразување исклучиво на хабитуалната видска конфигурација и секогаш се врзуваат со атемпорален контекст. Тие структури се двократносложени семантеми, составени од префикс што носи само видска вредност момент и е лексички празен + коренска морфема со континуативна доминанта + континуативниот суфикс *–ува,* на пример: *Ти секоја лекција ја научуваш побрзо од мене!* и не можат да се врзат со актуелен контекст: **Сега ја научувам втората лекција*.

Во македонскиот јазик тоа се семантемите изведени со континуативниот суфикс *-ува* од: резултативна еднократносложена семантема со семантички празен префикс (*изедува, изградува, исушува, исчистува, научува, нацртува, прочитува, скршува, стопува, украдува* и др.: *Секое минување украдува по едно бонбонче.*), од лимитативна еднократносложена семантема (*почекува, погорува, поседува, постојува, преседува, престива* и др.: *Обично прво поседуваме кај нив малку, па излегуваме.; Секој ден си постојува пред излогот на враќање дома.*) и од дистрибутивна еднократносложена семантема (*се_изнагледува, се_изнајадува, се_изнаигрува* и др.: *Секогаш кај нив се изнагледуваме сé и сешто.; Кај неа обично убаво се изнајадувавме.*).

Вака изведените хабитуални двократносложени семантеми имаат исто лексичко значење како простата

---

[120] Во македонскиот јазик во оваа група спаѓаат и двократносложените семантеми изведени со суфиксот *–ува* од семантеми што го содржат суфиксот *–н*: *седнува, легнува, летнува*, на пр.: *Таа редовно седнува на исто место* (в. Пановска-Димкова 2003), но во словенечкиот јазик за нив не најдовме формални еквиваленти, а хабитуалноста во овие случаи во словенечкиот јазик ќе се изрази со свршен глагол употребен во презент: *Ona vedno sede na isti prostor.*

семантема од која се добиени (со посредна, вторична деривација): *изедува = јаде, изградува = гради, поседува = седи*, но имаат поограничена дистрибуција во однос на неа. На пример, хабитуалните семантеми изведени од резултативна семантема се валентни за директен предмет кој мора да биде и формално присутен во реченицата. Така, неприфатлива е реченицата: **Тој првпат изедува дури во 3.* (вс: *Тој првпат јаде дури во 3*), а прифатлива е само реченицата со директен предмет: *Наутро изедува по едно јаболко.* (што е еднакво на: *Наутро јаде по едно јаболко.*). Исто: *Весникот го прочитувам од почеток до крај.*, но не: **Јас прочитувам пред спиење.*

Во словенечкиот јазик исто така постојат исклучиво хабитуални двократносложени семантеми, но начинот на нивна деривација е двоен: некои се деривираат со додавање на суфиксите *–eva/-ova/-ava/-va* кон семантемата со моментна доминанта (резултативна, лимитативна), на пример: *posedevati, prespavati, zaspavati, izgrajevati,* а други се деривираат со редување, на пример: *postajati, prebirati, zlamljati, pojedati.* Од иста семантема може да се деривираат хабитуални семантеми и на двата начина, на пример од семантемата *очистити* со суфиксот *–eva* се добива семантемата *očiščevati*, а со редување семантемата *očiščati* итн. Без обзир како е деривирана семантемата, во словенечкиот јазик исто како и во македонскиот, овие семантеми се исклучиво хабитуални и не можат да се употребат во актуелно време, ами се врзуваат само со атемпорален контекст, на пример: *Vsak dan postaja pred izložbo, ko se vrača domov*, a ne mo`e: **Zdaj postajam pred izložbo.*

Меѓутоа, иако во Речникот на словенечкиот јазик се наведени споменативе семантеми, практиката не ја поддржува нивната употреба: реченицата од типот: *Najprej malo pri njih posedevamo, pa gremo ven.* за словенечките говорители звучи во голем степен изнасилено (в. Топоришич 2000). Обичната употреба во словенечкиот јазик во овие случаи е употребата на сегашно време од свршени глаголи: *Najprej malo pri njih posedimo, pa gremo ven.* Покрај тоа: за голем дел од македонските двократносложени хабитуални семантеми, во словенечкиот јазик и не постојат формални еквиваленти, туку значењето на хабитуалната

видска конфигурација ќе се изрази со употреба на свршениот глагол во сегашно време. На пр.:

мак. *Секое минување, украдува по едно бонбонче.*
slov. *Vsakič, ko mine ukrade en bonbonček.*
мак. *Секој ден нацртувам по нешто ново.*
slov. *Vsak dan narišem po eno novo stvar.*

5. Врз основа на изложеново, можеме да го заклучиме следново:

– Како сложен глаголски вид, хабитуалноста тешко или воопшто не може да биде изразена со просто изразно средство, односно во коренот на глаголот. Така, глаголски корени со хабитуална видска конфигурација во македонскиот јазик нема, а во словенечкиот има еден хабитуален корен: *hod-*. Глаголот *hoditi* е пример за **асиметрија меѓу семантичката и формалната сложеност**: семантички носи сложена информација, а формално таа сложена информација е изразена со проста семантема.

– Анализата покажа дека и во двата јазика постојат прости семантеми со значително поголема склоност за врзување со атемпорален контекст, од типот: *краде/krasti, доаѓа/prihajati, наоѓа/nahajati, убива/ubijati* итн. Па, така, за овие семантеми да можат да се употребат во актуелен контекст, неопходен е контекстуален показател со кој се означува дека дејството го „фаќаме“ во моментот на неговото траење, кое инаку е многу кратко и ние не можеме да го „фатиме“ во одвивање, а тоа се: *еве, види, погледни* и сл. Оттука, произлегува дека ваквите форми се **блокирани за актуелен контекст**, за што доказ повеќе е и неможноста за нивна употреба во актуелно минато време.

– **Видски еднозначните хабитуални семантеми** се ретки: тие се јавуваат само на нивото на двократносложената семантема во случаите кога префиксот е носител само на видско, но не и на лексичко значење. Во македонскиот јазик постојат одредени синтаксички ограничувања за употребата на овие семантеми (какво што е задолжителното појавување на директниот предмет во реченицата), но во принцип тие можат да се изведат од секоја резултативна или лимитативна семантема и нивната употреба се смета за обична од страна на говорителите на македонскиот јазик. За разлика од тоа, во словенечкиот јазик изведувањето на

ваквите семантеми е поограничено, значи не можат да се изведат од секоја семантема и покрај тоа што постојат два начина на нивно изведување (суфиксално и со редување), а нивната употреба од страна на говорителите на словенечкиот јазик се смета за изнасилена, што значи дека е сведена главно на книжевна.

– Таквото ограничување на изведувањето и употребата на двократносложените хабитуални семантеми во словенечкиот јазик се должи на фактот што во тој јазик постои „идеално“ средство за изразување на хабитуалната видска конфигурација, а тоа е употреба на свршени глаголи во сегашно време, или т.н. **хабитуален презент од перфективни глаголи** (в. Пановска-Димкова, 2002). Имајќи ваква форма за изразување на хабитуалната видска конфигурација, словенечкиот јазик едноставно немал потреба за развивање на (во случајов) суфиксацијата, додека македонскиот јазик немајќи ја оваа форма, морал да се сврти кон развивање на други изразни средства што ќе го покажат хабитуалниот вид во сета негова сложеност.

– Ваквата паралелност на изразните средства во македонскиот и словенечкиот јазик многу убаво ја покажува специфичноста на хабитуалната видска конфигурација, имено: дејството означено со коренот го претставува **подредениот моментен вид во конфигурацијата**, односно настанот што може да се повторува на временската оска, додека надредениот континуативен вид, а тоа е отворената можност настанот да се случи, во македонскиот јазик е претставен преку континуативниот суфикс *-ува*, а во словенечкиот (и во други словенски јазици) е претставен преку употребената временска форма: презент.

– И на крајот: работата врз овој труд и добиените резултати покажаа дека има сериозна основа за конфронтативно проучување на македонскиот и словенечкиот јазик, особено во областа на глаголот, со што се отвора патот за натамошни пообемни истражувања во оваа смисла.

Литература

Ivić 1983 – Ivić, M. 1983. Načini na koje slovenski glagol ovremenjuje ponavljanu radnju. *Lingvistički ogledi*: 37-56.

Каролак 1998 – Karolak, S. 1998. Uwagi o morfologii aspektu macedo Œskiego. *Studia z filolologii polskiej i sŠowia Œskiej*, 35. – во печат.

Каролак 2003 – Каролак, С. 2003. *Семантика и структура на глаголскиот вид (аспектот) во македонскиот јазик* – во печат.

Kwazev 1989 – Князев, Ю.П. 1989. Выражение повторяемости действия в русском и других славянских языках. *Типология итеративных конструкций* (от. ред. В.С. Храковский). Ленинград, Наука: 132-44.

Koneski, B. 1987 – Koneski, B. 1987. *Gramatika na makedonskiot literaturen jazik.* Skopje, Kultura: 551.

Koneski, K. 1980 – Koneski, K. 1980. Izrazuvaweto na povtorlivosta vo makedonskiot jazik. *Predavawa na XIII seminar za makedonski jazik, literatura i kultura*: 45-54.

Орешник 1994 – Orešnik, J. 1994. *Slovenski glagolski vid in univerzalna slovnica.* Ljubljana, SAZU: 1994.

Очкова 1993 – Oczkowa, B. 1993. Iterativa w j†zyku serbsko-chorwackim. *Studia linguistica Polono-Jugoslavica*, 7: 17-28.

Пановска-Димкова 2002 – Пановска-Димкова, І. 2002. Македонските еквиваленти на српскиот презент од перфективни глаголи. Реферат поднесен на *Првата македонско-српска научна конференција од областа на јазикот и литературата* во Охрид. – во печат.

Пановска-Димкова 2003 – Пановска-Димкова, І. 2003. *Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик*. Докторска дисертација, Фонд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје.

Спасов 1997 – Спасов, Љ. 1997. Дефиниции на видските (аспектните) конфигурации во македонскиот јазик. *Предавања на XXIX меѓународен СМЈЛК*: 31-36.

Топоришич 2000 – Toporišič, J. 2000. *Slovenska slovnica*. Maribor, Obzorja> 348-353.

Јордана МАРКОВИЋ

ИНВЕНТАР, ПУТЕВИ И ДОМЕТИ МАКЕДОНИЗАМА У СРПСКИМ НАРОДНИМ ГОВОРИМА

Апстракт

Барјактаревић 1977 - Данило Барјактаревић, *Фонетске и морфолошке особине врањскога говора,* у: Дијалектолошка истраживања, Јединство, Приштина 1977, 373-413.

Барјактаревић 1986 - Данило Барјактаревић, *Историјски развој косовско-мето-хијског говора*, Приштина 1986.

Богдановић 1979 - Н. Богдановић, *Говор Бучума и Белог Потока*, СДЗб XXV, Београд 1979.

Богдановић 1987 - Н. Богдановић, *Говор Алексиначког Поморавља*, СДЗб XXXIII, Београд 1987.

Видоески 1998 – Божидар Видоески, *Дијалектите на македонскиот јазик*, Том I, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1998.

Вујовић 1969 – Лука Вујовић, *Мрковићки дијалекат,* СДЗб XVIII, Београд 1969.

Вукадиновић 1996 - В. Вукадиновић, *Говор Црне Траве и Власине*, СДЗб XLII, Београд 1996.

Ивић 1985 – Павле Ивић, *Дијалектологија српскохрватског језика, Увод и штокавско наречје,* Матица српска, Нови Сад 1985.

Ивић-Бошњаковић-Драгин 1994 – Павле Ивић, Жарко Бошњаковић и Гордана Драгин, *Банатски говори шумадијско-војвођанског дијалекта,* СДЗб XL, Београд 1994.

Јовић 1968 - Душан Јовић, *Трстенички говор,* СДЗб XVII, Београд 1968.

Костић 1997/8 – Марина Костић, *Прво лице једнине презента у говору Горње Пчиње,*Прилози проучавању језика, Нови Сад 1997/8, књ. 28/29, 191-203.

Марковић 2000 - Јордана Марковић, *Говор Заплања*, СДЗб XLVII, Београд 2000.

Марковић 2004 – Јордана Марковић, *Говор Петровог Села (код Кладова)*, Филозофски факултет, Ниш 2004.

Милетић 1940 – Бранко Милетић, *Црмнички говор,* СДЗб IX, Београд 1940.

Михајловић 1977 – Јован Михајловић, *Лесковачки говор*, Лесковац 1977.

Николић 1966 – Берислав Николић, *Мачвански говор,* СДЗб XVI, Београд 1966.

Николић 1968 – Берислав М. Николић, *Тршићки говор,* СДЗб XVII, Београд 1968.

Павловић 1939 – Миливој Павловић, *Говор Сретечке Жупе*, СДЗб VIII, Београд 1939.

Пецо-Милановић 1968 – Асим Пецо и Бранислав Милановић, *Ресавски говор,* СДЗб XVII, Београд 1968.

Пижурица 1981 – Мато Пижурица, *Говор околине Колашина,* ЦАНУ, Титоград 1981.

Реметић 1985 – Слободан Реметић, *Говори централне Шумадије,* СДЗб XXXI, Београд 1985.

Реметић 1996 - Слободан Реметић, *Српски призренски говор I (гласови и облици),* СДЗб XLII, Београд 1996.

Реметић 2000 – Слободан Реметић, *Призренско-јужноморавски дијалекат у светлу македонског утицаја,* XXVI Научна дискусија на XXXII ме|ународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2000, 87-103.

Симић 1972 – Радоје Симић, *Левачки говор,* СДЗб XIX, Београд 1972.

Соколовић 2002 – Мирјана Соколовић, *Лесковачко ч. – О променама у изговору појединих гласова у говору јужне Србије*, Српски језик бр. 7/1-2, Београд 2002, 487-500.

Стевановић 1933-1934 - Михаило Стевановић, *Источноцрногорски дијалекат,* Јужнословенски филолог XIII, Београд 1933-1934.

Стевановић 1950 - Михаило Стевановић, *Ђаковачки говор*, СДЗб XI, Београд 1950.

Стевановић 1969 – Владимир Стевановић, *Говор Пољанице,* Врањски гласник, бр. V, Врање 1969.

Стевовић 1969 – Игрутин Стевовић, *Шумадијски говор у Гружи,* СДЗб XLVIII, Београд 1969.

Тома 1998 – Пол-Луј Тома, *Говори Ниша и околних села,* СДЗб XLV, Београд 1998.

Ћирић 1999 – Љубисав Ћирић, *Говори Понишавља,* СДЗб XLVI, Београд 1999.

Ћупић 1977 – Драго Ћупић, *Говор Бјелопавлића,* СДЗб XXIII, Београд 1977.

Звонко НИКОДИНОВСКИ
Ирина БАБАМОВА

АФОРИЗМОТ КАКО ГОВОРНА ЕДИНИЦА ВО ФРАНЦУСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
– Синтаксички и семантички обележја – [294]

Der Aphorismus verträgt keine Fusnoten.
Афоризмот на трпи фусноти
Gerhard BRANSTNER, *Miniaturen*

I. СИНТАКСИЧКИ ОБЕЛЕЖЈА НА АФОРИЗМИТЕ

Од дефиницијата на афоризмот како говорна единица во која **низ куса форма и на концизен начин се изразува критички и хумористичен однос кон стварноста**, произлегува дека афоризмите припаѓаат кон кратките говорни форми. Нивна особено изразена карактеристика е малубројноста на зборовите, кои пак, од своја страна, имаат голема изразна моќ. Но, и покрај тоа што овој жанр е сведен на минијатурни размери, во неговите рамки може да се издиференцираат одредени структурирања кои ја расветлуваат постапката на создавање афоризми од синтаксичка гледна точка. При разгледување на синтаксичките обележја на афоризмите ќе се водиме главно од три критериуми:

1. **Вид на глаголски релации**
2. **Број на реченици**
3. **Вид на реченици**
4. **Вид на релација меѓу главната и дел–реченицата.**

1. Реченичниот карактер на овие творби имплицира постоење показател на предикација т.е. постоење глаголска релација. **Глаголската релација претставува структура во која глаголот ги врзува елементите кои зависат од него**.

[294] Овој труд претставува продолжение на статијата објавена под наслов "Афоризмот како говорна единиција во францускиот и во македонскиот јазик – Поим и дефиниција", *XIX Научна конференција*. – Охрид: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2003, стр. 447– 455.

Глаголската релација може да биде лична (ако е глаголот употребен во лична глаголска форма, т.е. во одредено лице) или безлична (ако ја добие глаголот формата на именка, прилог или придавка: инфинитив, герундив и партицип). Меѓутоа, во синтаксата е познато дека показателот на предикацијата не мора секогаш да биде експлицитен на ниво на исказот. Таков е случајот со такана-речените реченични еквиваленти кои важат за „*релативно самостојни делови на еден јазичен текст или наполно самостојни искази што содржат (имплицитно) предикација, но не се резултат на елипса на личноглаголска форма*“ [295]. Тргнувајќи од ваквата можност, од вкупниот број искази со статус на афоризам регистрирани во базата[296], може да се издвојат два главни синтаксички модела врз чија основа се генерираат афоризмите:

– афоризми со имплицитна глаголска релација;

– афоризми со експлицитна глаголска релација.

1.1. Имплицитноста на глаголската релација укажува на тоа дека за остварување на својата комуникациска функција, на афоризмот не му е неопходно потребна глаголска форма на ниво на исказот. Таквите афоризми најчесто имаат карактер на забелешка: (мак.) *Врвен дострел на геометријата: политички кругови.* (Иван Карадак); (мак.) *Пијалок на нашата младост: лук и вода.* (Иван Карадак); (мак.) *Врвен кукавичлак: храброст од позиција на сила!(Живко Павлов)*; (мак.) *Граѓанско општество – да, но без опинци.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Големи родољупци – големи љубовции.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Многу бабици – килаво здравство.* (Иван Карадак); (мак.) *Мала историја, големи историчари!* (Ефтим Гашев); (мак.) *Ниски луѓе, ниски удари!* (Ефтим Гашев); (мак.) *Беда по беда – победа.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Пролетерски интернационализам: наши работници, германски марки и швајцарски банки.* (Тодор Јовчевски)

Овие афоризми со имплицитна глаголска релација лесно можеме да ги претвориме во афоризми со експлицитна глаголска релација ако ги преформулираме афоризмите, употребувајќи го глаголот што може да се јави како

[295] МИНОВА–ЃУРКОВА, Лилјана. *Синтакса на македонскиот литературен јазик.* – Скопје: Радинг, 1994, стр.207.

[296] Базата е работена во програмата MS ACCESS и содржи околу 1500 афоризми од францускиот и од македонскиот јазик.

имплицитен. Притоа, може да се забележи дека како имплицитен глагол најчесто се јавува глаголот *сум*, употребен во соодветно лице, воспоставувајќи, истовремено, релација на експликација (објаснување) помеѓу деловите што ги поврзува. Ќе наведеме само неколку примери заради илустрација: (мак.) *Пијалок на нашата младост* ***е*** *лук****от*** *и вода****та****.*/ (мак.) *Врвен дострел на геометријата* ***се*** *политички****те*** *кругови.*/ (мак.) *Големи****те*** *родољупци* ***се*** *големи љубовници.*/ (мак.) *Врвен кукавичлук* ***е*** *храброс****та*** *од позиција на сила.*/ (мак.) *Пролетерски интернационализам* ***се*** *наши****те*** *работници, германски****те*** *марки и швајцарски****те*** *банки*. Не е ретка и појавата на глаголите *има*, (*за*)*дава*, како и на глаголот *прави*, сфатен во најширока смисла, кои пак, од своја страна, помеѓу деловите што ги поврзуваат воспоставуваат:

– релација на еквиваленција (еднаквост): (мак.) *Беда по беда* ***прави (е еднакво на)*** *победа* .

– релација на адверсација (спротивставување): (мак.) *Имаме мала историја,* ***а*** *големи историчари*;

– релација на каузација (причинско–последична релација): (мак.) *Многуте бабици* ***даваат*** *килаво здравство*.

– релација на експликација (објаснување): (мак.) *Ниските луѓе* ***задаваат*** *ниски удари*.

– модална релација: (мак.) ***Сакаме*** *граѓанско општество, но без опинци*.

Интересно е да се забележи дека употребата на, инаку, имплицитниот глагол во рамките на афоризмите со имплицитна глаголска релација би повлекла и промени што се огледуваат во неопходна употреба на определен член и на некои сврзници, како што може да се види од горенаведените примери во кои, покрај имплицитниот глагол, маркирани се и другите промени што ги условува неговата експлицитна употреба. Од друга страна пак, може да се забележи исто така дека од нив исчезнува употребата на интерпукциските знаци „**:**“ (две точки) и „**–**“ (тире) кои се присутни во афоризмите со имплицитна глаголска релација и кои блокираат, во извесна смисла, експлицитна употреба на соодветен глагол, определен член или сврзник. Всушност, интерпукциските знаци во пишаниот говор, односно прозодиските признаци во усниот говор, го презе-

маат врз себе остварувањето на сите релации што би ги остварувале глаголот, членот или сврзникот ако биле експлицитно употребени. Употребата на овие знаци има за цел да го сведе на минимум бројот на употребени зборови во афоризмот, да избегне разводнување на изразот, овозможувајќи му згуснатост и изразност.

1.2. Експлицитноста на глаголската релација укажува на тоа дека за остварување на својата комуникациска функција на афоризмот му е неопходно потребна глаголска форма на ниво на исказот. Глаголската релација може да биде изразена преку личноглаголска форма или преку безличен глаголски начин (глаголски прилог, глаголска именка или инфинитив). Притоа, афоризмите се однесуваат како реченици, а не како реченични еквиваленти, па како творби ги следат синтаксичките правила на јазикот на кој се создаваат. На пр.: (мак.) *Валканите уши повеќе* ***слушаат.*** (Иван Карадак).

2. Од аспект на **бројот на реченици,** афоризмите можеме главно да ги поделиме на:

– **едноречeнични**;

– **двореченични**.

Секој од нив има своја **структура** која зависи од бројот на глаголски релации остварени во неа. Тој број може да варира од еден до четири.

2.1. Едноречeнични афоризми

Во рамките на едноречeничните афоризми можеме да издвоиме:

А. Афоризми со една глаголска релација:

(мак.) *Постојано* ***погодуваме*** *во промашувањата.* (Тодор Јовчевски); (мак.) *На народот му* ***се стемни*** *од светлата иднина.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Зад секој молив* ***стои*** *некоја гума.* (Иван Карадак); (мак.) *Бубрегот во лој не* ***се жали*** *на покачен холестерол.* (Тодор Јовчевски); (фр.) *La femme des uns* ***fait le bonheur*** *des autres.* (Pierre Desproges); (фр.) *La courbe de tes yeux* ***fait le tour*** *de mon coeur.* (Paul Eluard); (фр.) *Un baiser légal ne* ***vaut*** *jamais un baiser volé.* (Guy De Maupassant)

Б. Афоризми со две глаголски релации:

(мак.) *Сите* ***шушкаат****, само лисјата* ***паѓаат****.* (Иван Карадак); (мак.) ***Очекуваше*** *фотелја, а* ***доби*** *тврда столица.* (Тодор Јовчевски); (мак.) *Сé* ***тече****, само*

долговите ***остануваат*** (Тодор Јовчевски); (мак.) *За да ме* ***заштитат*** *од промаја ми ги* ***затворија*** *сите врати.*(Тодор Јовчевски); (мак.) *Есента* ***дојде****, зелените* ***останаа****.* (Тодор Јовчевски) ; (fr.) *Là où tant d'hommes* ***ont échoué****, une femme* ***peut réussir****.* (Charles Maurice de Talleyrand) ; (fr.) *Les femmes c'****est*** *charmant, mais les chiens c'****est*** *tellement plus fidèles.* (Sacha Guitry); (fr.) *Les honnêtes femmes* ***sont*** *inconsolables des fautes qu'elles n'****ont*** *pas* ***commises****.* (Sacha Guitry); (fr.) *Un ménage* ***est*** *bien* ***accordé*** *où les deux époux* ***ressentent*** *en même temps le besoin d'une querelle.* (Jean Rostand); (fr.) *Je ne* ***parle*** *pas aux cons, ça les* ***instruit****.* (Michel Audiard); (fr.) ***Il y a*** *trois temps qui* ***déplaisent*** *souverainement aux jardiniers: le temps sec, le temps pluvieux et le temps en général.* (Pierre Daninos)

а) Афоризми со две глаголски релации од кои втората е елиптична:

(fr.) *La chair des femmes* ***se nourrit*** *de caresses comme l'abeille des fleurs*. (Anatole France)

б) Афоризми со две глаголски релации од кои едната е супстантивизирана:

(мак.) ***Кружењето*** *околу ѕвездите* ***е*** *природна појава.* (Иван Карадак); (мак.) ***Благодарение*** *на климата и културното поле* ***е*** *позелено.* (Ефтим Гашев)

в) Афоризми со две глаголски релации од кои едната е адвербијализирана:

(мак.) ***Удирајќи*** *по трутовите ги* ***испотепавме*** *пчелите.* (Иван Карадак); (мак.) ***Бистрејќи*** *ја политиката ја* ***загадивме*** *историјата.* (Ефтим Гашев)

г) **Афоризми со две глаголски релации од кои едната е имплицитна:**

(мак.) *Тие го* ***закопаа****, а тој* ***– мртов ладен****.* (Иван Карадак)

В. Афоризми со три глаголски релации:

(мак.) *Ништо не* ***гледам****, ништо не* ***слушам*** *– одлично се* ***чувствувам****.*(Иван Карадак); (мак.) *Јас* ***се изедов****, ти* ***се изеде****, тој сè–* ***изеде****!* (Иван Карадак); (мак.) *Политичарите го* ***оплакуваат*** *селото, поетите го* ***опеваат****, а селаните го* ***напуштаат****.* (Иван Карадак); (фр.) *Tout le secret des armes ne* ***consiste*** *qu'en deux choses: à* ***donner*** *et à ne point* ***recevoir****.*(Jean–Baptiste Poquelin Molière); (фр.) *Dans le monde, on* ***épouse*** *une femme, on* ***vit*** *avec une autre et l'on n'****aime*** *que soi.* (Maurice Blondel)

а) Афоризми со три глаголски релации од кои едната е адвербијализирана:

(мак.) ***Чекајќи*** *секирата* ***да*** *му* ***падне*** *в мед,* ***остана*** *без огрев.* (Иван Карадак); (мак.) *Полтроноот* ***спуштајќи се сака да летне***.(Тодор Јовчевски)

б) афоризми со три глаголски релации од кои едната е елиптична:

(мак.) *Кучето* ***мавта*** *со опашката, коњот со главата, а човекот* ***ракопалеска***. (Иван Карадак)

в) афоризми со три глаголски релации од кои две се елиптични:

(фр.) *On* ***a*** *les femmes dans les bras, puis un jour sur les bras, et bientôt sur le dos.* (Sacha Guitry); (фр.) *On ne* ***ment*** *jamais autant qu'avant les élections, pendant la guerre et après la chasse.*(Georges Clemenceau)

Г. Афоризми со четири глаголски релации:

(мак.) Цел живот **вообразуваше** дека е сонце, а сега **се чуди** што – **зајде**. (И. Карадак); (мак.) **Се чувствувам** како компир: **живеам** во визба, а кој **ќе стигне** ме **лупи**. (Иван Карадак) (fr.) *La femme* ***est*** *comme une ville: quand la prise en* ***est*** *facile, elle* ***est*** *difficile à* ***garder****. (Jean Berthaud)* (fr.) ***Prenez*** *le temps comme il* ***vient****, le vent comme il* ***souffle****, la femme comme elle* ***est****.* (Alfred de Musset)

а) афоризми со четири глаголски релации од кои едната е супстантивизирана:

(мак.) ***Поделба*** *на трудот во кулинарството: едни* ***дробат****, други* ***запржуваат****, трети* ***сркаат****.* (Иван Карадак)

2.2. Двореченични афоризми

Во рамките на двореченичните афоризми можеме да издвоиме:

2.2.1. Двореченични афоризми со две експлицитни глаголски релации:

(мак.) *Критичниот момент на кризата* ***помина****. Веќе* ***свикнавме*** *на сиромаштија*. (Иван Карадак); (мак.) ***Роден е*** *за предводник. Секогаш* ***бега*** *прв.* (Иван Карадак); (fr.) *La justice* ***est gratuite****. Heureusement elle n'****est*** *pas* ***obligatoire***.(Jules Renard)

2.2.2 Двореченични афоризми со три глаголски релации:

(мак.) *Кој и* ***да дојде*** *ќе ни* ***вешува*** *планини и долини. Таков ни* ***е*** *релјефот* (Иван Карадак); (fr.) *Certains hommes n'****ont*** *que ce qu'ils* ***méritent.*** *Les autres* ***sont*** *célibataires.* (Sacha Guitry); (fr.) *La France* ***est*** *un pays extrêmement fertile. On y* ***plante*** *des fonctionnaires, il y* ***pousse*** *des impôts.* (Georges Clémenceau)

2.2.3. Двореченични афоризми со четири глаголски релации:

(мак.) *Хиената кога те* ***јаде се смее****, а крокодилот* ***плаче****. Жртвата* ***нема*** *време за емоции.* (Иван Карадак); (мак.) *Кој* ***работи*** *–* ***има****. Кој не* ***работи*** *–* ***има*** *уште повеќе*. (Тодор Јовчевски); (fr.) *L'homme n'****est*** *pas* ***fait*** *pour* ***travailler****. La preuve, c'****est*** *que ça le* ***fatigue***.(Georges Courteline); (fr.) *Quand on* ***est aimé****, on ne* ***doute*** *de rien. Quand on* ***aime****, on* ***doute*** *de tout.* (Sidonie–Gabrielle Colette); (fr.) *Pourquoi* ***contredire*** *une femme? Il* ***est*** *tellement plus simple d'****attendre*** *qu'elle* ***change*** *d'avis!* (Jean Anouilh)

А. Двореченични афоризми од кои едната реченица е со имплицитна глаголска релација:

(мак.) *Нормално е што ги загадивме реките.* ***На секој чекор – маштивода****.* (Иван Карадак); (мак.) ***Демографски парадокс****: Светот е сè понаселен, а луѓе сé помалку.* (Иван Карадак); (мак.) ***Ушеха за оние од дното****: Барем имаат за што да се фатат.* (Иван Карадак)

Б. Двореченични афоризми од кои едната реченица е со елиптична глаголска релација:

(мак.) *Непријателот* ***демне*** *од сите страни.* ***Пријателот*** *само од зад* ***грб****.* (Иван Карадак)

3. Од аспект на **видот на реченици** разликуваме, според комуникативната функција на самите реченици, афоризми вообличени во:

3.1. Расказна реченица:

3.1.1. Потврдни:

(мак.) *Секое песјо време си има свои шинтери.* (Иван Карадак); (fr.) T*ous les hommes naissent comédiens, sauf quelques acteurs.* (Sacha Guitry).

3.1.2 Одречни:

(мак.) *На клучно место* ***не*** *смее да се става – клучар*. (Иван Карадак); (fr.) *Trop de repos* ***n****'a* ***jamais*** *fait mourir personne.* (Tristan Bernard)

3.2. Прашална реченица:

(мак.) *Дали паѓањето од власт се смета како повреда на работното место?* (Иван Карадак); (мак.) *Чуму триумфалната порта кога во историјата се влегува и низ капици?* (Ефтим Гашев)

3.3. Извична реченица:

(мак.) *Алал ви вера – неверници!* (Ефтим Гашев); (fr.) *Oh! faire son voyage de noces tout seul*! (Jules Renard)

3.4. Заповедна реченица (кај овие реченици се употребува форма на заповедниот начин за да се искаже блага заповед, совет)**:**

(мак.) ***Пренесувајте*** *ги традициите од глава в глава, а не од колено на колено* ; (мак.) *Не* ***наведнувај*** *се низ прозорецот – не знаеш кој ти е зад грб!* (Тодор Јовчевски); (мак.) ***Чукни*** *си ја главата, а не градите!* (Ефтим Гашев) ; (фр.) *Ne* ***faites*** *pas l'amour le samedi soir parce que, s'il pleut le dimanche, il ne reste plus rien à faire.* (Sacha Guitry)

4. Според **видот на реченици во сложената реченица** односно видот на релација меѓу независните или меѓу дел–реченицата и независната во рамките на една сложена реченица, може да се сретнат повеќе видови

4.1. Независно–сложени:

4.1.1. Спротивна реченица:

(мак.) *Цел живот солеше ум,* ***а*** *умре од шеќерна болест.* (Иван Карадак) ; (мак.) *Нашиот директор не е земјоделец,* ***ама*** *убаво нè обработува.* (Тодор Јовчевски); (фр.) *Il y aurait plusieurs façons d'être con,* ***mais*** *le con choisit toujours la pire.* (Frédéric Dard); (fr.) *Il arrive à un con d'avancer,* ***mais*** *seulement à reculons*. (Frédéric Dard)

4.1.2. Исклучна реченица:

(мак.) *Сите шушкаат,* ***само*** *лисјата паѓаат.* (Иван Карадак); (мак.) *Сé тече,* ***само*** *долговите остануваат.* (Тодор Јовчевски)

4.2. Зависно–сложени:

4.2.1. Декларативна реченица:

(*fr.*) *Je crois* ***que*** *les femmes sont faites pour être mariées, et* ***que*** *les hommes sont faits pour être célibataires. C'est de là que vient tout le mal!* (Sacha GUITRY)

4.2.2. Односна реченица:

(мак.) ***Кој*** *има слаб грб, му го товарат самарот*; (мак.) ***Оној што*** *живее во гулабарник, најдобро знае*

зошто гулабот е птица на мирот. (Иван Карадак); (fr.) ***Ceux qui*** *ne savent pas où ils vont sont surpris d'arriver ailleurs.*(Pierre Dac); (fr.) *Il y a des femmes* ***dont*** *infédilité est le seul lien* ***qui*** *les attache encore à leur mari*. (Sacha Guitry)

4.2.3. Допусна реченица:

(мак.) ***Иако*** *чукаа празна слама, спиеја на пердуви.* (Тодор Јовчевски)

4.2.4. Условна реченица:

(мак.) *Не замавнувај со остеност* ***ако*** *врвот ти е тап. (Ефтим Гашев)*; (мак.) ***Ако*** *не играш како ти свират, може да станеш последна дупка на свирката.* (Тодор Јовчевски); (мак.) ***Ако*** *е во виното вистината, тогаш алкохолизмот е филозофски правец.* (Иван Карадак); (fr.) ***Si*** *la femme était bonne, Dieu en aurait une.* (Sacha Guitry); (fr.) ***Si*** *Dieu nous a fait à son image, nous lui avons bien rendu*. (François Marie Arouet Voltaire); (фр.) *Vous avez parfaitement le droit de dire à un fumeur qu'il fume trop* ***s'****il fume votre tabac*. (Sacha Guitry)

4.2..5. Причинска реченица:

(мак.) *Ја сакаше државата* ***поради*** *надежта дека ќе изумре и дека ќе ја наследи.* (Тодор Јовчевски)

4.2.6. Целна реченица:

(мак.) ***За да*** *ме заштитат од промаја, ми ги затворија сите врати* (Тодор Јовчевски); (мак.) ***За да*** *ѝ купи бунда, остана без гаќи.* (Тодор Јовчевски); (fr.) ***Pour que*** *le vin fasse du bien aux femmes, il faut que ce soient les hommes qui le boivent.*(Catherine Bugnard)

4.2.7. Vremenska re~enica:

(мак.) ***Кога*** *ја прочитав неговата најнова збирка, сфатив дека и Пегаз бил само – коњ.* (Иван Карадак); (fr.) ***Quand*** *on ment à une femme, on a l'impression qu'on se rembourse.* (Sacha Guitry); (fr.) ***Lorsque*** *ma femme me fait un cadeau, j'ai deux surprises: d'abord le cadeau, ensuite de le payer.* (Maurice Donnay); (fr.) *Les curés se consolent de n'être pas mariés* ***quand*** *ils entendent les femmes se confesser*. (Armand Salacroix)

4.2.8. Компаративна реченица:

(fr.) *L'avenir est* ***la seule*** *sorte de propriété* ***que*** *les maîtres concèdent de bon gré aux esclaves*. (Albert CAMUS); (fr.) *Rien n'est* ***plus*** *semblable à l'identique* ***que*** *ce qui est pareil à la même chose et réciproquement*. (Pierre DAC)

Горенаведените примери на афоризми во македонскиот и во францускиот јазик укажуваат дека и во двата јазика реченичниот карактер на афоризмите (bons mots, mots d'esprit) имплицира постоење препознатливи синтаксички модели на афоризми со имплицитна и со експлицитна глаголска релација. Што се однесува до синтаксичкиот модел со имплицитна глаголска релација, можеме да констатираме дека нивната појава во корпусот на француски примери речиси и да не е забележана. Македонските примери, пак, со имплицитна глаголска релација се многу почести. Тие се изразени со голема стилска вештина која успева кај примачот да поттикне логичко интензивирање на мислата.

II. СЕМАНТИЧКИ ОБЕЛЕЖЈА НА АФОРИЗМИТЕ

1. ТЕМАТСКА ОРИЕНТИРАНОСТ НА АФОРИЗМИТЕ

Во портретирањето на корелацијата меѓу македонските афоризми и она што, според веќе понудената дефиниција, им соодветствува во францускиот јазик, *les mots d'esprit*, неизбежно се наметнува потребата од проследување на нивната тематска ориентираност, од причина што овие паремиски единици се одликуваат со извонредна разновидност во тој поглед. Но, за различните правци на тематската ориентираност, сепак, може да се каже дека тие имаат една заедничка појдовна точка. Заедничката појдовна точка во која тие се соединети и која претставува генератор за нивната појава е всушност воспоставената **норма** во една општествена заедница, сфатена како мерило за расудување и вреднување на појавите. Таа служи како еден вид репер според кој припадниците на една заедница го сообразуваат своето однесување и според кој го разликуваат дозволеното од девијантното однесување. На нормата, како стандард врз основа на кој поставуваме одредени барања или донесуваме одредени заклучоци, наидуваме постојано. Секое нејзино непочитување, независно дали се работи за некаква општоприфатена, универзална норма, за норма во културната, јазичната или во некоја друга сфера, ќе претставува сигнал за тенденција кон абнормалното.

Секоја ваква тенденција, пак, во двете соодветни општествени заедници, француската и македонската, истовремено ќе предизвика реакција, т.е. ќе претставува **мотив** за создавање *афоризам* (*mot d'esprit*) [297]. Во зависност од тоа во кој контекст ќе се појави сигналот за ваква тенденција, во насока на тој контекст ќе биде и тематската ориентираност на *афоризмот* (*mot d'esprit*). Колку се тие сигнали почести во даден контекст, толку и бројот на афоризмите со тема од соодветниот контекст е поголем.

Вака сфатената мотивираност на афоризмите укажува, од своја страна, на една заедничка карактеристика на овие говорни единици во двата јазика. Таа се огледува во кумулирање искази со различни тематски вообличувања што ги засегаат превирањата и девијантните појави во соодветните општествени средини вреднувани, најчесто, од аспект на нивниот причинител, моралното (не)однесување на човекот, а честопати надополнети со одредена доза на хумор или сатира[298].

Во **македонскиот јазик**, најчесто афоризмите се однесуваат на **човекот и општеството,** што обично се илустрира со карикатурално прикажување на однесувањето на човекот во рамките на една општествено–политич-

---

297 Во слична насока е и искажувањето на Кочо Урдин кој во предговорот на својата книга *И кога мислиш размислувај* зборува за своите почетоци како автор на афоризми: *„Во тоа време нашата мила стопанска и политичка бирократија почна да збеснува од привилегии и почна на отпто основание да ги дуги на сите можни начини невините социјалистички закони за моралот, па врховното политичко раководство на земјата, за да ја спречи оргијата на грабежите и дубарите што се правеа со внесување на странски автомобили во земјата му сугерирало на уредништвото на „Јеж“ да расгише конкурс за афоризми со чија помош ќе се камшикуваат расцветаните појави на криминалот во земјата.“* К. Урдин, Кочо. *И кога мислиш размислувај: афоризми*. – Скопје: К. Урдин, 2000, стр. 6

298 На француските Интернет страници, на кои можат да се најдат и збирки од вакви духовити состави, се врши редовно дополнување со искази кои настануваат како реакција на одредена актуелна појава или настан. Така на пример, на страницата под наслов **Dernière minute,** посветена на хуморот, може да се прочитаат датирани искази кои обработуваат актуелни теми : 29/01/2003 *: Bientôt la guerre en Irak ? George W. Bush a tellement préparé cette guerre qu'une non intervention des Etats–Unis ferait l'effet d'une bombe.*; 10/08/2003 : *Irak : 3 mois après la victoire des Américains, toujours aucune de traces d'armes de destruction massive : En revanche, on aurait trouvé aux Etats–Unis d'énormes stocks d'armes de désinformation massive.*; 30/01/2003 : *Affaire Elf : Roland Dumas relaxé par la Cour d'Appel : Roland Dumas était déjà nourri, logé par la République, il est désormais blanchi par la Justice.* ; 14/05/2002 : *Francis Mer, nouveau ministre de l'Economie et des Finances doit s'attaquer à la réforme du Trésor Public. Les syndicats de la fonction publique espèrent que Francis Mer ne fera pas de vagues.*; 10/05/2002 : *Réélection de Jacques Chirac à la présidence de la République Française avec plus de 82% des suffrages exprimés. Ca fait 82% des Français qui refusent de voir l'ancien Maire de Paris en prison*. (http://och.free.fr/humour/Breves2003.htm)

ката средина[299]. Оваа, да ја наречеме, глобална ориентираност на афоризмите, се состои од повеќе теми кои, иако навидум независни од неа, сепак одат во правец на нејзина обработка, однесувајќи се како аспекти од кои таа се согледува. Во оваа смисла, можеме да издвоиме четири главни теми на афоризмот:

1. Човекот како единка
2. Човекот како припадник на одреден етнос
3. Односите човек–општество и општество–човек
4. Општеството и општествените феномени

1. Во рамките на темата во која се обработува **човекот како единка**, најчесто се прикажани негативните карактерни особини на **човекот како суштество** :

1.1. Човековата нечовечност:

(мак.) *Сѐ е во парите, но човекот го нема ни во нив.* (Киро Урдин; (мак.) *Малиот човек е мал и кога е голем.* (Стојан Киселиновски); (мак.) *Вистинскиот непријател нема да те изневери и тогаш кога ти е најтешко.* (Кочо Урдин); (мак.) *Чуовеку, чувај се од онојга што личи на тебе!?!* (Кочо Урдин)

1.2 Човековата нечесност:

(мак.) *Кога детето свесно ќе ја користи лагата, бидете среќни. Веќе станало човек.* (Стојан Киселиновски); (мак.) *Тој е човек од збор. Дела не чекајте.* (Иван Карадак.); (мак.) *За да се искачи повисоко гребе со прсти.* (Благоја Стаматовски; (мак.) *Тие што најмалку црнчат – највеќе поцрнуваат на море.* (Благоја Стаматовски)

1.3. Човековата глупавост:

(мак.) *Убавината на глупоста се наоѓа токму во нејзината неповторливост.* (Стојан Киселиновски); (мак.) *Глупоста никој не може да ја помести. Тешка е.* (Стојан Киселиновски); (мак.) *Кога на мостот ќе се сретнат разумот и глупоста, разумот секогаш се поклонува, а*

---

[299] Во таа смисла, во својата рецензија за ракописот афоризми на Бошко Перински *На бош*, Анте Поповски наведува: „*Тема на овие афоризми е севкупната морална, социолошка и културолошка ситуација последниве години кај нас. Станува збор за големо огледало на кое убаво се распознава нашата ексцентричност и ќошлестост, во секој случај: деформираност на нашето општество и човечко битие.*“, Перински, Бошко. *На бош.* – Скопје: Едит, 1994, стр. 84.

глупоста гордо поминува. (Стојан Киселиновски); (мак.) *На многумина главата им е пресадена – размислуваат со туѓа памет.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Кога си изгубил вистински пријател за глупост, поглупав си од неа.* (Кочо Урдин)

1.4. Човековото лицемерие:

(мак.) *Откако станавме верници, сè помалку ги почитуваме Божјите заповеди.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Некои се колнат во Бога, а шуруваат со ѓаволот.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Со години Маркс му стоеше во витрина, а капиталот во Швајцарија.* (Бошко Перински); (мак.) *Многу се поклонуваат, но малку почитуваат.* (Стојан Киселиновски); (мак.) *Со едноминутно озборување му оддадовме почит на починатиот.* (Иван Карадак); (мак.) *Зад насмевките демнат забите!* (Киро Урдин)

1.5. Човековата завист:

(мак.) *Завидливоста, кога забележува туѓа вредност или туѓа среќа, веднаш се претвора во работлива критица.* (Стојан Киселиновски); (мак.) *Некои луѓе сопствените слабости ги покриваат со критикување на туѓите способности.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Завистта е за слабите – убавината ја ценат само силните.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Иако е неписмен се обидува на мојата кариера да ѝ стави точка.* (Тодор Јовчевски); (мак.) *Кога во друг без причина плукаш првин себе се намокруваш.* (Кочо Урдин)

Освен тоа, негативните особини на човекот се прикажуваат и од гледна точка на **неговата полова припадност.** Во афоризмите и во двата јазика како носители на негативните особини од гледна точка на полот се прикажани особено **жените**. Тоа докажува дека пишувачи на афоризми биле најчесто мажите кои се држат до одредени наследени стереотипи во однос на сфаќањата за жената и нејзината положба во општеството.

Меѓу големиот број негативни карактеристики кои ѝ се припишуваат на жената, спаѓаат и следните:

1.6. Зборливоста на жената:

(фр.) *Les femmes n'irons pas au Paradis, car il est dit dans un verset de l'Apocalypse: "Et il se fera au ciel un silence d'une demi–heure !"* (Henry de Montherlant)

1.7. Лошотијата на жената:

(фр.) *La femme ne voit jamais ce que l'on fait pour elle; elle ne voit que ce que l'on ne fait pas.* (Georges Courteline) ; (фр.) *Si la femme était bonne, Dieu en aurait une.* (Sacha Guitry); (фр.) *Les femmes, sont des créatures imparfaites crées pour le mal; donc, leur demander de faire le bien c'est exiger d'elle la chose impossible.* (Alexandre Dumas); (фр.) *Celui qui ne comprend pas qu'on puisse étrangler une femme ne connaît pas les femmes*. (P. Léautaud); (фр.) *La trahison est la seconde nature des femmes.* (P. Léautaud)

1.8. Глупавоста на жената:

(фр.) *Je n'ai jamais eu de chance avec les femmes, il est toujours arrivé un moment ou leur bêtise a dépassé mon amour.* (P. Léautaud); (фр.) *Si les hommes n'entendent rien au cœur des femmes, les femmes n'entendent rien à l'honneur des hommes.* (Alexandre Dumas – Fils)

1.9 Грдоста на жената:

(фр.) *Le meilleur préservatif, Madame, c'est la laideur.* (Hervé Bazin); (фр.) *Une femme sans poitrine, c'est un lit sans oreillers.* (Anatole France); (фр.) *L'enfer des femmes, c'est la vieillesse*. (François de La Rochefoucauld); (фр.) *L'existence d'une très jolie femme ressemble à celle d'un lièvre le jour de l'ouverture* (de la chasse). (Paul Morand**);** (фр.) *Les femmes préfèrent être belles plutôt qu'intelligentes parce que, chez les hommes, il y a plus d'idiots que d'aveugles.* (Yvonne Printemps)

Позитивните карактерни особини на човекот, како на пример добрината, широкоградоста, стремежот кон правдина, и сл. не се изложени на критика во вистинска смисла на зборот, туку се среќаваат како спротивставени на негативните особини на оние луѓе кои ги фрлаат во сенка **доблесните карактери:**

1.10. Негативните особини како контрапункт на позитивните:

(мак.) *На добриот човек му се случува двоен канибализам: не само што го јадат лошите луѓе, туку и самиот себе се јаде!* (Благоја Стаматовски); (мак.) *На човекот кој е со широко срце – брзо ќе му треба интензивна нега*. (Благоја Стаматовски); (мак.) *Ги скина чевлите барајќи правда – сега оди бос по трње.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Цел живот одеше по исправни патеки – го прегазија на пешачки премин.* (Благоја Стаматовски)

2. Човекот како припадник на одреден етнос:

Кога погоре набројаните позитивни и негативни обележја на човековиот карактер се прикажуваат од аспект на етнос, тие го сублимираат ***менталитетот на македонскиот народ:***

(мак.) *Македонците никогаш не гладуваат – секој ден се јадат помеѓу себе.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Побрзо ќе се решат меѓуетничките односи, отколку односите помеѓу Македонците.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *А бре, Македонче, за каде те спремаат?* (Ефтим Гашев); (мак.) *Македонец за Македонецот е – Индијанец!* (Ефтим Гашев); *Македонецу: ако си ја продадеш земјата на инородци, си го продал и својот гроб.* (Кочо Урдин); (мак.) *Парадоксално: Македонците опстанале самоуништувајќи се!?!* (Кочо Урдин) ; (мак.) *Нашинска: еден се бори за сите, сите се борат да го соборат.* (Кочо Урдин)

3. Односите човек – општество и општество – човек:

Во рамките на оваа тема може да издвоиме две поттеми:

3.1. Односот на човекот кон општествената заедница:

(мак.) *Оние што ведрат и облачат, најмногу продаваат ветер и магла.* (Бошко Перински); (мак.) *Ја сакаше државата поради надежта дека ќе изумре и дека ќе ја наследи.* (Тодор Јовчевски); (мак.) *Национален специјалитет – стопанството во каша.* (Тодор Јовчевски); (мак.) *И тој би сакал да умре за Татковината но од природна смрт.* (Иван Карадак);

3.2. Односот на општествената заедница кон човекот:

(мак.) *Во комунизмот мислењето е забрането, зашто нема потреба секој да мисли.*(Бошко Перински); (мак.) *Бившата држава одумре, умирањето на народите е во тек.* (Бошко Перински); (мак.) *И во демократијата се слуша гласот на народот – кога плаче.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Ако Револуцијата ги јадеше своите деца – Транзицијата ќе ги изеде и нашите внуци.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Во секоја војна народот е во првите*

редови. После војната, водачите! (Благоја Стаматовски); (мак.) *Со ветувањето ќе ве фатат на јадица – потоа ќе ве стават во тавче.* (Благоја Стаматовски)

4. Општеството и општествените феномени:

Во рамките на четвртата тема може да се изделат следните поттеми:

4.1. Општественото уредување:

(мак.) *Не знам каков е западниот капитализам, но знам дека нашиот е гнил.* (Бошко Перински); (мак.) *За оние што го преспаа комунизмот, капитализмот е кошмарен сон.* (Бошко Перински); (мак.) *Транзиција: на ти, дај ми!?!* (Кочо Урдин)

4.2. Општествените феномени:

4.2.1 Митото и корупцијата:

(мак.) *Сè додека дизајнерите прават облека со цебови ќе постои мито и корупција.* (Благоја Стаматовски); (мак.) *Токму поради подмачкување многу работи чкрипат.* (Тодор Јовчевски); (мак.) *И богатите евтино се продаваат.* (Бошко Перински); (мак.) *Критичарите онемуваат кога ќе им ги наполнат устите со пари!*?! (Кочо Урдин); (мак.) *Бирократскиот апарат има ограничена гаранција. Функционира додека се подмачкува.* (Ефтим Гашев)

4.2.2. Политиката и политичарите:

(мак.) *Политиката е универзална религија чиј бог се паритe.* (Кочо Урдин); (мак.) *Политичарите се како зеленчукот: траат додека им е сезоната*!?! (Кочо Урдин); (мак.) *Господа политичари, не трчајте пред проблемите. Кога ќе ве стигнат ќе ве прерипаат*!?! (Кочо Урдин)

4.2.3. Бракот и односите меѓу мажот и жената во него:

А. Брачната заедница *најчесто е прикажана со негативна конотација. На пр.*

(мак.) *Бидејќи љубовта е слепа, пред да стапите во брак, проверете го видот на очен лекар.* (Благоја Стаматовски); (фр.) *Je suis pour l'indissolubilité du mariage. C'est le seul moyen de ne pas faire l'imbécile deux fois.* (Jean Anouilh); (фр.) *Je me suis marié deux fois, deux catastrophes: ma première femme est partie, ma deuxième est restée.* (Francis Blanche); (фр.) *Le mariage est une pièce à deux personnages dont*

*chacun n'étudie qu'un rôle, celui de l'autre***.** (Octave Feuillet); (фр.) *Deux personnes mariées peuvent fort bien s'aimer si elles ne sont pas mariées ensemble.* (Sacha Guitry); (фр.) *Le mariage: un échange de mauvaises humeurs pendant le jour et de mauvaises odeurs pendant la nuit***.** (Guy de Maupassant); (фр.) *Un bon mariage serait celui d'une femme aveugle et d'un homme sourd.* (Montaigne)

Б. Односот на жената кон мажот во брачната заедница:

(мак.) Феминистките не ги разликуваат обичните батерии од мажите. Ги фрлаат по употребата. *(Тодор Јовчевски); (мак.)* Жените ги чуваат мажите во срцето. Тука е страшен проблемот со станбен простор. *(Тодор Јовчевски); (мак.)* Мажот се смета за центар на бракот. Затоа жената го обележува со – нула. *(Иван Карадак); (fr.)* Certaines femmes ne prêtent attention aux propos de leurs maris que lorsqu'ils parlent pendant leur someil. *(Sacha Guitry); (fr.)* Que les femmes ne se plaignent point des homme : ils ne sont que ce qu'elles en ont faits. *(Charles Pinot–Duclos)*

В. Односот на мажот кон жената во брачната заедница :

(фр.) *J'imagine un mari trompé disant: "Ce qui m'exaspère, c'est de penser que ce Monsieur sait maintenant de quoi je me contentais."* (Sacha Guitry); (фр.) *Pourquoi n'aimerait–on pas sa femme? On aime bien celle des autres.* (Alexandre Dumas)

2. НОСИТЕЛИ НА ФИГУРАТИВНИТЕ ЗНАЧЕЊА ВО АФОРИЗМИТЕ

Работејќи во посочената глобална тематска рамка и настојувајќи да упатат критика кон одредена конкретна појава, авторите на афоризми честопати применуваат една постапка, позната уште во грчката античка традиција, со која на животните им се придаваат човекови својства и алегориски се насликуваат луѓето со цел да се исмеат нивните карактерни особини, слабости и маани[300]. Така, на пример, многу често ќе наидеме на *лисицата* чијашто

[300] Познато е дека ваквата постапка придонела за изделување на жанровскиот вид **басна,** станувајќи негова доминантна особина. Иако оваа постапка не е доминантна особина на жанровскиот вид афоризам, сепак во некои афоризми наидуваме на алегориско прикажување на човековите особини што во извесна смисла ги доближува овие два жанровски вида.

итрина и лакомост, особини што се врзуваат за карактерот на ова животно, ќе му послужат на авторот на афоризми алегориски и доста успешно да го прикаже карактерот на одредена категорија луѓе. Освен лисицата, во афоризмите може да се сретнат и волот, мајмунот, камелеонот, коњот, овцата во чиишто карактерни особини се препознаваат карактерни особини на луѓе. Фигуративната употреба на овие животни во афоризмите најчесто има негативна конотација. На пример:

а) Лисица – човек којшто е итар, бистар, брз во размислувањето и кој обично успева да го добие она што го наумил.

(мак.) *Кога лисицата сама би ја продавала својата кожа, би ја дала за сто кожи од диносаурус.* (Александар Кујунџиски); (мак.) *Кој знае кои лисици се понамножени: дали оние во градовите или оние надвор од нив!* (Александар Кујунџиски); (мак.) *За лисицата, јајцето е светла перспектива.* (Васил Толевски)

б) Вол – човек со ограничена интелигенција, груб, несмасен и неинвентивен во својата работа.

(мак.) *На кое поле и да работи, волот си останува – вол.* (Иван Карадак); (мак.) *И во државните јасли волот е вол.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Знам воле што теле беше.*; (мак.) *Во државните јасли сè волови расни.*; (мак.) *Волот е нашиот симбол: тргај, трај и трпи.*; (мак.) *Еден вол ја даде следнава изјава: Многу сум задоволен, чукањето празна слама е сé непродуктивно.* (Иван Карадак)

в) Волк – лош човек кој претставува опасност за околината.

(мак.) *Нашите волци место влакното го менуваат – трлото.*; (мак.) *Современиот волк Црвенката ја јаде преку курсни разлики.* (Иван Карадак); (мак.) *Ние за волкот – волкот во Владата и Парламентот.* (Благоја Стаматовски)

г) Мајмун – човек кој, иако не е многу надарен за работата што ја работи, е вешт при остварување на своите цели.

(мак.) *Бирократскиот мајмун со печати се качува нагоре.* (Ванчо Толевски); (мак.) *Мајмунот го фативме. Уште да ги фатиме луѓето кои настанале од него.* (Живко Павлов); (мак.) *Кај што е цунгла, највисоко се*

качуваат–мајмуните.(Иван Карадак); (мак.) *Во џунглата на асфалтот, мајмунот е цар на животните.* (Живко Павлов)

д) Камелеон – човек кој своите ставови ги менува по потреба и во зависност од ставовите на средината исто како што камелеонот ја менува својата боја за да се сообрази со околината. Преку камелеонот најчесто се идентификуваат превртливците, лицата што се занимаваат со политика…

(мак.) *Во социјализмот камелеоните се секогаш црвени.* (Васил Толевски); (мак.) *Камелеонот точно знае кога се менува бојата*. (Ефтим Гашев)

ѓ) Мечка – човек што има моќ, но ја злопотребува за сопствени цели.

(мак.) *Изгледа дека мечките ни се поважни од работниците!! Нив барем државата ги штити со закон.* (Васил Толевски); (мак.) *Најголемо производство на мед и годинава пријавија – мечките.* (Иван Карадак); (мак.) *Побарав услуга од една мечка. Ми направи мечкина услуга.* (Иван Карадак); (мак.) *Не го заштитија со закон поради една пречка: не беше мечка*. (Иван Карадак)

е) Коњ – глупав човек

(мак.) *Нашите коњи се со педигре – од Троја.*; (мак.) *Велат: Да ги зауздаме проблемите!! Изгледа пак некои коњи се виновни.* (Васил Толевски); (мак.) *Време е некои коњи од аграрот да ги испратиме во пензија.* (Н. Џамбазов)

ж) Овца – човек кој мирно и без спротивставување ја поднесува неправдата што му се нанесува.

(мак.) *За овците, молзењето претставува смисла на животот*. (Иван Карадак)

Во афоризмите може да се сретнат дури и растенија чиишто физички особини и изглед се користат со цел карикатурално да се претстават особините на деловите од човековото тело (најчесто главата) како и особините на човековиот карактер. Фигуративната употреба на овие растенија исто така има негативна конотација.

а) Тиква – најчесто симболизира глупав човек со голема, но празна глава.

(мак.) *Со ползење дури и тиквите се кач*уваат *високо.*; (мак.) *Како во земјоделството така и во политиката – тиквите најбргу напредуваат*. (Васил

Толевски); (мак.) *Таму каде што тиквите се на власт, народот грицка семки.* (Васил Толевски)

б) Ружа (Роза) – симболизира жена која има физички квалитети, но која не избира средства и начини за да ја постигне својата цел.

(мак.) *Како ружата меѓу толку трње успеала да се искачи на врвот?* (Живко Павлов)

в) Дрво – човек незнајко

(мак.) *Нас – дрвата нè изгореа*. (Иван Карадак)

Иако поретко, и имињата на некои професии се употребуваат за да се претстави неспособноста како човекова карактерна особина:

(мак.) *Од сите музичари највеќе имаме* ***трубачи***. (Тодор Јовчевски)

Во обидот на авторите на афоризми што поуспешно да го претстават човекот како нечовечно суштество, тие честопати му придаваат анимални својства. Најбројни се афоризмите во кои тој е претставен како куче што лае и каса. Поретки се оние во кои му се придаваат други анимални особини:

(мак.) *Не лај ако не знаеш да касаш.* (Ефтим Гашев); (мак.) *Превентива против беснило: И вие – касајте!* (Иван Карадак); (мак.) *Песот лае на месечината, а работникот на – месецот.* (Иван Карадак); (мак.) *После лаење нема – каење.* (Иван Карадак); (мак.) *Имам пријател верен како пес. Каде ќе стигне ме – олајува.*(Иван Карадак) (мак.) *Оној што јаде месо – пее! Се очекува работникот да почне да лае!!* (мак.) *Оној што постојано оди по стадото и кога зборува блее!?!* (Кочо Урдин)*;* (мак.) *Некои другари се како мршојадци. Летаат високо, а грабаат од доле.* (ВасилТолевски).

Од наведените примери може да се забележи дека анималната лексика во афоризмите се употребува, пред сé, со негативна конотација. Потребно е само да се примени општоприфатена семиологија на една лексема, чиј референт е животно, растение или професија, за да се формулира една низа од искуства стекнати во една општествена заедница што носат силен етнопсихолошки белег.

*

* *

Тематиката во посочениве афоризми/bons mots најчесто ја отсликува општествената актуелност, што е потврда дека нивното создавање оди во пресрет на колективната духовна потреба на едно општество, следејќи го неговиот развој и новите појави. Имајќи ја како поткрепа хумористичната дарба на авторот, овие тематски содржини ги изнесуваат главно човековите слабости, пороци, неискрените брачни односи и воопшто моралните маани што всушност ги има и во македонското и во француското општество. Сепак, разликите се изразуваат преку различни менталитети кои се одраз на психолошките одлики градени во овие општества со векови. Од погоре посочените теми овде би ја издвоиле смислата за самокритичност и себеисмевање, обработени во темата за менталитетот на македонскиот народ, што не ја сретнавме во француските примери. Разликите се сретнуваат и на ниво на духовната култура што е воочливо главно преку значајноста на тематиката во која доаѓаат до израз културната и политичката основа на двете општества.

Литература

Баловски, Мјечислав. „Историјата на полскиот афоризам врз фонот на светската афористика“, *Славистички студии*, бр.8–9, 1999/2000. – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2001, стр. 173–185.

Bosquet, Alain. *La fable et le fouet*. – Paris: Gallimard,1995.

Didier, Jean–Jacques. „Le mot d’esprit ou la piqûre et le coton“ (1e partie), *Le Langage et l’Homme*, vol. XXVI, n° 4 (décembre 1991), стр. 233–259.

Didier, Jean–Jacques. „Le mot d’esprit ou la piqûre et le coton“ (2e partie), *Le Langage et l’Homme*, vol. XXVII, n° 1 (mars 1992), стр.21–47.

Федоренко Н.Т., Сокольская Л. И. *Афористика*. – Москва: Наука, 1990.

Гашев, Ефтим. „Афоризми“, *Одбрана*. – Скопје: Министерство за Одбрана на РМ, 1996, (V), бр.25, стр. 50.

Гашев, Ефтим. *Драпаници*. – Скопје: Ефтим Гашев, 2000.

Guitry, Sacha. *Pensées, Maximes et anecdotes*, 1985.

Јовчевски, Тодор. *Мудростите на еден фрик: афоризми*. – Скопје: Книжевна младина на македонија, 1987.

Карадак, Иван. *Од врвот на јазикот: афоризми*. – Скопје: Студентски збор (Библиотека Кикс), 1987.

Киселиновски, Стојан. *Афоризми*. – Скопје: Менора, 1992.

Кујунџиски, Александар. „Дивата свиња во афоризми“, *Ловец*. – Скопје: Орган на Сојузот на ловечките организации на Македонија за одгледување, заштита и ловење дивеч. 1989 (XLII), бр. 3–4, стр. 34.

Кујунџиски, Александар. „Лисицата во афоризми“, *Ловец*. – Скопје: Орган на Сојузот на ловечките организации на Македонија за одгледување, заштита и ловење дивеч, 1990, бр.1, стр.33.

Littré, Emil. *Dictionnaire de la langue française*. – Paris: 1963.

Минова–Ѓуркова, Лилјана. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. – Скопје : Радинг, 1994.

Montandon, Alain. *Les formes brèves*. – Paris: *Hachette*, 1992

Никодиновски, Звонко: „Метаговорните глаголи во францускиот јазик I“, во *Годишен зборник на Филолошкиот факултет* – Скопје: 1985–1986 (кн. 11–12).

Огненовски, Трајко. *Народниот хумор и смеата во македонската народна проза (новелите и анегдотите)*. – Битола: 1999.

Павлов, Живко. *Македонска поетска пародија*. – Скопје: Матица Македонска, 2000.

Перински, Бошко. *На бош*. – Скопје: Едит, 1994,

Полазаревски, Ванчо. *Па што: скриптиз*. – Скопје: Млад борец, 1987.

Поленаковиќ, Харалампие. *Во екот на народното будење* . – Скопје: Мисла, 1973.

Škreb, Zdenko, Stamać, Ante. *Uvod u književnost*. – Zagreb: Grafički zavod Hrvatske, 1983.

Стаматовски, Благоја. *За рајот и пеколот – афоризми*. – Тетово: Б. Стаматовски, 1999.

Станојевиќ, Томислав. *Ризница на афоризми*. – Скопје: ТОПЕР, 2001

Толевски, Васил. *Четири чекори до вистината*. – Скопје: Студентски збор (Библиотека Кикс), 1988, 80 стр.

Тушевски, Ванчо. „Мудрословијата (афоризмите) на Јордан Хаџи–Константинов Џинот“, *Велес*. – Велес : Друштво за наука и уметност Велес, 1997, бр.1.

Урдин, Кочо. *И кога мислиш размислувај: афоризми*. – Скопје: К.Урдин. 2000.

Velika enciklopedija aforizama. – Zagreb: Prosveta, 1987.

Литература од интернет

Marković, Predrag. „Лек и отров – од морализма ка нихилизму“, на адресата:
http://host.sezampro.yu/aforizmi/zasto/lekiotrov.htm

Teofilović, Vitomir. „Životna istina“, на адресата
http://host.sezampro.yu/aforizmi/zasto/poslovica.htm

Teofilović, Vitomir. „O epigramu: konkretan povod“, на адресата:
http://host.sezampro.yu/aforizmi/zasto/epigram.htm

Teofilović, Vitomir. „Aforizam kao književna vrsta I“, на адресата:
http://host.sezampro.yu/aforizmi/zasto/knjizvr1.htm

Teofilović, Vitomir. „Aforizam kao književna vrsta II“, на адресата:
http://host.sezampro.yu/aforizmi/zasto/knjizvr2.htm

Teofilović, Vitomir. „Aforizam kao književna vrsta III“, на адресата: http://host.sezampro.yu/aforizmi/zasto/knjizvr3.htm

Trebješanin, Žarko. „Aforizam u vremenu bede i beznađa“, на адресата : http://host.sezampro.yu/aforizmi/prevodi/vek/trebjesanin.htm.

Humour, на адресата : http://och.free.fr/humour/Breves2003.htm

Маргарита ВЕЛЕВСКА

ТРЕТМАНОТ НА ИНФИНИТИВНАТА РЕЧЕНИЦА ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК И СООДВЕТНИ КОНСТРУКЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ

Француските лингвисти немаат секогаш идентични ставови по однос на дефинирањето на инфинитивот кој се манифестира во глаголска функција, за разлика од мислењата кои се речиси неподелени кога станува збор за инфинитивот во именска функција. Основниот проблем се наоѓа во дефинирањето на врската *субјект - предикат*, чијашто реализација е основен услов за постоење на една глаголска конструкција.

На ниво на логичка анализа, може да се зборува за постоење на врска меѓу инфинитивот и именскиот конституент со кој тој создава целина, односно логичка реченица во која централното место го зазема инфинитивот. Од морфо-синтаксички аспект, се смета дека тука постојат два именски конституенти кои не може да доведат до граматикализирање на оваа врска (*субјект - предикат*) и секој од нив добива именска функција во исказот.

Токму тука се наоѓа изворот на несогласување меѓу лингвистите: постои логичко единство и синтаксичко неединство. Меѓутоа, поаѓајќи од принципот дека секоја граматичка анализа треба истовремено да води сметка за двете нивоа, не би требало да се издвојува морфосинтаксичкото ниво, а конструкцијата би требало да се разгледува во целина. Кога станува збор за инфинитивот, би можело да се каже дека тој има именска функција и кога претставува центар на реченица, односно кога има сопствен именски конституент со кој управува. Тој именски елемент и инфинитивот создаваат логичка реченична целина во која инфинитивот има централна функција, а самата

целина добива именска функција. Во ваков случај, граматичарите зборуваат за *инфинитивна реченица*, односно за инфинитивна зависносложена реченица.

Инфинитивот се јавува во глаголска функција кај уште еден вид конструкции: таква е *независната или т.н. апсолутна конструкција*, во која тој стои самостојно или поврзан со именски конституент. Оваа реченица има подеднаков статус како и онаа реченица во која централниот глагол се наоѓа во личноглаголска форма.

Меѓу глаголските функции на инфинитивот може да се вброи и неговото учество го глаголските перифрази, односно во конструкциите во кои инфинитивот е претходен од помошен глагол.

Инфинитивот во независна (т.н. апсолутна) конструкција

Кога се зборува за *реченица,* неодминливо е двојното значење на овој термин со кој може да се означи активноста на говорителот или, пак, производот од таквата активност кој добива определена форма. Оваа активност може да се претстави и со помош на симболи (S = SN + SV), иако понекогаш се критикува ставот дека реченицата може да се сведе на обична формула и да се разгледува од аспект на нејзината конструкција, пред сè поради фактот дека ниту една реченица не смее да биде изолирана од сопствениот контекст, односно од процесот на комуникација.

Поаѓајќи од структурната целина на реченицата, проблем може да претставува и оној тип реченици во кои глаголот не е употребен во некое соодветно време, а подметот не е јасно изразен. Токму таква реченична структура постои кај еден определен тип инфинитивни конструкции во кои инфинитивот се јавува во глаголска функција, како центар на независна конструкција во која се наоѓа сам или придружен од именска група. Со оглед на фактот дека се работи за инфинитив, односно форма без временска основа, која нема изразен субјект или, пак, не постои никаков лексички елемент според кој би се идентификувал вршителот на дејството, оваа конструкција располага со малку елементи. Кај вакви конструкции, единствено контекстот може да помогне. Но ако не постои лингвистички

реализиран контекст, што мошне често се случува, тогаш е неопходно да се познаваат условите во кои се јавуваат ваквите искази. Во секој случај, се работи за експресивни конструкции каде акцентот е ставен на интензитетот на глаголското дејство.

Во лингвистиката среќаваме две различни толкувања во однос на овие инфинитивни конструкции:

1. Според првото, инфинитивот има исклучиво глаголска функција и претставува центар на независна конструкција, исто како што еден глагол во лична форма може да биде центар на глаголска конструкција. На пример: *Vouloir, c'est pouvoir = Да се сака, значи да се може.*

2. Според второто, инфинитивот ја задржува именската функција и претставува именска фраза (односно, реченица без глагол), при што именскиот конституент сам по себе претставува реченица или, пак, има улога на предикат кој е во врска со друг конституент во функција на субјект.

Независните инфинитивни конструкции може да се третираат и како експресивни искази сведени на именски елемент. Имено, не постои лингвистичко толкување на ситуацијата во однос на моментот на говорење и во однос на говорителот и сé се сведува на експресивен исказ. Во вакви ситуации, се смета дека не постои субјект, бидејќи тој именски елемент секогаш е одделен од инфинитивот, или со запирка или со мала пауза, што може да се толкува како доволен доказ за неусогласеност помеѓу именскиот елемент, кој традиционалната граматика го смета за субјект, и инфинитивот. Во суштина, се смета дека конструкцијата содржи два именски елементи кои се независни еден од друг и дека тука не може да се зборува за глаголска синтагма.[301]

Имајќи ги предвид согледувањата до кои дојдовме, а кои се засновани врз примери од мошне обемен корпус, како и врз основа на ставовите на повеќемина познати лингвисти, и покрај фактот што наидовме на поделени мислења, не би можеле да се согласиме со последното тврдење, оспорувано и до сега, од следниве причини:

[301] G. Moignet, « Existe-t-il en français une proposition infinitive? » in *Gram. génér. trans et psychom. du lang.*, 1973, str. 131.,.

А. Инфинитивот во француските независни конструкции, но и неговите еквиваленти во македонскиот јазик (***да***-конструкцијата, глаголската именка, зависносложените реченици) се јавуваат како носители на предикација.

Б. Вршителот на дејството е јасно маркиран во контексти во кои е искажан со лично заменска форма (нагласена) или пак со именка. Постоењето на вршител на дејството го истакнува фактот дека, во извесна мера, се одбегнува безличноста која може да го карактеризира инфинитивот.

Инфинитивот во независна конструкција може да се разгледа преку логичка анализа на речницата, со определување на субјектот и предикатот, како и на семантичко-прагматично ниво, при што инфинитивот се наоѓа во различни типови на конструкции со различни модални контекстуални вредности.

Инфинитивот може да формира неколку типови на независни реченични конструкции во кои тој претставува предикативен центар. Процесот е повеќе претставен како посакуван отколку како реализиран и често пати се смета за некомплетна реченица или дел од реченица. Во секој случај, контекстот е неопходен елемент за да се добие модалната вредност. Постојат неколку типови независни реченични структури :

1. Наративна конструкција, чиј претставник е т.н. ➲ наративен инфинитив ➲ (*infinitif de narration*), во која инфинитивот има вредност на акциона именка.

2. Извична (ексклама тивна) реченица (*proposition exclamative*).

3. Заповедна (императивна) реченица (*proposition impérative*), во која не е многу битно кој е вршител на дејството, а пораката е насочена кон неопределено лице.

4. Прашална (интерогативна) реченица, или т.н. делиберативен тип конструкција (*proposition interrogative*), во која инфинитивот остава место за сомнение во однос на можноста за реализирање на дејството.

Глаголот во инфинитив има иста лексичка содржина како глаголот во индикатив, а ги има и истите синтаксички својства, односно може да биде преоден или непреоден, атрибутивен или не. Единствената разлика се состои во тоа што неговиот систем на времиња има само две форми: проста и сложена. Главната разлика во однос на индикативот се состои во фактот што инфинитивот искажува виртуелно дејство, што е сосема соодветно кога тој се употребува во независна конструкција, без да се чувствува потреба за присуство на вршител на дејството (како во погоре посочените конструкции). Поради способноста на инфинитивот да искажува замислено или посакувано дејство, го нарекуваат уште и *безличен субјунктив,*[302] односно се смета дека тој го заменува субјунктивот секогаш кога субјектот не мора да биде искажан.

Инфинитивот како центар на инфинитивна реченица

Инфинитивот може да се најде во конструкција во која главниот глагол го дополнуваат два објекта (еден инфинитив и една именска група или личнозаменска форма), од кои секој е во соодветна врска со главниот глагол, со чија помош се реализира и заемна врска меѓу двата објекта. За овој тип конструкција се вели дека има двоен објект. На пример, реченицата: *Je vois les enfants jouer* (*Je les vois jouer*), би можеле да ја раздвоиме на две целини: *Je vois les enfants* (*Je les vois*) и *Je vois jouer,* при што е јасно дека основниот глагол *voir* воспоставува врска меѓу *les enfants (les)* и *jouer.* Таа врска наликува на онаа меѓу субјектот и глаголот, при што во овој случај нема согласување меѓу овие две функционални единици, како што не може да стане збор ниту за определена модалност на реченицата ниту, пак, за време (категорија која не е врзана за инфинитивот). Тесната поврзаност на елементите во инфинитивната група се манифестира и преку поврзаноста која постои меѓу вршителот на дејството на инфинитивот и инфинитивната форма, која е мошне тесна во

[302] H. Bonnard, *Code du français courant*, Paris, Magnard, 1981, str. 232.

конструкциите каде вршител на дејството е личнозаменска форма (која се сместува пред инфинитивот).

Глаголите кои влегуваат во овој тип конструкции (со два објекта) главно припаѓаат на три групи: глаголи за перцепција, фактитивни глаголи и глаголи за зборување, сознавање или мислење. Во однос на фактитивните глаголи, постои мислење дека тие создаваат глаголски перифрази со глаголот во инфинитив (*faire/ laisser + Vinf*), при што воведниот глагол има својство на полупомошен. Во секој случај, основни критериуми според кои се препознаваат инфинитивните реченици се следниве: природата на воведниот глагол и задолжително присуство на вршител на дејството на инфинитивот, различен од оној на воведниот глагол.

Традиционалната граматика тука го гледа проблемот на *инфинитивната реченица*, прашање за кое доста е расправано и кое сé уште поттикнува на размислување и несогласност во ставовите меѓу лингвистите кои ја проучуваат оваа проблематика. Токму од таа причина ќе се обидеме да дадеме краток преглед на позначајните меѓу нив.

Фердинан Брино (*F. Brunoт*)[303] смета дека може да се зборува за инфинитивна реченица во конструкции кои следуваат по глаголите *faire, laisser, voir, sentir*, како и во сите оние во кои инфинитивот има поинаков вршител на дејство од главниот глагол. Тука ги вклучува и инфинитивите кои дополнуваат безлична конструкција.

Жорж и Робер Ле Бидоа (*G. et R. Le Bidois*)[304] зборуваат за инфинитивна реченица во поширока смисла, опфаќајќи ги притоа сите инфинитивни конструкции, а потоа ја разгледуваат инфинитивната реченица во потесна смисла (инфинитивот следува по глаголите *faire* и *laisser,* како и по оние за перцепција, како *regarder, voir, écouter, entendre, sentir*, и други). Тие споменуваат и еден преоден тип конструкција во која лична или релативна заменка се јавува во функција на објект на главниот глагол и субјект на инфинитивот).

---

[303] F. Brunot, *La pensée et la langue*, str. 345-348.
[304] G. et R. Le Bidois, *Synt. du franç. moderne*, t.II, str. 306 i sledni.

Карл Сандфелд (*K. Sandfeld*)[305], од своја страна, воопшто не сака да расправа за терминот *инфинитивна реченица*, пред сè поради разнородноста на конструкциите кои се опфатени со овој термин, односно независните конструкции, како и оние во кои инфинитивот може да биде заменет од една зависносложена реченица. Неговата класификација на инфинитивните конструкции е прилично нејасна и непрегледна, па дури и конфузна.

Во граматиката на Ларус[306] се нагласува дека оваа категорија е мошне деликатна за дефинирање и се рангираат конструкциите чиј глагол е во инфинитив, а кои зависат од определен главен глагол и имаат изразен субјект. Како воведни глаголи се наведуваат: *faire, laisser, voir, entendre, regarder, écouter, sentir,* potoa glagolite koi ozna~uvaat dvi`ewe, no i glagoli kako: *ordonner, défendre, permettre, dire, empêcher, prier,* и други. Тука се вбројуваат и речениците со инфинитив кој има неизразен субјект, идентичен со оној на главниот глагол, како и предлошките инфинитивни конструкции кои може да се употребат во функција на прилошка определба.

Морис Гревис (*M. Grevisse*)[307] смета дека може да се зборува за инфинитивна реченица само ако инфинитивот може да се замени со глагол во лична форма. Во спротивно, се работи за инфинитив во функција на дополнение. Притоа, инфинитивните конструкции ги дели на оние кои имаат изразен субјект и оние кои го немаат. Во секој случај, дотогашните дефиниции на инфинитивната реченица не се со јасни определени ставови.

Ж. Моање *(G. Moignet*)[308], како претставник на современите струења во француската лингвистика, не ги прифаќа ставовите на традиционалната граматика, ниту пак оние на трансформационата во поглед на инфинитивната реченица. Тој ја препознава оваа конструкција онаму каде што тоа не е вообичаено, односно во номиналните фрази. Според него, овие реченици без глагол дозволуваат да се создаде временска актуелизација која може да се

[305] K. Sandfeld, *Synt. du franç. mod. L'infinitif*, str. 165.
[306] J.-C. Chevalier et alii, *Gram. Larousse du franç. cont.*, str. 115-119.
[307] M. Grevisse, *Le bon usage*, str. 1316-1321
[308] G. Moignet, ➲Existe-t-il en français une proposition infinitive?➲, *Gram. génér. transf. et psychoméc. du langage*, str. 111-136.

реализира и поинаку, со глагол во лична форма. Дефиницијата за инфинитивната реченица не ја поврзува со поимот *субјект* бидејќи не го прифаќа ниту неговото постоење во конструкцијата.

Познатиот романист А Лориан (*A. Lorian*)[309] прифаќа постоење на повеќе видови инфинитивни реченици кои имаат поинакви карактеристики од реченициите со глагол во лична форма, нагласувајќи дека зборува за *frazoiden infinitiv*, наместо за инфинитивна реченица. Според него, *еден таков инфинитив може да се смета за приближен еквивалент на една реченица, но не може да се смета за еднаков со неа*[310]. Во првата категорија, тој ги сместува независните реченични структури, како и главните реченици чиј глагол е во инфинитив. Втората категорија ги опфаќа зависносложените реченици во инфинитив кои имаат јасно определени карактеристики: прашалните и релативните се воведени со сврзувачки средства за субординација, а комплетивните (исказните) се врзани за главниот глагол, но не и за неговиот субјект. Според Лориан, како и во многу други области на синтаксата, не постои идеално решение кое ги помирува сите гледишта.

Според Анри Бешад (*H. Béchade*)[311], инфинитивна реченица следува по неколку карактеристични групи на воведни глаголи: оние за перцепција, глаголите *faire* и *laissep*, како и некои глаголи кои искажуваат зборување, осознавање или мислење (последниве се центар на релативна реченица во која релативната заменка во функција на директен објект е субјект на инфинитивната конструкција).

Би можело да се каже дека некои од традиционалните граматичари и некои од генеративистите се максималистички расположени и ги прифаќаат речиси сите инфинитиви како способни да создадат инфинитивна реченица. Од друга страна, приврзаниците на Гистав Гијом спаѓаат во редот на минималистите и сметаат дека, во францускиот јазик, речиси воопшто не може да се зборува

[309] A Lorian, ➲La prop. inf. en franç. mod.➲, *Vox Romanica*, 1961, стр. 285-294, и во :➲L'inf. phrasoïde en franç. mod.➲, *Trav. de ling.,* 1980, стр. 31-41.

[310] оп. цит., стр. 32.

[311] H. Béchade, *Synt. du franç. mod. et contemp.*, стр. 324-327.

за постоење на инфинитивна реченица. Меѓу овие две крајности, постои цела серија од можности во зависност од значењето што ѝ се придава на формата, на функцијата, на дистрибуцијата, па и на значењето.

Меѓу глаголите кои воведуваат инфинитивна реченица се разликуваат неколку основни групи :

1. Глаголи за перцепција : *écouter, entendre, regarder, sentir, voir,* и сл. Директниот објект на воведниот глагол кој вообичаено е вршител на дејството на инфинитивот (во функција на ➲втор➲ директен објект), може да не биде изразен и да се наоѓа во контекстот (пр. *Je vois courir = Je vois [quelqu'un, des gens] courir*), или може да биде искажан преку именска група или преку личнозаменска форма :

(1) Dans mes oreilles durait le chant de la poulie et, dans l'eau qui tremblait encore, je *voyait* ***trembler*** le soleil. (PP, 80)

(1a) Во моите уши сé уште sунеше песната на чекрекот и во разбранетата вода *гледав* ***како трепери*** сонцето. (МП, 60)

(1b) [...] i vo razbranetata voda go *gledav* ***trepereweto*** na sonceto. (np)

(2) Jusqu'alors, je n'*avais* jamais *entendu* ***parler*** du tronc cérébral. (SP, 9)

(2a) Дотогаш, немав ништо ***слушнато*** за мозочното стебло. (СП, 1)

(2б) Дотогаш, никогаш немав ***слушнато да зборуваат*** за мозочното стебло. (нп)

(3) Israël, gentiment, me *regardait* ***signer.*** (PG, 185)

(3a) Израел ме *гледаше* љубезно ***како потпишувам***. (ВП, 133)

(3б) Израел ме *гледаше* љубезно ***дека потпишувам***. (нп)

(4) Puisque c'est elle que j'*ai écoutée* ***se plaindre***, ou ***se vanter***, ou même quelquefois ***se taire***. (PP, 72)

(4a) Затоа што јас неа ја *слушав* ***како се поплакува*** или ***како се фали***, па дури понекогаш и ***да молчи***. (МП, 56)

(4б) Затоа што јас го *слушав* нејзиното ***поплакување***, или ***фалење***, па понекогаш дури и нејзиното ***молчење***. (нп)

(4в) Затоа што јас ја *слушав* ***дека*** понекогаш ***се жали***, или ***дека се фали***, па понекогаш дури и ***дека молчи***. (нп)

(4г) Затоа што јас ја *слушав* понекогаш ***да се жали***, или ***да се фали***, па понекогаш дури и ***да молчи***. (нп)

(5) Alors je l'*entendis* ***s'approcher*** de moi, puis je *sentis* ses doigts ***se poser*** doucement sur mon front [...]. (SyP, 88)

(5а) Тогаш ја *слушнав* ***како се доближува*** до мене, потоа *почувствував* ***како*** нејзините прсти нежно ***се спуштаат*** на моето чело [...]. (ПС, 41)

(5б) Тогаш ја *слушнав* ***дека се доближува*** до мене, потоа *почувствував* ***дека*** нејзините прсти нежно ***се спуштаат*** на моето чело [...]. (нп)

Глаголите кои означуваат зборување, сознавање или мислење, како: *admettre, croire, déclarer, dire, estimer, ignorer, penser, savoir, supposer*, и други, претставуваат централен глагол на една релативна зависносложена реченица во која релативната заменка се смета како субјект на инфинитивот. Неопходно е да се напомене дека овие реченици се карактеристични за еден повисок стил на изразување, напати претерано накитен, имајќи го предвид фактот дека им припаѓаат на архаичните конструкции во францускиот јазик:

(6) Je ramenai la conversation sur des sujets *que* je *savais* l'***intéresser***. (B. Constant, Adolphe, II)[312]
(6а) Разговорот го наведував на теми *што знаев* ***дека*** го ***интересираат***. (нп)

(7) J'ai ainsi vécu seul, sans personne *avec qui* ***parler*** véritablement, jusqu'à une panne dans le désert du Sahara, il y a six ans. (PP, 11)
(7а) Живеев така сам, без некого *со кого* ***би можел*** навистина ***да зборувам***, сè до едно паѓање во пустината Сахара, пред шест години. (МП, 9)

---

[312] Примерот е наведен во : M.Grevisse, *Le bon usage*, стр. 1317.

(8) Nous sommes à un âge, l'un et l'autre, *auquel* on sait ce que ***parler*** veut dire. (EG, 66)
(8а) Ние сме обата во години *кога* човек *знае* што значи ***да се зборува***. (нп)
(8б) Ние сме обата на возраст *во која* се знае што значи ***зборувањето***. (нп)
(8в) Ние сме обата на возраст *во која* се знае колкава вредност има ***зборувањето***. (нп)

(9) [...], le nationalisme industriel ne manque pas de terrains *où* ***s'exercer.*** (NO, 1531, 16)
(9а) [...], на индустрискиот национализам не му недостигаат терени *на кои* ***вежба***. (нп)
(9б) [...], на индустрискиот национализам не му недостигаат терени ***за вежбање***. (нп)

Фактитивните глаголи градат со инфинитивот помошна конструкција или сложена глаголска форма, која има посебно место во палетата на инфинитивни конструкции. Доказ за поврзаноста на деловите на оваа конструкција е фактот дека меѓу фактитивниот глагол и инфинитивот не можат да се вклучат форми за директен или индиректен објект, ниту па кратки личнозаменски форми кои се врзуваат за фактитивниот глагол. Основната формула за конструкцијата би била следната: *faire/ laisser* + Vinf + GN. Меѓу глаголите во оваа група се вбројуваат:

А. *faire*
Б. *laisser*
В. козативни глаголи кои искажуваат движење: *amener, conduire, emmener, envoyer*

(10) Ce mélange d'humanité et de feraille me *fait* ***me souvenir*** du désert de Libye. (PG, 120)
(10а) Оваа мешаница од луѓе и железо ме *тера* ***да се сетам*** на Либиската пустина. (ВП, 88)
(10б) Од оваа мешаница на луѓе и железо ми *навираат* ***сеќавања*** на Либиската пустина. (нп)

(11) Aujourd'hui, certaines réflexions de ma fille me *font* ***regretter*** mon manque de présence. NO, 1531, 12)

(11а) Денес, некои размислувања од мојата ќерка ме *тераат* ***да жалам*** за моето недоволно присуство. (нп)
(11б) Денес, некои размислувања од мојата ќерка кај мене *предизвикуваат* ***жалење*** што не сум бил доволно присутен. (нп)

(12) Je *fis* ***remarquer*** au petit prince que les baobabs ne sont pas des arbustes, [...]. (PP, 22)
(12а) Јас му ***забележав*** на малиот принц дека баобабите не се гранки туку големи дрвја, [...]. (МП< 18)
(12б) Му *направив* ***забелешка*** на малиот принц дека баобабите не се грмушки туку големи дрвја, [...]. (нп)

(13) Alors je l'*ai laissé* ***partir.*** (PG, 23)
(13а) Најпосле го *пуштив* ***да замине.***(ВП, 19)

(14) J*'ai laissé* le silence ***répondre*** pour moi. (AS, 173)
(14а) Ја *пуштив* тишината ***да одговори*** наместо мене. (БЕП, 193)

Конструкциите со фактитивните глаголи имаат значајно место во областа на инфинитивните конструкции. Токму од таа причина, а со цел да се добие поопстоен увид во оваа проблематика, упатуваме на трудот под наслов *Фактитивноста во францускиот и во македонскиот јазик*[313], кој дава детална контрастивна анализа меѓу францускиот и македонскиот јазик.

Повеќето граматичари ги вклучуваат во класата на инфинитивни реченици и прашалните зависносложени конструкции.

Како вршител на дејството во конструкциите воведени со глаголи за перцепција среќаваме:

- именска група: (1) - *le soleil*
- неопределен вршител: (2) - [*on, quelqu'un*]
- личнозаменска форма (во функција на директен објект): (3) - *me* [je], (4) - *elle*, (5) - *la* [elle].

[313] И. Бабамова, *Фактитивноста во францускиот и во македонскиот јазик,* Магистерски труд, Универзитет ➲Св. Кирил и Методиј➲ - Скопје, Филолошки факултет ➲Блаже Конески➲, Скопје, 1998.

Во конструкциите со релативна реченица, како вршител на дејство се јавуваат антецеденсите на релативните заменки и самите заменски форми:

- именска група : (6) - *des sujets + que*, (7) - *personne + avec qui,* (8) - *un âge + auquel,* (9) - *de terrains + où*

Кај фактитивните глаголи се јавува:

- личнозаменска форма за директен објект: (10, 11) - *me* [*je*], (12) - *je,* (13) - *le* [*il*]
- именска група : (14) - *le silence*

Во однос на конструкциите кои се јавуваат како еквиваленти во македонскиот јазик, а врз основа на бројни примери од корпусот кои потврдуваат дека конструкциите со инфинитивната реченица се меѓу најчестите конструкции од овој тип во современиот француски јазик, може да се констатира следната ситуација:

- ***да***-конструкција: (2б, 4г, 8а, 10а, 11а, 13а, 14а)
- исказна реченица: (1а, 3а, 3б, 4а, 4в, 5а, 5б, 6а)
- релативна реченица: (6а, 7а, 9а)
- независна реченица со глагол во лична форма: (2а, 12а)
- глаголска именка: (1б, 4б, 8б,в, 9б, 10б, 11б)
- одглаголска именка: (12б)

Како еквивалентни конструкции во македонскиот јазик најчесто се застапени : ***да***-конструкциите, исказните реченици и глаголската именка, додека кај конструкциите воведени со релативна заменка во францускиот јазик, типот на конструкција останува ист.

ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ НА КОРИСТЕНИ КАЈ ПРИМЕРИТЕ

(EG) - O. De Balzac, *Eugénie Grandet*,
(ЕГ) - О. Де Балзак, *Евгенија Гранде*, Мисла-Македонска книга, 1989. (Прев.: М. Анчева)
(PG) - A. De Saint-Exupéry, *Pilote de guerre*, Gallimard, Paris, 1942.
(ВП) - А. Де Сент-Егзипери, *Воен пилот*,

Мисла-Македонска книга,Скопје, 1988.
(Прев.: Б. Настев)

(PP) - A. De Saint-Exupéry, *Le petit prince*, Gallimard, Paris, 1946.

(МП) - А. Де Сент-Егзипери, *Малиот принц*, Здружени издавачи на Македонија, Скопје, 1990. (Превод : М. Чепинчиќ)

(SP) - J.-D. Bauby, *Le scaphandre et le papillon*, R. Laffont, Paris, 1997.

(СП) - Ж.-Д. Боби, *Скафандерот и пеперутката*, Ѓурѓа, Скопје, 1998.
(Прев.: К. Петрушевска)

(SyP) - A. Gide, *La symphonie pastorale*, Gallimard, Paris, 1978.

(ПС) - А. Жид, *Пасторална симфонија*, Огледало, Скопје, 1992.
(Прев.:О.Ковилоска)

(AS) - D. Van Cauwelaert, *Un aller simple*, A. Michel, 1994.

(БЕП)- Д. ван Ковелер, *Билет во еден правец*, Детска радост, Скопје, 1995.
(Прев.: К. Петрушевска)

(NO) - LE NOUVEL OBSERVATEUR [n° 1320 (22-28 février 1990), n° 1531 (10-16 mars 1994), n° 1763 (20-26 août 1998)]

Емилија БОЈКОВСКА

СОГЛАСУВАЊЕ ВО ИМЕНСКАТА СИНТАГМА ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК

Во врска со согласувањето (конгруенцијата) како еден вид детерминација, во која спаѓаат и адвербијалната врска и рекцијата, Тополињска (1979: 18) вели: „Оној вид детерминација при која присуството на еден член на многучлена граматичка категорија во надредениот елемент на конструкцијата автоматски предизвикува присуство на истиот член во потчинетиот елемент се вика к о н г р у е н ц и ј а.“ Оваа авторка смета дека надредениот елемент ја поседува соодветната категорија како селективна, а подредениот како парадигматска, но истакнува дека овој услов не е секогаш исполнет. Според Тополињска, за „морфолошка конгруенција зборуваме кога присуството на семантичка конгруентна врска површински се изразува со присуството на определени морфеми во составот на потчинетиот и/или на надредениот елемент на конструкцијата”. За именската синтагма, таа го наведува согласувањето, најчесто морфолошко, по род, број и апел *(млада жена, млади жени, мили браѓе).*

Минова-Ѓуркова (2000: 98 и следн.) го разгледува согласувањето во рамките на синтаксичката врска подредување (субординација). Согласувањето по форма, кое е во средиштето на вниманието во овој труд, „се состои во тоа што два или повеќе елементи се приспособуваат еден кон друг во една категорија (род, број, лице и сл.) во рамките на дадена синтаксичка конструкција, на пример: *интересна книга; интересно списание; интересни весници;* […]”. Покрај согласувањето по форма, Минова-Ѓуркова (1993) разликува уште две разновидности: согласување по смисла и согласување по блискост.

За авторите на граматиката Дуден (1995 : 697 и следн.), согласувањето претставува „die Abstimmung bzw. die Übereinstimmung zwischen unterschiedlichen Elementen des Satzes (vor allem: Satzgliedern und zusamengehörenden Teilen von Satzgliedern) hinsichtlich bestimmter grammatischer Merkmale“.[314] Овие белези се: лице, број, род и падеж. Во именската синтагма согласувањето е насочено од именката кон атрибутски употребената придавка, односно детерминаторот.

Во врска со согласувањето во именската синтагма, Хелбиг/Буша (1996: 58) го велат следново: “Die Deklination des Adjektivs ist abhängig vom Substantiv, und zwar besteht grammatische Kongruenz in Genus, Numerus und Kasus mit dem Substantiv”.[315]

Ајзенберг (1994: 55) го дефинира согласувањето на следниов начин: “Eine Konstituente f_1 kongruiert mit einer Konstituente f_2, wenn f_1 bezüglich mindestens einer Einheitenkategorie von einer Einheitenkategorie von f_2 abhängt”.[316] Под терминот Einheitenkategorien (категории на парадигматски единици) се подразбираат различните форми на единиците што спаѓаат во една парадигма, односно категории во однос на кои даден елемент е парадигматски (на пример, бројот кај именките). Таквата категорија можеме да ја наречеме парадигматска категорија.

Во врска со согласувањето Енгел (1994: 266) ја дава следнава дефиниција: “Wir verstehen hier unter ‘Kongruenz’ Regeln für Übereinstimmung im Ausdruckbereich, die syntagmatische Zusammenhänge widerspiegeln”.[317] Во областа на именската синтагма, тој ги разгледува примерите: *ein fauler Friede* и *einen faulen Frieden* и истакнува дека сите три збора покажуваат совпаѓање на формите за падеж (во првиот

---

[314] „усогласување, одн. совпаѓање меѓу различни елементи на реченицата (пред cè, реченични сегменти и меѓусебно поврзани делови од реченични сегменти) во поглед на определени граматички белези”. (Е.Б.)

[315] „Деклинацијата на придавката зависи од именката, при што постои граматичка конгруенција по род, број и падеж со именката”. (Е.Б.)

[316] „Конституентата f_1 се согласува со конституентата f_2 ако f_1 барем во однос на една парадигматска категорија зависи од некоја парадигматска категорија на f_2“. (Е.Б.)

[317] „Под к о н г р у е н ц и ј а овде подразбираме правила за совпаѓање на полето на изразот, кои одразуваат синтагматски врски“. (Е.Б.)

случај номинатив, а во вториот акузатив) и за број (во обата случаи: еднина) (1997: 812).

Од изложениве дефиниции се гледа дека не постои единствен став во однос на поимот формално согласување. Минова-Ѓуркова, авторите на граматиката Дуден и Хелбиг/Буша сметаат дека при согласувањето обата елементи носат сигнали за исти членови на дадена категорија без оглед на тоа дали е определувачкиот елемент селективен или парадигматски во однос на граматичката категорија. Во оваа група граматичари може да се вброи и Тополињска со оглед на тоа што таа го маргинализира значењето на околноста дека определувачкиот елемент треба да е селективен во однос на согласувачката категорија. Според овој став, во именската синтагма во македонскиот јазик постои согласување по род, број и апел, а во германскиот јазик по род, број и падеж.

Наспроти тоа, според Ајзенберг, за согласување може да се говори само ако е определувачкиот елемент парадигматски во однос на граматичката категорија во која двата елемента покажуваат формално совпаѓање. Разликата наспрема горенаведениот став јасно доаѓа до израз кај именската синтагма бидејќи, според Ајзенберг, во македонскиот јазик би можело да се говори само за согласување по број и апел, а во германскиот само за согласување по број и падеж. Родот не би можел да се смета за согласувачка категорија меѓу именката и нејзините менливи атрибути бидејќи е именката селективна во однос на родот. Меѓутоа, и според овој став би можело да се говори за согласување по род во именската синтагма, но само меѓу придавката и детерминаторот, без оглед на тоа која зборовна класа ќе се смета за определувачка, одн. надредена на другата, бидејќи обете зборовни класи се парадигматски во однос на родот.

Иако Енгел не го наведува експлицитно критериумот дека определувачкиот елемент треба да е парадигматски во однос на согласувачката категорија, како согласувачки категории меѓу именката и нејзините менливи атрибути тој ги наведува само бројот и падежот, поради што неговиот став може да се приопшти кон оној на Ајзенберг.

Заради поцелосен преглед на категориите во однос на кои именката и нејзините (менливи) атрибути покажу-

ваат формално совпаѓање, во овој труд се разгледува и категоријата род, без оглед на проблематичноста на третманот на родот како согласувачка категорија. Според ова, може да се констатира дека именката во македонскиот јазик формално се согласува со следниве (менливи) атрибути:

- придавката по број и делумно по апел, а во еднина и по род;
- детерминаторот по број, а во еднина и по род;
- апозицијата по број, кај персоналните именки во еднина делумно и по род;
- некои видови именски атрибути по број, кај персоналните именки во еднина делумно по род и по апел;
- релативните заменки и детерминатори по број, а во еднина и по род;
- адјунктот реализиран како придавка по број, а во еднина и по род;
- кратките личнозаменски форми по број и по синтаксичката функција (директно или индиректно дополнение на глаголот), а во еднина и по род.

Следуваат примери за формалното согласување меѓу именката и менливите лексички детерминатори[318] и менливите придавки:

- *една/некоја жена* (ж. р. едн)*; еден/овој човек* (м. р. едн); *едно/тоа дете* (ср. р. едн.)*; едни/некои/тие жени/луѓе/деца* (мн.)
- *нова направа* (ж. р. едн.); *нов учебник* (м. р. едн.); *ново училиште*
  (ср. р. едн.)*; нови направи/учебници/ училишта* (мн.)

Извесни тешкотии при определбата на родот на именката постојат кај некои персонални именки на *-е* и *-о (деде; аташе, жиголо),* кај кои се јавува расчекор меѓу

[318] Зборовната класа детерминатори се состои од лексичките детерминатори, кои одговараат на придавските заменки од класификацијата на Минова-Ѓуркова (2000: 48 и натаму), вклучувајќи го *еден* како неопределен член, и од членските морфеми, кои се приопштуваат кон оваа зборовна класа макар што не се зборови (сп. Минова-Ѓуркова 2000: 110) (в. Бојковска 2002: 154 и натаму).

граматичкиот род на именките и полот на лицата што ги именуваат, како и при определбата на родот и на бројот кај туѓите именки на *–е, -о, -и, -у (виски, ѓуру* итн.) (в. Минова-Ѓуркова 1993).

Кога членските морфеми се врзуваат со именката, тие само до извесна мера се управуваат според нејзиниот род и број: *полетот* (м.р.): *пролетта* (ж.р.). Иако некои форми на членот даваат еднозначна информација за родот или за бројот на именката (на пример, *-от, -ов, -он* за машки род еднина, *-те, -ве, -не* за множина), од формата на членот начелно не можат да се констатираат родот и бројот на именката. Така на пример, членската морфема *-та* се врзува и со именки во еднина од женски род *(книгата)* и од машки род: *(судијата),* а се јавува и кај збирната множина *(лисјата),* а членската морфема *–то* се јавува во среден род еднина *(детето)* и во збирната множина на именките од машки род *(лисјето)* и од женски род *(планињето).* Овде важи начелото дека формата на членот зависи од завршокот на именката. Од друга страна, кај дворoдските именки со помош на членот се врши избор на еден род: *жарот* (м. р. едн.) наспрема: *жарта* (ж. р. едн.) (в. Конески 1976: 228 и следн., Тополињска 1979: 35, Минова-Ѓуркова 2000: 38 и следн.).

Во однос на бројот, во некои случаи не постои формално согласување, туку согласување по блискост, кое „може да се посматра како еден вид аналогија или асимилација на два последователни члена од една единица – без оглед на другите и без оглед на целината (*Тие дваесет и еден ден поминаа брзо [...]“* (Минова-Ѓуркова 1993: 96). Во наведениот пример, согласување по блискост во однос на бројот постои меѓу бројната придавка и именката, додека детерминаторот и бројната придавка се согласуваат формално по број. Именката *ден*, строго земено, се согласусва формално само со елементот *еден*, кој претставува составен дел од бројната придавка.

Формалното согласување по број меѓу именката и придавката, односно именката и детерминаторот е нормирано на следниов начин: збирните именки покажуваат еднинско согласување, а збирномножинските форми на именките *(-је, -ја, -ишта)* множинско согласување.

- *целиот народ, новиот персонал*

- *ѓусти перје; високи дрвја; пространи ридишта*

Меѓутоа, постојат супстандардни отстапувања од ова правило. Во народниот јазик некои збирни именки се јавуваат со множинско согласување:

- Татко ми и мајка ми беа *богати свет*. (Минова-Ѓуркова 1985/86: 50)

Од друга страна, во разговорниот јазик, а особено во јазикот на современата македонска поезија, се јавува еднинско согласување кај збирномножинските форми на *-је (лисјето замрено на воздухот згорештен.* БИ ЦР 25,3). Множинското согласување кај збирните именки и еднинското согласување кај збирномножинските форми на именките претставуваат спротивни појави чиј заеднички белег е извесна противречност меѓу надворешната дејствителност и нејзиниот јазичен одраз, односно согласувањето по смисла а не по форма. Во првиот случај на преден план избива околноста што збирните именки се однесуваат на повеќе од едно лице или на повеќе од еден предмет, што ја условува појавата на множинското согласување. Во вториот случај, пак, на преден план избива збирното значење, кое го потиснува множинското значење и кое го условува еднинското согласување. (Поопширно за оваа појава и за нејзините причини в. Минова-Ѓуркова 1985/86: 54 и натаму, 1993: 102 и натаму, 2000: 35 и натаму; Корубин 1980: 198 и натаму.). За делумното согласување меѓу именката и придавката по апел в. д.

Кога станува збор за согласување по број, а во еднина и по род, треба да се нагласи дека тоа постои не само меѓу именската глава и лексичкиот детерминатор и меѓу именската глава и придавката, туку и меѓу лексичкиот детерминатор и придавката:

- *онаа стара (книга)* (ж. р. едн.); *овој нов (учебник)* (м. р. едн.); *секое добро (решение)* (ср. р. едн.); *некои тешки (задачи)* (мн.)

За придавките што се врзуваат со членските морфеми постои само една форма на членот за придавките во множина и посебни форми на членот за трите рода на придавките во еднина. Кај придавките во машки род што завршуваат на консонант, членот се врзува за старата определена формата на *-и:*

- *новата направа* (ж. р. едн.)*; новиот учебник* (м. р. едн.)*, новото*
  училиште (ср. р. едн.); *новите направи / учебници / училишта* (мн.)

Апозицијата[319], по правило, формално се согласува со именката по број:

- *Миле Петровски, нашиот учител*
- *неговите другари, ученици од петто одделение,*

Но, меѓу именката и апозицијата во некои случаи се јавува и согласување по смисла во однос на бројот. Ако регенсот (надредениот елемент) се состои од кумулирани именки во еднина, тогаш во апозицијата може да се јави именка во множина:

- *Јанко и Марко, членови на математичката секција,*

Во случај кога е регенсот именка во множина, во апозицијата може да стои збирна именка во еднина:

- *моите соученици, една сложна дружина,*

Можен е и обратниот случај:

- *новоизбраната комисија, сé професори и доценти,*

Во случаите кога се две именки беспредлошки сврзани, како глава се определува именката што може да се членува, а другата именка се смета за нејзин именски атрибут.[320] Долунаведените примери го илустрираат формалното согласување меѓу именката и некои видови именски атрибути по број:

- *земја-членка: земји-членки*
- *судија-поединец: судии-поединици*

Ако именскиот регенс во еднина означува множество, тогаш именскиот атрибут, кој ги означува неговите елементи, се состои од именка во множина, што може да се смета за појава на согласувањето по смисла:

---

[319] Поимот апозиција во овој труд е пошироко определен отколку кај Минова-Ѓуркова (2000: 222 и следн.). Покрај поимот апозиција на оваа авторка, тој ги опфаќа именските реализации на неинтегрираниот предикативен атрибут (сп. Минова-Ѓуркова 2000: 221 и следн.) (в. Бојковска 2002: 175 и натаму).

[320] Според оваа дефиниција, во именските синтагми од типот *чаша вода,* именката *чаша* не се смета за количествена определба во синтаксички поглед, туку за глава бидејќи може да се членува (в. Бојковска 2002: 207 и натаму).

- *рој пчели*
- *голем број наставници*

Кога именскиот атрибут се состои од кумулирани именки во еднина, тогаш именскиот регенс стои во множина, што исто така може да се толкува како согласување по смисла:

- *селото Белчишта: селата Белчишта и Мешеишта*
- *реката Вардар: реките Вардар и Треска*

Начелно не може да се говори за согласување по род меѓу именката и апозицијата и меѓу именката и именскиот атрибут *(Вардар, реката што минува низ Скопје; литар вода, предлог-програма).* За согласување по род би можело да се говори само кај некои персонални именки во случаите кога именката глава се состои од лично име, а апозицијата ја именува професијата или во обратниот случај:

- *Петрески, лекарот од клиниката*
- *Петреска, лекарката од клиниката*
- *лекарот Петрески: лекарката Петреска*

Меѓутоа, во некои именски синтагми што содржат лична именка, полот се изразува само еднаш, што сведочи за отсуство на согласување по род. Ова важи за апозицијата и за именскиот атрибут. Примери со апозиција:

- *госпоѓа Миленковска, амбасадор на Република Македонија*
- *Мајкл Фокс, телевизиската ѕвезда*
- *Елвис Присли, легендата на рокот*

Примери со именски атрибут:

- *Госпоѓо амбасадор!* (Минова-Ѓуркова 1989: 9)
- *Срдечно беше поздравена телевизиската ѕвезда Мајкл Фокс*
- *Ова е еден од најдобрите филмови во кои настапила легендата на рокот Елвис Присли.*

(Минова-Ѓуркова 1993: 100)

Согласувањето по род меѓу именката и апозицијата и меѓу именката и именскиот атрибут во горенаведените случаи треба да се разгледува и од аспект на тоа колку е раширена и вообичаена употребата на персоналните именки од женски род во македонскиот јазик. Се забележува дека во некои случаи се шири нивната употреба *(претседателка, министерка),* додека за некои *(аташе),* поради

зборообразувачките пречки, не постојат вакви именки. Постапката на изведување персонални именки од женски род се чини најпрактична бидејќи го отстранува судирот меѓу граматичкиот род на именката и полот на лицето што го именува (сп. Минова-Ѓуркова 1984/85).

Согласување по апел меѓу придавката и именката употребена за обраќање постои само кај некои придавки од машки род во траги *(драги татко, мили брате).* Согласно со општатата тенденција на губење на вокативните форми, придавките (и во машки род), како и именските атрибути, сé почесто се јавуваат во општата форма. Разгледувајќи ги формите за обраќање во именски синтагми со придавски и именски атрибут, Минова-Ѓуркова (2000: 116) истакнува дека најчесто употребувана е варијантата: *Почитуван господине претседателе!,* каде што постои формално согласување по апел само меѓу именската глава *(претседателе)* и именскиот атрибут *(господине),* а дека е најмалку прифатлива варијантата: *Почитувани господине претседателе!,* каде што постои согласување по апел меѓу сите елементи во именската синтагма. Варијантата во која се употребени во вокативна форма само именскиот атрибут *(Почитуван господине претседател!),* одн. само именската глава *(Почитуван господин претседателе!)* се среќаваат поретко, а варијантата без вокативна форма *(Почитуван господин претседател!)* се оценува како можна во перспектива[321] .

Менливите релативни заменки и детерминатори се согласуваат со релативизираната именка по број, а во еднина и по род:

- *нашиот пријател, кому му должиме голема благодарност,*
- *ова село, кое е познато во поширокиот регион,*

[321] Од горенаведената дефиниција на именската глава кај две беспредлошки сврзани именки произлегува дека во именската синтагма *господин претседател,* наспроти раширената практика, би требало да се членува именката *претседател,* која се определува како глава: *господин претседателот.* Ваквото членување беше став на Минова-Ѓуркова во нејзиниот коментар на мојот реферат изнесен на 16.08.2004 во Охрид.

Истово важи и за адјунктот[322], кој најчесто се јавува како придавка:

- *Весели, децата се упатија кон игралиштето.*
- *Детето се врато дома здраво.*

Кратката акузативна и кратката дативна личнозаменска форма се согласуваат со именката во функција на директно и индиректно дополнение на глаголот или на глаголскиот прилог според бројот и според синтаксичката функција, одн. видот на дополнението, а во еднина и по род[323]. Кога се комбинирани со глагол, во зависност од збороредот во реченицата, кратките личнозаменски форми можат да стојат пред именката на која се однесуваат (катафорична функција) или зад неа (анафорична функција). Кога се јавуваат со глаголски прилог, тие обично ѝ претходат на именката:

- *Ги извади чевлите од кутијата.*
- *Чевлите ги извади од кутијата.*
- *Сите му честитаа на новоизбраниот декан.*
- *На новоизбраниот декан, сите му честитаа.*
- *гледајќи ја претставата*
- *подавајќи му рака на гостинот*

Кога кратката личнозаменска форма се однесува на кумулирани именки во еднина, таа стои во множина, што претставува појава на согласувањето по смисла:

- *Ги извади чешелот и четката од кутијата.*
- *Чешелот и четката ги извади од кутијата.*
- *Сите им честитаа на новозибраниот декан и на неговиот заменик.*
- *На новоизбраниот декан и на неговиот заменик, сите им честитаа.*

Меѓутоа, во случаите кога кратката личнозаменска форма стои пред кумулирани именски синтагми (од кои првата е) во еднина, се среќаваат примери каде што таа се согласува само со првата именска синтагма по број (и по род), што претставува пример за согласување по блискост,

---

[322] Овој поим ги опфаќа интегрираниот и неинтегрираниот придавски атрибут реализирани како придавка кај Минова-Ѓуркова (2000: 220 и натаму) (в. Бојковска 2002: 173 и натаму).

[323] За термините директно и индиректно дополнение на глагол (кои одговараат на термините директен и индиректен објект) в. Бојковска 2004 : 479 и натаму.

кое може да се смета за супстандардно отстапување во македонскиот јазик:

- *Трепереше додека во печката, [...] ја палеше перикатa и деловите од облеката.* (ВУ К 26,31)

Кога кратката личнозаменска форма стои зад кумулирани именски синтагми во еднина, се чини дека нема колебања во формалното согласување:

- *Перикатa и чантата ги палеше во печката.*

Меѓутоа, кратката личнозаменска форма би требало да стои во множинска форма и во случаите кога им претходи на кумулираните именски синтагми (од кои правата е) во еднина:

- *Трепереше додека во печката, [...] ги палеше перикатa и деловите од облеката.*

Колебања по однос на согласувањето по род се јавуваат во случаите на метафорично употребените именки од женски род кои се однесуваат на лица од машки пол:

- *На главата на семејството ѝ/му пожелуваме брзо оздравување.* (Минова-Ѓуркова 1993: 99).

Следува приказ на согласувањето во именската синтагма во германскиот јазик. Надредената именка се согласува формално со следниве атрибути:

- со препозитивната придавката по број и падеж, а во еднина и по
  род;
- со препозитивниот детерминатор по број и падеж, а во еднина и по род;
- со препозитивниот менлив именски атрибут по падеж;
- со постпозитивниот менлив именски атрибут по падеж;
- со некои именски атрибути по број;
- со адјунктот реализиран како синтагма со *als* + именка по број и падеж, а кај персоналните именки во еднина делумно и по род;
- со апозицијата по број и падеж, а кај персоналните именки во еднина делумно и по род;
- со релативните заменки и прашалните детерминатори во релативни реченици по број, а во еднина и по род;

Согласувањето на именката со препозитивните детерминатори и придавки по број и падеж, а во еднина и по род се гледа од следниве примери:

- *eine neue Tasche* (ж. р. едн. ном./ак.)*; der neue Schrank* (м. р. едн. ном.); *ein neues Buch* (ср. р. едн. ном./ак.); *guter Wein* (м. р. едн. ном.); *neue Taschen/Schränke/Bücher* (мн. ном./ак.)

Треба да се нагласи дека согласување по број и падеж, а во еднина и по род, постои исто така меѓу детерминаторот и придавката како препозитивни сателити на именката. Освен тоа, меѓу овие два елемента во германскиот јазик постои и согласување според деклинацијата (сп. Енгел 1996: 813; Хелбиг/Буша 1996: 300 и следн.). За разлика од именката, која има точно определена парадигма, деклинацијата на придавката е „варијабилна“ и таа не зависи само од именката, туку и од детерминаторот. Определени детерминатори се согласуваат со определени придавски наставки, одн. одредени детерминатори предизвикуваат појава на одредени придавски наставки, при што важи принципот на монофлексија, според кој т.н. сигнална наставка (наставката што ги маркира граматичките категории) се јавува задолжително, и тоа само еднаш (или кај детерминаторот или кај придавката). Придавката ги содржи наставките *-e/-en* ако детерминаротот ги покажува белезите за род, број и падеж (слаба придавска деклинација или придавска деклинација зад определен член). Ако детерминаторот не ги покажува овие белези или ако нема реализиран детерминатор, придавката е носител на граматичките белези (јака придавска деклинација или придавска деклинација при нулти член). Следуваат примери за машки род во еднина:

- *ein neuer Lehrer; der neue Schrank; guter Wein*

Во определени случаи, поради употребата на нефлектирани препозитивни придавки, нема согласување меѓу именката и придавка (Енгел 1996: 608). Ваквата употреба на придавките е делумно застарена и во најголемиот број случаи е ограничена на именки од среден род. Станува збор за придавки пред називи на видови букви и бројки: *klein C, arabisch vier* или пред имиња на типови производи на *–isch: bayrisch Bier, Kölnisch Wasser,* за придавките *ganz* и *halb* пред географски имиња без

реализиран детерминатор: *ganz Berlin, halb Makedonien,* за придавки во затврдени изрази: *fließend Wasser, ein gut Teil davon,* пред имиња на личности во галовна употреба: *jung Max, schön Marianne* и во поетскиот јазик: *ein griechisch Trauerspiel* (Гете) итн.

Придавките во постпозиција, по правило, не се флектираат. Станува збор за неинтегрираниот придавски атрибут *(der alte Mann, traurig und verängstigt)* и за интегрираниот придавски атрибут во состав на комплексни називи на типови производи *(Campari bitter, Benzin bleifrei),* како и за застарена употреба во народната поезија *(ein Mägdlein fein).* Сосема ретко се флектираат придавките употребени како неинтегриран придавски атрибут, при што постои согласување меѓу именката и придавката. Според Енгел (1996: 808), се чини дека не постои семантичка разлика меѓу флектираниот и нефлектираниот неинтегриран придавски атрибут (кај него определен како апозиција):

- *Bausteine, grüne und gelbe,* наспроти:
- *Bausteine, grün und gelb,*

Според Хеблиг/Буша (1996: 598), флектираниот неинтегриран придавски атрибут е вообичаен кај неквалитативните придавки:

- *Viele Londoner Angestellte, städtische wie staatliche, demonstrierten.*

Долунаведените примери го покажуваат согласувањето на именката со препозитивниот и со постпозитивниот менлив именски атрибут по падеж:

- *Herrn Maiers* (препоз. менлив именски атрибут: ген.)
- *eines Löffels heißer Suppe* (постпоз. менлив именски атрибут: ген.)

Во врска со некои именски атрибути, би можело да се говори за согласување по број:

- *des Monats Juli* (постпоз. неменлив именски атрибут: ген. едн.)
- *Kollegen Maiers* (препоз. менлив именски атрибут: ген. едн.)
- *die Herren Kollegen* (postpoz. nemenliv im. atribut: nom./akuz. mn.)

Ако именската глава е во еднина и означува множество елементи, тогаш именскиот атрибут може да стои во

множина, а ако именската глава е во множина, тогаш како именскиот атрибут можат да се јават кумулирани именски во еднина, што може да се смета за појава на согласувањето по смисла:

- *ein Stapel Bücher; ein Haufen Orangen*
- *die Monate Juni und Juli*

Кога е адјунктот реализиран како синтагма со *als* + именка, постои согласување по број и падеж, при што адјунктот се јавува во множина ако се однесува на кумулирани именки во еднина:

- *Ich habe Martin als erfahrenem Fachmann das alles geglaubt.*
- *Von Margret als guter Fahrerin habe ich das nicht erwartet.*
- *Man kann sich auf Margret und Martin als neue Mitarbeiter nicht verlassen.*

Кога не постои опасност од повеќезначност, адјунктот може да се јави во номинатив, што претставува отсуство на формално согласување по падеж (Енгел 1994: 268):

- *Von ihr als erfahrene Referentin erhofften wir weitere Auschlüsse.*

Наспроти тоа, отсуството на согласување по падеж доведува до промена на значењето во следниов пример, каде што адјунктот се однесува на субјектот:

- *Ich habe ihm als erfahrener Fachmann das alles geglaubt.*

Во однос на категориите број и падеж, именката формално се согласува и со апозицијата. Согасувањето по падеж постои речиси секогаш кога именската глава стои во номинатив или во акузатив:

- *mein Freund, ein guter Mitarbeiter des Unternhemens,*
- *sein Wörterbuch, ein zerfetztes Buch,*
- *meines Lehrers, eines guten Pädagogen,*
- *mit seiner Frau, einer bekannaten Schriftstellerin,*

Кога е именската глава во генитив или во датив, понекогаш апозицијата може да стои во номинатив, што претставува отсуство на формално согласување по падеж:

- *des ehemaligen Leiters, ein guter Fachmann,*
- *einem alten Sportler, der beste Fußballer damals,*

Апозицијата може да стои во датив, кога именската глава е во генитив:

- *des ehemaligen Leiters, einem guten Fachmann,*

Отстапки од формалното согласување меѓу именката/именската синтагма и апозицијата по број се јавуваат кога именската глава се состои од повеќе именки во еднина. Тогаш апозицијата може да се јави како именска синтагма во множина.

- *Stefan und Martin, seine Kinder aus erster Ehe,*

Ако именската глава стои во множина, апозицијата може да се јави како збирна именка во еднина. Можен е и обратниот случај:

- *meine Freunde, eine nette Clique,*
- *der Wissenschaftliche Rat, alles Fachleute,*

Во последниве три примери би можеле да говориме за согласување по смисла. Ако се работи за персонални именки, тогаш во некои случаи постои согласување по род:

- *Herr Schulz, Lehrer aus Heidelberg,*
- *Frau Schulz, Lehrerin aus Heidelberg,*

Во вакви случаи најчесто станува збор за персонални именки од машки и од женски род. Проблеми при формалното согласување се јавуваат кога не постојат можности за изведување именки од женски род, на пример, *Attaché, Star.* Овие именка од машки род, од кои втората се употребува метафорично, се однесува на лица од обата пола, одн. на именки од машки и од женски род.

- *Herr Schulz, Kulturattaché in Skopje,*
- *Marianne, der Star des Abends,*

За делумно согласување по род кај персоналните именки би можело да се говори и во врска со именската глава и нејзините именски атрибути и адјунктот.

Именската глава се согласува со релативните заменки и прашалните детерминатори во релативни реченици по број, а во еднина и по род:

- *Herr Meier, der sieben Jahre im Ausland gelebt hat*
- *viele Aufgaben, die wir noch erfüllen müssen,*
- *die Frau, welcher Herr Maier geholfen hat,*

Меѓу именската глава и релативниот елемент не постои согласување по падеж бидејќи падежната форма на релативниот елемент зависи од неговата синтаксичка функција во релативната реченица.

Од анализата се гледа дека во обата јазика постои формално согласување по број и род (ако родот се смета за

согласувачка категорија). Специфика на македонскиот е делумното согласување по апел, а на германскиот јазик согласувањето по падеж. Посебно внимание во македонскиот јазик заслужува согласувањето меѓу именката како директно или индиректно дополнение на глаголот и кратката личнозаменска форма, освен по број, а во еднина по род, и по синтаксичка функција, што произлегува од удвојувањето на овие дополненија. Карактеристична појава за германскиот јазик е согласувањето меѓу детерминаторот и препозитивната придавка, освен по број и падеж а во еднина по род, и по деклинација според принципот на монофлексија, според кој сингналните наставки за граматичките категории се јавуваат само еднаш (или на детерминаторот или на придавката). Во обата јазика се констатираат случаи на согласување по смисла (на пример, кај апозицијата и именскиот атрибут), а во македонскиот јазик постои нормирано согласување по блискост меѓу бројната придавка што завршува на *еден* и именката *(трисет и една книга)*.

Библиографија

Единици на кирилица:

Бојковска, Емилија (2002): *Постпозитивните атрибути на именката во македонскиот и во германскиот јазик* (докторска дисертација). Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје.

Бојковска, Емилија (2004): „За проблематиката на некои македонски граматички термини“. Во: XXX научна конференција на XXXVI меѓународен семинар за македонски за македонски јазик, литература и култура. Охрид 13-15 август 2003, стр. 471-487.

Конески, Блаже (1976): *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Дел I и II. Скопје: Култура.

Минова-Ѓуркова, Лилјана (1985/86): „Збирноста во македонскиот јазик (од синтаксичка гледна точка)“. *Македонски јазик* XXXVI/XXXVII, стр. 47-58.

Минова-Ѓуркова, Лилјана (1993): „Особености на конгруенцијата во македонскиот јазик“. *Folia Philologica Macedono-Polonica* 2, стр. 96-105.

Минова-Ѓуркова, Лилјана (2000): *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Магор

Тополињска, Зузана (1974): Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик: Род, број и посоченост. Скопје: МАНУ

Единици на латиница:

Duden „Grammatik der deutschen Sprache“ (1995): Der Duden: in 12 Bänden; das Standardwerk zur deutschen Sprache / hrsg. vom Wissenschaftlichen Rat

der Dudenredaktion: G. Drosdowski u.a.: Mannheim, Leipzig, Wien, Zürich: Dudenverl.
Eisenberg, Peter (1994): *Grundriß der deutschen Grammatik.* Stuttgart, Weimar: Metzler
Engel, Ulrich (1994): *Syntax der deutschen Gegenwartssprache.* Berlin: Schmidt
Engel, Ulrich (1996): *Deutsche Grammatik.* Heidelberg: Gross (1988).
Helbig, Gerhard / **Buscha**, Joachim (1996): *Deutsche Grammatik: Ein Handbuch für den Ausländerunterricht.* Leipzig, Berlin, München: Langenscheidt / Enzyklopädie.

Извори:
БИ ЦР Иванов, Благоја (1969): "Црвено рондо". *Мала авантура.* Скопје: Мисла (=Македонска книжевност) стр. 15-26 (прво издание: Црвено рондо 1964)
ВУ К Урошевиќ, Влада (1972): "Кукла". *Ноќниот пајтон.* Скопје: Култура, стр. 21-28.

Агим ПОЉОСКА

НАЗИВИ НА ДЕНОВИТЕ НА НЕДЕЛАТА ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ ИНДОЕВРОПСКИ ЈАЗИЦИ

Во албанскиот јазик деновите на неделата се: *e hënë, e martë, e mërkurë, e enjte, e premte, e shtunë* dhe *e diel* – и тие се општопознати. Меѓутоа, не се знае кој ги собрал и кој ги именувал. Називите на деновите на неделата во сите светски јазици воопшто се поврзани со астрологијата, со cosвездието, поточно со верувањето на небесните тела – планетите, кои носат добра или лоша среќа: Сонце, Месечина, Марс, Меркур, Сатурн и др. За некои планети се верува дека носат добра среќа, за некои други дека носат лоша среќа. Така, Марс значи *војна,* Венус *љубов.* На секоја планета - sвезда народите ѝ посветуваат еден ден. Заедно со Месечината и Сонцето вкупно се седум, оттука се раѓа седмицата (неделата). И денес се именуваат *ditë e diel, ditë e hënë,* значи *dita e Diellit, (денот на Сонцето) dita e Hënës, (денот на Месечината)* кои со внатрешна јазична кратенка (елипса) дале: e diel e hënë (Недела, Понеделник).

Петте планети кои тогаш биле познати, се именуваат како: *Mars, Merkur, Jupiter, Venus, Saturn.* Денес во германските јазици повеќе не се разликуваат називите на планетите во деновите на неделата, меѓутоа во многу јазици кои се зборуваат денес - како и во албанскиот - да. Да се видат, на пример, називите на деновите на неделата во францускиот јазик, сп.: *mar-di* (од Mars), *merc-redi* (од Merkur), jeudi (од Jupiter), *ven-dredi* (од Venus). За сабота (е *shtuna)* во англискиот јазик денот на Сатурн (dita e Saturnit - денот на Сатурн) се именува *satur-day.* Во германскиот јазик називите на деновите на неделата се поразлични, бидејќи имињата на грчко-римските богови ги заменувале со старите соодветни богови на германски јазик. Така, за

денот *вторник* алб. *e marta:* гер. *Dienstag* (mars-di) се претпоставува дека доаѓа можеби од *Zius-tag* (dita e Ziut), бидејќи Ziu бил стар германски светец на војната. За *четврток* алб. *e enjte,* гер. *Donerstag,* од Donar, стар германски светец кој се почитувал како Јупитер [324].

Називите на деновите на неделата во албанскиот јазик се мошне стари и имаат старо потекло со илјадици години.

1. Како што забележале Е. Чабеј, С. Мансаку и др., повеќето називи на деновите на неделата во албанскиот јазик се од латинско потекло, што значи дека сочувале траги на едно рано латинско влијание, кое не е зачувано во романскиот, ниту пак во другите романски јазици. Во називот на неделата, т. е. ден недела алб. е *dielë,* албанскиот јазик сочувал една постара калка (превод) од латинскиот, сп.: *dies solis,* грч. ημερα Ηλιου *imera iliou* алб. „dita e Diellit“, макед. „Денот на Сонцето“, исто како во гер. *Sontag,* додека во романските јазици називот на овој ден потекнува од лат. *dies domenica,* фр. *dimanche,* црковен термин кој се појавува во IV век по раѓањето на Христа, форма добиена според моделот на грч. κυριακη *(kiriaki)* “Ден на Господ или ден на Бога” алб. (Dita e Zotit). Со овие примери може да се констатира дека во албанскиот јазик се рефлектира една позастарена фаза на христијанскиот свет пред IV век на нашата ера[325]. Називот *недела*: *e diel* во албанскиот јазик често пати се употребува и како патроним, сп.: *Dila, Diella*, lat. *Dominica,* ит. *domenica,* ром. *dumenica,* фр. *dimanche.*

2. Кај називот *понеделник*: *e hënë* во албанскиот јазик исто така, е сочуван еден стар превод од лат. *dies lunae „dita e Hënës“,* макед. *ден понеделник*, сп.: фр. *leundi.*

3. Стари латински заемки се сочувани и кај називите на деновите: *e martë (вторник): dies Martius, e mërkurë (sreda): dies Mercurii, e shtunë (сабота): dies Saturni,* кои во основа не се имиња кои се употребуваат во генитив, туку придавки добиени преку елипса на еден израз, како: *ditë e martë (ден вторник), ditë e mërkurë (ден среда), ditë e shtunë (ден сабота)*[3].

---

[324] Ernest H. Gombrih, *Historia e shkurtër e botës,* Tiranë, 1999, 21.
[325] Revue de Linguistique, VI, 167; Studime filologjike, XXVIII (XI), n. 2, 12
[3] E. Çabej, *Studime etimologjike në fushë të shqipes, III,* Tiranë, 1987, 240, 241.

Од јазиците на балканскиот ареал за денот *саботa* алб. *e shtunë* само албанскиот ја сочувал старата латинска заемка, сп.: *dies Saturni*: ditë *e shtunë (ден саботa),* додека во романските јазици називот на овој ден потекнува од народната латинска форма *Sambati dies, Sabbatum,* сп.: итал. фр. *samedi sabato,* а ова пак од еврејскиот *Schabbat* со посредство на грчкиот јазик Σ*αββατον (Sabbaton)* „ditë pushimi për Pifutët“, (одморен ден за Евреите, ден за починка), ром. *sëmbët,* макед. *саботa,* срхр. *суботa;* продирајќи и во унгарскиот јазик *szombat,* во урдискиот *ituar* (*e diel) është „ditë pushimi*“.

Од сите називи на деновите на неделата само имињата на деновите *e enjte (четврток)* и *e premte (петок),* се формирани со суфиксот *-te* излегуваат како поархаични и затемнети форми, но не необјасниви. Кај називот *e enjte* веројатно се работи за реден број, како што познатиот албански поет од Skadar Ndre Mjeda го објаснува и го споредува како назив позајмен од старогрчкиот *ené* „e treta ditë, dita e pasnesërme“ (макед. *третиот ден, задутрешниот ден*). Оваа толкување и објаснување го прифаќа и Чабеј[4] како по веродостојни од сите други споредби, и од фактот што деновите на неделата и во другите индоевропски јазици се одбележуваат и се објаснуваат со редните броеви, сп.: макед. *вторник,* срхр. *уторак* „e martë“ (: e dyta), *четвртак* „e enjte“ (: e katërta), *петак* „e premte“ (: e pesta); нгр. *dheftera* „e hënë“ (:e dyta), *triti* „e martë“ (:e treta), *detarti* „e mërkurë“ (:e katërta), *pemti* „e enjte“ (:e pesta); урдиски *somuar* „e hënë“ (: dita e tretë), *hafta* „e shtunë“ (: e shtata); ром. sëptëminë „e diel“ (: e shtata). На ист начин можат да се споредат и имињата на месеците во албанскиот јазик, сп.: *shtator* (превод од лат. september), *tetor* (octomber), *nëntor* (november), *dhjetor* (december), добиени од редните броеви: *i shtati, i teti, i nënti, i dhjeti,* (седми, осми, девети, десети), бидејќи во римскиот период годината почнувала во месец март, поточно на 1 март, во таканареченото *месец на еквиноксот на пролетта*, што е поприродно започнување на годината отколку на 1 јануари.

Ако четврток (*e enjte),* се поврзува со еден ран старогрчки број *ené* (e treta), макед. *трети/трета* семантички

[4] E. Çabej, *Studime etimologjike në ushë ë shqipe, IV,* Tiranë, 1996, 128.

овој паралелизам претпоставува дека во староалбанскиот неделата зпочнувала со вторник (Чабеј), што значи бог на Албанците бил *Marsi,* исто како во урдискиот *buda* „e mërkurë“ (среда), добиен од името на богот *Buda*. Ова е многу веројатно кога се знае дека во народниот календар на римскиот период и месеците започнуваа на 1 март, со *богот на војната*.

Петокот (*e premte)* може да се поврзува со грч. *pemti* „e pesta“ *(petti)*, значи петтиот ден на неделата. Чабеј во врска со овој збор ни дава мошне интересни етнолингвистички и етимолошки толкувања. Уште од доцното римско влијание, народниот јазик ги создал имињата на деновите на неделата, сп.: *dit[e premte* „vendredi“, според лат. *dies solis, dies Lunae, dies Veneris,* и дека преку римата е сочуван зборот од исчезнување, сп.: „ *e kremte* n[lidhje me *e premte*“, (*слава /петокот*), pour *e kremte* ‘d’ete, celebration’ en rapport avec *e premte* [5]. Мансаку [6] називот на денот *петок (e premte)* го поврзува со една стара паганска божица *Prenda* или *Prende (божица на убавината),* лат. *Veneris dies (божица на љубовта),* гр. Παρασκευη „подготвување за сабота“.

Во врска со називите на деновите на неделата за албанскиот јазик и за другите индоевропски јазици можеме да го заклучиме следното:

Албанскиот јазик повеќе од било кој друг јазик ги сочувал називите позајмени или калкирани од латинскиот, поврзани со имиња на богови, тргнувајќи со Марс (Mars), божицата на војната, Меркур, Сатурн, Сонцето и Месечината (Diellin dhe Hënën). Ги сочувал редните броеви кај лексемите четврток и петок, сп.: *e enjte (i, e treti-a)* макед. *трети/трета* и е *premte (i, e pesti-a),* макед. *петти/петта.*

1. Во раниот албански јазик неделата започнувала со *вторник* (të martën), што значи дека главната ѕвезда на предалбанците бил Марс (Marsi). Во грчкиот и во јужнословенските јазици неделата започнува со денот *недела*, во романскиот со *понеделникот*, во урдискиот со *саботата* и др.

2. Во другите балкански јазици доминира системот со редни броеви, сп.: гр. *dheftera (e dyta), triti (e treta),*

---

[5] E. Çabej, *SEFSH,* I, Tiranë, 1982, 103, 118, 159.

[6] S. Mansaku, *Përhapja e krishterimit tek iliro-shqiptarët në dritën e të dhënave gjuhësore,* Studime filologjike, 1-2, Tirnë, 1999, 39-51.

detarti (e katërta), pemti (e pesta); слов. *вторник* (e dyta), *četvrtak* (e katërta), *петак* (e pesta), ром. *saptamina* (e shtata), урд. *somuar* (e treta), *hafta* (e shtata).

Во именувањето на деновите на неделата албанскиот јазик се појавува како поконзервативен, додека другите јазици се поиноваторни.

Валентина НЕСТОР

МАКЕДОНСКОТО ЛЕКСИЧКО - ЗБОРООБРАЗУВАЧКО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК

На проблемот на словенските заемки во Албанија му посветија внимание неколку познати лингвисти како Ф. Миклошич, А. М. Селишчев, А. В. Десницкаја, Г. Вајганд, М. Фасмер, И. Поповиќ и др. Широк простор во нивните студии зафаќа влијанието што го извршиле словенските јазици во балканската јазична средина.

Вредни прилози од областа на балканистиката, со богата импликација од македонскиот и албанскиот јазик, последниве децении дадоа и американските лингвисти Ерик Хамп и Виктор Фридман, албанскиот лингвист Еќерем Чабеј и македонските Петар Илиески, Божидар Видоески О. Јашар- Настева и др.

Меѓу првите кој се зафатил со проблемот на туѓите лексички елементи во албанскиот јазик, бил Ф. Миклошич, кој на оваа проблематика ѝ посветил серија написи, при што приложил список од околу 319 етимологии т.е словенизми во албанскиот јазик.

Со текот на времето, бројот на словенизмите во албанската лексика се зголемува. Така, основоположникот на историската лексикологија на албанскиот јазик, албанологот Г. Мајер во познатиот „Етимолошки речник на албанскиот јазик“ регистрирал околу 540 зборови со словенска етимологија, од кои 300 лексеми не беа објаснети од Миклошич.

Додека пак А. М. Селишчев во неговата студија „Словенското население во Албанија“ дава еден список со повеќе од 600 зборови, евидентирајќи ги и различните фонетски форми на истиот збор, сп. :

алб. apet, opet, (мак. опет, повторно) ; алб. ombor, hobor, obor (мак. двор) и сл.

И покрај досегашните, повеќе или помалку интензивни зафаќања со проучувањето на македонско-албанските лингвистички истражувања, можностите за натамошни изучувања, односно следење на македонско-албанските лексички контакти ни од далеку не се исцрпени.

На ова мое кратко излагање нема да се задржам на тие лексеми кои се обработени од гореспоменативе лингвисти, но сакам да додадам некои карактеристични позајмени црти, исклучиво од македонскиот јазик, кои сé уште се чуваат и имаат активна употреба од албанското население во југо-источна Албанија, како: Корча, Девол, Поградец, проширувајќи се во помала мера кон југот, до Берат и Валона, каде сè уште се чуваат голем број на словенски заемки.

1. Тргнувајќи од општите историско-општествени, економски и географски околности и од самата состојба на овие словенизми, слободно може да се каже дека северниот албански дел т.е гегискиот дијалект позајмувал од српскиот јазик, додека јужниот дел т.е тоскискиот дијалект од македонскиот јазик. Меѓутоа, не може категорички да се повлече или да се определи граница, бидејќи честопати имало и мешовито влијание и во другите подрачја, зависно од историските, социолошките, културните и јазичните околности, како што е состојбата во јужниот гегиски дијалект, каде што се наоѓаат голем број словенски заемки со македонска етимологија. Потврда на тоа е и присуството на македонското население што живее во областите: Гора и Голобрдо.

Македонското влијание врз албанскиот јазик се потврдува и со вековната симбиоза на македонското и албанското население и тоа не се гледа само на големиот број лексеми и топоними, кој е пребогат во регионите кои се ограничуваат со македонската јазична граница и се намалува одејќи кон југот .

Словенското влијание е застапено и во зборообразувачкиот систем на албанскиот јазик. Се забележуваат неколку позајмени словенски суфикси, како: -ishte (-иште), -icë (ица), -nik (-ник), -ec (-ец), -kë, -çkë (-ка, -чка) и сл. Некои од нив се многу продуктивни и активни не само во јужните тоскиски говори, но во сиот албански јазик, бидејќи се

наоѓаат не само врз словенски корени, но некогаш се можни и полукалки и еден дел од нив како: -ishte
(-иште), -nik (-ник) се дел од албанскиот суфиксен систем.

Имајќи ја предвид важноста на овој дел од лексичкиот систем т.е зборообразувачки, ќе дадам кус преглед на застапеноста на покарактеристичните и попродуктивните суфикси во јужните албански дијалекти:

1.1 **-nik** (**-ник**)

Овој суфикс е многу продуктивен, особено во југоисточните албански говори и се среќава не само во позајмени словенски лексеми како:

алб. vërsnik, мак. врсник (иста возраст); алб. denik (ладен ветар кој дува од езерото), мак. деник; алб. fllanik (колиба направена со прачки), мак. ладникно, во голема мера се наоѓа во лексеми кои го позајмиле не само суфиксот, туку и значењето, значи се вид полукалки.

Такви се :

алб. kripanik, мак. 1. соларник, 2. со преносно значење се употребува во корчанските говори, како и во малопреспанските со значење „многу сиромав човек“ алб. dredhanik, мак. виткалник (блага пита со виткани кори), со истото значење е и во Мала Преспа. алб. vezanik, мак. јајчарник (пита со јајца), се употребува во Девол. алб. misernik, мак. (пита со пченкарно брашно) и сл.

Додека пак во лексемите алб. petanik/fasulnik и двете форми имаат исто значење и одговараат на мак. грашалник (пита со грав), форма која се среќава и во Мала Преспа, но имаат различен ареал. Формата petanik се среќава во Корчанскиот регион, додека fasulnik, која буквално и одговара на мак. грашалник се среќава малце по на југ во Берат, Тепелена итн.

Суфиксот - ник е позајмен, не само како формант во јужните албански говори, но тој е застапен и во албанскиот стандарден јазик. Според словенскиот модел се образуваат именки од глаголи и броеви, сп :

алб. bredh > bredhanik (скитник); zvarrë > zvarranik (ползач); shtatë > shtatanik (седуммесечник); tetë > tetanik (осуммесечник) и сл .

1.2 **-ishte** (**-иште**)

Овој суфикс честопати се среќава во одделни албански говори кај позајмен словенски корен. Како :

алб. moçurishte / moçalishte (мочурливо место, блато); selishte (нива покрај куќава); stërnishte (ожниена нива).

Во такви форми се чува и во одреден број топоними , како: Билишт(е), Очишт(е), Мочуришт(е), Враништ(е)(овие топоними се од корчанско) или пак повеќе е можен во полукалки како:

алб. miserishte (олупена пченка); barishte (тревје, зеленчуцоци).

Оваа наставка веќе е дел од албанскиот суфиксен формант, како и во словенските јазици и во албанскиот стандарден јазик се употребува за образување збирни множински форми. Како :

алб. lulishte (цвеќарник), fidanishte (расадник, место посадено со млади насади), pemishte (овоштарник) и сл .

1.3-**icë** (**-ица**)

Суфиксот -ица исто така се среќава во голема мера и е доста застапен во југо- источните албански говори. За разлика од погорниве два суфикса кои што се наоѓаат освен во позајмени словенски зборови и во зборови со албански корен и се дел од албанскиот зборообразувачки систем, овој суфикс се среќава исклучиво само во позајмени словенски лексеми, дури и некои од нив имаат само локална употреба , како :

алб. llapavicë, мак. (лапавица, големи снегулки); pijavicë (пијавица); patericë (патрица).

Во голема мера се наоѓа во словенските топоними , како: Буштрица, Бистрица, Островица, Брадавица, Белица, Лешница , Каменица, Селеница и др.

Имаме еден тип полукалки, образувани според словенскиот модел, како:

алб. buallicë биволица (1 женка од бивол, 2. со преносно значење како и во Мала Преспа „дебела жена“)

Овде би ги вклучиле и некои лексеми кои се карактеристични само за Корчанско- Поградечкиот регион и од

социо - лингвистички план тие се позајмени несомнено од македонскиот јазик. Тоа се називи за именување на жената според името на мажот со додавање на наставката - ица, како на пр.:

Иловица, Јорѓевица, Насевица,Петревица и сл.

Исто така карактеристични само за овие албански говори се и називите како:

алб. xhaxhovicë (стрина), dajovicë (вујна), кои се образуваат со општите форми : xhaxha (стрико), dajë (вујко) + наставката - ица .

Дел од словенските зборови со наставката -ица кои имале поширока употреба во двата албански дијалекти или пак според проширувањето од литературното творештво успеале да навлезат и во албанскиот литературен јазик, како :

алб. kapicë (капица, куп); gorica (горница); borovicë (боровница); и сл .

1.3 **-kë , -çkë** (**-ка, -чка**)

Овој суфикс има широка употреба изразито во јужните албански говори, а целосен израз наоѓаат кај Корчанските говори. Тие се едни од најпродуктивните суфикси позајмени од словенските јазици. Во голема мера се пазат кај зборови позајмени од словенските јазици кои имаат широка употрба во говорниот јазик, како:

алб. dremkë (дремка), grebashkë (гребашка), kukumjaçkë (кукумјавка), koriçkë (коричка) и сл .

Во потесен ареал, словенски лексеми со такви суфикси може да се сретнат и во албанскиот литературен јазик, како:

алб. jufka (јуфки); prashajkë (прашалка); guskë (гуска); kuçkë (кучка); kleçkë (клечка) и сл .

Додека пак во зборови со албанска основа се наоѓаат во одреден број примери , иако овој суфикс веќе е стабилизиран во албанскиот јазик, сп:

алб. nofkë (прекар); strofkë (легало); и сл.

Овие суфикси обично се најфреквентни за образување деминутивни форми. Исто така образувањето на деминутивните форми е карактеристична појава само за Корченско - Поградечките говори . Такви форми со позајмен

словенска основа среќаваат повеќе локалните селски говори, како:

алб. jariçkë (јаричка); kutiçkë (кутивче); plloçkë (плочка)и сл, но образубање на деминутивни форми од албански корен е многу честа појава и зафаќа многу поширок ареал , како;

алб. syçka (оченца), këmbkë (ноџенце), doçka (раченца), dhëmbkë
(забче), gjembka (трнца), mamkë (мамичка) и сл.

Дел од овие деминутивни форми, карактеристични за овие говори, успеале да навлезат и во стандардниот албански јазик, како:

vëllaçkë (братенце), faqka (лиценце), buzka (усненца) и сл.

Суфиксот **-kë** (**-ка**) се употребува исто така само во Корчанските говори и нешто поретко во Поградечките за образување хипокористични форми за машки и женски род, како:

алб. Dhimitër > Taqkë, Sotir > Tirkë, Vangjelia > Vanqkë, Thimija > Maqkë, Lefterija > Lefkë и сл.

Образувањето на хипокористичните форми е поизразита кај православните имиња, но таква појава последниве години иако многу поретко може да се забележи и кај муслиманските имиња и тоа само во Корчанско – поградечкото подрачје, сп:

Adem> Demkë , Baftir > Bamkë , Qemal > Malkë и сл .

Овој факт го потврдува позајмувањето не само на суфиксот како формант, но и на самата појава на образување на вакви форми, карактеристични за словенските народи.

Истиот суфикс се наоѓа и во албански презимиња, кои се со словенско потекло, како;

Требицка, Грабоцка, Оргоцка, Треска, Леска и бо топонимијата, како: Орешка, Черменика, Требицка и сл.

1.4 **-ес** (**-ец**)

Суфиксот -ец покажува голема разнообразност и фреквентност во лексиката на албанскиот дијалектен јазик. Како прво се среќава во заемки од словенските јазици, како:

алб. kotec (котец, кокошарник), bodec (бодилка), ligavec (лигавец, гол полжав), dordolec (дрдолко) и сл.

Освен во позајмени лексеми кои се наоѓаат почесто во југо-источните говори е застапен и во зборови со албански корен, главно со пејоративно значење, сп:

алб. quravec (мрсулко), mburavec (лажливец), mistrec (глупак), и сл

Исто така во југоисточна Албанија се среќава и во голем број лексеми од топонимијата, како:

Поградец, Заградец, Рмбец, Ѓинавец, и сл .

2. Словенското влијание врз албанската лексика е доста изразено и во зборовната група глаголи. Од позајмените зборови од јужнословенските јазици е издвоена наставката -it (-ит) ,како суфикс за образување глаголи, бидејќи коинцидира и со албанскиот формант -s(-c) / -t- (т).

Тоа особено се забележува во примери коишто претставуваат непосредни заемки од соседните словенски јазици, сп;

алб. çudit (чуди), gostit (гости), darovit (дарува), baret/baras (со значење оди. Оваа форма е од Корчанско и со истото значење се среќава и во Мала Преспа и Врбник)

Голем дел глаголи од ваков тип, кои биле проширени во двата албански дијалекти, под влијание на македонскиот јазик во јужните тоскиски говори и српскиот во северните гегиски , навлегоа длабоко и во стандардниот албански јазик. Такви би биле:

алб. lebetit (лебети), kosit (коси), grabit (граби), vadit (вади), krasi (кастри), rradhit (реди), и сл.

Овој вид глаголи се приспособени во албанскиот јазик, формирајќи целосна парадигма според албанскиот модел :

алб. kosit > kositje > kositës > i kositur > i kositshëm (коси > косење > косач, косен, кослив); vadit > vaditje > vaditës , i vaditur, i vaditshëm (вади > вадење > вадач , ваден , вадлив) и сл .

3. Словенското влијание врз албанските дијалекти во голем степен е присутно и на семантички план. Голем дел од позајмените лексеми го сочувале своето основно зна-

чење. Меѓутоа, во одделни примери се забележува дека некои заемки го прошириле или го стеснале своето значење.

Овде не сакам да ги набројам тие примери кои се дадени од споменативе слависти, голем дел кои и изчезнале, затоа што имале локална употреба, од стари генерации, кои веќе ги нема. Само за илустрација ќе наведам неколку примери, кои се уште имаат активна употреба во говорниот јазик во Корчанско - Поградечкиот регион. Заемките од словенските јазици поприсутни се во селските населби, таму каде се уште нема силно влијание албанскиот стандарден јазик и досега успеале да опстанат.

Дел од овие зборови претставуваат дијалектни форми и за македонскиот јазик, но имаат широка употреба не само во албанската дијалектна реч туку и во македонскиот говор во Мала Преспа. Овде ќе наведам дел од нив:

bellvicë (белвица, вид риба), belushkë (белушка, риба, од Охридското езеро), brdillë (брдила, дел од разб за ткаење), brllok (брлок, плева, со значење ситна слама), bistër (1. Кисела слива, 2. Достоинствена жена), bishër (бисер), bludë блуд, даска за правење кори), borigë (борига), buhavit /buhavis (буват, но овде е со значење набобе, надојде), bukli (буклица), branë (брана, леса , дел за орање со запрега), brazdë (бразда), burë (бура), cërvenkë (вид круша црвенкава), cifun (цифун), ciknë, (цикна, лута студ), ciknos (цикноса, се суши од студ), cërpallë (црпало, за ловење риби во реки), çun (чамец, се среќава во Поградец, додека во Мала Преспа/чумка), damalug (дамалуг, средство за орање), dever (девер, придружникот на зетот на свадба), denik (деник, ладен ветар кој дува од езерото), dërmon (дрмон, сито за грав), divjaçkë (дивјачка, диво јаболко), drobit (се дроби, со преносно значење се движи постојано), kleçkë (клечка), galicë (галица), gërbaç (грбав човек), golash / gollashinë (голашина, гол рид), grashinë (грашина , вид трева), gushtericë (гуштерица), iskrë (искра), ikrë (икра, рибји јајца), prç (прч),sinor (синор) stap (стап), spicë (спица), teto (тетка) Кај овој збор е позајмена не само формата , но и значењето во говорите од Корчанско – Поградечките краеви. За разлика од другите албански говори каде што постои освен формата тето/тезе (сестра на мајка) имаме и hallë (сестра на татко), но во овие говори како и во македонскиот јазик, постои само една форма со поопшто значење .

Гледајќи врз географската распространетост на словенските заемки во Албанија , очигледен е фактот дека голем број на тнр. словенизми, се наоѓаат во некогашната област Главеница, во областа каде што Св. Климент Охридски ја вршел својата мисионарска дејност, области во коишто и денес се чуваат траги на словенството. Тие траги позастапени се во Девол, Корча, Скрапар, Грамш, Берат каде што и денес е запазен топонимот на селото наречено Главеница. Друг факт за македонско – албанската вековна симбиоза е и присутноста на македонското население во јужно гегискиот албански дијалект (тука се Гора и Голобрдо) и во источнотоскискиот дијалект (Мала Преспа и Врбник), вклучувајќи и голем број асимилирано македонско население (како што е Бобоштица, селата во Поградечкиот регион и не зборувајќи за голем број жители кои живееле и живеат во градски населби.

Поврзувајќи ги овие фактори и големиот фонд на лексички елементи, кои толку видливо го чуваат етимолошкиот македонски корен, не е тешко и страшно да се докаже дека тие тнр. словенизми се дамнешни македонизми.

Виолета ЈАНУШЕВА

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ВИДСКИОТ МОМЕНТ КАЈ ГЛАГОЛИТЕ ВО БИТОЛСКИОТ МАКЕДОНСКИ ГОВОР ВО СПОРЕДБА СО БИТОЛСКИОТ ВЛАШКИ ГОВОР

Статијата, пред сè, претставува обид за примена на семантичката теорија за видот врз јазик со неморфолошки аспект (битолскиот влашки говор), за да покаже дека оваа теорија навистина претставува универзален модел за опишување на видот.

Семантичката теорија, од која поаѓаме во статијата, видот го сфаќа како семантичка категорија која се изразува со лексички и со граматички морфеми. Постојат два типа прост вид: свршениот / моментен: *ѝукне* и несвршениот / континуативен: *чувсѿвува*, но и нивните комбинации при што се добиваат сложените видови, односно конфигурации. Формите од типот: *ѝукне*, *ѿроѝне*, *чукне* се семантеми со суфикс –н, кој пак претставува семантички момент што го означува простиот моментен вид и учествува во градењето на сложените видови (конфигурации) со доминанта - момент. (в. Каролак,1998, Спасов, 1997).

Како што е познато во влашкиот јазик (романски тип на јазик) не постојат морфолошки показатели на видот. Видот се изразува лексички, преку значењето на лексемата, преку значењето на глаголската основа, преку употребата на глаголската лексема во временските односи и со перифрастични изрази. Простиот моментен вид и сложениот вид со доминанта – момент (инхоативна / терминативна конфигурција - свршен вид), се изразуваат со глаголска лексема употребена во perfectlu simplu (tricutlu definit – со акцент секогаш на првиот слог од крајот на лексемата), време кое спаѓа во индикативот, кој е еден од петте лични

форми во глаголскиот систем на влашкиот јазик и / или со перифрастични изрази. Корелат на ова време во СМСЈ е МОСВ – аорист.

Колку што ни е познато, вакви семантички ориентирани испитувања на видот во влашкиот јазик, досега не се направени.

Статијата разгледува неколку глаголи со суфикс –н, без се во својот состав како лексички единици, непрефиксирани и првобитно непреодни кои во одредени контексти ја прошируваат својата валентност.

Вторичната преодност на овие глаголи со сите нејзини карактеристики, не е предмет на статијата.

Испитувањата на овие глаголски форми во врска со вторичната преодност во битолскиот говор покажаа дека кај овие предикати во одредени исти или различни контексти, се јавуваат синонимни форми, од кои едната е со значење на простиот моментен вид, а другата со значење на една од конфигурациите со доминанта – момент (инхоативна или терминативна). Во РМЈ е дадена формата со семантика на момент, но во битолскиот (можеби и во други говори), семантичката деривација е отидена многу понапред. (в. Јанушева, 2003).

Со оглед на фактот дека станува збор за јазици различни во поглед на структурното изразување на видот (македонски – влашки), целта на статијата е да се направи споредба на значењата што ги имаат глаголите со суфикс – н во одредени контексти, во битолскиот македонски говор со значењата на соодветните глаголски лексеми во битолскиот влашки говор во истите контексти и да се види како се однесуваат овие глаголи во поглед на видот во двата јазика. Социолингвистичка забелешка: битолскиот говор, како основа на СМСЈ, го сфаќаме како престижен.

Парафразата на глаголите со суфикс –н е: се случи во еден момент, се случи + да + предикат еднаш и толку. Пред тој момент и по него дејството не се случува.

Анализата на предикатите со – н, во битолскиот говор покажа дека постојат:

-предикати со –н, составени од континуативен корен (К) + моментен суфикс –н (М) кои според семантичката теорија за видот претставуваат една од конфигурациите инхоативна / терминативна, односно инхоативни или терми-

нативни предикати. Покрај оваа семантика во битолскиот говор (можеби и во други говори) тие изразуваат моментно дејство така што моментниот суфикс –н го одзема т.е. го неутрализира континуумот:

Дувне – 1. дувне

Шо ме дувна еден ладен ветер, в коски ми влезе студо; Парафраза: се случи да ме дувне само еден момент; Căndu mi suflă un vimtul arcuros, tu ase mi intră arcore;

Излегов на џам и ко ме дувна то ветрето, ми дојде поарно; Парафраза: се случи да ме дувне само еден момент, се случи да ме олади во еден момент; Inshii pi firidă shi căndu mi suflă un vimtul nji vine gine;

Ги дувна свеќите, фиг.; Парафраза: се случи да ги изгасне во еден момент; Li suflă tserle;

Капне – 1. капне

Ко ми ја капна та капката в очи ме изгоре; Парафраза: се случи да ми стави лек (капка) в око, во еден момент, еднаш; Căndu nji ciucă cicută tu oclju, mi arse;

Цркне – 2. разг. пукне, прсне

Ја цркна гумата, разг., фиг.; Парафраза: се случи да пукне, да прсне во еден момент; Lu cripă lastica; Cripă = пукне;

Како што се гледа и од наведените примери, во битолскиот влашки говор, предикатите во контекстите изразуваат моментно дејство, но инхоативност / терминативност најчесто изразуваат со перифрастични конструкции почна да / престана да, иако во некои случаи, според анкетираните, лексичкото значење на основата на глаголот дозволува инхоативна / терминативна интерпретација, а тоа може да се види од контекстот во кој се употребува предикатот.

-предикати со –н, составени од моментен корен (К) + моментен суфикс –н (М) кои изразуваат инхоативни / терминативни предикати. Ова го објаснуваме преку обратната семантичка деривација при што се тргнува од несвршената глаголска форма: чук- (М) + -а (К) > мултипликација на моментот во актуелно време. Потоа со –н, глаголот станува свршен и тоа –н ја одзема мултипликацијата, а коренот се трансформира во континуум:

Скокне – 3. фиг. измени се реско, за цени

Ги скокнаа цените, фиг.; Парафраза: почнаа да бидат повисоки; Li sculară ti njiurle; Sculară = качи, крена;

Тропне – 1. произведе шум со удирање на нешто, при движење; 2. чукне, за врата

Ја тропна вратата; Парафраза: ја затвори со силен тресок, престана да биде отворена; U amină ushă; Amină = удри, бапне;

Ја тропнаа камбаната; Парафраза: почнаа да ја тропаат, да ја чукаат; Изразува временска ориентација; U asună cămbane; Asună = чукне;

Го тропна тапано, фиг.; Парафраза: почна веселба; U amină tămpănă; Amină = удри;

Фркне – 2. севне, прободи; **Штрекне** – 1. клукне, за дамар, жила

Нешто ме фркна / штрекна во рамото, во глата; Парафраза: почна да ме боде, почна да ме клука. Tsavă nji fetse sulă tu bratslu, tu caplu; Tsavă mi incisi s – nji fatsă sulă tu bratslu, tu caplu;

Според анкетираните, во битолскиот влашки говор, предикатите *скокне* и *тропне* во контекстите изразуваат инхоативност / терминативност, додека *фркне* / *штрекне* инхоативноста ја изразуваат перифрастично. Буквалниот превод на примерите со *фркне* / *штрекне* гласи: нешто ми направи бодеж во рамото, во главата.

-предикатите со –н, составени од моментен корен (М) + моментен суфикс –н (М) кои покажуваат моментно дејство:

Боцне – 2. фиг. пецне

Го боцна кај шо не треба, фиг.; Парафраза: се случи да го пецне во еден момент; Lu ăncăpă yu nu lipseshte;

Гребне – загребе, огребе

Ме гребна со ноктите; Парафраза: се случи да ме огребе во еден момент; Mi zgrămă cu ungilje;

Плукне

Го плукна в лице; Парафраза: се случи да исфрли плунка во еден момент; Lu ascuce tu fatsă;

Мрдне – 1. мрдне

Ја мрдна раката; Парафраза: се случи да направи движење со раката во еден момент, само еднаш; U mină mănă;

Ја мрдна масата; Парафраза: се случи да направи движење со масата во еден момент, само еднаш; U mină masă;

Скокне – 1. направи скокови

Го скокна ѕидо; Парафраза: се случи да скокне преку ѕидот во еден момент, само еднаш; U ansari stizmă;

Тропне – 1. произведе шум со удирање на нешто, при движење

Ја тропна вратата; Парафраза: се случи да ја затвори со силен тресок, во еден момент; U amină ushă;

Фркне – 2. севне, прободи; **Штрекне** – 1. клукне, за дамар, жила

Нешто ме фркна / штрекна во рамото, во глата; Парафраза: се случи да ме прободе, клукне, во еден момент, само еднаш. Tsavă nji fetse sulă tu bratslu, tu caplu;

Според анкетираните, во битолскиот влашки говор, предикатите во контекстите изразуваат моментно дејство. Само во последниот пример моментно дејство се изразува перифрастично.

Заклучоци

Во битолскиот македонски говор, од морфолошка гледна точка, суфиксот –н и видската информација што тој ја носи за изразување на простиот моментен вид и сложениот вид со доминанта – момент (инхоативна / терминативна конфигурација), не ги опфаќа сите глаголи на –н.

Во битолскиот влашки говор не постои морфолошки (структурен) показател кој е еквивалент на суфиксот –н за изразување на простиот моментен вид и сложениот вид со доминанта – момент. Според анкетираните, во влашкиот битолски говор, контекстот е показател на тоа дали предикатот означува моментно дејство, почеток или крај. Глаголската основа во одредени случаи, во даден контекст е двовидска и може да има семантика на момент или семантика на континуум.

Од овие заклучоци може да се констатира дека интерференцијата меѓу македонскиот битолски говор и битолскиот влашки говор (и посредно меѓу македонскиот и влашкиот јазик) не е на рамништето на формата (структу-

рата) туку на рамништето на семантиката (внатрешната структура).

Со оваа статија сакаме да покажеме дека една поопсежна анализа на видот кај јазици со неморфолошки вид, каков што е влашкиот и јазици со морфолошки аспект, каков што е македонскиот, ќе покаже дека употребенава семантичка теорија за видот е навистина еден универзален модел за опишување на видот во природните јазици.

Литература:

Јанакиески, Ј. 1993 – Ianachieschi, I. *Gramatică armaneaskă simplă shi practică*. Скопје, Лига на Власите во Македонија.

Јанушева, В. 2003. *Проширување на валентноста на непрефиксираните едноаргументски глаголски предикати во македонскиот јазик, во говорот на Битола и Битолско*. Магистерски труд, Скопје.

Каролак, С. 1998. Поимот инхоативност и инхоативната конфигурација во граматиката на македонскиот вид. *Македонски јазик*, XLV – XLVII: 23 – 38.

Конески, Б. 1987. *Граматика на македонскиот литературен јазик, дел I и II*. Скопје, Култура: 369 – 393.

Миркуловска, М. 1999. Моментност како темпорална карактеристика на глаголската лексема во Граматиката на Конески. *Придонесот на Б. Конески за македонската култура, посебно издание*. Скопје: 167 – 171.

Спасов, Љ. 1995. Од глаголскиот вид во македонскиот јазик. *Прилози на МАНУ*, XX, 1 – 2: 205 – 214.

Спасов, Љ. 1997. Дефиниции на видските (аспектните) конфигурации во македонскиот јазик. *Предавања на XXIX меѓународен СМЈЛК*: 31 – 36.

Пановска – Димкова, И. 2002. *Лимитативната видска конфигурација во македонскиот јазик*. Скопје, 3Д – Проект студио.

Дореана ХРИСТОВА

МАКЕДОНСКИТЕ И ЕВРОПСКИТЕ ЈАЗИЧНИ И КУЛТУРНИ ПРИДОБИВКИ

Македонско и европско мото е Гоцевата мисла за поимање на светот како поле на културен натпревар меѓу народите, што се роди во Македонија два века порано. Иницијативата за европеизирање на овој континент се чини е трасирана на ова поднебје, и покрај безбројните препреки наречени „балкански синдром“. На подрачјето на Македонија уште во 9-ти век се раѓа и првиот европски универзитет – Високата Св.Климентова или Охридска школа, чие чествување би требало да се одбележува и кај нас како дел од европското културно и наследство, онака како што тоа со векови се практикува за Сорбона во Париз, Болоња, или Лувен (Белгија) кои од теолошки институции прераснаа подоцна во универзитети. За сиот интелектуален свет тоа е инспирација за висока култура на која мораме да се навраќаме бидејќи токму тоа е патот кон изворниот европски незаборав Сепак Европа, во чиј состав влегува и нашата земја е акумулатор на антагонизми. Во грчката митологија, тоа било име на повеќе хероини, меѓу кои најславна била ќерката на Агенор и Телефаса која со убавината го маѓепсала Зевс, па еднаш додека се шетала покрај морето тој се појавил пред неа, ја грабнал и ја однел на Крит, каде ја сместил покрај еден извор околу кој земјата станала плодна и благословена. Повеста за Европа почнува со Грците. Ако се прашаме каде била посочувана во тие времиња европската култура ќе забележиме дека двете големи антички цивилизации претставени преку Грција и Рим повеќе од 20 векови биле лоцирани на југ околу Средоземното Море, а северот и западот се сметале како варварски и неинтересни подрачја. Европскиот простор по падот на Римската империја се дели на источен

и западен. Во средниот век Европа се потврдува во борбата против бројните окупатори. Политиката на Александар Велики е врска на дејства врзани за Европа и Ориентот, со што се внесува идејата за универзално владеење. Но тоа не е пронајдок на Александар Македонски, туку таа источна идеја лебдела уште во Вавилон во 3-тиот милениум пред раѓањето на Исус Христос, кога суверенот се нарекувал „крал на 4-те страни на светот". Идејата за сеопшто царство е клучниот сегмент во европската историја. Во даден момент исламската империја се протегала од Кина до Атланскиот Океан, кога арапските учени луѓе се инспирирале од европската размисла и наука, на која ѝ ги подариле арапските бројки. Карло Велики се спротивставувал на исламскиот наплив. Тој обединил огромен дел од континентот од Балтикот до Средоземното Море, т.е. од Унгарија до Атланскиот Океан, а главен град му бил Екс-ла-Шапел (Aix-la- Chapelle). Шокот претрпен од муслиманската окупација ги предизвикал крстоносните т.н. „свети" војни, а со тоа на религиозен план цивилизацијата довела до градење свест за европски идентитет, при што поимот Европа не се користел во стриктно географска, туку и во политичка смисла.

Но 4-тата крстоносна војна била погубна за христијанското европско население, кога венецијанскиот дожд Дандало им наредил на крстоносците да го нападнат Цариград, место Палестина.

Тогаш во Цариград е извршен грозен масакр и грабеж, што предизвикал револт кај Грците. Оттогаш почнал расцепот на Европскиот исток и запад што криел несогледиви последици за Византиското царство кое во тој период било наречено «болниот европеец», иако Византија се сметала надмоќна над Словените, Персијците и Турците.

Во средниот т.н. «век на фрустрации» не постоеле граници : тогаш со Шпанија владееле христијански кралеви иако во неа сè уште доминирало исламското влијание. Преминот од еден на друг крај на континентот нудел климатско, верско шаренило на пејзажи без да ја даде јасната слика за Европа. Оттука идејата за обединување на медиевалното општество се уточнила во обнова на римската империја како универзално владеење во институционализираната Res publica christiana. Сепак во општеството

владеела крајна несигурност и Европа станала почва за грабеж и насилство, наспроти мирот во манастирите, дворците. Инвазиите го забрзале создавањето на феудалниот поредок. Политичката мисла во средниот век ја водела идејата за обединување во едно царство. Според Сент Огистен евангелиската парабола « дај му го на попот – поповото и на бобот – бобовото » « rendre à Dieu ce qui est à Dieu et à César ce qui est à César » се навестува двојна љубов : самољубие што води кон заборавање на Бога, симболизирајќи го земниот живот или привремената моќ/власт во државата, наспроти преданата љубов кон Бога што доведува до самопрезир – како одраз на небесниот живот и духовната црковна власт. Христијанската цивилизација никогаш не била мирољубива, туку напротив жигосана со две разијдувања, првото во 11-тиот век меѓу православниот исток, со раскошните литургии и католичкиот запад, за кој таа морала строго да се придржува до одредени правила. Девет века православците и католиците си разменувале анатеми и тоа траело до 1965 год. Вториот христијански расцеп е во 16-ти век меѓу католиците во јужниот дел на Европа и протестантите од север. Наполеоновата мечта како и онаа на Карло Велики инспирирана од светото римско-германско царство, се материјализирала во универзалното владеење со еднакво парично средство, исти мерки за тежина и закони. На крајот од 19-тиот век германската надмоќ во Европа била олицетворена преку мудрите потези на Бизмарк кој успеал да ги здружи поранешните ривалски земји (како Русија и Австрија кои отсекогаш имале свои претензии кон Балканот, а наедно и дотогаш непријателски расположените Австрија и Италија). „Урамнотежената политика на моќните земји е англиско лого“, пишува Polanyi Karl во делото « Големиот пресврт », (1983), Paris, Gallimard (стр. 337). Според Fox националниот интерес на Англија се меша со одмереноста на моќта во Европа.

Англискиот е службен јазик во Обединетото кралство. Тој припаѓа на германската група јазици, но по норманското заземање, претрпе силно романско влијание, а претежно од францускиот.

Келтскиот, галскиот и гаелскиот јазик денес се зборуваат во земјата Galles каде галскиот е еднакво официјален јазик како и англискиот во администрацијата и

судството. Тој јазик е во жива употреба во Шкотска и во Северна Ирска. Британскиот е близок дијалект на говорниот бретонско-француски.

Во англо-норманските острови франко-норманските дијалекти сè уште се застапени. Капитализмот одиграл контрадикторна улога во меѓународната комуникација: од една страна го пласирал вкрстувањето на економските искуства и трагањето по суровини како насока во индустриското производство, нагласувајќи ја моќта на колонијалните противници и нивните владеења, а од друга страна иницирал размена на искуства, на економски и технолошки план. Трговијата и финансирањето биле најодговорни за бројните колонијални војни. Од средината на 19-тиот век се потпишувале мултилатерални конвенции со што се удрил темелот на првите меѓународни организации, како: Меѓународна телеграфска унија, (1865), Меѓународно биро за тежина и мерки (1875), Универзална поштенска унија (1878), Железничка унија (1890). Тие инсистираат државите да се откажат од сопствениот суверенитет во прилог на поизразената кооперативност на економски и политички план што ќе го краси наднационалниот белег. Наспроти тоа националистичките движења постојано резултирале со создавање на нови независни држави. Првата светска војна ги рефлектира хегемонистичките конфликти на големите европски сили. Дотогаш Европа била доминација на големи сили на копно и на море. Војните ја ослабуваат Европа и таа по Првата светска војна ја губи водечката улога со светот. Во таква констелација европските земји трагаат по нови обединувачки патишта, иако економските и политичките кризи ги рушат сите надежи.

Аветското надвиснување на Втората светска војна бара пребројување на силите во Антантата со Франција, Англија и Русија, наспроти тројниот сојуз Германија, Австрија и Италија. По војната европската дихотомија се преточува во два блока: источен комунистички и западен капиталистички. Крајот на комунистичкиот режим во 1989 г. нуди нови солуции за редефинирање на европскиот простор.

Разновидноста на етнички и лингвистички заедници се дел од европската ризница, но и причина за нова континентална нестабилност. Тензијата меѓу европските држави

и нејзините етникуми никако не стивнувале. Прашањето за националните малцинства е контрадикторно за системот познат како една држава со една нација. Мировната конференција за принципот на националноста ја промени европската карта: место претходните 20, континентот брои 45 држави со илјадници километри нови отцртани граници. Американскиот претседателски универзалист, Wilson, универзалист пледирал за застапување на принципот на националност како доминантна тема, убеден дека водечкото светско кормило веќе ѝ припадна на Америка. Неговата цел беше создавање на нов светски поредок. Тој тврдеше дека за војна нема други причини освен одмерената стара практика на европските сили кои не водат сметка за националноста на другите. Вилсоновата идеологија беше прифатена како доктрина на меѓународното право: право на народите да решаваат за себе, како формула за колективна слобода и хуманистички прогрес во меѓународната организација што ги обединува државите. Мирното коегзистирање на државноста во однос на политичко единство се постигнува со дезинтеграција на нацијата од државата или со напуштање на идејата за држава-нација, во насока на признавање на мултинационалноста. Хелветското население во Швајцарија се дели на јазичен план на германофонско (што е таму најбројно), франкофонско, италофонско, ретророманско (1% во областа Grisons). Швајцарија како и многу други земји конфронтирани со плурилингвизмот, се одлучи за територијалниот принцип (во 17 кантони се практикува германскиот јазик, во 3 францускиот и во 1 италијанскиот, но 4 кантони се поделени на повеќе јазични зони). Територијалниот принцип подлежи на исклучоци: франкофонски училишта во алеманскиот кантон во Берн за децата на федералните франкофонски функционери или германски училишта на франкофонска Јура за децата на германофонските функционери. Меѓу европските јазици само баскискиот и угро-финскиот (фински, лапонски, естонски, унгарски, уралски) не припаѓаат на индо-европското потекло. Другите европски јазици се групирани во големи фамилии: келтски јазици (гаелски, галски, бретонски), италски или романски јазици (португалски, шпански, француски, италијански, романски), германски јазици (германски, англиски, холандски, скандинавски

јазици), балтички јазици (литвански, летонски), словенски јазици поделени во неколку групи (на запад чешки, словачки, полски, на југ: словенечки, српско-хрватски, македонски, бугарски, на исток: руски, украински. Други јазици како албански, грчки го дополнуваат индо-европското шаренило. Европското биро за не многу познати јазици призна 30-тина јазици во локална употреба покрај официјалните јазици на земјите членки во Европската заедница. Само Португалија не разликува никаква лингвистичка групна автономија. Војводството Луксембург практикува 3 јазика: letzeburgesh како службен јазик, но францускиот е дипломатски јазик во оваа земја, додека германскиот е јазикот на печатот. Во Италија покрај стандардниот јазик се употребуваат уште 12-тина јазици и локални дијалекти. Англискиот не е апсолутен господар во Обединетото кралство, каде се зборува и на шкотско-гаелски во Highlands, галски во Galles, лалански во Ulster. Повеќе јазици се признаени во Шпанија: кастилјанскиот е службен државен јазик, но се прифаќа и баскискиот во автономната баскиска покраина, каталонскиот во Каталоња и на Балеарските острови прифатен во локалната администрација, галициски во Галиција. Во Франција меѓу малцинските јазици се вклучуваат: бретонскиот, баскискиот, каталонскиот, окситанскиот, корзиканскиот, фламанскиот, алзашкиот.

Секоја земја го следи сопствениот пат на афирмирање во поглед на националната градба на јазично експонирање. Јазикот не се наметнува спонтано, туку со политичка волја во текот на процесот на лингвистичка унификација, при што еден идиом добива предност пред другите. Лингвистичката унификација кај некои европски нации доцна се остварила, воглавно во 19-ти век кога се акцентирала идејата за држава-нација. Францускиот јазик бил јазик на правото, на кралот и на државата. Француското образование станало задолжително во Третата француска република кога францускиот јазик бележи национален триумф. Развојот на англискиот јазик е поинаков. Две инвазии ја сочинија Англија: англо-саксонската во 5-ти век и норманската во 11 век. Три јазици опстанале во Англија: латинскиот за свештенството, англискиот како народен и францускиот како кралски јазик.

Трите јазици наизменично се мешале во јавноста. Ако прашањата се пишувале на англиски јазик, Парламентот одговарал на француски. До крајот на 15-ти век законите биле напишани само на латински и француски јазик. Англискиот напредувал за време Ренесансата паралелно со економскиот и политички подем на средната класа и реформистичкото движење. Wycliffe ја превел Библијата на англиски јазик со што се олеснило директното читање на светото писмо сред општеството кое ја напуштило римокатоличката црква.

Во Германија иста улога одиграле реформите. Лутер (Luther) сметал дека секоја држава треба да има своја религија и свој јазик. Преводот на Библијата на германски јазик бил најдобар инструмент за германизирање на Европа, каде лингвистичкото единство претходело на политичкото.

Во споредба со францускиот и англискиот јазик, класичниот германски период е подоцнежен. Во 18 и 19 век со Гете (Goethe) и Шилер (Schiller) се фиксира современата форма на германскиот јазик што објаснува зошто германскиот романтизам шармиран од идејата за национална конструкција, производ на Француската револуција, го поддржа спојот меѓу јазикот и нацијата. Француската замисла за нација настанала со јакнењето на државата и правото, а германската мисла за национално единство се создала на лингвистички план, што значи дека француската држава извршила силно влијание со францускиот јазик врз населението на својата територија, а Германците создавале држава за да ги интегрираат териториите каде се зборувало на германски јазик. Италија е сосема друга конфигурација: јазикот на Данте е водечки до 18-ти век. Во делото «Вереници» Manzoni вели дека италијанскиот наскоро ќе стане мртов јазик и предлага негово фиксирање врз тосканскиот, со што се задава удар на дијалектите, кои се актуелни и во 20-иот век. Во Централна и Источна Европа кодификацијата на јазиците се должи на црковното влијание и националното движење. Некои јазици се кодифицирале во Ренесансата (како чешкиот со преводот на Библијата од Јан Хус, а тоа е и случај со словенечкиот). Најмногу јазици се фиксирале во 19-ти век: албанскиот, бугарскиот, српскохрватскиот, романскиот, украинскиот, литванскиот. Слове-

нечките, полските, чешките и хрватските католици ја прифатиле латиницата, а православните Срби, Руси, Македонци, Бугари – кирилицата. Романците биле православни, но ја замениле кирилицата со латиница за да го афирмираат латинизмот во своите лингвистички корени. Идејата за држава-нација не е компатибилна со онаа за европско интегрирање и унифицирање. Од една страна мондијализацијата и глобализацијата на размена на искуства дава предност на англо-американскиот јазик во трговијата, туризмот, научните изданија, но од друга страна поради зачестените регионални движења опстануваат локалните јазици. Наоѓајќи се меѓу двата огна (англо-американскиот и локалните барања) францускиот јазик се потпрел на франкофонијата, а Квебек посебно ѝ бил приврзан на идејата за сестраност на францускиот јазик, при што во Африка тој трпи одредени измени – со т.н. pidging. јазици. Културните граници што ја делат Европа не се врзуваат само за лингвистичките.

Постојат разлики кај народите во однос на начинот на живеење, или сфаќањето за светот. Во « Духот на законите » (De l'esprit des lois) Montesquieu нагласува дека општ дух на една нација владее кога повеќе фактори влијаат врз човечките суштества : климата, религијата, законите, обичаите, однесувањето. Менталитетот се дефинира како « систем за препознавање на една општествена група ». Montesquieu

(Монтескје) опишува дека Французинот го карактеризираат живиот дух, дискусијата, но и индивидуализмот, независноста, приврзаноста кон сопствената почва, Англичанецот е бавен во умствените реакции, чувствува аверзија кон апстрактни идеи, се потпира само на искуството, горд е што потекнува од народ убеден во својата супериорност, приврзаник е на патриотизмот кој води кон затвореност заради религиозните убедувања, Германецот ни открива реалистичен дух во животната практика што коегзистира со смислата за одговорност, дисциплина, масовна организација, хиерархиска подреденост и верност кон претпоставените, Русинот трпеливо шпекулира, се повлекува во пасивен стоицизам, широкоград е кон странците, а неговата главна врска е земјата, која му дава сила да се спротивставува во случај на окупација. Главна црта на

Италијанецот е неговиот индивидуализам, традиционалната интелектуална слобода како и кај Французинот, само што кај него надвладува скептицизмот, во облик на ироничен резигнирачки песимизам.

Терминот « запад » се употребуваше за дејствијата на сојузниците на американските сили под закрила на ООН. Западот се идентификува со систем на вредности, со одреден политички и економски опфат. Во « Граматиката на цивилизациите » Brandel зборува за т.н. « американски европеизации ». Постојат значи други Европи надвор од Европа, во прв ред тоа се САД како најактивен фактор во европскиот дипломатски живот, посебно во рамките на институциите ОБСЕ = C.S.C.E. (организација за безбедност и соработка со Европа) чија мисија е разработка на финалниот акт на конференцијата во Хелсинки, потпишан во 1975г. Американците се надеваа дека ќе имаат корист од една таква институција: секретарот на американската држава James Baker предложи создавање на евро-атланска заедница.

Идеологија значи прифаќање на теории или доктрини на еден дел од социјалниот корпус, а тој збор се потпира на концепцијата за истовремено искажување на реалноста и идеалот во светот.

Rousseau (Русо) е убеден дека « човекот се раѓа слободен », а на тоа субјективно сфаќање за светот се надградува рационалната општествена организација. Слободата според Русо е нераздвоив сегмент на еднаквоста, и негов предлог не е либерализмот туку демократијата, при што овие два поими за него се антагонистички : принципот на либерализмот е индивидуализам што води кон т.н. закон на посилниот, додека принципот на демократијата е општественото битие. Либерализмот доаѓа од зборот «liberté» = слобода, од кој западот си создал свој амблем. Зборот „идеологија“ го покрива значењето за светот што ја одразува реалноста и идеалот. Протестантизмот не е изум на капитализмот, но сепак не може да се издвои идејата дека протестанскиот индивидуализам е креатор на формулирањето на економскиот либерализам каде Калвен и Лутер (Calvin, Luther) проповедаа послушност на времената власт и не му дозволуваа на народот да се крене против тиранијата. Во основа либерализмот се фокусира врз

слободното сфаќање на времената власт. Правото за слободно проучување на индивидуализмот раѓа нови откритија покрај оние во Светото Писмо.

Модерниот либерализам еволуирал во однос на физиократите, но останува и понатаму замислата за "laissez faire" = « да попуштаме », а и тоа е еден начин за поимање на слободата. Францускиот селанец останал на нивото зацртано од Ришелје во 1630 г. « државната мазга » (le mulet de l'Etat). Револтот на селаните не ја подобрувала состојбата, но имало премногу незадоволни, а сепак тие не ја кренале Францускатa револуција, ниту пак од неа профитирале. Она што им користело на сите било елиминирањето на судските и фискалните спорови на стариот режим. Во однос на градскиот индивидуализам Макс Вебер и Димон (Max Weber, L.Dumont) имале слични погледи дека "урбаната заедница како масивна појава е западен изум", односно дека « европската цивилизација се формирала на запад ». Ренесансниот урбанизам се развива во чекор со земјоделските активности, демографскиот наплив, економскиот развој и токму во Средниот век се мултиплицираат градовите-држави, каде најмногу цветала трговијата и економијата, на пр. во Италија најпознати биле градовите: Венеција, Ценова, Фиренца, Милано, во Холандија: Бриг и Ганд, во Германија Либек. Тие градови се зародишот на капитализмот. Најмногу француски градови настанувале со збратимување на буржуите преку заклетва, озаконети преку легалната власт. Така се креираа « склученио договор » и « законската повелба » кои водат директно кон автономија и автокефалност. Здружувањето беше неопходно заради одбрана на интересите на локалните сопственици. Така во градовите беше застапено т.н. административно локално право. Слободните средновековни градови имале право да објаваат војна, да ја гарантираат правдата, но тие функции постепено преминале во надлежност на државата. За Англичанецот Марк Блок (Marc Bloch) "да се биде слободен значи да постои јавно право, односно право на правна институција. Англискиот парламент е пионер во историјата на европските политички институции, кој од една страна имаше одлучувачка улога за градење на национална држава, а од друга страна беше продукт на борбите против одземањето на слободата од страна на суверенот.

Иницијалниот акт на Magna carta или Големата повелба му наложува на кралот да ја гарантира слободата на луѓето, образложена во 60 членови. (пр. гаранција за индивидуална слобода во член 39: никој слободен човек не смее да се затвора или да му се одзема имотот, или да се нарече дека е "надвор од законот=outlow" или да биде протеран од земјата, без легално судење според законот на земјата. Англиската лекција ја привлекоа повеќе ученици, меѓу кои и Французинот Монтескје (Montesquieu), како и американските колони од кои три четвртини беа со британско потекло и не се согласуваа со принципот на плаќање данок на матичната држава, што беше услов за војна во Бостон во 1770, а во 1776 се потпиша декларација за независност во Филаделфија. Тој текст е инспирација за либералистичка повелба : "Ги сметаме за евидентни следните вистини : сите луѓе се создадени да бидат еднакви, Создаделот им подарил право на живот, слобода и барање среќа. Владите ги сочиниле луѓето за да ги гарантираат човековите права, а нивната власт произлегува од согласноста на оние со кои владеат." Американската револуција не се издвојува од европската историја: како следбеник на Француската револуција таа ја втемелува идејата за пишан устав, пишана декларација за основните права, каде либерализмот имаше предзнак "оптимизам за човековата иднина". Адам Смит (Adam Smith) во делото "Барање на природата и богатството на нациите" ја нагласува идејата дека социјалниот ред настанал како резултат на личните интереси, или заради конвергентноста на посебните и општи интереси. Тој вели дека "секој вработен си ја бара само сопствената заработувачка и тој како сите други се раководи од една невидлива рака", а за тоа доволно е да се пушти да функционира "едноставниот и лесен систем на природната слобода".

Класичната политичка економија инсистира на термините : корист, калкулација, слобода.

На утилитаристичката доктрина се надоврзува "Воведот во принципите за моралот и законските одредби" во 1789 г., каде јасно се наведува дека "природата го потчинила човекот под власта на два господари: задоволството и болката". Бентам (Bentham) предлага "аритметика на задоволства", според која задоволството на поединецот дозволува реализирање на општествена хармонија со помош на

корисни колективни институции. Користа придружена од ефикасноста и пресметувањето, го потенцира духот за креирање претпријатија, профит, натпревари, оптимален живот. Бенефитот е главната инспирација на економската мисла во 19-ти век. Првата светска војна и големата криза во 1929 г. задаваат жесток удар на либерализмот, но тој опстојува како западен теориски принцип, за да триумфира кон крајот на 20-тиот век. Со пропаста на комунистичкиот систем се обнови либералната идеологија за градење на практичен утилитаристички дух во еден "егоистичен систем". По либералниот капитализам следеше комунистичкиот сон кој покасно се претвори во кошмар, но со паѓањето на тој режим се смени текот на историјата: светот го изгуби мирот, либералната обнова не се оградува на економијата, туку се рефлектира врз политичкиот и општествениот живот со одредени институционализирани догми на макро и микро план, на пр.: едно домаќинство добива димензии на производствена заедница со стапка на трансакции со inputs на сопрузите и outputs на домаќинството. Овој ненаивен јазик е распространет во сите места, медиуми, општествени науки, а тоа е јазикот на пресметувањето, инкасирањето, на демократскиот дефицит и на владеењето со хуманите ресурси. Унифицирањето на светот во пространа пазар препуштен на немилосрдна конкуренција на моќните не престанува да го продлабочува јазот меѓу нееднаквите. Варварин за Грците беше оној што го зборуваше непознатиот за заедницата јазик, а во модерните општества варварин е оној што понесен од егоистичката пресметка, заборавил на смислата за заедништво.

Индивидуализмот го 'р ѓосува општеството-вели Токвил: откако ги уништи другите цивилизации, европската западна цивилизација, навидум бесконкурентна до крајот на 20 век, би можела да стане опасност за самата себе под корозијата на внатрешниот индивидуализам, кој тежнее да се здобие со сите носечки вредности на таа цивилизација.

Грците ја дефинираат демократијата како власт на народот. За нив нераздвоиви се поимите еднаквост и слобода: исономиа и исегориа, односно секој граѓанин е еднаков (исос) со другиот пред законот (номос) и пред агора каде секој можел да земе збор и слободно да се искаже.

Демократијата не е јасна идеја. Таа е продукт на комбинации. Ако ја разгледаме демократската поставеност на институциите во САД ќе забележиме дека таму најпрво се зацврстила државната градба, како во Франција и Велика Британија, при што секоја држава на свој начин ги применува принципите и потенцијалот во сопствените т.н. "демократски експериментални лаборатории": Англија ја проследи прогресивната еволуција за проширување на правото на гласање и кај жените во 1918 г. Сé се сведува на две теми: како да се изведе преминот од власт и институција, признавањето на сувереноста на народот, а потоа дали демократијата е политичко прашање или и општествено. Монтескје ги разликувал значењата народна слобода и народна власт. Но народот директно не ја раководи, бидејќи по природа на нештата контрадикторни се сфаќањата за државата и демократијата. Либералната демократија почива на одвојувањето на политиката од економијата, а економскиот ред произлегува од граѓанскиот и општествениот. Социјалниот сегмент се наметнува дури во 19-ти век. Така за втората француска република базичен елемент беше уставот, но и двојната политичка иновација: универзалното гласање,како идентификација за демократија и проширувањето на државните функции во социјална насока. Преамбулата ја задолжува Републиката да „обезбеди поделба на обврските и напредок на општеството, зголемување на благодетот на поединецот » и не само да ја штити приватната сопственост, туку и работата. Меѓу гарантираните уставни граѓански права се слободата во работата и индустријата, но исто бесплатното основно образание, стручното образование, односот на еднаквост меѓу газдата и работникот, заштитните инструменти, државната градба, колективната слобода како право на мирно невооружено здружување. Така напредуваше она што се нарекува премин од полициска (Etat-gendarme) во разумна држава/држава на благосостојба (Etat providence). Уставниот систем стана општо европско правило во 2-рата половина на XIX-ти век, освен во Русија со монархијата што веќе не постоеше на континентот.

Проектот за универзитетска франкофонија најпрво има лингвистичка функција, на тој начин што продукцијата на знаења се проследува на француски јазик без ограни-

чување на била која франкофонска земја. францускиот јазик мора да ја негува врската со светските јазици, англискиот, шпанскиот, португалскиот, германскиот но и арапскиот, како и националните јазици што се во врска со него. Задачата на универзитетот е да придонесе да се зголеми инвентивниот квалитет на францускиот јазик, и солидарноста со другите јазици. Тој ги охрабрува научните проекти спремни за кооперативност со големите лингвистички аереи. Во конкурентниот, не толку поволен контекст за литературните дисциплини или хуманите науки, се дава активна поддршка на катедрите за француски јазик, на јазичните центри и франкофонските насоки за да се избегне наставната маргинализација на францускиот јазик

Најпознати инструменти за европското јазично опстојување се службите за лингвистичка нормализација што ја обединува споната универзитетски филолошки експерти за терминологија - влада, терминолошки центри за неологизми, социолингвистички научни центри за заштита на јазичното и културното национално и европско наследство.

Литература

BLANPAIN, D.(1997) Le français en Belgique
HAGEGE, C. (1982) La Structure des langues, Que-sais-je, Paris, P.U.F.
MOUSSIS Nicolas, (2002) ACCÈS À L'UNION EUROPÉENNE, Athènes, Bruxelles, Paris, Ed.Bruylant, Pedone, Papazissis
SOULIER, Gérard (1994), L'Europe (histoire, civilisation, institutions, Armand Colin, Paris.

Наталија БОРОНИКОВА[326]

ЗА «ПРОНИКЛИВОСТА» НА ГРАНИЦАТА МЕЃУ СОПСТВЕНИТЕ И ОПШТИТЕ ИМЕНКИ

Категоријата «именка», чиј показател е член, е разнородна во областа на лексичката семантика. Општограматичкото значење на именките е опредметеност, ама конкретна семантика може да биде најразлична: тоа зависи од нашето сфаќање на поимот «предмет». Обично именките се делат на општи и сопствени.

Општите именки имаат сигнификативна содржина и можат да обележуваат предмет во реалноста. Во истото време тие го индексираат предметот и соопштуваат за него некаква информација. Семантичкиот дуализам на општите именки го истакнуваше уште Џ. Ст. Мил којшто спротивставуваше **конотативни** (општи) имиња и **неконотативни** (сопствени) имиња [Арутюнова, 7]. Конотативните имиња се однесуваат кон предмет и имплицираат атрибут. Неконотативните имиња само го именуваат предметот. Според Мил, значењето на именката се состои не само во денотација, туку во конотација, именките коишто немаат конотација немаат значење [Арутюнова, 7]. Меѓутоа, Е. Курилович смета дека индивидуалните имиња, на пример *Сервантес*, имаат мошне богата семантичка содржина, поради тоа сопственото име коешто е сврзано со конкретна личност не може да се употребува како име за друга индивидуа. Наместо да означуваат индивидуалните имиња само го посочуваат предметот [Курилович, 252]. Ако сопственото име има семантичка содржина, значи тоа поседува и значење; сферата на неговата употреба се објекти коишто тоа може да ги означува [Курилович, 251]. Обично за сопствените имиња се вели дека тие се употребуваат за референција кон единичен предмет, а пак општите именки можат да се однесуваат кон еден предмет и

[326] Исследование выполнено при поддержке грантов РФФИ 2002-2004 гг., № 02-06-80-23, РГНФ 2003-2004 гг., № 03-04-00165а.

кон група предмети. Сопствените имиња како имиња на индивидуалните предмети немаат и не можат да имаат по дефиниција форми на множина и да се употребуваат со член. Општите именки се делат на бројни и небројни. Првите се наименувања за групи еднородни предмети и за одделни претставници од овие групи. Во врска со тоа можат да имаат две форми: еднина и множина. Неизбројливите именки имаат само форма за еднина. Според својата семантика се распределуваат на именки со апстрактна семантика и материјални именки. Избројливите именки обично одат со определениот и со неопределениот член, а со неизбројливите именки не се искористува неопределениот член. Според тоа различни видови член ја маркираат не само именката, туку и нејзиниот карактер. Ама контекстот и намерата му дозволуваат на говорителот да искористува различни видови член со сите групи именки. Посебен интерес претставува појавата како «проникливоста» (преодност) на границата меѓу сопствените и општите именки во текст.

Како материјал за истражување беа искористени текстови на јужнословенските јазици (бугарски и македонски). Во системот на овие јазици постои постпозитивен определен член којшто се спротивставува на општата форма на именката и формата со «неопределениот» член «еден». За типолошката споредба се земаат факти од англискиот јазик каде што формално се изразени двата показатели на категоријата определеност-неопределеност.

Општите именки често се користат како сопствени (на пример – прекари и презимиња коишто произлегуваат од прекари). За разлика од западноевропските јазици во кои презиме не се оформува по определен зборообразувачки модел и формалната разлика меѓу општи и сопствени именки се состои во постоење/отсуство на членот (исто така и во пишување со голема буква): *der (ein)Wolf: Wolf; the (a) smith: Smith* – во јужнословенските јазици презимиња се образуваат со помошта на посебни наставки: *мисирка – Мисирков*, *ситен – Ситникоски*. Поради тоа ќе се задржиме на употребата на општите именки во улога на прекари во текст, или на таканаречените контекстни сопствени имиња – «квази-имиња», според П.Ф. Стросон [Стросон, 82]:

А бегаше за да не биде фатен во срамна прељуба со другарката Дукадинка ***Жарот***... (Андреевски);

...такво нешто можеше да стори само Круцифер ***Пајакот*** (Маџунков);

...пред него се појави ***Човекот-птица*** (Маџунков);

Да вървим сега, - каза ***Остена*** (Вазов);

Такъв беше човекът, познат под имената ***Дяконът****, Васил Левски,* ***Апостолът*** (Вазов).

Кај овие именки «пораснаа» големи букви, ама тие го содржат во својот состав определениот член. Според мислењето на Стросон, «референцијалната семантика на зборовите со определениот член останува релевантна за референција, ама во истото време големите букви ја потврдуваат екстралогичката селекција на референцијалната употреба на «чистите» имиња» [Стросон, 82].

Веќе одбележавме дека сопствените имиња обично се употребуваат во еднина. Ама повеќе од нив се употребуваат со референција кон група лица. Тоа се презимиња (називи за означување на цело семејство или за лица со еднакви презимиња) и имиња на истоимењаци. Според зборовите на Е.Курилович, «кога јас зборувам «денес сите Петревци празнуваат именден» тогаш имам предвид сите машки, коишто немаат ништо обединувачко освен името» [Курилович, 265]. «Така во процесот на образување множина од сопствените имиња принудени сме да имаме работа, било со метонимска употреба, било со метафоричка употреба (засновани се на квалитетот на определена индивидуа), како резултатот на тоа сопствената именка го губи својот специфичен карактер» [Курилович, 265]. Името освен означувањето на некакво лице ја добива семантиката «целост лица со истото име», «целост членови на семејството со истото презиме». Затоа пак возможна е употребата на определениот член:

The Marries *сите.* ***Марийките*** *дойдоха.*

The Johns *сите.* ***Ивановците*** *дойдоха.*

The Johnses *сите.* ***Иванови*** *дойдоха, или:* ***Ивановите*** *дойдоха* [Молхова, 90]. Во последниот пример во бугарскиот возможна е употреба на именка со член и без член. Ж. Молхова одбележува дека разликата меѓу формите со член и без член се состои во постоење емотивна обоеност на интимност во вториот случај.

Примерите од видот: ***The Picassos*** *were in the big hall;* ***The Van Dyke*** *spoken about in the Hermitage* – се покарактеристични за англискиот јазик. Во англискиот овде можат да се наоѓаат определени и неопределени именски групи

во еднина и во множина. Во бугарскиот и македонскиот тие обично се преведуваат со описни конструкции. Во овој случај станува збор за апсолутно преминување на сопствената именка во општата: во улогата на денотатот на именката настапува делото на авторот на коешто по асоцијација се пренесува неговото име.

Понекогаш со промената на референтот сопствената именка се претвара во општата. Тогаш таа означува не определена единка туку нејзините покарактеристични црти. Почесто такви «метаморфози» се случуваат со имињата со богата културолошка содржина (имињата на на личности) . Така името *Пушкин* означува не само некој човек со ова презиме, а асоцира во руската свест со некакви минати говорни ситуации во кои дадениот писател беше некакво изделен од класата – на пример – оној којшто го напиша «Евгениј Онегин». …Поради тоа, веројатно, не е обосновано познато тврдење дека сопствената именка се наоѓа во директен сооднос со предметот дека таа нема односи со поимот. Слушајќb ја сопствената именка, си ја «преведуваме», ја сврзуваме со некакво опишување или визуелен лик [Гуревич, 16-17]. Овој вид пренос е карактеристичен и за англискиот и за јужнословенските јазици. Во овој случај возможна е употребата на определениот и неопределениот член во англискиот, потоа на определениот член, општата форма и «еден» во јужнословенските јазици.

Another called him ***a second Kipling***;

Един Пенчо Славейков *никога не би написал такова стихотворение!*;

*Той беше …****Делеклюз-ът*** *на мимолетна боровска комуна*;

Што правиш цел ***еден Понтие Пилат****?*.

При употребата на сопствената именка во улога на општата емотивен набој е посилен отколку при употребата на општата именка во улогата на сопствената поради тоа што «семантичкиот набој на сопствената именка ја надминува семантичката содржината на општата именка» [Курилович, 264].

На крајот треба да одбележиме дека зборот како елемент на јазикот може да исполнува различни функции: денотативна, сигнификативна, комуникативна и експресивна. Реализирањето на функциите зависи од употребата на различни актуелизатори, вклучувајќи го и членот.

Литература

Арутюнова Н.Д. Лингвистические проблемы референции // Новое в зарубежной лингвистике. М., 1982. Вып. XIII.

Велева С., Веновска-Антевска С., Саздов С. Личното име кај македонците. Скопје, 1996.

Гуревич В.В. Теоретическая грамматика английского языка. М., 2001.

Кобозева И.М. Лингвистическая семантика. М., 2000.

Конески Б. Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје, 1982.

Кронгауз М.А. Семантика. М., 2001.

Курилович Е. Положение имени собственного в языке // Очерки по лингвистике. Биробиджан, 2001.

Маслов Ю.С. Грамматика болгарского языка. М., 1981.

Молхова Ж. Характер и употреба на члена в българския и английския език. София, 1970.

Поварницина М. Кон категоријата определеност/неопределеност кај сопствените имиња во македонскиот литературен јазик во споредба со рускиот (лични имиња) // XVIII научна дискусија (Охрид, 12-14 август 1991), Скопје, 1992.

Рассел Б. Дескрипции // Новое в зарубежной лингвистике. М., 1982. Вып. XIII.

Рассел Б. Человеческое познание, его сфера и границы. М., 1957.

Рейман Е.А. Английский артикль. Коммуникативная функция. Л., 1988.

Стросон П.Ф. О референции // Новое в зарубежной лингвистике. М., 1982. Вып. XIII.

Усикова Р.П. Грамматика македонского литературного языка. М., 2003.

Љубица СТАНКОВСКА

ПРИЛОГ КОН СУПСТРАТНАТА ТОПОНИМИЈА

Употребата на апелативот *крас* „остар и тврд камен“, со кој може да се означува и „каменлив терен“, во македонскиот јазик е поограничена. Попозната е лексемата *карсш* со која се означува „каменлива месност испресечена со длабнатини, крш“[327]. Иако неговата употреба е ограничена, сепак апелативот *крас* е застапен и во топонимија. Од овој апелатив настанале топонимите *Красје* – каменлива месност во селото Бачишта, Кичевско, *Красје* – месност во селото Локов, Струшко, *Красна* – место кај селото Црвена Вода, Скопско, потоа ојконимот *Красица*, којшто го регистрира М. Фасмер како населено место во Грција[328], а се јавува и во синтагматски состави како што е топонимот *Црвена Крас* – шума и нивје во атарот на селата Рамне и Велестово, Охридско.

Лексемата *kras* во апелативната лексика на хрватскиот и српскиот јазик се употребува паралелно со апелативот *kars* со значењата „остар и тврд камен“ и „каменливо земјиште“, а значењето на лексичката варијанта *krasa* е „каменлива земја“ или „лошо, каменливо пасиште кое не може да се коси“. Апелативот *крас* се наоѓа во основата на редица топонимиски единици како што се, на пример, топонимите *Kras*, *Krasica*, *Krasice*, *Krasina*[329], *Krasica*, *Krasa*[330].

---

[327] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *Речник на македонскиот јазик*, I, Скопје 1961, стр. 322, 361.

[328] M. Vasmer, *Die Slaven in Griechenland*, Berlin 1941, str. 135.

[329] A. Šojat, *Geografski termini u toponimiji riječko-goranske regije*, Onomastica jugoslavica, knj. 10, Zagreb 1982, str. 352, 355; D. Brozović Rončević, *Romansko-hrvatski dodiri u toponimiji Istre i Kvarnerskih otoka*, Folia onomastica Croatica, 7, Zagreb 1998, str. 11.

[330] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, II, Zagreb 1972, str. 179.

Географскиот апелатив *крас* претставува лексички остаток од претсловенските балкански јазици. Во својот етимолошки речник Петар Скок констатира дека апелативот *kras* „остар и тврд камен“, односно лексемата *kars* е наследена од илирско-дакискиот збор *carsus* кој има медитеранско потекло и го доведува во врска со лат. *caris*, *carisis* „nomen saxi“. Притоа, тој забележува дека слогот *kra-* во лексемата *kras* настанал по законот на ликвидната метатеза од *kars*, како во *Scardina* > *Skradin*[331]. Од истиот корен, според него, е изведен и апелативот *krš*, којшто се употребува со значењето „рид, камен, крас“ и аугментативот *kršina*. Скок смета дека варијантата *krš* место *kras* настанала, веројатно, со вкрстување на девербативната именака *krš* од глаголот *kršiti* „крши“. Како компаративен еквивалент тој го посочува јужнофранцускиот топоним *Gras*. Во дијалектите на македонскиот јазик *крш* се употребува со значењето „нанос на камења и дрвја од порои“[332].

Апелативот *карсш*, веројатно, настанал од постарата форма *карс* со додавање на консонантот *-ш*, односно со вкрстување на апелативот *карс*, кој е од туѓо потекло, и на апелативот *красша*, кој е општословенска лексема од прасловенско потекло: **korsta*. Пофреквентната употреба на апелативот *красша* во топонимијата на македонското јазично подрачје недвосмислено укажува дека настанало вкрстување меѓу двете лексеми што придонело за помалата употреба на лексемата *крас* и особено за исчезнувањето на зборот *карс*.

Исчезнатото охридско село *Биѓор* е заведено во турскиот пописен дефтер за нахијата Дебарца од 1536-1539 година, кога во него живееле 28 христијански семејства и 2 неженети лица[333]. Со формата *Биѓор* неговото име е заведено и во опширниот пописен дефтер за Охридската нахија од 1582-1583 година, а во него имало 20 христијански

[331] *Исто*, стр. 180.

[332] Б. Видоески, *Географската терминологија во дијалектите на македонскиот јазик*, Скопје 1999, стр. 79.

[333] А. Стојановски, Д. Ѓоргиев, *Населби и население во Македонија – XV и XVI век*, дел I, Скопје 2001, стр. 22.

семејства и 2 неженети лица[334]. Во дефтерот стои дека селото *Биѓор*, бидејќи бил стар дервен, и со овој попис е запишан како дервен, а жителите на селото го чувале дервенот што се наоѓал на опасно место, одејќи од Охрид кон Дебар. Селото досега не е убицирано, но тоа, најверојатно, се наоѓало на патот од Охрид за Дебар, можеби, во месноста *Биѓор* – место и извор во атарот на селото Песочани.

Ојконимот *Биѓор* е метонимиско име кое настанало со преземање од името на некој друг објект кој се викал **Биѓор*. Топонимот **Биѓор* е рамен на апелативот *биѓор* „вид камен, варовник“. Во македонскиот јазик лексемата *биѓор* се употребува со значењата „шуплив варовит камен што се создава во извори и слапови; сталактит“ и „талог што се фаќа за садот со вода богата со калциум карбонат“, а е познат и апелативот *биѓориште* „место со бигорен камен“[335]. Во дијалектите се јавува и неговата фонетска разновидност *биѓур*. Лексемата *биѓор*, освен во македонскиот јазик, е позната и во другите балкански јазици. Во бугарскиот јазик *биѓор* означува „шуплив варовник“, во хрватскиот и српскиот јазик лексемите *bigar* и *bigor* имаат значење на „сига, седра“, во албанскиот јазик *bigorr* е „порозен, лесен варовник“, а во ароманскиот за означување на овој вид камен се употребува лексемата *bigă*[336]. Потеклото на апелативот *биѓор* не може со сигурност да се утврди. Научниците се согласуваат во тоа дека апелативот *биѓор* ѝ припаѓа на најстарата супстратна лексичка наслојка и, веројатно, води потекло од ие. **bigor-*. Прабазата на лексемата *биѓор* може да има илирско, тракиско или бригиско потекло, односно таа била во употреба во лексиката на старите балкански јазици. Во македонскиот јазик, па оттука и во топонимијата, апелативот *биѓор* може да се претпостави дека бил позајмен од бригискиот јазик, одно-

---

[334] А. Стојановски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, отширен попис дефтер на Охридскиот санџак од 1583 година*, т. VIII, кн. 1, Скопје 2000, стр. 84.

[335] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *цит. дела*, стр. 34; С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, *Толковен речник на македонскиот јазик*, т. I, А – Ж, Скопје 2003, стр. 133.

[336] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I, Zagreb 1971, стр. 147; *Български етимологичен речник*, т. I, София 1971, ред. Вл. И. Георгиев, стр. 46.

сно од нероманизираните Бриги кои сè уште живееле во енклави на македонската територија во времето на доселувањето на македонските Словени на Балканскиот Полуостров. Овој збор не можел да се позајми од албанскиот ниту од ароманскиот јазик. Во ароманскиот јазик зборот *bigă*, секако, има врска со латинското *biga* „вид печиво“, сп. словен. *biga* „вид печиво“, алб. *bigë* „трска“[337]. Во албанскиот јазик по сè изгледа дека *bigorr*, во кој се јавува гласот *g* наместо аспирантното *gh*, е заемка од словенските јазици, односно од српскиот и/или макеонскиот јазик, бидејќи во овој јазик ие. *g* дава *gh*, така што би се очекувало ие. **bigor*- да гласи **bighor*.

Присуството на топонимите во чијашто основа е заложен апелативот *биг̄ор* се распространети, речиси, на целата македонска јазична територија, сп. *Биг̄ор* – планина и шума во селото Бороец, Струшко, *Биг̄ор* – чешма во селото Лесковица, Штипско, *Биг̄ори* – село и поток, се наоѓа во горниот тек на реката Војуша во Албанија[338], *Биг̄орица* – извор и чешма во селото Приковци, Кратовско, *Биг̄орлица* – извор и шума во селото Горно Добреноец, Кичевско, *Биг̄оро* – карпа во селото Водоча, Струмичко, *Биг̄орчет̄о* – извор во селото Требично, Струмичко, *Биг̄рејница* – извор во селото Горно Средореч̌е, Охридско, *Биг̄ур* – ниви и шума во селото Костурино, Струмичко, *Биг̄урицт̄а* – стена во селото Патале, Леринско, како и во синтагмите: *Биг̄орлива Вода* – извор, *Биг̄ор Доленци* – село во Кичевско, *Биг̄ор Маала* – маало во селото Велјуса, Струмичко, *Биг̄рови Камења* – рид во селото Присовјани, Струшко и други. Во охридското село Слатина една месност каде што има извори со минерална вода се вика *Биг̄ришт̄а*. Овој хидроним е рамен на множинската форма *биг̄ришт̄а* од хибридниот апелатив *биг̄ришт̄е* „место богато со бигор“.

На територијата на Србија се среќаваат повеќе топоними, и тоа: *Биг̄ар* – поток, л. пр. на Доброча, *Биг̄ар* – поток кај селото Сига, *Биг̄ор* – студенец во близината на селото Дечани, *Биг̄ренац* – поток, л. пр. на Млава → Дунав,

---

[337] F. Bezlaj, *Etimološki slovar slovenskega jezika*, prva knjiga, A - J, Ljubljana 1976, str. 20.

[338] А. М. Селищев, *Славянскот̄о население в Албания (Карт̄а)*, София 1931, Карта 4б.

Биґреница – поток, д. пр. на Зубрава во сливот на реката Морава и село кај Ќуприја, регистрирано во XIV век, *Биґуралу џода* – поток во сливот на реката Тимок и други[339].

Во македонската топонимија со името *Мусишца* или *Мусица* се именуваат повеќе географски објекти. Во атарот на кичевските села Сланско и Пласница се наоѓа планината *Мусишца*[340], а со исто име *Мусишца* се вика и еден рид во атарот на селото Мачуково, Кукушко. Еден планински дел од Бушева Планина во Крушевско, како и врвот на планината, висок 1800 м, се вика *Мусица*. Под врвот *Мусица* се наоѓа голем извор кој се вика Езериште, а месноста околу него е тресиште. На изворот Езериште е направен водовод со кој се снабдува градот Крушево со вода за пиење. Со името *Мусица* се вика и еден поток што тече низ атарот на прилепското село Полчишта.

Во основата на овие топонимиски единици се крие придавката *мусив* што значи 'намуртен, смуртен, лут'. Во современиот македонски јазик придавката *мусив* не се употребува, но затоа е во употреба глаголот *муси се* 'се мурти'[341]. Придавката *мусив* е образувана со суфиксот *-ив* од глаголот *муси (се)*.

Сегашниот облик на топонимите *Мусишца* и *Мусица* е добиен од постариот **Мусивица*, и тоа со губење на интервокалниот глас *в*, а потоа со контракција на еднородните вокали *ии* во долго *ӣ* > *и*. Овие топонимиски единици настанале со супстантивизација на атрибутската морфема **Мусива* од некогашната синтагматска формација **Мусива (Планина, Вода)*, која е еднаква на формата за женски род *мусива* од придавката *мусив* „намуртен, смуртен, лут“[342]. По елиминирањето на именскиот дел од составот **Мусива (Планина, Вода)*, атрибутот **Мусива* се супстантивизирал со суфиксот *-ица*. Во преносна смисла оронимот *Мусишца* означува „намуртена, лута планина“,

---

[339] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I, Zagreb 1971, стр. 147; З. Павловић, *Хидроними Србије*, Београд 1996, стр. 34-35.

[340] М. Смиљанић, *Кичевија*, Насеље и порекло становништва, књ. 28, Београд 1935, стр. 475.

[341] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *цит. дело*, стр. 428.

[342] Љ. Станковска, *Топонимите со суфиксот -ица во Македонија*, Скопје – Прилеп 2001, стр. 288.

што значи дека е тоа планина каде што има често невреме, односно каде што паѓа многу дожд и планинскиот терен е влажен и блатен. Оттука произлегува дека планината *Мусица* означува „намуртена, лута планина, односно дождлива, влажна планина“. Семантиката, пак, на хидронимот *Мусица* може да се изрази со значењето „лут дол, дол во кој водата надојдува од поројни дождови, поројна вода“.

Во нашата топонимија коренот *мус-* се препознава и во основата на името на прилепското село *Мусинци*. Тоа е лоцирано во пелагониската котлина, покрај *Мусинска Река*, лева притока на Лопатичка Река, а таа е, пак, лева притока на Добрушевска Река, лева притока на Црна. *Мусинска Река* е долга само 7 км, а извира од месноста Бобиште на Селечка Планина, кое се наоѓа на височина од 1267 м[343]. Ојконимот *Мусинци* претставува етничко име добиено со топонимизација на етникот во множина **мусинци* кој е образуван со суфиксот *-ци* од исчезнатото име **Мусина*. Со ова име првобитно се именувала *Мусинска Река* или месноста околу долниот низински тек на реката, односно месноста каде што се наоѓа селото *Мусинци*. Оттука се дефинира и семантичката вредност на ојконимот *Мусинци*, кој означува „луѓе кои живеат покрај реката *Мусина или во месноста *Мусина“.

Хидронимот **Мусина*, според нашето мислење, е создаден со топонимизација на исчезнатиот апелатив *мусина* „калливо, тињесто место, блато“ кој е изведен со именскиот суфикс *-ина* од коренот *мус-*, односно од постар апелатив **муса* или од глаголот *муси (се)*. Познато е дека суфиксот *-ина* се користел за образување на редица географски апелативи кои се изведени од именки, придавки и глаголи: *блатина*, *вдлабнатина*, *височина*, *вишина*, *вододерина* „суводолица, излокано место од дождови“, *глибовина* „глибаво, блатно место“, *долина*, *заветрина* „место заклонето од ветрови“, *издигнатина*, *копачина* „исчистено место подготвено за обработка“, *косина*, *кривина*, *кутилина*, *маклина* „влажно, мочурливо место, млака“, *мртвина* „блато“, *нерезина* „необработена, запустена земја“, *падина*,

[343] П. Скок, *Из топономастике Јужне Србије. 1. Предео између Прилепа и Кајмакчалана*, Гласник скопског научног друштве, књ. XII, Скопље 1933, стр. 206; I. Duridanov, *Die Hydronymie des Vardarsystems als Geschichtsquelle*, Böhlau - Verlag - Köln - Wien 1975, стр. 222.

плавина, *плазина* „стрмно место по кое се спуштаат дрвја; место на карпа каде што истекува вода“, *планина*, *ридина*, *слатина* и други.

На нашата територија е регистриран и топонимот *Мусинка* „место покрај реката Пчиња“. Бидејќи месноста се наоѓа покрај река, а и поради неговото образување, со поголема сигурност може да се смета дека микротопонимот *Мусинка* е создаден со топонимизација на географскиот апелатив *мусинка* „помало тињесто место, блатце“. Лексемата *мусинка* е деминутивно образување со суфиксот *-ка* од апелативот *мусина* „калливо, тињесто место, блато“ како што се образувани, на пример, географските термини *височинка*, *гаринка*, *длабнатинка*, *долинка*, *долнинка*, *долчинка*, *лединка*, *падинка*, *планинка* и други.

Лексеми изведени од коренот *мус-* се познати и во другите јужнословенски јазици. Така, на пример, во хрватскиот јазик се познати именките *muso* и *musa*, како и аугментативот *musonja*, кои се употребуваат за „нерасположен, намуртен, смуртен човек или жена“, а исто значење има и апелативот *muslija*, изведен со турската наставка *-li*, кој се употребува во Далмација. Од другите зборови се познати глаголот *musiti se* „да бидеш нерасположен и налутен“, неговата префиксирана изведенка *namusiti se* „се намурти“, која особено се употребува за „небото пред дожд“, како и придавката *musast* „намуртен, смуртен, лут“.

Етимологијата на овие лексеми не е сосем јасна. Петар Скок во својот етимолошки речник го искажал мислењето дека овие зборови можат да претставуваат далматинско-романски лексички остатоци, чиешто потекло го доведува во врска со подоцнежниот латински апелатив *mūsus*[344].

Разгледувајќи ја топонимијата во полската крајбрежна област Поморје, па и пошироко западно од реката Висла, В. Н. Топоров, меѓу другите топоними со јазични елементи од балтичките јазици, ги наведува и топонимите *Mossin*, *Massin*, *Massein*, *Mussein*, *Maschein*, *Mussae*, потоа старопруските *Mussneyn*, *Mossaun*, *Mopsseun*, *Mussaun*, *Mussenuk*, а за споредба ги споменува и литванските

[344] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, II, Zagreb 1972,стр. 488.

топоними *Musé*, *Muselé*, *Musia*, *Musiné*, како и летонскиот топоним *Mūsa*[345], чиешто значење, веројатно, се доведува во врска со влажноста на теренот, односно овие топоними означуваат „мочурливи, блатни места“.

Овие факти укажуваат дека топоними со коренот **mus-* се среќаваат на поширока географска територија каде што се застапени различни јазици. Појавата на топонимите со коренот **mus-* и на друго јазично подраче, освен на Балканот, од една страна, допушта да се помисли за неговото индоевропско потекло, а од друга, пак, тоа би значело дека апелативите и топонимите изведени со коренот **mus-* на Балканскиот Полуостров претставуваат остатоци од старите претсловенски балкански јазици, т.е. од илирскиот, бригискиот, пајонскиот и тракискиот јазик. Во овие балкански јазици, веројатно, биле во употреба лексемите изведени од кор. **mus-* со значење „влажен, блатен, нечист“ или „влажно место, блато“, а овој корен може да се доведе во врска со ие. кор. **mu-* проширен со формантот *-s* кој претставува превој од кор. **meu-* „влажен, нечист“[346], од кој потекнува и апелативот *мов* < прасл. **mъhъ* „мувлосан“, лит. *mūsas*, *mūsai*, мн. *mū́sos* „мувлосан“. Исто така, коренот **mus-* лежи и во основата на тракиските топоними *Mūsys* и *Mōsypa*. Овие топоними И. Дуриданов ги изведува од трак. **musas* „мувла, мувлосан“, што го доведува во врска со ие. **muso-s* „мов, блато“, а нивното значење е „река во која има мов“, односно „блатна река“[347]. Оттука може да се заклучи дека и далматинско-романските остатоци во хрватскиот јазик, како што се дефинирани од П. Скок, можат да водат потекло не само од латинскиот со кој старите балкански јазици биле во тесна индоевропска врска, туку и од илирскиот јазик.

Фитонимиската база *бус* (Cerpes) се препознава во основата на топонимите *Бусаница* – месност во атарот на селото Рамно, Кумановско, *Бусеница* – шума во атарот на селото Герман, Кривопаланечко и *Бусарник* – месност со

---

[345] В. Н. Топоров, *О балтийских элементах в гидронимии и топонимии к западу от Вислы*, Slavica Pragensia, VIII, Praha 1966, стр. 261.

[346] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, II, Zagreb 1972, стр. 354.

[347] И. Дуриданов, *Езикът на Траките*, София 1976, стр. 41, 78.

ниви и пасиште во атарот на селото Добровница, Кривопаланечко. Исто така, фитонимот *бус* се содржи и во основата на придавскиот член на сложеното име *Бусо Дрво* – планинска месност, што се наоѓа во атарот на селото Рамне, Охридско.

Од структурна гледна точка, топонимите *Бусаница* и *Бисеница* му припаѓаат на ист топонимиски структурен модел. Тие се произведени од постарите адјективни синтагми **Бусана (Нива)*, односно **Бусена (Шума)*. Атрибутските компоненти **Бусана* и **Бусена* од синтагмите **Бусана (Нива)* и **Бусена (Шума)* се образувани со придавскиот суфикс *-ан* < стсл. **-ьнъ**, односно со суфиксот *-ен* < стсл. **-ѣнъ**, а по елизијата на именскиот дел од составот, изразен со апелативите *нива* и *шума*, тие се супстантивизирале со суфиксот *-ица*.[348].

Микротопонимот *Бусарник*, пак, потекнува од првобитната синтагматска формација **Бусарни (Рид)*, чијашто придавска морфема е образувана од дијалектниот апелатив **бусар* „место со бус“ со старата определена форма *-ни* од придавскиот суфикс *-ьнъ*.

Во семантички поглед топонимите *Бусаница*, *Бусеница* и *Бусарник* означуваат „места каде што има, каде што расте бус“.

Сложеното име *Бусо Дрво* е добиено од постариот облик **Бусаво Дрво*, а е составено од придавката **Бусаво*, којашто е изведена од фитонимот *бус* со формата за среден род *-аво* од придавскиот суфикс *-ав*, и од именскиот член *Дрво*, којашто е иста со апелативот *дрво*. Мотивацијата на топонимот *Бусаво Дрво* означува „дрво кое расте во месност каде што има бус“.

Од изнесените примери можеме да извлечеме заклучок дека лексемата *бус* за означување на „вид трева, парче земја со трева“, главно, се употребува на дијалектното апелативно рамниште. Во северните македонски говори е во употреба и лексемата *бусје* изведена од *бус* со колективниот суфикс *-је*. Во Речникот на македонскиот јазик апелативот *бус* е регистриран како дијалектна лексичка разновидност на апелативот *баз* „парче земја со трева“[349].

---

[348] Љ. Станковска, *op. cit.*, стр. 69.

[349] Т. Димитроски, Б. Корубин, Т. Стаматоски, *цит. дело*, стр. 50.

Со значењето „парче земја со трева“ апелативот *бус*, како и дериватите *бусье*, **бусина* се познати и во бугарскиот јазик, а се среќава и во топонимијата: *Бусинци*[350]. Со поголема фреквенција и дистрибуција апелативот *bus* е застапен во хрватскиот и во српскиот јазик. Од овој апелатив се изведени повеќе деривирани лексички единици како што се, на пример, *busje*, *busak*, *busika*, *busina*, *busenjača*, *busača*, а се изведени и неколку придавки: *busav*, *busast*, *busen*, kako и деноминалните глаголи: *busati*, *busiti*[351]. Топонимот *Bus* е регистриран како име на месност на островот Брач и со право П. Шимуновиќ го доведува во врска со фитонимот *bus* и го класифицира во групата топоними кои означуваат месности покриени со шума и трева[352]. Овој фитонимиски апелатив е присутен и во топонимијата на српското јазичен подрачје: *Бусина*, *Бусињска река*, *Бусоваша*, *Бусовац*, *Бусур*[353].

За потеклото на фитонимот *бус* (Cespes) етимолозите немаат востановено единствено гледиште. Разгледувајќи ја неговата етимологија, П. Скок во својот етимолошки речник се осврнува и на дотогашните мислења искажани од Даничиќ, кој лексемата *бус* ја изведува од коренот **bhū-*, од кој потекнува и апелативот *билје*, и од Бернекер, за кого етимологијата на овој апелатив е јасна, но помислува и на италијанското *bosco* „жбун, грм“ од кој се добил апелативот *bus* со исфрлање на морфемата *-co* која се чувствувала како словенски суфикс, не водејќи сметка притоа за изведенката *busen*. Тргнувајќи од тоа дека лексемата *бус* е потврдена во хрватскиот, српскиот и бугарскиот јазик, П. Скок искажал мислење дека овој збор претставува лексички остаток од илирско-тракискиот супстрат[354]. Во етимолошкиот речник на бугарскиот јазик во врска со етимологијата на фитонимот *бус* е искажано мислењето дека потекнува од италијанското *busso*, *bosso* „храст, шим-

---

[350] *Български етимологичен речник*, т. I, София 1971, ред. Вл. И. Георгиев, стр. 92.

[351] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I, Zagreb 1971, стр. 242.

[352] P. Šimunović, *Toponimija otoka Brača*, Supetar 1972, стр. 205.

[353] З. Павловић, *op. cit*, стр. 55.

[354] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I, Zagreb 1971, стр. 243.

шир“ (Buxus sempervirens) кое потекнува од латинското *buxus* „шимшир“[355].

Со искажаните мислења за етимологијата на фитонимот *бус* сметаме дека не се исцрпени сите можности за толкувањето на неговото потекло. Мислењето на П. Скок сметаме дека заслужува најголемо внимание и истражувањата треба да продолжат во таа насока, односно дека потеклото на овој збор треба да се бара во старите несловенски балкански јазици. Апелативниот и топонимискиот материјал од македонското јазично подрачје секако ќе придонесат во разјаснувањето на потеклото на фитонимот *бус*.

[355] *Български етимологичен речник*, т. I, София 1971, ред. Вл. И. Георгиев, стр. 92.

Лилјана МАКАРИЈОСКА
Мери ЦУБАЛЕВСКА

РЕТКИТЕ ЗБОРОВИ ВО ВАТАШКИОТ МИНЕЈ

Зборовите со ограничена или единечна употреба во старословенските ракописи одамна го привлекувале вниманието на истражувачите. Според Цејтлин (1977:34), поради ниската фреквенција на ретките зборови интерпретацијата на значењата на некои од нив честопати се заснова на претпоставки, односно не е секогаш сигурна. Десподова (1997:123) проучувајќи ги ретките зборови во македонските библиски ракописи укажува дека семантиката на ретките зборови може да се потврди со поголема веродостојност, ако се земат предвид: нивното значење во контекстот, зашто во зависност од контекстот може да се модифицира или да се трансформира значењето на зборот; употребата на синонимни изрази и образувања (својствени и за првобитниот кирилометодиевски превод), односно супституцијата на одделни лексеми или на деривациските елементи т.н. контекстуални синоними (сп. Десподова, 1977 :69-86).

Осврнувајќи се на ретките зборови и хапакси во ракописите ексцерпирани за *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* Рибарова (1998 :62) укажува дека тие најчесто не претставуваат само оказионализми, туку зборови кои се ретки само поради ограниченоста на расположливите извори. Голем број од нив спаѓаат во општословенскиот зборовен фонд (бодєниє, босъ, космѧтъ) претставуваат грчки калки (мъногоплѧчєвьнъ) или пак ареално маркирани лексички единици од различен вид. Драгоцен материјал за историјата на македонскиот јазик претставуваат индивидуалните подновувања од подоцнежен датум кои можат да се поврзуваат со дејноста на последниот препишувач како на пр. предлогот

ꙁадъ во Радомировото евангелие, кошоула во Добромировото, канити во коментарот кон Псалтирот и сл.

Ретките зборови, што не се дел од основниот општословенски лексички фонд (а имаат суштинско значење при локализацијата на ракописите) покрај во македонските библиски, претставуваат мошне честа појава кај небиблиските ракописи.

Значењето на жанровската припадност на ракописот е несомнено, особено при изборот на лексичките средства за поточно пренесување на смислата и содржината. Голем број ретки зборови забележуваме на пр. во заглавијата на четвороевангелието, во коментарот кон псалмите, во кантиката и во псалтирните молитви. К. Фос (1997 :90-97) ѝ посветува особено внимание на употребата на ретките зборови во текстот на паренезисот.

Предмет на нашиот интерес е присуството на ретките зборови во Ваташкиот минеј (Vtš)[356]. Овој ракопис е празничен минеј со служби за големите црковни празници, како и за најпочитуваните светци, а за позначајните празнични денови се додадени паримии, синаксари и сл. Тој е интересен за проучување од различни аспекти и со своите специфични лексички и зборообразувачки особености на своевиден начин ги збогатува сознанијата за лексичкиот фонд на црковнословенските ракописи.

Преку споредбената анализа на формалните лексички и зборообразувачки особености се установуваат ретките лексеми кои не се среќаваат во ракописите што досега биле предмет на лексички проучувања како дел од материјалната база за **Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција**. Вклучувањето на Ваташкиот минеј, како еден од помладите небиблиски ракописи, во корпусот за Речникот, овозможува да се проследи не само односот кон традицијата, туку и прифаќањето на нови-

[356] Ракописот е пишуван во 1453 год. Се чува на Филолошкиот факултет во Скопје (инв. бр. 1319) и содржи 228 хартиени листови. Ѓ. Поп-Атанасов врз основа на записите го лоцира во с. Мешеишта-Охридско. Ракописот е дел од корпусот на *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, долгорочен проект на Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ - Скопје

те развојни тенденции и нивната постепена интеграција во јазичната структура.

Иако зборовите со единечна употреба во Ваташкиот минеј може да се поврзуваат со жанровската припадност на ракописот, може да претставуваат лични решенија на препишувачот и да се сфаќаат како индивидуални особености на ракописот или како дијалектни особености, најчесто се варијанти и подновувања од областа на зборообразувањето.

Осврнувајќи се на лексиката на словенските минеи од XI-XIII век, Досева (2003 :332) истакнува дека особено внимание заслужуваат суфиксните именки, кои заземаат важно место при изградувањето на строфичната структура на жанровите форми во химнографските текстови истакнувајќи ги како најфреквентни образувањата со суфиксите: -(ьн)икъ, –(и)тель, –(ьн)ица, –(ов)ица и –ьць од кои голем број отсуствуваат во старословенските ракописи.

Во Ваташкиот минеј се застапени определени зборообразувачки иновации, промени во фреквенцијата и во дистрибуцијата на зборообразувачките форманти, што не им се својствени на ракописите од претходните векови. Сепак тешко е да се изврши временска локализација на зборообразувачките варијанти поради тоа што изборот обично е правен според барањата на стилот.

Често се следи паралелна употреба на истокоренски зборообразувачки варијанти во ракописот, се согледуваат одделни разлики во однос на употребата на зборообразувачките средства и тоа употреба на различни истозначни афикси (префикси и суфикси): пр. не- и без-; -ьство – ьствие (жительствие – житєльствїѥ 165b5, жительство – житєльства 165a30, житєльство 41b9) или пак присуство на префикси или суфикси наспроти потврдените несуфиксни образувања во други ракописи.

Ретките зборови во Ваташкиот минеј овозможуваат да се проследат определени зборообразувачки тенденции од периодот во кој е пишуван ракописот. Од областа на суфиксацијата на именките со значењето дејство, најпродуктивна и најфреквентна деривациска морфема кај девербативните именки е –ние (–ие), а голем е и бројот на ретките образувања со овој суфикс: борение – боренїѥмь 35a30, вєтъша–

ние – ветшанїе 50b25, **вражьдение** – вражденїѥм 13b15, **вышение** – вишенїа 29c17, **вѣрение** – вѣренїѥ 206b2, **гадание** – гадани 178c10, гаданих 111c16, гаданїа 205a25, 218c30, гаданїѥм 8c6, **грызение** – гризенїю 13b6, **трьвление** – трьвлени 78a12, трьвленїа 148 b20, 152d18, трьвленїѥ 203a5, **хапание** – хапанїа 153a25, **храброване** – храброванїа 148c3, префиксирани: **въжежение** – вьжеженїѥ 138d16, **извождение** – извожденіе 92c20, **истечение** – истеч‹е›нїѥмь 27a6, **мѣрение** – мѣренїѥ 202b26/Sap5,21, **нарицание** – нарицаниѥ 128a13, 138a19, 150 b19, **оглъхновение** – ѡгльхновенїѥ 179c5, **покаждение** – покажденїю 145r32, **потаение** – потаѥнїе 24d21, **приимѣние** – примѣненїѥ 135a12, 204c9, **примирение**– примиренїа 66b15, **процвьтѣние** – процвтенїе 11a5, процвтѣнїе 22b7, **прѣдъстание** – прѣдстанїѥм 77c29, **раздание** – раздаѥ 23b23, **раздробление** – раздробленїа 153b18, **съблазнение** – сьблазненїю 132a8, **сътръгание** – стрьганїѥ 193b33, **оугрызение** – оугризенїа 204 a19, оугризенїѥмъ 204b14.

Најпродуктивниот суфикс за образување називи на лица -**ьникъ** е потврден во следниве примери на ретки зборови: **отъмьствьникъ** – ѿмьствнк! 182d21, **положьникъ** – положник 27c25, полож ника 164a15, **слоужьбьникъ** – слоужебници 1a11, **съдѣиствьникъ** – сьдѣиствнїика 28d12, **съисходьникъ** – сьисходнїикь 27b31, **съпособьникъ** – сьпособника 157a12, **чоудествьникъ** – чѹдодестьвника 199c28. Не говата продуктивност ја потврдуваат и големиот број новообразувања и образувањата со сложениот суфикс **–тельникъ:**

прѣстательникъ – прѣстателнїци 105b11, **съжительникъ** – сьжите льники 157a28.

За образување на имиња на вршители на дејство продуктивни се

–тель: отъмьститель – ѿмьстител 76c31, **погоубитель** – погоубит елю 165d8, **поржчитель** – пороучител 59a6, 58a20, **послоужитель** – послоужитель 155c21, **прѣклонитель** – прѣклоните ль 75b30, **–ьць: браньнолюбьць** – браннолюбца 24c24, **добротворьць** – доб ротворцоу 163d10, **инородьць** – инородцїи 1a6/Is61,5, **пьшеницодавьць** – п шеницодавць 105b1, за лица од женски пол **–ица (–ьница, –тельница): кръстоносица** – крстоносице 155b2, **пласавица** – плесавица 221c22, плесавице 221b21, **соугоубица** – соугоубицѹ 39b15, **съпржжьница** – соупроужнїица 50a21, **свѣтоносица** – свѣтоносице 64b7, **страстоносица** – страстоносица 193a33, стр‹а›стоносице 195b3, 195c3, **съжитель–**

ница – сьжителницꙋ 102b33, **покровительница** – покровителнїица 227a24, **свѣтоподательница** – свѣтоподателнице 219d3.

Меѓу суфиксите што служат за образување именки со апстрактно значење со својата продуктивност се одликува суфиксот **-ьство: бесчѧдьство** – бесчедьства 9b1; 9b10, **врачевьство** – врачевство 185b13, 185c7, 186a27, **дебельство** – дебельством 105c29, 200c27, 9d12, **дѣвичьство** – д‹ѣ›вичьс‹т›вѣ 85d5, **игемоньство** – игемоньство 193a2, **сверѣпьство** – сверѣпствоу 195c30, сверѣпства 195b15, сверѣпством 46c6, **сиротьство** – соуротьствоу 223b27, **съпрѫжьство** – соупроужьство 62d23, **тоуждьство** – тоуждьство 31c29, 59c9, **–тельство: вьсегоубительство** – всегоубительство 200c10, **рачительство** – рачительствꙋ 165b3, со **–ьствие** само неколку: **божьствие** – божьствие 40a26, **свѧщеньствие** – с‹ве›щеньствїѧ 178d21, **сѫщьствие** – соущьстви 22c32, 99b13, сꙋщьствїа178d26.

На продуктивноста на суфиксот **-ость** за образување апстрактни именки мотивирани од придавки укажуваат и именките со ограничена употреба: **зеленость** – зеленостїю 55a25, **немѫдрость** – немꙋдростїю 176d9. Се среќаваат и деривати на **–ота: мокрота** – мокротоу 53b21, **теплота** – теплотою 26d11, теплоты 22a30.

Одделни ретки глаголски форми се одликуваат со суфиксот **-ова-** со кој се изведуваат несвршени глаголи: **заимовати** – заимовавшаго 139c21, **искаповати** – искапова 150c23, **истѧзовати** – истезоую 111c7, **мысловати** – мислꙋюще 225v3, **надъзнаменовати** – надьзнаменоуѥ 113d25, **потрѧсовати** – потрѣсова 150b26, **приѧтовати** – приетова 218d19, 17d20, 25a6, **прѣсвѣтьловати** – прѣсвѣтловаѥма 171c27, **стихологисовати** – не ст‹и›х‹о›лог‹и›соуем 144r20, **съжитовати** – сьжитова 127b13, **оукрѣповати** – оукрѣповахꙋ се 182b23.

Ќе го споменеме и суфиксот **-ие** (што има поинтензивна употреба во македонските ракописи веќе од XII-XIII век: кѫпиние, млъние – Dbm, класие, снопие, дрѣвие – Krat, маслиние – Karp). Сп. **пригробие** – пригробїахь 153a11, **приоблачие** – приѡблачїю 153c15.

Од суфиксалните варијанти треба да ги споменеме и придавките со редуплицираниот суфикс **-ьнъ** кој според застапеноста се типични за овој ракопис: **достоиноблаженьнъ** – достоиноблѧ‹а›женне 86b17, **живописаньнъ** – живописанною 98b1, **затвореньнъ** – затворенна 130c13/Ez44,1, **измывеньнъ** –измивенними 107

d16, измивеннѡ 123b4, **ѕвѣздьньнъ** – звѣзднноую 90c3, **изощреньнъ** – изьѡщренни 138b16, **мъногоплетеньнъ** – многоплетеннаагѡ 73a11, многоплетенних 19c9, **неболѣзньнъ** – неболѣзньним 190c30, **недрѣманьнъ** – недрѣманно 185a7, **незаблѫжденьнъ** – незаблѹжен-на 40d6, **ненасѣꙗньнъ** – ненасѣꙗннаꙗ 139b27, **новорожденьнъ** – новопро жденное 100c22, **огневѣщаньнъ** – ѡгневѣщанним 167a20, **огнедъхновеньнъ** – огнедьхновенноую 197c11, **оучистованьнъ** – ѡучистованно 127d11, **раслабленьнъ** – раслабленнаа 118d13. Употребата на овој суфикс кај адјективизираните партиципи (сп. Рибарова, 1989 :70) може да претставува нов дистинктивен признак кој ја потцртува нивната семантичка самостојност. Евидентна е и можноста за образување на соодветните прилози: **любоболѣзньньно** – любоболѣзньнно 105b2, **неописаньно** – неѡписанно 45a22, **неболѣзньно** – неболѣзньно 83d25, **невъздѣланьно** – невьздѣланно 14d3, **недомъісльньно** – недомисль-нно 89a8, 89c27.

Анализата на глаголската префиксација овозможува да се утврди фреквенцијата на одделни префикси, совпаѓањето, варирањето и отстапувањето од нивната употреба. Евидентни се случаите кога изборот на префиксот не е резултат на потребата да се изразат различни значења, туку префиксот се користи како стилистичко средство.

Префиксацијата е најкарактеристична за глаголите и за глаголските именки. Регистриравме повеќе ретки лексеми со различни префикси: **въз-/въс: въспрашати** – не вьспрашающим 147d25, **въспоущати** – вьспоущаѥмь 34d15, вьсьпѹщающе 186c22, **на-: наперити** – наперноу 206b8, **назнаменание** – назнаменанїю 59c31, **нарицание** – нарицаниѥ 128a13, 138a19, 150b19, о-, **об-: охоудити** – охѹдих 93d4, **охоуление** – ѡхоуленїѥмъ 157b16, **обрѫчевати** – ѡброучева 135c22, **объсѣнѣти** – ѡбьсѣнꙗше 153c9, **отъ-: отълѫчавати** – не ѿлоучаваѥть 97b2, **отъсъілати** – ѿсилающе 151a15, **отъсѣкнѫти** – ѿсѣкнѹты 221c7; **при-**: **приединѣти** – приѥдинꙗющих 207c19, **примирати сѧ** – примирихѡмъ се 60d22, **приницати** – приницаѥть 90c29, приничещи 177c11, **примирение** – примиренїа 66b15, **присваꙗти** – присваꙗѥть 13c31, **про-: провѣдати** – провѣдаль ѥсы 177b15, 17d12, 22b31, провѣдаѥт 133a12, **провѣтити** – провѣтиль ѥс‹ть› 208c10, **прозарити** – прозары 18d9, **по-: попаление** – попаленїе 24c9, **посѣцати** – посѣцае 75c28, **потаение** – потаѥнїе 24d21, **потрѧсовати** – потрѣсова 150b26, **потрѫсити** – потроусывь 32d32, **под-: подъкланѣти** – не подкланꙗти се 170b13, **подънести** – поднесль ѥси 205a5, **п**

одъписати – подьписавша 105c1, **прѣ–: прѣлежати** – прѣлежить 138b31, **прѣсвѣтьловати** – прѣсвѣтлованєма 171c27, **прѣсыщати** – прѣсищаитє 40a12, **раз–/рас–: разганѣти** – разганає 228a25, **раздроблєниє** – раздроблєнїа 153b18, **распитати** – распитающꙋ 88b31 и др.

Зачестената употреба на префиксирани лексеми, и употребата на повеќе префикси е битна особеност на Климентовите химнографски дела (Поп-Атанасова, 2003). Иако тенденцијата за засилена употреба на префиксираните глаголски форми и двојната префиксација се следи и во постарите ракописи, таа е особено изразена во помладите текстови од црковнословенскиот период, па како резултат на тоа се документираат цели низи на истокоренски образувања со различни префикси.

Покрај варијантноста во употребата на префиксите (сп. Десподова, 1982 :189-193, Макаријоска, 1995 :35-44), кај глаголите и во рамки на нашиов ракопис е евидентна тенденцијата за позачестена употреба на два префикса: **испосълати** – испослїи 73a4; **прѣдъвъзглаголати** – прѣдвьзг‹лаго›лал ѥсы 82a21; **прѣдъвъзгласити** – прѣдвьзгласим 87a30; **прѣдъвъзывати** – прѣдвьзиваше 89c18; **прѣдъвъсхотѣти** – прѣдвьсхотѣ 81c14; **прѣдъизрєщи** – прѣдизрєчє 169c7; **прѣдъисказовати** – прѣдисказоваше 152d23; **прѣдъписовати** – прѣдписоуѥтъ 200a22; **прѣдъображꙋити** – прѣдобрꙋивши 88d5, **прѣдъповєлѣвати** – прѣдповєлѣваѥ 89d31; прѣдповєлѣваѥть 35a8; **прѣдъповєлѣти** – прѣдповєлѣнноѥ 90b21; **прѣдъпоказати** – прѣдпоказаѥ 133b9; **прѣдъпоказовати** – прѣдпоказоуѥ 136d21; **прѣдъпрѣложити** – прѣдпрѣложивь 51b30; **прѣдъсъвръшати** – прѣдьсьвръшающє 109b15; **прѣдъсъказовати** – прѣдсказоваше 213b9; **прѣдъоувѣрити** – прѣдоувѣрити 177b11; **прѣдъоуготовати** – прѣдоуготовае 124d26; **прѣдъоукрашати** – прѣдꙋкрашающє 94a9; **прѣдъоупасти** – прѣдоупасєть 54a28; **прѣдъоусрѣтати** – прѣдоусрѣтаѥть 83b22, **прѣнєоудєлѣти** – прѣнєꙋдєлѣтїи 24c25.

Во однос на придавската префиксација зачестена е употребата на префиксот **прѣ-** за изразување својство во најголем степен, како апсолутен признак: **прѣєстьствьнъ** – прѣѥс‹т›ствьны 58a12; **прѣлъгъкъ** – прѣлъгко 127b4; **прѣлѫкавъ** – прѣлоукавымы 24c27; **прѣмирьнъ** – прѣмирни 123b7, 211c21; **прѣнєскврьнъ** – прѣнєскврноѥ 32b18, па овие форми може да се сметаат за жанровска особеност и на минејот. Исто така особеност и на

стилот на триодот е натрупувањето на елативните форми со префиксот прѣ- (Црвенковска, 1996 :176). Сп. на пр. прѣбл‹а›женнаа 106d24Orb; прѣестьствьна 104d22Orb; прѣлѣпихь 23c30Orb; прѣлѣпыи 12d24Orb; прѣмирны 91d42Orb.

Впечатлива е употребата на комбинацијата на префикс со партикула **не-** и тоа како стилско изразно средство за возвишување на нешто што се смета за совршено, во духот на христијанската религија и филозофија: **неизгъıблѣемъ** – неизгиблıаемоıе 90b11, **неискѫдьнъ** – неискоудна 135c30, неискоудно 33b13, 19a27, 41b24, **неопалѣемъ** – неопалıаıема 5a13, **непобѣжденъ** – непобѣждень 46b31, **непогрѣшимъ** – непогрѣшим 133d16, **непоколѣбленъ** – непоколѣблема 103c12, **несъкроушимъ** – неськрѹшимь 182c1.

Зачестената употреба на префиксот **съ-**, исто така е карактеристична за минејот (и за триодот пр. сьвьстаѫ, сьпогребох 210b31Orb, съсъгрѣшити 68d16Orb) за да означи содејство со некого, **съвъзиграти** – сьвьзиграıеть 80d6, **съламлѣти** – сламлıаıемо 68d21, **съписовати** – сьписоуıе 153d1, **съразорити** – сьразори 86d31, **състрадати** – състрад‹а›вшима 190d24, **съсѣцати** – с ьсѣцаше с‹е› 149d18, **съоубити** – сьоубиıеши 172c2, **съоукрѣплѣти** – сьѹкрѣ плıающих 165c4.

Меѓу ретките зборови се присутни и лексеми со калкирана зборообразувачка структура. Забележлива е поголемата фреквенција на сложенките, па и на голем број сложенки со единечна употреба: **благоплодие** – бл‹а›гоплодиıе 5a33; 5b1; бл‹а›гоплодїıем 3d1; бл‹а›гоплодїıе 2b19, **вьседобръ** – вседобраа 68b8, **вьседоушьно** – вседоу›шьно 58a21, **вьсеименитьнъ** – вьсеименитнѣи 206b24, **вьсеистиньнъ** – всеистиннаа 177c13, 177c8, **вьселюбьзнъ** – вселюбьзны 163c5, **вьсемрачьнъ** – всемрачноую 79a15, **доблемѫдръ** – доблемоудрь 166d19Vtš, **добродѣıати** – добродѣıем 180b25/1P,2, **доброплодьнъ** – доброплодна 182b2, **добросиıаньнъ** – добросїанноє 39c32, **добротворительнъ** – добротворителноую 168b10, **достоиноблаженьнъ** – дос тоинобл‹а›женне 86b17, **достоиноименитъ** – достоиноимените 146b16, **достоиночюдьнъ** – достоиночюдне 148a22, **животоуначѧльникъ** – животоуначелника 152d25, **кореносѣкатель** – кореносекатель 199c12, **мѵроположьница** – мироположница 84b19, мѵроположница 79d16; **подвигоположьникъ** – подвигоположнїкоу 71c13; подвижоположникь 164d18, **равьноангельнъ** – равноагг‹е›лна 177b5, равноагг‹е›льне 22b26, равноагг‹е›льноıе

50b2, **равьноапостоль** – равн‹о›апос‹то›ле 158c3, **равьноучисльнъ** – равноучисльнїе 85a16, равноучисльноу 14c6, **таинораꙁоумьникъ** – таинораꙁꙋмникꙋ 180d20, **тоуждемѫдрьнъ** – тоуждемоудрьноѥ 56d26, **тѫжькосрьдъ** – теж косрьди 86d27, **ѵетвородесатосвѣтьлъ** – ѵетвородесетосвѣтли 2a7, **трьвеуерьнь** – трьвеу‹е›рни 122a15.

Сложенките со ограничена или единечна употреба се честа појава и кај другите небиблиски ракописи (сп. Макаријоска, 2003а): ѵл‹о›в‹ѣ›коѩдци 64v17Stan; смѣхотворцѣ 16r21Stan, самоборца 48v27Stan, б‹о›годостоень 164b34Orb; б‹о›гоꙁрѣниа 56c21Orb; всебл‹а›го›с‹ло›веная 128d5Orb; всестрашно 208d2 Orb; добродѣлныѭ 138d22Orb; наѵаловласть 65r13Les, огнепламенень 304r9Les; соуровоѩдца 298r20Les; мѵрѡтажельныце 201r9Krn, коловрьтѣнїе 92v14Krn.

Меѓу зборовите со ограничена употреба има и образувања според грчки образец со префикс **беꙁ: бесплътьно** – бесплътно 153d29; беспльтно 20c26, 173b3; **бесьребрьно** – бесребрьно 184b30; 41a13; 185c27, **бесьребрьнъ** – бесребрьни 207a9.

Дел од лексичките единици со ограничена или единечна употреба се туѓи зборови, главно грцизми, и тоа адаптирани или неадаптирани во фонетски и морфолошки поглед (сп. Десподова, 1983 :157-165, Макаријоска, 2004). Фиксирани се нови грчки заемки Сп.: **канонархъ** *κανονάρχης* – канонархь 94c2, **катабасиѩ** *κατάβασις* – кат‹абасиѩ› 10b8, 10c31, 19a3, 3b4, 4a27, **макелиѩ** *μάκελλον* – макели 71c11 и др.

Од прегледот на ретките зборови во Ваташкиот минеј можеме да заклучиме дека ракописот го карактеризираат индивидуални подновувања во областа на зборообразувањето, дистрибуцијата на определени префикси или суфикси, преферирањето на одделни зборообразувачки форманти или нивна паралелна употреба и сл. Анализата, од зборообразувачки и семантички аспект, укажува на семантичката карактеристика на определени суфикси, нијансите во значењето и пројавувањето на секундарни значења.

Литература

Десподова В., 1977: *Лексиката на Добромировото евангелие,* Македонистика 1, Скопје 1977 :5-96

Десподова В., 1982: *Префиксни лексички варијанти во македонските средновековни евангелија,*МЈ XXXII-XXXIII, Скопје 1982 :187-192

Десподова В., 1983: *Лексичкото и семантичкото влијание на грчкиот јазик во македонските библиски ракописи,* МЈ XXXIV, Скопје 1983 :157-165

Десподова В., 1997: *Зборови со ретка употреба во македонските библиски ракописи*, Зб. Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа..., МАНУ, Скопје 1989 :53-60 и во Студии за македонската средновековна лексика, Скопје-Прилеп 1997 :119-125

Досева Ц., 2003: *Из лексиката на славянския Миней от XI-XIII в. (имена за лица, свързани с венчалния обред),* пѣти достоитъ Сборник в памет на Стефан Кожухаров, София 2003 :332-345

Конески Б., 1976: *Белешки за Добромировото евангелие*, Прилози на МАНУ, I, 1-2, Скопје 1976

Макаријоска Л., 1995: *За префиксираните глаголи во македонските псалтири*, XXI научна дискусија на XXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1995 : 35-44.

Макаријоска Л., 2004: *Варирањето на грчката и словенската лексика во црковнословенската писменост,* XXX Научна конференција ..., Скопје 2004

Макаријоска Л., 2003а: *Структурата на сложенките во македонските средновековни ракописи,* Научен собир Македонскиот јазик – минато – сегашност – иднина, Скопје 16-17 октомври 2003

Макаријоска Л., Цубалевска М., 2003б: *Зборообразувачките особености на Ваташкиот минеј*, Научен собир Македонскиот јазик – минато – сегашност – иднина, Скопје 16-17 октомври 2003

Митревски Љ., 2003: *Македонскиот минеј (со посебен осврт на трескавечките минеи),* докторска дисертација (ракопис), Скопје 2003

Пенкова, 1963: *Синонимия или контрастна дистрибуция на някои адйективни суфикси в старобългарски,* Език и литература, София 1963

Поп-Атанасова С., 2003: *Лексиката на македонската црковна поезија,* Скопје 2003

Рибарова З., 1978: *Прилог кон карактеристиката на речничкиот фонд на македонските евангелски и апостолски текстови,* MJ XXIX, Скопје 1978 :105-110

Рибарова З., 1989: *Формално диференцирани зборови со идентична семантичка структура и нивното место во Речникот*, Советување за работата врз редакциските речници на црковнословенскиот јазик во југословенските центри, Скопје 1989 :67-72

Рибарова З., 1998: *За Речникот на македонските црковнословенски текстови,* Предавања на XXX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 8-22 август 1997 година, Скопје 1998, 57-64

Цейтлин Р.М., 1977: *Лексика старословянского языка, Опыт анализа мотивированных слов по данным древнеболгарских рукописей X-XI вв,* Москва 1977

Црвенковска Е., 1996: *Јазикот и стилот на триодот (врз материјали од македонските триоди од XII-XIV век),* докторска дисертација, Скопје 1996

Voss Ch., 1997: *Die Paränesis Ephraims des Syrers in südslavischen Handschriften des 14-16 Jahrhundertds.* Zur Lexik der altbulgarischen Erstübersetzung und ihrer Überlieferung. (Monumenta lingvae slavicae dialecti veteris, t. XXXVIII, Weiher Verlag. Freiburg I. Br., 1997

ПРОПУШТЕНИ РЕФЕРАТИ ОД XXX НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Чедомир СТОЈМЕНОВИЋ

НАПОМЕНЕ О АКЦЕНТУ ИНФИНИТИВА, АОРИСТА, АКТИВНОГ ПАРТИЦИПА ПРЕТЕРИТА И ПАРТИЦИПА ПЕРФЕКТА У МАРГИНАЛИЈАМА И ПОГОВОРУ *ЗАГРЕБАЧКОГ ЗБОРНИКА*

Наш прилог је део опсежнијих истраживања језика маргиналија *Загребачког зборника*.[357] Овом приликом дајемо анализу употребе акценатских знакова у делу глаголских облика – инфинитиву и облицима који се акцентом слажу с њим (аорист, активни партицип претерита и партицип перфекта).

Преписивач, свакако и састављач, *Зборника* је Владислав Граматик који је у 4 обимне рукописне књиге оставио неколико података о себи и свом раду. У зборнику из 1456. године налазимо запис: и҆спи́са се сїа̀ кни́га ѹ҆ нагѡ́рнѹнѝ мла́дѡ, въ до́м҆ нико́лѣ спа̑ѵевнкꙗ· и҆ поѵе се писа́ти, ме̑ца ноемвр҆ї́а, въ ,ка, дн҃ь, на въведенїе прѣѵ҆тѣ̑е бг҃е въ ста́а ст҃ы· и҆ допи́са се то́гожде̑ ме̑ца ноѥ, въ гре́дѹщее лѣ́то ,аі, дн҃ь· ѹ҆ пе̑ дне̑ · въ лѣ, ѕ҃ца̑е:~ владисла̑ дїакь пи́са кнїгѹ сїю ѿ новога брьда:~ На основу ове белешке истраживачи закључују да је Владислав Новобрђанин који се пред турском најездом 1455. године склонио у кумановски крај.[358]

---

[357] Досад смо објавили две студије (о правопису и језику): *Ортографија маргиналија Загребачког зборника*, Годишен зборник, кн. 16, Филолошки факултет на Универзитетот – Скопје, Скопје, 1990, 143–156; *Фонетско–фонолошке одлике маргиналија Загребачког зборника*, Годишен зборник, кн. 17, Филолошки факултет на Универзитетот – Скопје, Скопје, 1991, 144–149.

[358] Д. Богдановић, *Историја старе српске књижевности*, Београд, 1980, 225.

В. Киселков претпоставља да је овај књижевник рођен око 1420. године у Новом Брду или околини.[359] Необичну претпоставку о његовом пореклу дао је Г. Данчев, који на основу документа из 1434. године (састављеног у Новом Брду)[360] закључује да „не е роден в Ново бърдо, *а е от пришълците българи*“.[361] Документом се регулише имовински однос између монаха Саватија и попа Богдана (поклон половине баштине), а међу сведоцима се спомиње „**попь бладисавь ласи҆нь ꙁеть**“ за кога Данчев претпоставља да је Владислав Граматик. Сматрамо да је оваква „*вероятност*“ немогућа због низа објективних чињеница; навешћемо само неке.

а) Имовинско–правни односи у Новом Брду решавали су се на строго прописан начин, који налазимо у делу градског статута (члан XXI) приложеног уз *Законик о рудницима* Деспота Стефана Лазаревића (препис с краја XVI века):[362] (**ѡ҆ ба́щина҆х҃) Къ симь да не вол҆нь ѿ грагꙗнь нитко̀ свою̀ ба́щиноу продати, ни̇̀ оу ꙁалогоу положити· ни҆ оу҆ пркїю датї ни̇̀ по҆ цр҃кво҆ по҆ложити беꙁь кни́ге но́мичке· и҆ св҆ѣтел҆ства пр҃опопе, и҆ до́бри҆х чл҃кь кои соу оу҆ мѣстоу· тко ли камо прѣже҆ ре҆ннн҆ ѡ҆бра́ꙁом҆ свою̀ ба́щиноу ѡ҆да̀ бе҆ кни́ге прѣже҆ ре҆ннои̇̀· ѿ таковихь да не ѐ твръдо ни врѣдно·** Статут је недвосмислено одређивао начин промета баштина; као сведоци су се могли узети протопоп и виђенији људи из града. Овакав поступак примењен је и у документу из 1434. године, где су наведени сведоци: **попь радова҆ питиковичь и попь десисавь и попь иванко и попь дамїань и попь стоико и попь иживь и попь владисавь ласи҆нь ꙁеть и попь їаковь и дабиживь пожр҆икобила и бранко леѡчи҆ и никашинь, попоу богданоу**

---

[359] *В. Сл. Киселков, Владислав Граматик и неговата Рилска повест, София, 1947, 5.*

[360] Документ је објавио Љ. Стојановић (*Стари српски хрисовуљи, акти, биографије, летописи, типици, поменици, записи и др.*, Споменик, III, СКА, Београд, 1890, 51).

[361] Г. Данчев износи ову претпоставку најпре у прилогу *Један непознат документ о Владиславу Граматику* (Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, XXXIII, св. 1–2, Београд, 1967, 49–55), а затим и у монографији *Владислав Граматик – книжовник и писател*, София, *1969, 17–20.*

[362] Препис је објавио Никола Радојчић (*Закон о рудницима деспота Стефана Лазаревића*, САНУ, Београд, 1962, л. 24, стр. 2).

братаньць, иѡань, пеннь ꙁеть, и оу градоу оу новомь брьдоу воевода хрьнко и протопопа цагрнчь и кнеꙁ степань· Сматрамо немогућим да се „*младият поп Владислав … пришълец в Ново бърдо*“ могао наћи међу оваквим сведоцима. Одредница „ласйнь ꙁеть“ не мора да упућује на младог и придошлог свештеника, већ елиминише могућу забуну кад постоје двојица или више попова с истим именом (које је уобичајено), што је евидентно и у још два случаја у истом контексту. Ако прихватимо претпоставку Г. Данчева да је Владисав из споменутог документа придошлица, није јасно зашто треба да буде из Бугарске, а не из околине Новог Брда или из неког другог краја Србије, затим из Македоније итд.

б) С обзиром на време настанка документа необична је претпоставка да су сведок „попь владисавь“ и наш књижевник једна личност, не може се прихватити идеја да је Граматик у дубокој старости писао обимне зборнике и да се лако кретао по немирним балканским просторима.

в) Граматик је усамљеник, високообразован духовник и књижевник који је највећи део живота провео по манастирима;[363] у таквим животним условима није могао имати породицу.

г) У језику маргиналија нисмо нашли никакве наносе из бугарског народног (и књижевног) језика, који би упућивали на претпоставку Г. Данчева.

Можемо закључити да је Владислав Граматик пореклом Новобрђанин и да у акценту маргиналија и поговора *Зборника* треба тражити одлике тадашњег говора Новог Брда и наносе из говора кумановског краја, где је књижевник боравио више од две деценије. Књигу је саставио 1469. године у „въсѐ҆ч҃тн҃ѣ монасти́ри прѣ҃стые б҃це соу́щее и҆́же въ п҃окри́лїи чрь́ные гор҃ы“ (код Матејча). Маргиналије и поговор (дужи запис на крају *Зборника*) узели смо као грађу за анализу зато што су то коментари Владислава Граматика уз преписиване текстове, па се у њима очекује мањи утицај акцента предложака.

Питање употребе акценатских знакова у јужнословенским средњовековним текстовима је мало проучавано.

[363] *В. Сл. Киселков, Владислав Граматик и неговата Рилска повест, 8–9.*

Анализом доресавских рукописа бави се О. Недељковић,[364] а текстови из ресавског и послересавског периода предмет су интересовања ширег круга научника.[365]

Од акценатских знакова у *Зборнику* су употребљени: *оксија*, *варија*, *кендема* и *перисшомена*.[366] У нашој грађи углавном се јавља *оксија*; *варија* је везана за крај речи.[367] Ова два знака су прикладна за проучавање места нагласка, али не и за квантитативне и тонске вредности акцентованих вокала (о овим вредностима се може говорити једино ако се

---

[364] О. Недељковић, *Акценши јужнословенских доресавских рукошиса*, Докторска дисертација, Филолошки факултет, Београд, 1964; *Знаки ударений в сербских доресавских рукописях,* Slavia, r. XXXV, Praha, 1967, 24–32; *Знаки ударений в средневековых сербских рукописях (XII–XIV вв.), Источники и историография славянского средневековья, Сборник статей и материалов, Москва, 1967, 101–134.*

[365] С. Новаковић, *Акценши шшамшаних срйско–словенских књига*, Гласник Српског ученог друштва, књ. XLIV, Београд, 1877, 1–152; *Акценши Трговишкога јеванђеља од 1512 године*, Гласник Српског ученог друштва, књ. XLVII, Београд, 1879, 1–77; *Г. Ильинскій, Апостолъ No 28 Берлинской Королевской Библіотеки какъ матеріалъ для исторіи сербо–хорватскаго ударенія, Сборник статей посвященных почитателями академику и заслуженному професору В. И. Ламанскому по случаю пятидесятилетию его ученой деятельности, ч.* II, *СПб., 1908, 1351–1374; С. Кульбакин, Матеріалы и замѣтки по славяновѣдѣнію, Журналъ министерства народнаго просвѣщенія, ч.* CCCLIV, *СПб., 1904, 18–47; Р. В. Булатова, Из сербской исторической акцентологии, Две просодические системы XVI в., Исследования по славянскому языкознанию, Сборник в чест шестидесятилетия профессора С. Б. Бернштейна, „Наука“, Москва, 1971, 32–42; О надстрочных значках и акцентных системах трех книг Мардария – сербского печатника середины XVI в., Иследования по сербохорватскому языку, Москва, 1972, 38–85; Старосербская глагольная акцентуация, Москва, 1975;* Ч. Стојменовић, *Акценаш аориста у Служби и Житију Сшефана Дечанскога (Дечански йрейис)*, Зборник во чест на Радмила Угринова–Скаловска по повод седумдесетгодишнината, Филолошки факултет, Скопје 1997, 289–303; *Наюмене о акценшу именица у Служби и Житију Сшефана Дечанскога (Дечански йрейис)*, Српски језик, бр. IV/1–2, Научно друштво за неговање и проучавање српског језика, Београд, 1999, 277–287.

[366] Ч. Стојменовић, *Орйшографија маргиналија Загребачкога зборника*, 153–154.

[367] О. Недељковић, *Акценши јужнословенских доресавских рукошиса*, 255 („Варија је према грчком правопису требало да стоји на последњем слогу.“); С. Новаковић, *Акценши шшамшаних срйско–словенских књига*, 149 (*варија* је „споредан акценат, који се радо мође на свршетку речи“).

упореде са савременим акценатским системима).[368] Означавање нагласка је принципијелно спроведено, не постоје значајнија одступања, па се са доста сигурности може говорити о његовом месту.

Грађу ћемо изложити и дати њену анализу у поређењу са стањем у српским и македонским говорима на чијем је подручју настао рукопис. Ново Брдо се налази на западном (готово рубном) подручју призренско–јужноморавских говора.[369] Међутим, пошто акценатске одлике у споменутом *Законику о рудницима*, који је настао у новобрдском амбијенту и који је хронолошки близу нашем рукопису, указују на неке особине суседних косовско–ресавских говора,[370] што је, свакако, последица миграционих кретања становништва и још нестабилизованог дијалекатског простора у том периоду, имаћемо у виду обе дијалекатске целине. На прогресивном штокавском подручју у XV веку био је актуелан процес политоније, силазни акценти из финалних и медијалних позиција померили су се за један слог ка почетку речи и променили квалитет.[371] Овај процес је делимично и спорадично захватио и косовско–ресавско подручје.[372] Поређење са стањем у данашњем призренско–јужноморавском и кумановском говору је је мало функционално јер ова дијалекатска подручја немају инфинитив и некадашњи активни партицип претерита, а аорист и глаголска форма на *–л* имају углавном фиксиран акценат.[373]

---

[368] Д. Јовић, *О језику „Закона о рудницима“ Деспота Стефана Лазаревића*, Јужнословенски филолог, књ. XVII, св. 3–4, Београд, 1968–1969, 393.

[369] П. Ивић, *Никола Радојчић, Закон о рудницима Деспота Стефана Лазаревића*, Зборник за филологију и лингвистику, VII, Нови Сад, 1964, 208; *Из српскохрватске дијалектологије*, Изабрани огледи, Ниш, 1991, 216.

[370] Д. Јовић, *О језику „Закона о рудницима“ ...*, 393–396, 453.

[371] А. Белић, *Основи историје српскохрватског језика, I, Фонетика*, Београд, 1972, 160; A. Peco, *Osnovi akcentologije srpskohrvatskog jezika*, Beograd, 1971, 47–52; М. И. Мулић, *Преглед руске и српскохрватске акцентуације*, Сарајево, 1985, 25–28.

[372] П. Ивић, *Дијалектологија српскохрватског језика*, Нови Сад, 1956, 100.

[373] B. Vidoeski, *Kumanovskiot govor*, Skopje, 1962, 114.

1) Једносложне основе. Глаголи са *краткосилазним акцентом* на корену (тип *би̏ти*): инф. бы́ти (јавља се 9 пута), плоу́ти 179б, кры́ти се 206б; аор. бы́ше 191а, 537а, 770а.

Активни партицип претерита има у српском језику дуг корен (због позиционе дужине вокала пред наставком – *в/вши: би̑вши*):[374] бы́вше (5), бы́вше̑ 207а, бы́вшꙋ 768а, ста́вше 768а, да́вы 770а.

Сложени глаголи имају у прогресивним српским говорима *краткоузлазни акценат* на префиксу (*до̀бити*):[375] инф. пр̑ѣбы́ти 175а, оу̑би́ти 537а, прозрѣ́ти 768а, възда́ти 768б, забы́ти 769а; аор. създа́ се 144а, събра́ се 183б, посла̀ 537а (3), 537б (2), не прѣста̀ 537а, прѣста̀ 537а, 537б, прѣпода́ше 768а; акт. парт. прет. позна́вь 144а, ѻ̑ста́вша 189а, ꙋ̑би́вшїи̑ 207а, създа́вшаго 207б, прибы́вшимь 227а, прѣбы́вь 768а, и̑спа́дь 768а, по̑па́дь 768а, и̑зда́вше 768а, призва́вше 769б; парт. перф. забы́ль 769а (2).

Грађа указује на доследно чување старог места акцента датих основа код сложених глагола.

Глаголи са старим нагласком на наставку и кратким кореном имају у српском језику *краткоузлазни акценат* на корену (*рѐћи*):[376] аор. ре́че 144б, 179б, 236б, 537б, ре́коше 145а, ре̑ 641а; акт. пар. прет. ре́кше 189б, 769б (2), ре́кь 537б.

Од сложених глагола срећу се: инф. възмо́щи 768а, 769а, и̑зре́щи 770а; аор. на́рече 145а, 175а, възможѐ 769а.

Наведени глаголи имају неуједначен акценат. У инфинитиву акценат је редовно пренесен на корен. У аористу прости глагол рещи има нагласак на корену, а сложени (нарещи) на префиксу што, свакако, указује на присуство

---

[374] А. Белић, *Историја српскохрватског језика*, књ. II, св. 2, *Речи са конјугацијом*, Београд, 1973, 104–105.

[375] У косовско–ресавским говорима акценат остаје непренесен: *изби̏ти, изби̏ше, изби̏ли* (Г. Елезовић, *Речник косовско–метохиског дијалекта*, св. 1, Српски дијалектолошки зборник, књ. IV, Београд, 1932, 220), *обузда̏ти, обузда̏о, поста̏ти, поста̏о, пропа̏с, пропа̏ло, убра̏ти* (Г, Елезовић, *Речник косовско–метохиског дијалекта*, св. 2, Српски дијалектолошки зборник, књ. VI, Београд, 1935, 7, 111, 142, 377).

[376] М. И. Мулић, *Преглед руске и српске акцентуације*, 158–159.

прототоније[377] (*на̏рече*)[378]. Глагол възмощи у аористу чува старо место нагласка.

Сложени глаголи од нти у савременом српском језику имају измењен акценат простог глагола (*и̏ћи*; *при̑ћи/при̑ћи*), међутим, у средњовековном књижевном језику фонетске промене изостају, па се очекује акценат простог глагола: инф. прои́ти 146б, проѝзы́ти 769б; аор. изы́де 144а, прїѝдоше 537б; акт. парт. прет. и҆зы̑шь 179б, про́шь 188б, ѿшь 202а, пришьшин 537а, пришь 537а.

Глаголи имају пренесен нагласак у инфинитиву и аористу, док је у активном партиципу претерита углавном наглашен партиципски корен (акценат на префиксу потврђен је само у једном случају).

Лексеми и҆зра́сте 187б и привлѣщи 769а припадају типу глагола који у српском језику имају дублет (*изра́сти/и̏зра̄сти, довле́ћи/до̀влѣ̄ти*[379]).

2) Двосложне основе. Глаголи са ѩ (тип *ви̏дѣти*): инф. грѣ́ти 203а, ви́дѣти 207б, дрѣ́зновти 769б; аор. слы́шаше 144б; акт. парт. прет. ви́дѣвь 208а, ви́деве 537а, 537б, дрѣ́зновь 537а.

Сложени лексеми (савр. срп. *у̀видѣти*):[380] прѣста́вити се 144б, дости́зати 187а, и҆спра́влꙗти 188б, възни́кноути 768а, навы́кноути 769а, оу҆пра́вити 769б, прѣзы́рати 770а, въспомѝнати 770а; аор. о҆ста́ви 145а, въмѣ́стише 183б, поста́ви 183б, 537б, и҆спльни 537а, подви́гоше се 537а, подви́гоше 537б; акт парт. прет. въздви́гь 145а, насы́тивши се 206а, напльнивше 769б, посѣ́тившаго 768б.

---

[377] М. Стевановић, *О данашњем акценту аориста*, Наш језик, Н. с., књ. V, Београд, 1954, 250–263; М. Пешикан, *Вуков и Даничићев систем глаголског акцента и његове новије модификације*, Јужнословенски филолог, књ. XXVI, св. 1–2, Београд, 1963–1964, 249–255.

[378] М. Стевановић, *Исто*, 257.

[379] *Речник српскохрватског књижевног и народног језика*, књ. ИВ, Београд, 1966, 418.

